**УНИВЕРЗИТЕТ Св. КИРИЛ и МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА**

**ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**
**НА ТЕМА:**
# КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

**Кандидат:** **м – р Марјан Стојанов**

**Ментор:** **Проф. д – р Марија Ташева**

**Скопје, Ноември 2019**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД – КУЛТУРАТА И ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА _______________________5**

**1. ВРЕДНОСТИТЕ И КУЛТУРАТА __________________________14**

1.1. Поим и дефиниција на културата _________________________________**14**

1.2. Културата како вредносен концепт _______________________________**15**

**2. КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА _____________19**

2.1. Концептот на интелигенцијата _____________________________________**23**

2.2. Видови интелигенција_ _____________________________________________ **43**

2.3. Интелигенцијата како општествена и културна категорија _____________**50**

2.4. Културниот плурализам и интелигенцијата во современото општество ___**53**

2.5. Религијата и интелигенцијата во современото општество _______________**55**

2.6. Уметноста и интелигенцијата во современото општество _______________**60**

2.7. Образованието, науката и интелигенцијата во современото општество ___**68**

**3. ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА, ОПШТЕСТВОТО, КУЛТУРАТА И ЦИВИЛИЗАЦИЈАТА _______________________________________________ 75**

3.1. Социо – културни основи на интелигенцијата __________________________**77**

3.2. Интелигенцијата низ историјата _____________________________________ **122**

3.3. Интелигенцијата и културата во современото општество ________________ **84**

3.4. Интелигенцијата и цивилизацијата во современото општество **_____________ 89**

3.5. Политиката, економијата и интелигенцијата во современото општество ______ **92**

3.6. Технократијата, бирократијата и интелигенцијата во современото општество _ **100**

3.7. Медиумите за масовна комуникација и интелигенцијата во современото опшество ________________________________________________________**104**

3.8. Демократијата и интелигенцијата во современото општество _______________ **108**

**4. ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА ВО ЕРАТА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ПОСТМОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО ______________________________________ 113**

4.1. Аспекти на интелигенцијата во контекст на политичката глобализација _______**115**

4.2. Аспекти на интелигенцијата во контекст на културната глобализација и постмодерните текови ______________________________________________**117**
4.3. Аспекти на интелигенцијата во контекст на економската глобализација _____ 1**24**

**5. ОСВРТ НА ОДНОСОТ НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО ОПШТЕСТВО _____________________________________________________________ 126**

5.1. Местото, улогата и значењето на интелигенцијата во современото македонско општество ___________________________________________________________ 1**26**
5.2. Значењето и улогата на културните вредности за карактерот на интелигенцијата во современото македонско општество ________________________________________ **128**
5.3. Интелигенцијата во Република Македонија низ историјата____ _____________ **134**
5.4. Политиката, економијата и интелигенцијата во современото македонско општество ______________________________________________________________________ 1**39**
5.5. Технократијата, бирократијата и интелигенцијата во современото македонско општество __________________________________________________________ **144**
5.6. Религиите и интелигенцијата во современото македонско општество ______________________________________________________________________1**46**
5.7. Образованието, науката и интелигенцијата во современото македонско општество ______________________________________________________________________ **150**
5.8. Уметноста и интелигенцијата во современото македонско општество ______________________________________________________________________ **153**
5.9. Медиумите за масовна комуникација и интелигенцијата во современото македонско општество ______________________________________________________________________**156**
5.10. Демократијата и интелигенцијата во современото македонско опшетество ______________________________________________________________________ **158**
5.11. Глобализациските процеси, постмодерната и интелигенцијата во современото македонско општество ________________________________________________ **164**

**6. Емпириско истражување** ______________________________________________________________________ 1**66**

**7. ЗАКЛУЧОЦИ _______________________________________________ 186**

**8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**
**______________________________________________________________198**
**9. ПРИЛОЗИ ______________________________________________________223**

## ВОВЕД – КУЛТУРАТА И ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА

Значајните општествено - културни промени во современото општество влијаат и врз општествениот феномен интелигенција. Современото, т.н. постмодерно општество, е диференцирано и културно фрагментирано општество, кое се одликува со плурализација на разновидни културни вредности и животни стилови. Таквата констелација го поставува прашањето за местото, улогата и значењето на интелигенцијата, односно интелектуалците. Промените во општеството, односно значајните општествени потреси и културните преобразби, имплицираат редефинирање на голем број концепти во општеството и на категоријалниот систем на социологијата. Притоа, социологијата како наука на кризите и социолозите како интелектуалци кои ги објавуваат сите кризи во општеството, се чини ја имаат „примарната“ улога во проучувањето на интелигенцијата и интелектуалците, во специфични, социо - културни услови, во една детерминистичка перспектива (Berger and Kellner, 1991 : 151). Во таа насока и потребата од редефинирање и на концептот на интелигенцијата, односно интелектуалците, како општествена и културна категорија. Ова, особено оттаму што реализмот на интелигенцијата или на интелектуалците, пред се е политички поврзан со самата суштина на современиот свет.

Денешното, современо општество, е општество на плурална интеграција, на повеќе релативно „автономни“ и меѓусебно зависни сфери и општество во кое ниту еден посебен сектор нема примарна важност за глобалното општество, во кое општествената интеграција се јавува како резултанта на меѓуинституционални односи. На тој начин, се чини, се создава деридијанската рамка т.н. парергон, која претставува мултимедијален спој помеѓу различни сегменти во општеството (мултимедијалност помеѓу архитектурата и филмот, мас – медиумската продукција и информатичката технологија, политичкиот маркетинг и уметничката продукција или креација итн.), како и состојба на еклектицизам, какофонија и оксимороника.

Односот на културните вредности и интелигенцијата се согледува во фактот што културните вредности се основа на културите и фактор за формирање и определување на интелигенцијата, што е од суштествено значење за научно осознавање на вистинскиот карактер на интелигенцијата во современото општество.

Културните вредности, кои се предаваат како аманет низ генерациите, се во тесна и непосредна врска со интелигенцијата. Ова, особено оттаму, што денес се случуваат значајни промени во рамките на вредностите и вредносниот систем (релативизација на вредностите, деградација на вредносниот систем, криза на институциите, дехуманизација, деперсонализација, нихилизм, деконструкција, доминација на нерационални политички страсти и емоции, дивинизирање на ирационалните или нелогичните акции, на снобизмот, парадоксалноста и апсурдноста, на разновидните квази вредности и кич поведенија итн.), што имаат исклучително значење за местото, улогата и значењето на интелигенцијата, односно интелектуалците во современото општество.

Интелигенцијата е, пред се, културно - специфична појава и таа нема смисла и значење надвор од дадената култура. Културата, односно културните вредности, главно ја конструираат интелектуалната состојба на општествениот живот. Секоја културна заедница или општество се карактеризира со свој „доминантен" систем на вредности, врз основа на што се врши изборот на општествените цели, како и насочувањето на општествената акција, која е од суштинско значење за самата интелигенција. Оттука, се смета дека посебни општествени или културни заедници, нации или држави, создаваат посебни типови на интелигенција .

Значаен, атрибут на интелигенцијата претставува образованието, како доминантен институционален фактор на културна трансмисија, на пренесување на културните вредности од генерација на генерација.

Проучувањето и толкувањето на односот на културните вредности и феноменот на интелигенцијата, не само што ќе даде одговор за разбирање на целокупната општествена состојба на современото општество, туку треба да овозможи одговор и на следниве прашања:

- Што е интелигенцијата?
- Што се интелектуалците?
- Дали и каква група се тие во општеството?
- Какви им се структурите и идеологијата?
- Каква е врската помеѓу културните вредности и интелигенцијата во современото општество?

- Каква е врската помеѓу културните вредности и интелигенцијата во современото македонско општество?
- Какво е местото, улогата и значењето на интелигенцијата?
- Каква е улогата и значењето на вредностите (традиционални, универзални, традиции, верувања, обичаи, правни и морални норми, јазикот, различни стилови на живеење, меритократијата итн.) за интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество?
- Каква е врската помеѓу научно – технолошкиот развој и цивилизацијата со интелигенцијата во современото општество?
- Какви се релациите помеѓу образованието, науката и интелигенцијата?
- Каква е врската помеѓу технократијата и бирократијата со интелигенцијата во современото општество?
- Какво е влијанието на политичките и економските фактори врз интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество?
- Каква е улогата и значењето на религиите за интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество?
- Каква е улогата и значењето на уметноста за интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество?
- Какво е влијанието на медиумите за масовна комуникација врз интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество?
- Каков е односот помеѓу граѓанското содружништво и интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество?
- Како влијаат глобализацијата и постмодерната врз интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество?

Денес, сме исправени пред дилемата „за“ или „против“ интелигенцијата, за нејзиното објективно егзистирање, во каков и да е облик на нејзиното дејствување или за потрагата на нејзиниот идентитет, предизвикана од интелектуалниот пад или атрофија.

Оттука и прашањата за интелигенцијата, како мит или стварност, како променлива состојба или категорија која се одликува со релативност или за цврст и стабилен феномен

со стабилни структури, за самоукинување на интелигенцијата или за нејзино објективно исчезнување, за асимилацијата на интелектуалците или за култ кон интелигенцијата, но и за „предавството на интелектуалецот“ (Жилиен Бенда), за неговата „месијанска“ улога и за еден автентичен интелектуалец со свои идиосинкратски црти и плурализам на особени животнии стилови и свој особен т.н. „конкретен живот“ (Јирген Хабермас) или своја т.н. „егзистенцијална тетоважа“ (Питер Слотердајк). Во едно такво „општество на изобилие“ (Џон Галбрајт), се создава една сложена мрежа од остаточни, доминантни и новопројавени културни форми на способноста, за самореализација и самопродукција и лични перспективи на интелигенцијата или интелектуалците.

***<u>Предмет на истражувањето</u>***

Предмет на ова истражување е ***определување на односот помеѓу културните вредности и интелигенцијата во современото општество.***

Темата за интелигенцијата, односно интелектуалците е мошне комплексна, или како што Едгар Морен (Edgar Morin) своевремено ја нарече „социолошки жив песок“. Со оглед на теоретските контроверзи, како и непостоењето на општа согласност околу концептот на интелигенцијата, односно интелектуалците, ова истражување претпоставува дискурс кој тргнува од неколку теоретски пристапи и тоа: ***постмодерната теорија, теоријата на диференцијата и теоријата на социјалниот конструктивизам.***

***Постмодернизмот***, добива многу позначајно место во општеството со своето влијание во сите пори на општествениот живот. Се смета дека сме длабоко навлезени во т.н. семиургиско општество или во ерата на експлозија на информациите и моќта на симулакрумот (симболите, знаците), каде главен принцип на општествената организација стануваат технологијата, знаењето и информацијата. Во т.н. ера на општествена трансформација, напредокот на науката и технологијата ја афирмираат т.н. „материјална цивилизација”, во која поделбата на трудот доведува до радикална специјализација, со која еден ист субјект или една иста личност извршува сосема различни функции и улоги во општеството. Денешниот интелектуалец нема критички, универзален или општоважечки потенцијал со што ќе го зголемува своето знаење и духовните вредности на

општеството, туку напротив тој се јавува како „стручњак“ или „експерт“ во парцијална смисла.

Во духот на неолибералната идеологија, интелектуалецот како експерт и специјалист е поставен во центарот на општеството и на алтернативите на неговите промени. За него слободата е можност, алтернатива, предизвик, но не и сигурност. Оттука и прашањето за односот помеѓу самите концепти за интелигенцијата и она што денес се нарекува експерт или како што Жан Пол Сартр (Jean-Paul Sartre) го определува како „стручњак на практичното знаење”. Во таа насока, може да се каже дека интелектуалците, со својата практична мудрост, би требало да бидат подготвени за уредувањето на сложени и непредвидливи реалности во општеството (sapientis est ordinare).

Постмодернизмот, го промовира она што Едвард Саид (Edward Wadie Said) го нарекува култ на експертиза и професионализам, каде интелектуалците ги штитат новите извори на културен капитал, во една ера на техно – капитализам и екстаза на информацијата. Постмодерното време е време на културна разновидност и пластичност од животни стилови, на идеолошки плурализам, време на меланхоничен цинизам, каде се оспоруваат старите вредности а нови, цврсто воспоставени вредности уште не остојат, и време на т.н. ризично општество, општество на конзумеризмот и на масовната култура, на тн. трета култура, истовремено проткаени со демократски и секуларистички примеси и алтернативи од секаков вид. Културните разлики играат важна улога во т.н. статусно – конвенциски општества, во кои како важни димензии се јавуваат: културализмот, фрагментацијата, автономизацијата и ресигнификацијата. Со постмодерната теорија се одбива идејата за општествен и интелектуален напредок, што подразбира дека луѓето мора да ја прифатат можноста на историјата без значење или цел, да се откажат од идејата дека можеме да знаеме што е или не е вистина и да прифатат дека науката не може да создаде теории според универзални научни принципи бидејќи не постои унитарна реалност или синтетизирано знаење од кои овие принципи можат да се утврдат.

Денес сме длабоко навлезени во т.н. „постколонијална мисла“ и мултикултурната епистемологија и наука, кои прават сериозен исчекор во обидот за обединување на сите сегменти на глобалното општество. Ние сме оставени да живееме во еден фрагментиран свет со повеќе реалности, сомневања, на науката или во многу авторитетни тврдења и групи во општеството.

Акцентот на плуралноста, разновидноста, релативноста итн., поттикнува некои интелектуалци да промовираат поширока реконструкција на мислата. Овие тврдења беа создадени во текстовите на Жан – Франсоа Лиотар (Jean-François Lyotard) и Жан Бодријар (Jean Baudrillard), надополнети од страна на постструктуралистите, како што се: Жак Лакан (Jacques Marie Émile Lacan), Ролан Барт (Roland Gérard Barthes), Мишел Фуко (Paul-Michel Foucault) и Жак Дерида (Jacques Derrida*)*.

Во контекст на проучувањето на културните вредности, кои влијаат врз определувањето на интелигенцијата, односно интелектуалците, во современото општество, се чини, неопходно е и разгледувањето на ***теоријата на диференцијацијата***. Според Марк Чавес (Mark Chaves) основните постулати на теоријата на диференцијата се:

- Се отфрла премисата за постоење на еден главен тренд на диференцијација, присутен во сите сфери на општествената репродукција;
- Се одбегнува „функционалистичката заблуда" дека самата егзистенција на постоечките општествени институции е доказ дека тие задоволуваат одредена општествена потреба;
- Се отфрла премисата за вредносна интегрираност на општеството и истата се заменува со постулатот за процедурален консензус, врз основа на кој одделните општествено функционални сфери се воздржуваат од "создавање нерешливи проблеми" за другите сфери; и
- Наместо поистоветување на целите на општествената целина, со целите на една конкретна сфера, на пример, културата, економијата, државата или нацијата, се претпоставува дека ниту еден посебен сектор, нема таква примарна важност за општеството, туку дека општествената интеграција е резултанта на меѓуинституционалните односи (Chaves, 1993 : 749 – 774).

***Теоријата на социјалниот конструктивизам,*** пак, ја нагласува идејата за тоа дека општеството е активно и креативно општество, во кое луѓето го прифаќаат секојдневниот живот како објективно уредена стварност, низ употребата на јазикот или дискурсот. Општествените светови се интерпретативни мрежи исплетени од страна на поединци и групи. Терминот официјално влезе во социолошкиот речник преку Питер Бергер (Peter

Ludwig Berger) и Томас Лукман (Thomas Luckmann).[1] Според нив луѓето ја конструираат или колективно создаваат социјалната реалност, во која субјективните процеси стануваат објективни. Тие, исто така, истакнуваат дека секој поединец сите појави од неговото опкружување ги смета за посебни и независни од неговата волја. Особено значајно е и мислењето на феноменологот Едмунд Хусерл (Edmund Gustav Albrecht Husserl), кој низ поимот „животен свет" укажува на тоа дека субјектот, од перцепцијата на светот, добива смисла за секојдневното искуство. Начините на опишување и претставување на светот и на себе се производ на меѓучовечките врски. Со комуникацијата се создаваат нови значења од кои можат да произлезат нови облици на акции, со што се обликува иднината на еден субјект, на една културна или општествена заедница. Во една таква состојба, знаењата не се вистинити, веродостојни и синтензирани (тие се пред се политички факти), вредностите се релативни, а толкувањата стануваат субјективни. Денес преовладуваат т.н. „општества на дискурсот", каде интерсубјективното, а не објективното знаење, ќе биде преовладувачка форма на расправа. Вистината не е доловување или претставување на реалноста, туку дел од општествените навики и јазикот.

***<u>Цели на истражувањето</u>***

***Основната цел*** на ова истражување е ***доаѓањето до втемелени научни сознанија за односот на културните вредности и карактерот на интелигенцијата во современото општество.***

**Научни цели на истражувањето се:**

- Стекнување на основни сознанија, за меѓузависноста на вредностите и интелигенцијата, а посебно на културните вредности и интелигенцијата во современото општество;
- Проучување и толкување на значењето на интелигенцијата, за есенцијата на поимот култура; и
- Научно определување на односот културни вредности – интелигенција во современото општество и во современото македонско општество.

[1] Терминот бил употребен од страна на Питер Бергер и Томас Лукман во книгата *The social construction of reality* (Berger & Luckmann, 1966).

**Општествени цели на истражувањето се:**

- Зголемување и афирмирање на општото сознание, за карактерот на интелигенцијата и за значењето на културните вредности за интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество;
- Потенцирање на улогата и значењето на културните вредности за разбирањето на интелигенцијата во современото општество; и
- Укажување на историската, сегашната и важноста на идниот развој на културните вредности за местото, улогата и значењето на интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество.

## ***Методолошки пристап на истражувањето***

Современите пристапи и методолошкиот плурализам, не поттикнаа во рамките на ова истражување да примениме ***комбиниран методолошки пристап.***

Тргнувајќи од целите и предметот на истражувањето, беа применети следниве техники (постапки) за прибирање на податоците:

- ***Анализа на релевантна литература и документи;***
- ***Структурирано (стандардизирано) – формално интервју со комбиниран, односно т.н. намерен и случаен избор; и***
- ***Анализа на официјалната статистика.***

Претежнувањето на квалитативната методолошка ориентација, како и интердисциплинарниот пристап се објаснува намногу со потребата од мултидимензионалната и мултиперспективната опсервација на предметот на истражувањето и со карактерот на комплексниот проблем кој се истражува.

***<u>Техники за прибирање на податоци за истражувањето</u>***

***А) Анализа на релевантна литература и документи***

Предмет на анализата за потребите на ова истражување беа ***различни документи и пишани материјали,*** поврзани со предметот на ова истражување. Како основен извор за ваквото прибирање на податоците ни послужи ***стручната и научната литература*** од областа на социологијата и блиските општествени науки (културологијата, културната антропологија, филозофијата, психологијата, социјалната психологија, политологијата, економијата и сл.), објавувана во: ***книги, зборници на трудови и други научни публикации (реферати, списанија, студии, есеи и сл.)*** во земјава и странство, на повеќе јазици, како и нивни преводи на македонски јазик. Предмет на анализа беа и: ***историски документи, статистички извори, законски и подзаконски акти, монографии, списанија, весници и сл.***

***<u>Б) Интервју</u>***

Интервјуто се користеше како помошна техника за прибирање податоци за истражувањето. За таа цел беше изготвен прашалник за интервју за 50 интервјуирани испитаници. Со оглед на фактот дека со ова истражување треба да се добијат социолошки сознанија за влијанието на културните вредности врз интелигенцијата во современото општество и во денешното македонско општество, како и поради комплексноста на темата, како испитаници се јавија експерти од разни области кои во својата работа се среќаваат со различни аспекти на влијанието на поодделните културни вредности врз интелигенцијата, а кои се подобро теоретски и практично запознаени со предметот на ова истражување, како што се: социолози, културолози, политолози, теолози, стручњаци од НВО - секторот, како и политичари, научници, новинари, економисти итн. Основен критериум за избор на примерокот беше стручноста и компетентноста на кандидатите, со што се овозможи потребната репрезентативност и релевантност на примерокот како и релевантноста на добиените податоци за истражувањето.

# 1. КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА

## 1.1.Поим и дефиниција на културата

Културата е комплексен концепт или „комплексна целина", како што ја нарекол Едвард Тејлор (Edward B. Tylor), која се разликува од општество до општество (Tylor, 1973 : 63). Нејзината комплексност остава можност за безброј дефиниции, од кои овде ќе ги наведеме оние што најчесто се употребуваат во рамките на социологијата и антропологијата:

Културата е „севкупност од сфаќања, постапки и творби на човечката материјална, духовна и симболичка творечка активност, која има за цел потврдување на човекот, негова идентификација, обезбедување на неговиот опстанок и напредок" (Drislane & Parkinson, 2000 : 129).

Културата е „специфичен феномен или процес на создавање на артифициелен свет од страна на човекот (наспроти природата или во нејзиното совладување) кој ги задоволува особените човекови потреби, а го овозможува континуитетот и просперитетот на општеството, додека истовремено е и оној посебен елемент на човековото постоење, имено неговата творечка димензија, што го разликува човекот од сите други живи суштества"(Социолошки терминолошки речник, 1995 : 152).

Според, антрополозите Емили Шулц (Emily A. Schultz) и Роберт Лавенда (Robert H. Lavenda), културата е „збир од научени однесувања и идеи со кои човечките суштества се здобиваат како членови на општеството. Ние ја користиме културата за да се адаптираме на неа и за да го трансформираме светот во кој живееме" (Парк, 2012 : 64).

Рејмонд Вилијамс зборува за следниве современи употреби на концептот на културата и тоа:

1. Општ процес на интелектуален, духовен и естетски развој;

2. Одреден начин на живот на луѓе во некој временски период или некоја група;

3. Делата и дејствата на интелектуалната а посебно на уметничката активност; и

4. Означувачки систем преку кој се пренесува, репродуцира, искусува и истражува општествената структура (Џордан и Ведон, 1999 – 2000 : 16 – 18).

Во втората половина на 20 – от век во рамките на социологијата на културата и теориите на постмодерната се јавува терминот постмодерна култура. Постмодерната култура во рамките на уметноста, архитектурата, општествените и хуманистичките науки, се јавила како силен противник на модерната култура, отфрлајќи ги нејзините модерни наративи на општествен холизам, прогрес, кохеренција и универзалност.[2] Постмодерната култура се карактеризира со висок степен на партикуларизам и фрагментација, апропријација, неизвесност, опредметено искуство и со т.н. „животна политика“.[3]

## 1.2. Културата како вредносен концепт

Несомнено, како што ќе истакне Макс Вебер, самиот концепт на културата е вредносен концепт. Тоа произлегува од фактот што културата низ концептот на културните вредности им дава соодветна вредност на различните сегменти во современото општество.

Денес, постојат различни дефиниции за културните вредности и вредносните ориентации, битни за нивните карактеристики, функции и класификации. Притоа, се

---

[2] Теоријата за диференцијација на општеството го нагласува опаѓањето на холистичката и органицистичка парадигма за сметка на подемот на постмодерниот дискурс кој истакнува дека општеството не е единствено и дека претставувува плурална интеграција (Трајковски, 1997 : 201).

[3] Според Ентони Гиденс, во денешното општество владее т.н. животна политика која ги поставува основните егзистенцијални прашања на човекот и каде на човекот му се предочуваат голем број на животни алтернативи и животни стилови (Гиденс, 2001). Постмодерните теоретичари истакнуваат дека културата претрпела трансформација во движењето од модерното во постмодерното општество, каде идентитетот е збир од стилови од богатата и разновидна, плурална глобална култура со реализирање на изборот на начинот на живот и изградба на личен идентитет од фантастичен спектар на извори. За претставниците на социјалниот конструктивизам како што се Бергер и Лукман, општествениот поредок се објективизира кога е индивидуално разбирлив, односно кога индивидуалната биографија и историја имаат единство и тоталитет (Berger & Luckmann, 1966).

поставуваат прашањата за тоа дали вредностите се традиционална или современа категорија, апсолутна или релативна, непроменлива или постојана и објективна или пак субјективна. Овде ќе наведеме неколку дефиниции на поимите вредност и културна вредност:

**Вредност** – „општа идеја, производ на процесот на вреднување во севкупната стварност (материјалните предмети, духовните појави и човечкото однесување), што човекот (дадената општествена заедница) ја смета за пожелна, посакувана и добра" (Tanovic, 1978 : 66).

**Вредност** - „релативно општи културни прописи за она што е исправно, морално и пожелно. Вредностите обезбедуваат широка основа за специфични нормативни регулирања на социјалната интеракција".[4]

**Културна вредност – „**вредност создадена во одредена културна средина како плод на вреднувањата на културните значења што истата ги има за животот на дадената култура и на културните практики кои културната средина ги смета за вредни за следење и достигнување" (Douglas & Wildavsky, 1983 : 97).

**Културна вредност** - „симболички средства кои ги држат во едно општеството или групата, го задржуваат и засилуваат чувството на припадност на индивидуалните членови, го овековечуваат социјалното и духовното богатство, го поддржуваат чувството на целокупниот живот и ги даваат критериумите за значењето на индивидуалниот живот".[5]

Антропологот, К. Клакхон (C.Klukhonn) културните вредности ги смета како: „афективни или когнитивни симболи, кои ја формализираат концепцијата, со која се сака да се покажат влијанијата на формите, средствата и целите на акцијата"[6].

Вредностите, како дел од имплицитната култура, се конститутивни симболички форми и елементи на нашето чувство за личен идентитет или пак, на припадноста кон една група или нација, како и насочувачки фактори на општествената акција во рамките на социеталната или глобалната култура. Вредностите се поставуваат како идеални норми кои луѓето, општествените групи и политичките движења настојуваат со својата дејност

---

[4] (Online Dictionary of the Social Sciences, The online version of this dictionary is a product of Athabasca University and ICAAP, Robert Drislane, Ph.D. and Gary Parkinson, Ph.D. - http://bitbycket.icaap.org/dict.pl?alpha = B).

[5] (Problems of culture and cultural values in the contemporary world, UNESCO, 1983 : 4)

[6] (Problems of culture and cultural values in the contemporary world, UNESCO, 1983 : 4)

да ги реализираат. Тие имаат пресудно значење за утврдување и оценка на карактерот на конкретната општествена или културна заедница. Секоја културна заедница се карактеризира со свој „доминантен“ систем на вредности, врз чија основа се врши изборот на општествените цели, како и насочување на општествената акција.

Под поимот **културни вредности** се подразбира комплексна колекција од општи и универзални норми, традиции, верувања итн., група на ставови и добра, поврзани со општите или универзалните матрици на однесување, од големо цивилизациско и културолошко значење за семејството, државата и современото општество, воопшто. Културните вредности се основата на современото општество, облагородување на човековиот ум и текови на кои почива човештвото и без кои не може да егзистира човековиот живот и општеството.[7]

Она што е особено значајно за нашето истражување е фактот што културните вредности се разликуваат од личност до личност, нација од нација, држава од држава, регион од регион, религија од религија, земја од земја, континент од континент, општество од општество, што упатува на почитта на културната разновидност или мултикултурализмот и културниот релативизам, и културните вредности на различните култури и општества.

Кога зборуваме за културните вредности, денес, во современото општество тие се наоѓаат помеѓу состојбата „што е“ и состојбата „што би требало да е“.

Денес, во современото општество и во современото македонско општество во состојбата „што би требало да е“, се разликуваат следниве, најзначајни по нивниот приоритет, културни вредности:

- Рационалноста;
- Религијата;
- Моралот;

[7] Во поимот културни вредности спаѓаат: јазикот, традициите, обичаите, верувањата, културата, демократијата, благосостојбата, патриотизмот, толеранцијата, ентузијазмот, љубовта, духот на посветеност, почитта, социјалната праведност, норми за животен стил како морални и етички норми и верувања и уметнички и религиски вредности и се што човекот го создал и го поседува и чува со сето свое знаење и го пренесува од генерации на генерации како водич за движење напред низ призмата на двата опозити за тоа што мислиме дека е добро а што не е, во служба на народот, јазикот и идентитетот на секоја земја или држава.

- Естетиката;
- Хуманоста;
- Образованието;
- Толеранцијата;
- Инклузивноста;
- Мултилатерализмот;
- Мултикултурализмот;
- Либерализмот;
- Патриотизмот;
- Традицијата и
- Информираноста.

## 2. КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА

Културните вредности и интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество се во состојба на взаемна поврзаност и релативна независност, што упатува на фактот дека тие се знајачни фактори за конституирање на културата во современото општество.

Од една страна, културните вредности ја детерминираат интелигенцијата, односно влијаат на потенцијалот на секој човек со обемот на квалитетите, вештините и знаењата. Од таквите детерминанти, кои се под силно влијание на политичките и економските фактори и глобализациските процеси и текови, во современото општество зависат развојот и напредокот на интелигенцијата и интелектуалците, како и творечкиот и духовен потенцијал за поединците и општеството воопшто и се продуцира состојбата „што е“. Од друга страна, се смета дека без интелигенцијата и интелектуалците, не може да постојат културни вредности, и се доведува во прашање егзистенцијата на културата и човештвото воопшто.

**Традиционалните вредности** се од големо значење за современото општество и за современото македонско општество и се есенцијата на секојдневниот живот на луѓето и на интелигенцијата и услов за човековата и општествената стабилност и напредок на културните и цивилизациските процеси. Оттука и потребата за зачувување, негување и пренесување од генерација на генерација на традиционалните вредности кои, поради налетот и трендот од нови вредности, трпат длабоки промени и се во сериозна опасност од нивно целосно исчезнување.

Но, традиционалните вредности во современото општество се ослабени и се заменети со нови квази вредности кои го величат материјалното наспроти духовното, некозистентоста наспроти конзистентноста и двосмисленоста наспроти вистината и реалноста од причини што се злоупотребени од страна на владејачката класа и политичката и економската елита.

Традиционалните вредности на интелектуалците, влијаат на начин што нив ги прават поразумни, поодговорни и поморални индивидуи поради рестриктивниот и ограничувачки карактер во однос на резервираноста за прифаќање на новопројавените промени и непроверените вредносни ориентации.

**Универзалните вредности**, исто така, се од големо значење за современото општество и за современото македонско општество и се есенцијата на секојдневниот живот на луѓето и на интелигенцијата и услов за човековата и општествената стабилност и напредокот на културните и цивилизациските процеси. Но, во современото општество и во современото македонско општество, под влијание на научно – техолошкиот развој и откритија, универзалните вредности го изгубиле епитетот „вредност" поради фактот од деградација на вредносниот систем и духовната култивација и тенденцијата на длабоки промени на истите и прилагодување на новите системи и потреби за „социјален" развој и општествена солидарност. Сепак, и покрај незавидната положба и статус во општеството, пред се, од материјална природа, интелектуалците и понатаму продолжуваат да го следат својот духовен идеал за градење на универзалните вредности и да се трудат да придонесат за нови научни откритија и потреби за напредок и развој на современото општество и современото македонско општество, во сите негови сегменти.

**Обичаите** би требало да имаат значајно место во современиот свет, но како и сите претходно наведени вредности во современото општество и во современото македонско општество, се под постојан притисок за промени и прилагодувања на новите светски процеси и текови, губејќи ја нивната автентичност и основна смисла за пренесување на културните добра и доживувања.[8] Релацијата на обичаите со интелигенцијата своите корени ги влече од праисториското време, каде според религиозно – филозофската концепција за човекот, праисторискиот човек, кој бил наречен шаман, бил надарен со космичка интелигенција од останатите луѓе и кои со разновидни симболи давале значајни информации, како пораки за добробит на заедницата.

**Правните норми** би требало да гарантираат владеење на правото и правната држава, како фундаменти за развиена демократија и развиено општество, култура и цивилизација воопшто. Улогата на правните норми е клучна за правилен развој на интелигенцијата, за нејзино вклучување во развојниот процес на една култура, држава или општеството воопшто. Дури се оди до таму, да каде што нема правна држава, доаѓа до

[8] Станува збор, за состојба на културен релативизам и расчекор помеѓу традиционалните вредности и обичаите и универзалните вредности, што доведува до отфрлање на обичаите во една автентична култура или општество и попримање на „туѓите" обичаи, што условува назадување во сите сегменти на општественото живеење, вклучително и врз равојот на интелигенцијата и интелектуалната акција.

изумирање на интелигенцијата. Но, во современото општество и современото македонско општество, правото се соочува со влијание од политичките и економските фактори, што го прават многу неетично, засновано на принципите на функцинирање на еден систем во кој главниот збор го имаат политичките и економските цели и интереси.

Што се однесува до **моралните норми**, во современото општество и во современото македонско општество, тие би требало да бидат темелот на интелигенцијата, и воопшто на сите луѓе и сите сегменти во општеството. Во една таква состојба на „што би требало“ да биде интелигенцијата, можеме да кажеме дека интелигенцијата се води од моралните начела, принципи и етичност во сите сфери и сегменти во општественото битисување, земајќи ги предвид сите аспекти на нивното опстојување, како што се културата, образованието, работата, комуникацијата и интеракцијата меѓу нив, како и социјализацијата, како ниво на одредена „интелигентна зрелост“.

Но, денес живееме во време на криза на моралните вредности кои го рушат моралот на луѓето, културите, државите и општествата, воопшто. Без моралот и моралните вредности се деградира и интелигенцијата од причини што истите одредуваат како човекот ќе го користи својот интелектуален капацитет и каков ќе биде неговиот однос кон другите во неговата заедница, култура или општество. Современото општество и современото македонско општество, покажуваат дека конзумеризмот, себичноста, индивидуализмот и хедонизмот, се главните виновници за таа состојба, се разбира под силно влијание на политичките и економските фактори.

**Јазикот** е суштината на секое општество и култура и битен сегмент во комуникацијата меѓу луѓето и културите и без него е незамисливо да се реализира човековото дејствување и акција.[9] Тој е битна алатка, за промена на погледите на мислите и идеите, за култивирање на разните облици на општествена свест, во приближувањето на мислењата, ставовите итн., во спротивставувањето на различните гледишта во разни области, но и за разбирање на различните култури и нивното взаемно почитување и толеранција. Во таа насока се смета дека вистинската интелигенција може да зборува на кој било јазик кој нема бариери.

[9] За теоретичарите на социјалниот конструктивизам, јазикот како суштински елемент на конструктивистичката мисла која го објективизира светот односно стварноста е еден од инструментите во кој се вклучени традициите, искуствата и знаењата на претходните генерации и се пренесуваат на следните генерации (Berger & Luckmann, 1966).

**Различните стилови** на живот постоеле уште од почетокот на системот на ропство или од крајот на првобитната заедница, во услови на појава на различните облици на човековата свест или општествена акција. Во современото општество и во современото македонско општество различните стилови на живот репродуцираат своевиден општествен систем, кој промовира акумулација на различности и вредносен систем, кој го разнишува стабилниот карактер и идентитет на автентичните општества и култури и покрај обидите за единство на разновидноста и пораките за взаемна толеранција, правда и слобода во општеството, почитувањето и уважувањето на другиот, другата култура. Стилот на живот го прикажува нивото на развој на едно општество, односно култура, но и личните и општествените аспекти на статусот, прифатливоста и економската поткрепеност на личноста на интелигенцијата, како и религиските, креативните и естетски вредносни ориентации на интелигенцијата.

## 2.1. КОНЦЕПТОТ НА ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА

Интелектуалецот не мора само да знае за себе, дека е

интелектуалец, не мора само да настојува да дознае
што е интелектуалецот, туку мора себе си да се вклучи
во сопственото гледање на интелектуалецот.
**Едгар Морен (Edgar Morin)**

Концептот на интелигенцијата кој станал предмет на сериозна анализа во првите деценији на 20 – от век (К. Манхајм, Ж. Бенда, А. Грамши, Ѓ. Лукач, Р. Милс, В. Махајски, Ч.Р. Милс и др.) и денес во современото општество е предмет на научното, пред се, социолошкото истражување и промислување. Интелигенцијата како и сите други темелните поими на модерното општество денес е исправена пред предизвикот да биде редефинирана во рамките на т.н. методолошки капитализам (Beck Ulrich, Bauman Zigmunt, Gellner Ernest i Vrcan Srdjan, 2005 : 161).

Денес е многу тешко прецизно и егзактно да се одредат поимите интелигенција и интелектуалци, од причини што станува збор за комплексен и далекосежен општествен феномен, како и многузначаен поим во општествената теорија и комуникацијата на луѓето.[10] Тоа произлегува од фактот што определувањето на интелигенцијата, односно интелектуалците е проследено со низа „вулгарности“, „заблуди“, неконзистентност и идеолошки манипулации. Дури се оди до таму каде се смета, како што ќе констатира Бурдие, дека дефиницијата на интелигенцијата е постојано изложена на ризик (Dick, 1999 : 87).

Од културата, односно културните вредности, зависи определувањето на видот и степенот на интелигенција на одредено општество. Така, италијанскиот филозоф, социолог, писател и политиколог Антонио Грамши (Antonio Gramsci) го проучувал формирањето на интелигенцијата во повеќе земји (во Италија, Англија, Франција, Германија, Русија итн.), при што утврдил дека посебностите (културните) на овие земји,

[10]Според британскиот социолог Барбара Мистал (Barbara A. Misztal), определувањето на концептот на интелектуалците е епистемолошки проблематично, од причини што теоретичарите кои се обидуваат да ги дефинираат најчесто се и самите интелектуалци, и со тоа се соочени со проблемот на самодефинирање (Misztal, 2007 : 16).

создаваат и посебни типови на интелигенција. Дека поимот интелигенција се поима различно во различни општества и култури, неодминлив факт е што тој денес е дефиниран на повеќе од 44 светски јазици. Исто така, во насока на посебноста на разните типови на интелигенција, односно интелектуалци, кои припаѓаат на специфичните култури или општества го наведуваме фактот што за француските интелектуалци се говори дека тоа се луѓе филозофи или романописци со револуционерни тенденции, а американскиот интелектуалец е техничар, експерт (економист, социолог итн.), но не и научникот или писателот.

Според класичниот Dictionnaire de la langue francaise of Little (1885), терминот интелигенција е конкретно резервиран, за филозофска употреба, каде „интелигенцијата“ не претставува група на луѓе (Upssala : 42). Зборот интелигенција во Англија и САД не означува класа или род, туку професионална категорија на, пред се, образовани луѓе (интелектуалци), кои не претставуваат типична интелигенција, особено во сферата на книжевноста и културата, преку авангардната уметност.

Поимот интелектуалец во еден дел на Европа претставува образовен човек, кој на објективен и непристрасен начин учествува на јавни дебати, со толкување и разгледување на јавните прашања. Во социјалистичките системи пак, интелектуалците биле, пред се, идеолози и критичари. На запад, терминот интелигенција се определува како професионалци на културата, а во Русија само професионалци и тоа: писатели, уметници, наставници, техничари, научници, свештеници, новинари, социјални работници, инженери, адвокати, лекари, ветеринари, надзорници и луѓе од книговодството.

Интелигенцијата различно се третира во теоријата или литературата пред се во зависност од општествено – историските состојби во која таа се оформува, како и од личниот став и определби на одделни мислители и теоретичари. Концептот на интелигенцијата, упатува на различност на оваа група, од другите групи „во“ и „вон“ рамките на една култура, односно општество.[11]

---

За прв пат зборот интелигенција (inter – legentia, лат. intelego, lexi, lectum) се споменува кај Цицерон како превод на Аристотеловите зборови: dia – noesis со значење: да размислиш, да увидиш, да сфатиш, одлука и памет, ум, поим, претстава. Поимот интелектуалци е нејасен, пред се, поради широкиот опсег на значење, од луѓе со академски дипломи до мал број на широко образовани луѓе кои јавно ги застапуваат своите ставови, вредности, принципи итн. Во 70 – те години на 19 – от век, терминот интелигенција го употребил рускиот

Во социологијата за одредувањето на концептот, како и местотото, улогата и значењето на интелигенцијата во современото општество, особено значајни се формите на дефиницијата на интелигенцијата. Така, полскиот социолог Јан Шчепански (Jan Szczepanski), според теоретските традиции, ги дава следните три форми на дефиниција на интелигенцијата и тоа:

1. Формата која се однесува на улогата на интелигенцијата, како критички и креативни интелектуалци, водени од идеалите на вистината, доброто, убавото и правдата;
2. Формата која се однесува на релацијата помеѓу интелигенцијата и државата, каде интелектуалците се често опоненти на државата и жестоки критичари на политичката елита и власт; и
3. Формата која интелигенцијата ја гледа како специјален општествен стратум или група на интелектуалци, со високо и средно образование (Ianovsky, 1986 : 19).

Социолозите Конрад и Szelenyi, говорат за т.н. генетичка, односно историско – фактичката дефиниција на интелектуалците, за која и се залагаат и за т.н. генеричка, односно традиционално – трансцедентна дефиниција, која би требало да се изостави. Генетичката дефиниција тргнува од позицијата на интелектуалците, односно интелектуалците, кои се своевидни „културни мисионери" во конкретно општество, како и од нивните задачи во различните општествени контексти. Генеричката дефиниција, пак, го занемарува односот на интелектуалците кон историските настани и укажува на нивната т.н. телеолошка мисија,[12] односно творењето во културната сфера (Konrad/Szelenyi, 1979).

**Терминот интелектуалец[13]** настанал во Франција за време на т.н. Драјфусова афера, односно со објавувањето на „Манифестот на интелектуалците" во весникот Аурора во

---

писател П. Д. Боборикин (Boborykin) со кој се означува, пред се, способност или моќ на расудување за нашата човечност и општественост воопшто.

[12]Телеолошката мисија на интелектуалците всушност укажува на трансценденталните уверувања, односно желби на интелектуалците не само да критикуваат туку и да се спротивставаат на идеите и вредностите, предложени од другите субјекти во општеството, како и од нивното несогласување со нив.

[13]Според англискиот литературен критичар Стефан Колини (Collini, 2006), поимот интелектуалец доаѓа со спојување на референцата од францускиот збор „intellectuels" и рускиот збор „интелигенција"во раниот 20 век. Така, за интелектуалците се користи збирната именка интелигенција, која е термин од психолошко – филозофски пристап.

1898 година. Писателите Емил Зола (Emile Zola), Андре Жид (Andre Gide), Марсел Пруст (Marcel Proust) и Анатол Франс (Anatole France), во име на праведноста, дејствувале во политичката јавна сфера, се со цел ослободување на невиниот капетан Алфред Драјфус (Dzenings and Velc, 1998 : 6). Тоа била една група од високо образовани граѓани, која немала вистинска моќ, но имала морална сила за ваква културна и политичка авангарда, во име на универзалните и хуманите вредности и идеали.[14]

Од друга страна пак, поимот интелектуалец со политички предзнак, настанал за време на 60 – те години на 19 – от век, кога група на руски студенти кои биле под влијание на нихилистите и народните маси тежнееле за слобода на печатот и за целосно укинување на цензурата во медиумскиот простор (Колаковиќ, 2015 : 5).

Притоа, од голема важност е разграничувањето помеѓу поимите интелигенција и интелектуалци како идеал - типови. Во таа насока важно е да се истакне дека голем број на теоретичари на интелигенцијата не прават разлика помеѓу поимите интелигенција и интелектуалци, како што се Карл Манхајм (Karl Mannheim), Воин Милиќ, Антонио Грамши и други (Pudar, 2015 : 14). Дури се оди до таму, што се доведува во прашање постоењето или егзистенцијата на интелигенцијата, со што се зборува за дискурзивна стратегија во општеството.

Врз основа на дихотомијата: интелект – интелигенција интелигенцијата се детерминира како креативна, критичка и контемплативна страна на умот, а интелектуалецот пак како практична, прилагодлива и „манипулативна“ страна на истиот (Matic, 1987 : 64). Таа дихотомија се согледува од ставот на Антонио Грамши, кој смета дека интелектуалците се произведувачи на идеологии на својата општествена група, додека Карл Манхајм, говори за т.н. слободно – лебдечка интелигенција (freischwebende intelligenz), која е „репрезент или застапник на духовните интереси во целина“ (Manhajm, 1978 : 155).

При определувањето на концептот на интелигенцијата, вредно е да се истакнат и уште два значајни принципи и тоа:

---

[14]Таа група која се спротивставила на наметнатите вредности во вид на протест, застанала зад текстот на Емил Зола со наслов : „Обвинувам“ (J ` accuse) . Анатол Франс , Марсел Пруст и Емил Диркем (Émile Durkheim), во форма на „протест на интелектуалците“ ја потпишале петицијата за ревизија на Драјфусовата пресуда.

1. Моралниот (етички) принцип, кој главно го проучуваат културолошките и филозофските студии; и
2. Социо – професионалниот принцип, кој главно го проучува социолошката наука.

За одредување на концептот на интелигенцијата значајни се и прашањата за мисијата и критериумите за тоа што се подразбира под поимот интелигенција. Главно, социологијата, интелигенцијата ја определува како дистинктивна група во општеството, со своја посебна мисија. Современата социологија ги дава следниве критериуми за тоа што се подразбира под поимот интелигенција и тоа:

1. Формално правниот критериум, според кој под интелигенција се подразбираат луѓе кои работат работи кои се законски признати како умствени работи;
2. Формално образовниот критериум, според кој дипломата за завршено образование е мерило за припаѓање на интелигенцијата; и
3. Критериумот на психички својства, според кој интелигенцијата ја сочинуваат луѓе кои имаат посебни интелектуални способности.

Од големо значење за детерминирање на поимот на интелигенција е тоа во каква констелација се врши анализата на интелигенцијата. Социологијата на интелигенцијата анализите за интелигенцијата ги дели во условно две групи и тоа:

1. Структурално развојна, која интелигенцијата ја анализира во контекст на поделбата на трудот, техно – економскиот и научниот напредок, образовниот развој, диференцијацијата на општеството итн., како продуктивен и репродуктивен фактор за настанување на сложени структури во општеството; и
2. Ситуациско – конјуктурна, која интелигенцијата ја анализира во рамките на одредени состојби и констелации на духот, културните конјуктури, односно местото, улогата и значењето на интелигенцијата во посебни општествени, културни и политички околности (Kalanj, 1996 : 169).

За одредување на концептот на интелигенција од големо значење е и прашањето за односот помеѓу колективното и индивидуалното дејствување, однесување (улога) и акција од една страна и интелигенцијата од друга страна.

Имено, од една страна, се зборува за создадениот мит за колективна интелигенција, каде интелигенцијата се води од колективното или заедничкото дејствување и улогата и положбата во општеството, односно спој од одредување „по себе" и „чувството за себе". Така, Пјер Бурдие (Pierre Félix Bourdieu), говори за т.н. „колективна интелектуалност",[1] како форма на заедничко верување во ослободителните доблести на размислувањето (Dick, 1999 : 3 – 4), Антонио Грамши смета дека интелектуалците треба да спроведат, практична реализација на групните стремежи, а Жан Пол Сартр говори за интелектуалецот како универзален мислител кој се раководи од интересите на масата. Со тоа, интелектуалците имаат илузија дека нивните интереси се интереси на сите членови, заедницата или општеството воопшто во еден идеален облик.[15]

Од друга страна, пак, интелектуалците се сметаат за луѓе кои се неприлагодливи на колективизмот и се водат од индивидуалното дејствување и творење. Во духот на ова Ралф Дарендорф (Ralf Gustav Dahrendorf) говори за самореференцијата на интелектуалците кон самостојност, а не кон колективноста (Müller, 2007 : 91), односно раст на индивидуализацијата и индивидуалната слобода, наспроти колективното.[16] Во услови на економски, политички и културен плурализам, интелектуалците во преден план ги ставаат личните професионални предизвици (Feng, 2005). Затоа Валтер Бенјамин (Walter Benjamin), ја нагласува професијата на интелектуалците како специфична, пред се, индивидуалистичка професија.

За определувањето на интелигенцијата од големо значење е и перцепцијата и самопрецепцијата на интелектуалците. Во однос на самоперцепцијата, се нагласуваат и колективните и индивидуалните интереси на интелектуалците, кои далеку се разликуваат

[15] Исто така, Јозеф Алуис Шумпетер (Joseph Alois Schumpeter) смета дека интелигенцијата е формулатор на групните ставови и интереси, а за Карл Манхајм, таа е функционална група со основна задача или улога за создавање на целовито толкување на стварноста.

[16] Според Ивица Цепароски, од причини што концептот на знаењето се помалку врши некаква функција врз политичките решенија и одлуки, поважен е индивидуалниот сегмент и промовирање на себеси, со многу повисоки барања од некоја условно предвидена програма, односно културен концепт. ( Граѓанска Иницијатива, Дебати за културата, 2005 : 32 )

(особено колективните) од реалната состојба и вистина во општеството. Во однос на перцепцијата, во зависност од тоа дали на интелигенцијата се гледа во или вон рамките на една култура или општество, се јавуваат и различни перцепции за нивниот живот. Така, на пример, е забележано и почитување на германските интелектуалци однадвор и мандаринското традиционално мислење за конформизмот и отфрлање на општествената стварност одвнатре (Collini, 2006: 216 – 217).[17]

Ние, пред се, се водиме од постулатите на западната литература, каде поимите интелигенција и интелектуалци се синоними.[18] Тоа произлегува од фактот што поимите интелигенција и интелектуалци се надополнуваат еден со друг. Така во првата половина на 20 – от век, поимот интелигенција се однесувал и на множина од интелектуалци. Оттука, интелигенцијата како поширок поим и емпириска категорија означува мноштво а интелектуалецот, поединец кој припаѓа на интелигенцијата, со одредени карактеристики како атрибути, квалитет, ентитет на духот итн.

За одредување на поимот интелигенција, пресудно значење имаат критериумите за одредување на категоријата интелигенција. Денес не постои посигурен критериум на основа на кој може интелигенцијата да се определи како посебна општествена категорија или како хомогена, општествена група. Поимот интелигенција го менувал своето значење, со доминација на различни критериуми, во различни временски периоди и општествено - културни контексти.[19] Постојат повеќе пристапи, теории и критериуми за одредување на

---

[17]Интелектуалците во Европа и С. Америка, биле сметани како субверзивни, „женствени“, „застрашувачки“ и елитистички субјекти во општетсвото. Така, Ричард Хофштатер (Richard Hofstadter), за интелектуалците од 50 – те години на 20 – от век, смета дека се карактеризираат како луѓе со лажни интелектуални претензии, често професори, површни, премногу емоционални, со женски реакции, суета, презир, анемичност како и тоа дека се „збунети“ и доктринарни поддржувачи на средно – европскиот социјализам наспроти грчките, француските и американските идеи за демократија и либерализам (Jacoby, 2002).
Некои теоретичари, под поимот интелектуалци го подразбираат само најобразованиот дел од творечката интелигенција, во смисла на интелектуалната елита, но не како заедница туку како „поединци“ – елитни интелектуалци. Поимот интелигенција, пак, се сведува на само мал број исклучително талентирани поединци и творци со професионална дејност, со најсложен вид на умствен труд, со повисока образовна и професионална подготвеност.

[18] Ние за потребите на овој труд ќе го употребуваме поимот интелигенција, освен во исклучителни случаи кога треба да се нагласат одделни карактеристики на групи и поединци како дел на општата категорија интелигенција.
[19]Интелектуалната дејност е поделена на неколку степени, при што во највисокиот се вбројуваат разни научници, филозофи, уметници итн., а во најниските најпокорните администратори и популаризатори на

поимот интелигенција, како што се: теоријата за улогите и статусот (општествената структура), теоријата за општествената поделба на трудот (умствен и физички), теоријата за образованието, теоријата за професиите, критериумот на карактерот на трудот, политичко – моралниот критериум, теоријата за општествената диференцијација итн.[20]

Проучувањето и толкувањето на интелигенцијата во современото општество, не треба да го изостави, пред се, социолошкото прашање за нивната општествена структура. Општествениот статус на интелектуалците се разгледува низ две димензии и тоа:

1. Професионалната автономија и моќта; и
2. Економските ресурси на професионалните групи. (Karableva, 1999).[21]

Но, критериумите за одредување на концептот на интелигенцијата не се идеални - тие можат да бидат еднострани и пристрасни и со тоа да го доведат во прашање главното својство, односно значење на интелектуалното поле (Wacquant, 1989 : 4).

Критериумот за поделбата на трудот на умствен и физички, односно формално правниот критериум, не е идеален, затоа што во современото општество не постојат само мануелни или само умствени интелектуални работи. Така, Емил Диркем, ги критикува абнормалните облици на општествената поделба на трудот, исто како и Јан Шчепански, кој го доведува под знак прашање концептот со кој за интелектуалците се смета дека се

интелектуалното богатство (Грамши, 1978: 114). Со тоа, се поставува и прашањето дали таа се сведува на концепциите за нејзината елитна позиција во општеството и припадноста на т.н. благородничка култура, пред се, поради нивниот начин на живот.

[20]За определување на концептот на интелектуалците се земаат следните карактеристики кои тие треба да ги поседуваат: креативноста, високото образование, висока професионална способност, совесност во работата, достигнувањата за општеството, свесност за нивната улога во општеството, критичноста, слободата на мислата, професионализмот во работата и др. (Nikolic/Baker, 2011 : 41). Исто така, се смета дека поимот интелигенција е близок до колективната и авторитарната традиција, а поимот интелектуалец, до либералната и индивидуалната традиција.

[21]За функционалистичката и маркистичката теорија, законот за поделбата на трудот е основа за општествената стратификација и услов за класно – слојната поделба, и покрај тоа што за функционалистичката теорија поделбата на трудот се поврзува со културните содржини и моралните норми а за маркистичката со власта над средствата за производство (Mrksic, 1987 : 11).

личности кои извршуваат одредени интелектуални работи заради неможноста да се стави граница помеѓу мануелниот и немануелниот труд.[22]

Критериумот на психичките својства е премногу субјективен, и исто така, како и другите критериуми, не е совршен и идеален.

Формално образовниот критериум, исто така, не е идеален, од причини што знаење може да се стекне и надвор од образовните институции и академии, кое знаење е од големо значење и што знаењето не е единствен фактор за дефинирање на интелектуалците како општествена група или слој.[23] Тоа е така затоа што во која било физичка работа постои минимум интелектуална и творечка активност. Во таа насока, А. Грамши истакнува дека не постои активност на човекот без интелектуалниот удел, односно не може да се оддели homo faber од homo sapiens (Грамши, 1978 : 110).

Социолошката дефиниција за интелектуалците, главно нив ги дефинира како оние кои според својата професија се занимаваат со „интелектуална" работа, наспроти мануелната работа. Оттука и прашањето за тоа дали професиите на интелектуалниот труд упатуваат на некаков облик на монопол или академизам,[24] што е во спротивност со концептот дека не постои ниту една професија или корпорација која би имала привилегиран статус за претставување на општите и универзалните интереси, што би вклучило признавање на различните рационалности и автономната независност на другите (Dick, 1999 : 98).

Особено значаен факт е тоа што во современото општество, улогата на интелектуалците во општеството, а не професијата, е таа што ги издигнува во припадници на слојот на интелигенцијата. Но денес со право може да констатираме дека професионализацијата на интелектуалниот живот предизвикува криза на традиционалниот, критички интелектуалец, дури и негов крај.[25]

---

[22] Интелектуалците посредувале помеѓу владејачката група и работничката класа.

[23]Така, свештениците, службениците, учителите итн., се занимаваат со интелектуална работа. Образованието на истите било различно, така што некои не се толку образовани и не можат да се сместат во категоријата на интелигенцијата.

[24]За српскиот социолог Иван Шијаковиќ , интелигенцијата е „општествен слој кој го сочинуваат носителите на највисоко знаење (парцијално знаење ) и образование и кои извршувуваат творечки, креативни и духовни работи во областа на науката, културата и уметноста" (Sijakovic, 2008 : 238).

[25] Според Едвард Саид, постојат три негативни последици од професионализмот: притисокот на професијата; култот на сертифицирани експерти; и навлегување во моќ и авторитет (Saïd, 1996 : 55).

За одредување на концептот на интелигенцијата во современото општество од пресудно значење е влијанието на целокупниот систем во кој се наоѓа и егзистира истата. Така, за Антонио Грамши најголема методска заблуда е тоа што критериумот за разликување се бара во интелектуалната дејност, а не во целокупниот систем во кој се наоѓаат и егзистираат. Затоа тој заклучува: „Сите луѓе се интелектуалци, но немаат сите во општеството функција на интелектуалци“ (Gramsi 1959 : 312). Секој творец е определен според одредени правила, со кои се определува неговото однесување во однос на културата. [26]

Ние тргнуваме од следниве неколку, пред се социолошки, дефиниции за концептот на интелигенцијата:

**Интелигенција** – „Денес овој термин слободно се применува за кој било образовен статус во општеството, нормално вклучувајќи ги интелектуалците и менаџерите кои имаат интерес за идеи. Историски гледано, употребата на терминот е ограничена и иако неговото потекло се оспорува, тоа обично се бара во почетокот на 19. век кога се употребува во Русија и во Полска. Сепак како општествена категорија тој се разликува во двете земји поради очигледни историски причини “ (Oxford Dictionary of Sociology – http://www.enotes.com/oxsoc-encyclopedia/T ).

**Интелигенција – „**Посебна општествена група која поради повисокото општо и стручно образование зазема посебна положба во конкретните општества, и која, обично се занимава со интелектуална дејност. Почетоците се совпаѓаат со општествената поделба на трудот на физички и умствен труд“ (Социолошки терминолошки речник, 1995: 122 и 123).

За одредување на местото, улогата и значењето на поимот интелектуалци се поставуваат прашањата за тоа дали интелектуалците се бескласен слој (Карл Манхајм), дали припаѓаат на класите кои им овозможуваат нивна легитимација (Антонио Грамши), дали тие се доминантен слој или „фракција“ на доминатната класа (Пјер Бурдие) или се „нова“ класа (Ѓилас, Szelenyi) (Pudar, 2015 : 13).

---

Интелигенцијата се дефинира и врз основа на угледот, односно авторитетот во јавноста, кој е стекнат со именувања или значајни културни достигнувања, а не врз основа на положбата на општествената скала.

[26] Едгар Морен говори за три значајни моменти за определување на концептот на интелектуалците и тоа: културното вреднување на професијата; политичката улога во општеството; и свеста која комуницира со универзалното (Matic, 1987 : 64).

Социолозите Курзман (Kurzman) и Овенс (Owens) разликуваат три главни традиции од кои произлегува и типологијата на интелектуалците (Види Табела 1).

**Табела 1: Интелектуалци - типологија**

| Класа по себе ( class in – themselves ) | На граница на класа ( class – bound ) | Ниска класа ( class – less ) |
|---|---|---|
| Julien Benda | Antonio Gramsci | Karl Mannheim |
| - маркисти „ нова класа“ (G. Konrad, I. Szeleyi, M. Bakunin, W. Machajski;<br>- L. Cozer;<br>- A. Gouldner;<br>- D. Pees;<br>- P. Bourdieu. | - Ch.W. Mills;<br>- M. Foucoult;<br>- N. Chomsky;<br>- E. Said;<br>- J. Karabel;<br>- R. Brym;<br>- L. Eyerman. | - T. Parsons;<br>- G. Shies;<br>- F. Znaniecki;<br>- R. Dahrendorf;<br>- R. Aron;<br>- J. Shumpeter;<br>- R. Merton;<br>- S. M. Lipset;<br>- R. Collins. |

( Kurzman, Owens во: Peciakowski, Tomasz 2014 : 102 )

За определување на местото, улогата и значењето на интелигенцијата во современото општество од суштинско значење е дали тие припаѓаат на одредена група или друга структура во општеството и кого тие претставуваат. Главно, социолозите сметаат дека интелектуалците се: 1) членови на класи со свои права ( Ж. Бенда, Селејн, Кондрад, А. Грамши, М. Фуко, драјфусовците ); 2) релативно бескласни ( К. Манхајм ); и3) вклучени во промената на класите и другите групи во општеството (Brym, 2015 : 277 - 278).[27]

[27]Грамши пак смета дека интелигенцијата создава „идејна синтеза“, односно идеологија на својата општествена група или класа. Оттука, во модерното општество се раѓаат т.н. „органски интелектуалци“, кои се поврзани со конкретни општествени класи (групи) (Gramši, 1971). Секоја општетствена група создава еден или повеќе сталежи на интелектуалци кои на таа група и даваат карактеристика на хомогеност и свест за нејзината улога во општеството (Грамши, 1978 : 105). Даниел Бел ( Daniel Bell ), смета дека постои т.н.

Регрутирањето на интелектуалците варира од општество до општество, од култура до култура. Интелигенцијата во постмодерното општество се одликува со: 1) дисперзивност, која се однесува на фактот дека интелектуалците не се интегрирани во ниту една структура; и 2) сингуларност, што значи дека тие не претставуваат никого (ниту класи, интереси итн.), туку самите себе. Според материјалната положба, тие се најблиску до работничката класа. Така, во Кина се регрутираат од редот на селаните, во Индија доминира кастинскиот систем каде е прецизно дефинирана општествената положба на секоја каста, додека во современите општества универзитетот го „олеснува“ општествениот напредок. Потеклото на интелектуалците во царска Русија било од ниските слоеви во општеството, чија цел била политиката, каде дејствувале како партија, а не како елита. Во граѓанското општество се регрутираат од повисоките слоеви, а со масовното образование се регрутираат и од пониските слоеви. Исто така, се смета дека голем дел од интелектуалците е со малограѓанско потекло, истовремено ставени и потчинети на капиталот .

Една од одредниците на интелигенцијата е дека таа е релативно самостоен општествен слој на високо образовани луѓе. Иако образованието не е клучен фактор за создавање на интелектуалната класа од причини што интелигенцијата е една од ретките групи во општеството која е со ниски заеднички економски интереси, интелигенцијата може да биде највисок општествен слој на високо образовани луѓе, раководители на големи претпријатија и установи како и независни „креативни“ луѓе со слободни професии (J. Szchepanski и Wesolowski , во: Mrksic, 1987 : 63); може да биде, барем според Маркс и Енгелс, припадник на ситната буржоазија; за анархистите Бакунин (Mikhail Bakunin) и Јан Вацлав Мачајски (Jan Wacław Machajski) интелектуалците се стремат за основање на доминантната класа (Brym, 2015 : 278); за Ѓилас и Галбрајт, интелектуалците

---

класа на знаења и вештини или класа на стручњаци (knowledge – class), составена од четири сталежи како што се научниот, технолошкиот, административниот и културниот сталеж (Павићевић, 2007 : 99 – 100). И Карл Манхајм смета дека задача на новиот тип на интелигенција, која по своето потекло е нехомогена од аспект на потеклото, определувањето и општествената положба, е да создава идејна синтеза за општествена интеграција и историска пракса (Manhajm, 1978 : LXVII). Теоретичарите на т.н. „нови класи“ (Гулднер, Конрад, Липсет, Бел, Глејзер, Кристол и др.) во интелигенцијата и интелектуалците гледаат опасност за демократијата, затоа што имале силни тоталитарни тенденции.

се идеолошки хомогена и доминантна класа; за Gella, интелигенцијата е културно хомоген слој само во Полска и Русија и тоа според начинот и стилот на живот, нивниот социјален статус и пред се системот на вредности (Zarycki, 2009 : 618); за  Алвин Гулднер (Alvin Ward Gouldner),  тие се нова „еманципаторска“ класа;  за Barbara Ehrenreich and John Ehrenreich, тие се дел од новата т.н. „професионална – менаџерска“ класа (Brym, 2015 : 278); додека според Херберт Маркузе (Herbert Marcuse),  постои привилегирана, нова работничка класа (homo novus, како што се научниците, техничарите, правниците, лекарите, студентите и др.) (Markuse, 1978). [28]

Оттука и нашата концепција за тоа дека интелигенцијата е хетероген општествен слој што произлегува пред се од различните дејности, положбата, интересите, ставовите итн., при што не е можна нивна заедничка акција во современото општество. [29] Затоа и преовладувачкиот став дека  интелектуалците не се класи, меѓу другото и од причини, што во класното општество се во служба на одделни класи и нивните интереси и интересите на одреден општествено – политички систем и идеологија - некои интелектуалци служат на буржоаските, други на работничките, трети на хегемонистите, а четврти за интересите на рамноправност и ослободување на луѓето. Тоа го согледуваме кај Сејмур Мартин Липсет (Seymour Mrtin Lipset) и Еверет Лад кои истакнуваат дека интелектуалците ја надминуваат својата класа и тоа во прв ред со нивната социјална критика, иновативноста, креативноста и внимателноста кон фактите. Значи интелектуалците се вклучени во социјални мрежи,

---

[28] Кинг (King)  и Селенји (Szelényi),  сметаат  дека интелектуалците се нови класи ( King, Szelényi, 2004), додека за американскиот журналист, неоконзервативецот, Ирвинг Кристол (Irving Kristol) тие  се „новата класа“ на работниците на знаењето (економисти, технократи, административци, полиција, бирократи, идеолози, научници и уметници) (Brym, 2015 : 278).

[29] Во додаток уште некои определби: Нил Грос (Nil Gros) говори за бескласноста на интелигенцијата, а Едгар Морен за тоа дека интелектуалците се движење, според улогата во општеството; Ron Eyerman, во насока на бескласноста на интелектуалците, говори за членови на одреден социјален простор, во кој се во меѓусебна врска или релација (Peciakowski,  2014 : 104); Карл Манхајм говори за слободно – лебдечка интелигенција, како бескласна група на интелектуалци, која нема цврсто одредена положба во општествената структура (Manhajm, 1978); Дик Пелс (Dick Pels), смета дека интелектуалците за да ја избегнат маргиналната, односно аутсајдерска улога во општеството (посебно во сопствената заедница), партикуларното го претвораат во универзално, со што и даваат призвук на „бескласност“ на својата положба и „независен“ поглед (Pels, 1999 : 30). Во таа насока, Жан Пол Сартр смета дека интелектуалците како „експерти на универзалното“, навлегле во libido coseniendi, односно ја прифатиле стварноста, таква каква што е т.е. духот на тоа време (Kalanj,  1996: 174). Од друга страна, пак тие се залагаат за остварувањето на посебни цели и интереси, што пак ги прави значајно противречни.

чии врски се однесуваат на различни класи и други колективитети кои се менуваат со времето.

Денес голем број истражувачи на интелигенцијата констатираат дека настанала смртта на класата на интелигенцијата и дека живееме во „свет без интелектуалци“ и „последните интелектуалци“ (Џејкоб) (Rizman, 2014 : 17).[30] Тоа го истакнуваат како постмодернистите и теоретичарите на рефлексивната модерност (Ентони Гиденс, Урлих Бек, Пакулски и М. Вотерс) кои укажуваат дека помеѓу почетокот и крајот на првата половина на 20 – от век, настанала смртта на класата на интелигенцијата која е хибридизирана, така и Владимир Илич Ленин, кој смета дека таа смрт произлегува од укинување на основната поделба и разлика на мануелниот од умствениот труд.

За одредување на поимот интелигенција од особена важност е и самоперцепцијата, односно самодефинирањето или интроспективното барање на сопствениот, општествен и индивидуален идентитет. Главно, прашањата за интелигенцијата, односно интелектуалците ги поставуваат самите интелектуалци. Притоа се отвораат следниве прашања на кои треба да одговарат самите интелектуалци како што се: Кои сме ние?, Што е интелигенцијата?, На кого и за кого говорат интелектуалците?, Како тие се дефинирани од „ другите “, во различни општества и различни временски периоди? итн.

Самодефинирањето е значајно за создавање на референтната рамка на ителектуалците, кои пак се трансформираат од парцијални авторитети (експерти, уметници) во колективни авторитети (политички, морални и естетски ) на луѓето од областа на знаењето (Bauman, 1989 : 2). Саморефлексивноста и рефлексивноста се јавуваат како темелни карактеристики за интелектуалното дејствување и акција, кои ја рефлектираат состојбата во општеството.[31]

Од голема важност е и објективноста на односот на интелектуалците кон реалноста во општеството. Врз таа основа се разликуваат два типа на интелигенција и тоа: 1)

[30] Ралф Дарендорф зборува за „квази класи“, кои не се конкретни општествени групи, туку прости агрегати од припадници, кои имаат латентни интереси, но немаат свои организации, развиена свест и идеологија (Mrksic, 1987 : 47). Оттука се констатира идеолошката хибридност, односно хетерогеноста на интелектуалната класа.

[31] Социологот Ѓуро Шушњиќ, смета дека „како што окото гледа се околу себе а не се гледа себеси, така и интелектуалците набљудуваат се околу себе, но себеси се тајна со седум печати“ (Letica, 1989 :13).

интелигенција која ги афирмира постоечките културни вредности во општеството и зачувување на истите; и 2) интелигенција која е опонент на таквите вредности и отфрлање на истите. Тоа го истакнува Даглас Келнер (Douglas Kellner), кој со право говори за два типа на интелектуалци и тоа: 1) функционални интелектуалци, кои се во функција на зачувување и репродуцирање на постоечките општествени вредности и постоечкото општество, воопшто; и 2) критичко – опозициони интелектуалци, кои се против постоечкиот поредок и се залагаат кон подобро општество (Савиќ, 2001 : 236).[32]

Односот кон реалноста во општеството го отвора и прашањето за одговорноста на интелигенцијата. Одговорноста на интелигенцијата главно се сведува на два концепти: интелигенцијата како рамноправен субјект во општеството и интелигенцијата како единствен субјект, одговорен за состојбите во општеството.

Во однос на првиот концепт особено се занимавал Ноам Чомски (Noam Chomsky), сметајќи дека синтагмата „одговорност на интелектуалците“ ја отфрла разликата помеѓу „би требало“ и „е“, Тој укажува на фактот дека одговорноста на интелектуалците би требало да биде иста како и на сите луѓе (Чомски, во: Стојадинович, 2011 : 42) и дека таа е насочена кон говорење на вистината и разобличување на лагата (Chomsky, 1967 : 1 - 2).[33]

Во однос на вториот концепт можеме да кажеме дека востановен став е дека интелектуалците би требало да се морално одговорни луѓе за состојбите во општеството, со сиот свој ангажман и одговорност за последиците од своите уверувања (Fuller, 2009 : 37), дека тие се повикани да дејствуваат во јавните расправи на нивното време, да ја одредат тематиката и со нивна насока да удрат свој „печат“ ( Дарендорф, во: Pudar, 2015 : 20 ). Таквиот став може да биде поткрепен со ред примери. Овде наведуваме само некои: Ноам Чомски, Батлер, Славој Жижек ( Slavoj Žižek), францускиот филозоф, Ален Бадиу (Alain Badiou ), англискиот филозоф Симон Блекбурн (Simon Blackburn ), турскиот поет, писател и општествен критичар или дисидент, Фетулах Ѓулен ( Fethullah Gülen ) и други,

---

[32] Жан Пол Сартр, истакнува дека интелектуалците врз основа на својот углед, кој се темели на нивниот интелект, ја злоупотребуваат нивната примарна улога во општеството со тоа што излегуваат од својот домен и подрачје на дејствување и што ја критикуваат етаблираната моќ и општеството воопшто, во име на најразновидни концепции за човекот и општеството (локални, глобални, национални, идеолошки, догматични итн.).

[33] Така, Ноам Чомски отворено и без дилема ги искажувал своите ставови кои биле анти – империјалостички, анти – капиталистички и анти – воени.

претежно, филозофи кои се светски, влијателни интелектуалци. Тоа се, пред се, ангажирани интелектуалци, односно movers and shakers во социополитичкиот живот, кои излегле од институциите каде ги вршат своите професионални улоги (академски, научни, културни итн.) и учествуваат во јавниот живот, со јасно истакнати ставови во јавниот простор, во кој би требало да ја пренесуваат вистината и да создадат и да оформат еден нов свет. Во оваа група на интелектуалци можат да се вбројат и Албер Ками (Albert Camus), кој во 1950 година ги критикувал логорите во Советскиот Сојуз; Марло (Marlo), кој во 1933 година ги критикувал нацистичките логори во Германија; Роланд Ромен (Rolland Romain), кој во 1914 година повикувал да се стави крај на Првата Светска Војна од причини што таа Европа ќе ја доведе во состојба на хаос; и уште многу други истакнати мислители и интелектуалци во светски рамки, како Пјер Бурдие, Жан Пол Сартр, Јирген Хабермас, У.М. Енценсбергер, Ноам Чомски и др.

Во однос на релацијата на интелигенцијата со политиката, можеме да речеме дека во различни временски периоди јавните интелектуалци биле против власта, идеологијата и разните општествени структури на авторитарните режими од една страна, а од друга страна биле во служба на истите.

Во рамките на служењето на интелигенцијата во интерес на политиката можеме да истакнеме дека интелигенцијата со своето дејствување на своевиден креативен и ефикасен начин партиципирала во големите општествени промени во конкретни историски, културни и социјални односи и тоа низ Првата Светска Војна, за време на Хитлеровата власт, Втората Светска Војна, падот на комунизмот итн., па се до денес.

Во однос на дејствувањето на интелигенцијата како опонент на политиката, може да кажеме дека интелектуалците кои можат да се окарактеризираат како „спин доктори“дале голем придонес во јакнењето на демократските вредности на општествата, особено во глобални рамки. Интелектуалното дејствување во својата основа се води токму од нивното комуницирање со јавноста, надвор од својата професија.[34] Така, Жан Пол

[34] Интелектуалците се критичари (според Едвар Саид, критички аутсајдер) на општеството и општествените состојби, со својот критички дискурс и опоненти, на status quo состојбата, низ низа на дескриптивни и дискурзивни постапки и конкретни солуции. Улогата на критичари, интелектуалците, особено интелектуалците од т.н. „општа пракса“ ја градат низ следниве императиви: верувањето во моќта на разумот; вистината; правдата; и вредностите (Nehajau, R. Rogic 2014 : 13 – 15). Германско – американскиот социолог, комунитаристот, Амитаи Етциони (Amitai Etzioni), пак разликува академски јавни интелектуалци кои егзистираат во рамките на академската заедница и се со видна, интелектуална и политичка независност и боемски јавни интелектуалци кои самостојно егзистираат од пишување и уредување на колумни (Etzioni,

Сартр, се вклучил во студентските немири во 1968 година во Франција, при што јавно ја критикувал империјалистичката политика на Франција во однос на Алжир; Виктор Иго (Victor Hugo), бил за рушење на Османлиското Царство на Балканскиот Полуостров а исто така, јавно го прогласил Наполеон Трети за предавник на татковината затоа што според него го донел антипарламентарниот устав.[35] Бурдие во 90 – те години на 20 – от век јавно настапувал во медиумите, учествувал на демонстрации, пишувал во весници, поддржувал разновидни петиции итн. Исто така, за време на студентските демонстрации, во 1968 година, голем дел од француските интелектуалци, отворено ги изнесувале своите ставови.

За подобар преглед, за дефинирање на концептот на интелигенцијата, го даваме следниот приказ, кој главно се води од состојбата „што е" (интелигенцијата de facto и состојбата „што би требало да е" (интелигенцијата de jure):

**Приказ бр.1: Индикатори за интелигецијата: состојба „ што е " (интелигенцијата de facto и состојба „што би требало да е" (интелигенцијата de jure)**

| **состојба „што е" (интелигенцијата de facto)** | **состојба „што би требало да е" (интелигенцијата de jure)** |
|---|---|
| • индивидуална категорија; | • класа, група или слој во општеството; |
| • различен степен на образование; | • високо образование; |
| • различни форми на образование; | • формално образование; |
| • професија со маргинализиран статус во општеството; | • професија со доминантен статус во општеството; |
| ● со ниски материјални добора; | ● материјални добра според заслугите; |
| ● недостаток од слобода и | ● слобода и креативен дух; |

2006 : 151). За Ралф Дарендорф, токму академските јавни интелектуалци се вистински интелектуалци кои дејствуваат во јавните дискурси, со одредување на тематиката и влијанието на насоката на движење, додека ангажираните интелектуалци се подвид на јавните интелектуалци кои одговараат на горчливите прашања во времиња на искушенија и кои се на дистанца од другите набљудувачи (Dahrendorf, 2006 b : 102).

[35] За таа цел Иго го објавил, памфлетот „Наполеон малиот", при што избегал, а подоцна се вратил во Франција и бил политички ангажиран.

| | |
|---|---|
| креативен дух; | |
| ● недостаток од визија; | ● со визија; |
| ● неодговорни за своите постапки; | ● неодговорни за своите постапки; |
| ● зависни и без неутралност; | ● независни и неутрални; |
| ● опортуни на политичката власт и политичката елита; | ● не се опортуни на политичката власт и политичката елита; |
| ● афирмирање на материјални вредности; | ● афирмирање на духовни вредности; |
| ● интерес за доминација во светот; | ● интерес за запознавање и осмислување на светот; |
| ● неморален критичар на општеството; | ● морален критичар на општетсвото; |
| ● афирмирање на специфични човекови идеали и вредности; | ● афирмирање на специфични човекови идеали и вредности; |
| ● релативно хумани; | ● хумани; |
| ● непрогресивен двигател; | ● прогресивен двигател; |
| ● наемни и асимилирани „ работници “; | ● автономни субјекти; |
| ● политизирани и инструментализирани; | ● независни; |
| ● со мултифункционална професионална ориентација; | ● со монофункционална професионална ориентација; |
| ● конкретен начин на мислење; | ● апстрактен начин на мислење; |
| ● со колонијален дискурс; | ● со постколонијален дискурс; |
| ● ориентирани кон „ внатре “ ( една идеја, цел и интерес ); | ● ориентирани кон „ надвор “ ( мноштво идеи, цели и интереси ); |
| ● идеолошки ориентација; | ● ориентација кон вистината и објективноста; |
| ● конформисти во општеството; | ● личен избор во општеството; |
| ● ангажирани за работи кои не се во нивен домен; | ● ангажирани за работи кои се во нивен домен; |
| ● медиокритетство; | ● меритократија; |
| ● утописка пракса и фантазија; | ● реална пракса и објективност; |
| ● неодговорност за нивните постапки; | ● одговорност за нивните постапки; |
| ● стремење кон привилегирана | ● стремење кон еднаквост во општеството; |

| | |
|---|---|
| положба во општеството; | |
| ● создавачи на митови и идеолошки матрици; | ● создавачи на вистински и реални перцепции; |
| ● неморални акции во општеството; | ● морални акции во општеството; |
| ● губење на авторитетот и угледот; | ● авторитет и углед според заслугите; |
| ● афирмирање на материјалните вредности; | ● афирмирање на духовните вредности; |
| ● ориентираност кон цивилизацијата; | ● ориентираност кон културата; |
| ● прецeнување на нивната улога; | ● улога што заслужуваат; |
| ● индивидуализам; | ● колективитет; |
| ● мит за меритократија; | ● реална меритократија; |
| ● дезинтегратори на општеството; | ● идејни интегратори на општеството; |
| ● отсуство на критика на идеите во општеството; | ● критика на идеите во општеството; |
| ● релативно изјаснување за општествените проблеми; | ● апсолутно изјаснување за општествените проблеми; |
| ● апстрактни цели и интереси; | ● практични цели и интереси; |
| ● неидеални вредности; | ● идеални вредности; |
| ● релативен хуманизам; | ● апсолутен хуманизам; |
| ● релативен утилитаризам; | ● отфрлање на утилитаризмот; |
| ● хетерогеност на интелектуалната работа; | ● хомогеност на интелектуалната работа; |
| ● релативна институционалност на интелектуалната работа; | ● институционалност на интелектуалната работа; |
| ● релативно независни и самосвесни; | ● независни и самосвесни; |
| ● афирмација на општите или апстрактните вредности; | ● афирмација на посебни вредности; |
| ● политички ставови кон општествените збиднувања; | ● аполитички ствавови кон општествените збиднувања; |
| ● примарен интерес за моќ, углед, матери – јален статус; | ● примарен интерес е општеството; |
| ● кооперација со политичката власт; | ● опоненти на политичката власт; |

| | |
|---|---|
| ● хетерогена група во општеството; | ● хомогена група во општеството; |
| ● релативизација на сознанието; | ● апсолутизација на сознанието; |
| ● ширење на монокултурни вредности; | ● ширење на мултикултурни вредности; |
| ● отсуство на самокритичност; | ● самокритичност; |
| ● релативна свест и совест во општеството; | ● свест и совест во општеството; |
| ● релативизација на универзалните вредности ( вистина, правда итн. ). | ● стремеж кон универзалните вредности. |

Овој приказ, кој се темели, пред се, на теориското и емпириското истражување за културните вредности и интелигенцијата во современото општество, ни го дава новиот, редефиниран концепт односно дефиницијата, за интелигенцијата во современото општество, која имено гласи: *„Интелигенцијата е општествено конструирана,*[36] *хетерогена категорија, која претставува агрегат или прост збир од членови на одреден социјален простор, односно, мноштво од интелектуалци, кои пак се определуваат, како луѓе со различен степен и форма на образование, со мултифункционална професионална ориентација, без своја јасна организираност, свест, совест и идеологија и кои поради својот опортунизам кон политичката и економската, идеологија и инструментализирани интереси, на политичката и економската власт и елита, се со маргинализиран статус и положба во општеството, во кое ги афирмираат конформизмот од највисок и најразличен ранг, како и материјалните вредности, митот во повеќе области и содржини, апстрактните цели и интереси, релативизирањето на хуманизмот, утилитаризмот, на општите или апстрактните вредности, интересите за сопствената моќ, углед и материјалниот статус, отсуството за критичност, афирмирањето на релативната свест и совест во општеството, на утилитаризмот и релативизацијата на сознанието и на универзалните вредности, што ги прави крајно неодговорни за својата практична работа во општеството и луѓе кои работат, спротивно од своите стремежи, (од кои еден дел се со утописки карактер и*

[36] Според истакнатите теоретичари на социјалниот конструктивизам и на социологијата на науката Бергер и Лукман, човековата конструкција на стварноста и на самиот себе е општествено условена. Тие го истакнуваат фактот дека општествениот поредок е единствено човеков производ, што подразбира дека homo sapiens е секогаш homo socius (Berger & Luckmann, 1966).

*фанатазија), како што се афирмацијата на духовните вредности, идеали и потребата за хуманизам, слобода и креативен дух, опоненти на политичката и економскта власт и елита, прогресивни двигатели и автономни субјекти, со личен избор и ориентација кон вистината и објективноста во општеството, кон меритократските начела и вредности, одговорни за својата практична работа, како идејни интегратори, свест и совест на општеството, со практични цели, интереси, идеали, критичност и самокритичност за практични решенија на проблемите во современото општество".*

## 2.2. **Видови интелигенција**

Во науката, од минатото до денес, се забележани повеќе постапки и критериуми со помош на кои може да се разликуваат повеќе видови на интелигенција. Тие критериуми главно се потпирале на теоријата за општествената поделба на трудот (умствен и физички труд), теоријата за образованието, теоријата за професиите, теоријата за улогите и статусот, граѓанската теорија итн.

Различните теории, различните методи и цели на истражувањето упатуваат на релативизација на концептот на интелигенцијата. Таа релативизација, меѓу другото, доаѓа и од нормативното определување на интелигенцијата кое не ги опфаќа сите нивни аспекти, категории или видови.

Во таа насока и потребата од прецизно, систематско и објективно утврдување на општествената структура и карактерот на современото општество за да се утврди и местото, улогата и значењето на интелигенцијата. Тоа може да се реализира единствено со интердисциплинарен пристап – теоретски и емпириски, т.е. мултидимензионална и мултиперспективна научна опсервација на толку комплексниот истражувачки проблем во современото општество – интелигенцијата.

Во науката се познати две значења на концептот на интелигенцијата и тоа: психолошкото и социолошкото.[37]

---

[37]Сепак, англискиот литературен критичар и академик, Стефан Колини (Stefan Collini) говори за три толкувања на концептот на интелектуалецот и тоа: социолошко, кое се однесува на низа категории на општествени занимања кои ги вклучуваат сите на кои примарна работа им се идеите, знаењата или културата; субјективното, кое упатува на индивидуалните интереси за идеите, без разлика на занимањето или пак општествената улога; и културолошкото, кое во современото општество е доминантно и се однесува

Ние трнуваме пред се од социолошкото значење, односно од проучувањето и толкувањето на интелигенцијата како централна општествена категорија и на утврдувањето на нејзиното место, улога и значење во современото општество. Интелигенцијата како поширок поим и категорија од интелектуалците, во современото општество се дефинира како општествена категорија на индивидуи – интелектуалци кои пак, претставуваат пред се категорија на луѓе со различен степен и форма на образование, со разновидни професии и полиња или дејности на занимања,[38] кои се наоѓаат на маргините во современото општество, лишени од материјалните и друг вид на добра и покрај силното чувство за сопствена слобода, креативен дух и визионерство, преку промовирање на креативни културни вредности за подобар свет, раст и развој на општеството со своите интелектуални творби, без директна одговорност за своите практични работи и дејствувања, кои истовремено не се независни мислители и не се неутрални и се опортунисти на политичката власт и политичката „елита“.

Психолошкото значење се сведува на неколку видови на интелигенција обединети околу концептот на мултипла - интелигенција како што се: апстрактна интелигенција, емоционална интелигенција, социјална интелигенција, гранична интелигенција, вештачка, духовна, рационална, економска, политичка, културна интелигенција итн.[39]

---

на интелектуалците кои врз основа на нивната признаета положба во рамките на креативни и научни активности се обраќаат на поширокaта публика за работи од општ интерес (Collini, 2002; Collini, 2006).

[38] Интелектуалците главно ги имаат следниве полиња или дејности на занимања и тоа: идеи, филозофија, религија; егзистенцијата и дејствувањето на човекот; култура, цивилизација, уметност, наука; морална одговорност за човековиот род; јавниот живот; и критичкиот однос кон општествената стварност (Bezic, 1988 : 336 – 337).

[39] Интелигенцијата како психолошка категорија главно се дефинира како комплекс кој го отсликува пред се индивидуалниот капацитет односно различните способности, вештини и умееља, начини на размислувања и мудрости, квалитети и однесувања на човековата личност како што се: способноста за апстрактно и здраво размислување, способноста да се разберат комплексните идеи, факти, концепти, феномени и знаења, способноста за брзо и успешно учење и стекнување, разбирање и користење на знаењата, способност на човековиот ум да врши високо интелектуални и сложени, когнитивни операции со вклучувања на асоцијативните размислувања со логички и дури паралогички карактери , способност за разбирање и расудување на поимите, симболите, перцепциите и чувствата, умееља за снаоѓања во разни прилики, услови и ситуации како и решавање на проблеми и соодветни адаптации на стекнатите услови и ситуации, квалитет за разликување на важното од неважното, способност за анализирање, оценување и продуцирање на креативни, иновативни идеи за личен и колективен развој, однесување на начин што успешно ќе се справува со предизвиците и постигнувањата на своите цели и планирања. Накратко, апстрактната интелигенција се определува како способност за разбирање на апстрактни поими, симболи и нивните односи но и нивно користење во решавање на сложени проблеми. Емоционалната интелигенција претставува збир на повеќе способности како што се способноста за саморазбирање, самоконтрола, самоувереност и емпатија.

Притоа, од особено значење е фактот дека за животот во современото општество, глобалниот свет и мултикултурализмот како своевиден модел на културна комуникација, неопходна ни е потребата од дефинирање и на концептот на културната интелигенција.[40]

Интелигенцијата своите почетоци ги започнала со поделбата на трудот на физички и умствен труд или со поделбата на материјален и духовен труд. Така, врз основа на теоријата за општествената поделба на трудот, според која се разликуваат умствен и физички труд, се разликуваат хуманистичка и техничка интелигенција.

Во хуманистичката група на интелигенцијата влегуваат не – мануелните интелектуалци како што се творците и креативците од областа на општествените науки и уметноста. Хуманистичката интелигенција се однесува на сите кои врз основа на својата

---

Социјалната интелигенција е посебен вид на интелигенција и е составена од следниве способности: емоционална чувствителност, социјална аналитичност, социјабилност, толеранција, самоконтрола и социјална адаптабилност. Граничната интелигенција се однесува на степенот на интелектуална развиеност која ја одвојува просечната (нормалната) интелигенција од ментална заостанатост. Вештачката интелигенција подразбира капацитет на една вештачка творба за реализирање на функции кои се карактеристични за човековото размислување. Духовната интелигенција претставува човекова когнитивна способност за достигнување на високи сфери на духовна свест, создавање смисла во животот, сочувство и контемплација со кои се открива енергијата со која се надминува егоизмот и преокупацијата со дневните грижи. Рационалната интелигенција ги претставува нашите когнитивни способности и капацитети кои ни даваат можност за решавање на проблемите, да размислуваме апстрактно, да ги разбираме комплексните идеи, да учиме брзо или бавно како од книгите (т.н. академско учење), но исто така и од искуството на другите луѓе. Политичката интелигенција укажува на тоа како моќта се користи и препознава, како со неа се живее, да не увери дека светот во кој живееме е предизвик и игра, дека свеста за моќта на другите и нашата сопствена моќ е суштина на се.

Економската интелигенција пак опфаќа збир на концепти за собирање, анализа и дистрибуција на низа информации со помош на различни софтверски алатки и операции со кои се доаѓа до информации кои се потребни за полесно и егзактно донесување на економски одлуки. Критичката интелигенција, односно критичките интелектуалци, односите на моќ ги ставаат во релација со јавното дејствување и општество (Kennedy, 1990 a : 9), тие се прогресивен двигател во современото општество и извор на голем број знаења, информации и вредности како основа за преземање на творечки општествени акции и активности, со кои се трансцендираат рамките на општеството. Во категоријата на критички интелектуалци со јасно изразена критичка свест меѓу другите се вбројуваат и врвните творци како што се: филозофите Фридрих Ниче, Карл Маркс, Жан Пол Сартр, Албер Ками, Мишел Фуко, Сократ, Волтер, Џордано Бруно, „таткото на науката и современата астрономија, физичарот Галилео Галилеј, физичарот, дисидент и активист за правата на човекот, Андреј Сахаров и др. Хуманистичката интелигенција (според Супек) е интегрирачка со развиена смисла која го поврзува човековото творештво со лична, индивидуална одговорност во обликувањето на условите за живот на човекот (Curcic, 2012 : 5). Алвин Гулднер пак, говори за т.н. „култура на критичкиот дискурс“, која е под монопол на хуманистичката интелигенција (Irving Kristol).

[40] Самиот поим на културна интелигенција подразбира способност за успешна интеграција во различни култури.

имагинација активно дејствуваат во општествениот живот односно на креативните или творечките создавачи во областа на науката и културата воопшто, како што се писателите, филозофите, уметниците, научниците итн. (писателот Вилијам Шекспир, уметникот Леонардо Да Винчи, писателот и артист Жан Батист Молиер и др.).

Техничката интелигенција се дефинира како припадници на интелигенцијата кои дејствуваат на полето на природните науки, техничките науки и технологијата, како физичарите Исак Њутн, Алберт Анштајн и др. (Социолошки терминолошки речник, 1995 : 311).

Некои автори говорат дека интелектуалците се своевидни гении (посебно интелектуалците како творци во областа на науката и уметноста) кои се карактеризираат, пред се, со високо развиена интелектуална способност и имагинација, мотивираност, автентична меморија, способност за критичко мислење, радикализам итн. Тоа го истакнува Фридрих Ниче (Nietzsche, 1956), за кого интелектуалците се „гении“ кои водени од нивниот „креативен импулс“ ја вршат својата улога во општеството со првобитниот „архитект на космосот“ (Rizman, 2014 : 8).

Ние разликуваме и креативна интелигенција која низ креативноста, на нов начин и со критичката моќ, би требало да придонесува за напредок на човештвото и општествената благосостојба воопшто. Тој „дајмониум“ или „внатрешен глас“ (Сократ), или „ духовен ерос “ (Платон), е од суштинско значење за создавањето на низа духовни творби и дела на човекот како што се уметничките, филозофските, научните итн. (Стојакович, 2007). Пример за тоа се великаните во различните области на творештвото, како што се филозофот Платон, физичарите Исак Њутн и Алберт Ајнштајн, уметникот Пабло Пикасо и др., кои со својата индивидуална и креативна, творечка сила постигнале највисоки научни и уметнички дострели.

Денес постои и т.н. бирократска (службеничка) интелигенција како современа појава, која главно е составена од едуцирани луѓе кои вршат „стручни“, „експертски“, пред се, рутински работи во јавната и државната управа или администрација. За истата говорат Рајт Милс (Charles Wright Mills), за кого интелектуалците се „интелектуални наемни работници“, а според Карл Кауцки (Karl Johann Kautsky) тие го продаваат својот

труд или својата работна сила низ експлоатација од страна на капиталистите, со што настанало нивно социјално „понижување“.[41]

Но, се поставува прашањето колку овие постапки и критериуми во современото општество се покажуваат како комплементарни во услови кога концептот за физички (мануелен, материјален или physical worker), се покажува како неидеален и со голем број на пропусти.[42]

При определувањето на концептот на интелигенцијата од пресудно значење, меѓу другото е и препознавањето на која публика таа се обраќа, со кои средства или симболи се служи и со кои интенции или интереси. Така, според британскиот социолог Мајкл Боравој (Michael Burawoy), интелектуалната работа се разликува во зависност од две димензии и тоа: за која публика е наменета (академици, креатори на политики, различни делови на јавноста и јавноста како целина); и степенот до кој е инструментализирана („што е“ наспроти „што треба да биде“) (Brym, 2015 : 277). [43]

---

[41] Од бирократската (службеничка) интелигенција, се регрутираат советници, стручњаци за легитимирање на власта, дежурните идеолози итн., кои се опкружени со луѓе од власта, кои пак ги користат како параван за своите ставови и постапки со што ја префрлаат вината на интелектуалците за нивните погрешни политики и неуспеси (Sijakovic, 2008 : 239 ), со што оваа интелигенција е ограничена во своите визии и не е “слободно – лебдечка“ (Manhajm, 1978 : LXXIX).

[42] Во современото, постмодерно општество не постојат чисти мануелни или физички и интелектуални или умствени работи или трудови. Во таа насока шкотскиот историчар Норман Стоун (Norman Stone), разликува т.н. „мултифункционален“ или „повеќенаменски интелектуалец“, кој е најголемата „болка“ на современото општество (Jennings and Welch, 1997 : 2). Исто така, се чини дека дополнителен пропуст во современата социологија претставува употребата на формално - правниот критериум за разликувањето на видовите интелигенција. Тоа доаѓа оттаму што овој критериум на многу едноставен начин смета дека интелигенцијата е збир на луѓе кои професионално се занимаваат со умствени или интелектуални работи кои се законски признаети. Ист е случајот и со формално образовниот критериум, кој смета дека за да се припадне на интелигенцијата, образовната диплома е клучен фактор или мерило за квалификација. Во голема мера неприменлив е и критериумот на психичките својства, според кој во интелигенцијата спаѓаат луѓе кои поседуваат посебни интелектуални способности. Критериумот на творештво пак, ја определува интелигенцијата како збир на луѓе кои создаваат нови вредности, од универзална важност и користат апстрактен и симболички начин на мислење и комуницирање, без притоа да води сметка дека вклучува само еден дел на т.н творечка интелигенција. Интелигенцијата, односно интелектуалците, живеат од идеите (Манхајм, Гулднер, Ботомор, Липсет, Гајгер и др.), кои ги создаваат, пренесуваат и критикуваат.

[43] Според критериумот, кој се однесува на односот на интелектуалците кон општото добро се разликуваат следниве три типа на интелектуалци и тоа: творци на дела (научни, уметнички, филозофски и др.) кои не се изјаснуваат јавно за општествените проблеми од различен тип, но кои говорат за проблемите од својата струка или професија; интелектуалци кои молчат за општествените и своите проблеми; и ангажирани интелектуалци, кои се вклучени во работите кои не се однесуваат на нив (Avramovic, 2012 : 181). Жилиен Бенда истакнува дека интелектуалците се оние кои се занимаваат со уметноста, науката и метафизичките спекулации, односно со апстрактната правда и дека не се насочени кон практичните цели и интереси. Тие според него, ги напуштиле идеализмот и хуманизмот, кои ги замениле со т.н. утилитарен идеализам.

Интелигенцијата се разликува и врз основа на природата на системите (формални или неформални) и перцепцијата за состојбата во која интелектуалците дејствуваат (несигурност и опасност, наспроти фрустрацијата и ризикот) (Misztal, 2007).[44]

Но денес, во современото општество од есенцијално значење е прашањето за односот помеѓу интелектуалците и експертите. Интелектуалците, главно, се карактеризираат со интелектуално – творечко, односно сознајно - хуманистичко а експертите или стручњаците со утилитарно – прагматично, односно професионално – практично дејствување или акција во општеството. Така, според германскиот филозоф Ханс Георг Гадамер (Hans - Georg Gadamer), експертот (политичкит советник, медиумскиот советник, економскиот, еспертот – вештак во судската пракса и тн.) е стручњак кој врши советодавна функција на оние кои одлучуваат за општествените прашања, додека интелектуалецот е оној кој се занимава со она што се однесува на сите. Експертот е неутрален, без визија, затоа што користи знаења од други, а интелектуалецот зазема страна при некое спорно општествено прашање. Како парадигматични т.е. традиционални интелектуалци, експертите се ставени во функција на општеството воопшто, но посебно на реалните проблеми на општеството наспроти општите или апстрактните вредности (Kalanj, 1996 : 176). Стручњаците, пак, се група по себе а интелигенцијата како збир од релативно независни и самосвесни интелектуалци, група за себе (Milosevic, 2007 : 21 - 25).[45] За подобар преглед, за разликување на концептот на

[44] Британскиот социолог Барбара А. Мистал (Barbara A. Misztal) говори за четири категории на интелектуалци врз основа на природата на системите (формални или неформални) и перцепцијата за состојбата во која интелектуалците дејствуваат (несигурност и опасност, наспроти фрустрацијата и ризикот) (Misztal, 2007). Тоа се: интелектуалците – херои, шампиони, дисиденти и пионери. Хероите се харизматични интелектуалци, со низок ризик во формалниот систем, кои ги отфрлаат формалните правила и промовираат добро на заедницата (Eli Vizel). Шампионите се јавни интелектуалци, за кои науката е ефективна, јавна сила и кои веруваат дека разумот и комуникацијата имаат позитивна моќ (Alva Mirdal). Дисидентите се радикални интелектуалци во формалниот систем со висок степен на ризик при ангажманот и каде индивидуалната автономија е минимална, контролата безлична а мрежите неформални (Osjecki, Saharov)[44]. Пионерите, пак, ја применуваат науката за доброто на човештвото и ги истражуваат границите на знаењето во неформалниот систем и со висок степен на фрустрација од причини што не уживаат признание за својата работа (Norman Borlaug) (Исто).

[45] Експертите се карактеризираат се академски, научни или оригинални мислители со специјализирани знаење и вештини, во специјални полиња на знаења, а интелектуалците со општи знаења и вештини. Така, денес, се смета дека „интелектуалецот “ е експерт во својата област, во својата струка, кој не се интересира за она што е надвор од неговата професија.

интелигенцијата од една страна, и концептот на експертот, во современото општество, од друга страна, го даваме следниот приказ:

**Приказ бр. 2 : Индикатори за разликување на интелигецијата од експертот**

| **интелигенција** | **експерт** |
| --- | --- |
| ● интелектуално – творечко дејствување и акција во општеството; | ● утилитарно – прагматично дејствување и акција во општеството; |
| ● сознајно–хуманистичко дејствувањеили акција во општеството; | ● професионално – практично дејствување и акција во општеството; |
| ● група за себе ( збир од релативно незави – сни и самосвесни интелектуалци ); | ● група по себе; |
| ● се занимава со она што се однесува на сите; | ● стручњак кој врши советодавна функција на оние кои одлучуваат за општествените прашања; |
| ● зазема „ страна “ за спорните прашања во општеството; | ● „ неутрален “ за „ спорните “ прашања во општеството; |
| ● во функција на општите или апстрактните вредности; | ● во функција на конкретните или реалнитепроблеми на општеството; |
| ● релативно академски, научни или оригинал-мислители со општи знаења и вештини. | ● релативно академски, научни или оригинални мислители, со специфични знаења и вештини, во специфични полиња на знаења. |

## 2.3. **Интелигенцијата како општествена и културна категорија**

Општеството има интелигенција каква заслужува

**Карл Маркс (Karl Marx)**

Местото, улогата и значењето на интелигенцијата неопходно ги согледуваме, пред се, во основите на општествениот систем и културата воопшто. Општествената детерминација на интелигенцијата во прв ред е изразена низ концептот на културните вредности и општествената структура кои укажуваат на перформансите на интелигенцијата, како per se, општествена и културна категорија.[46]

Во таа насока и потребата од прецизно, систематско и објективно утврдување на општествената структура и карактерот на современото општество, за да се утврди и местото, улогата и значењето на интелигенцијата. Определувањето и толкувањето на феноменот на интелигенцијата може да се реализира единствено со интердисциплинарен пристап – теоретски и емпириски, за да се изврши мултидимензионалната и мултиперспективната научна опсервација на овој толку комплексен истражувачки проблем во современото општество.

За местото, улогата и значењето на интелигенцијата, се говорело од страна на голем број на мислители, во минатото и денес, како што се: Бенда, Дебре, Грамши, Милс, Фанон, Адорно, Чомски, и др. Денес, се говори за три состојби на духот, со кои се карактеризира местото, улогата и значењето на интелигенцијата:

---

[46] Во врска со тоа Бурдие ќе истакне дека интелектуалното поле е дел од општеството, односно симболички општествен простор во кој се појавува автономен интелектуален слој, кој се дефинира наспроти политичката, економската и верската власт (Burdije, 1970 : 75). Интелектуалното поле е поле на борбата за припадност и дефинирање на интелектуалците во општеството, на кои нивниот културен капитал (на научниците, писателите, новинарите, уметниците и др.), ќе им донесе висока популарност и препознатливост во истото општество (Peciakowski, 2014 : 108).Социјалните конструктивисти на ист начин сметаат дека за разбирање на конструираната општествена стварност, потребно е да се истражи карактерот на организацијата на општеството во кое се произведува социјалната конструкција на стварноста.За теоретичарите на социјалниот конструктивизам, за потполно разбирање на конструираната општествена стварност, потребно е да се разгледа карактерот на организацијата на општествата во кои се произведува општествената конструкција на стварноста со поставување на прашањата како што се: кој кажува, што кажува и зошто тоа го кажува? (Berger & Luckmann, 1966).

1. Состојба „вон“, која се изразува низ интелектуалниот елитизам (слободно лебдечка интелигенција) и интелектуалниот изолационизам (аполитичен став кон општествените збиднувања);
2. Состојба „во“, која се изразува низ учеството на интелектуалецот во јавниот живот (органски интелектуалци) и грубиот материјализам (типичен малограѓански, бирократизиран интелектуалец со изразена желба за моќ, углед, материјален статус итн); и
3. Состојба „наспроти“, опонирање на политичката власт (Корубин, 1994 : 37 – 38).

За местото, улогата и значењето на интелигенцијата, од големо значење е и нејзината класна позиција, социјалниот статус и функција во општеството. Имено, интелигенцијата има многу различна положба во општеството и тоа: еден дел живее од личен капитал, друг е со положба во рамките на администрацијата, трет припаѓа на т.н. слободни професии (адвокати, инженери, лекари, архитекти и тн.) (Manhajm, 1978 : LXXVI). Оттука можат да се разликуваат пет улоги и функции на интелигенцијата:

1. Улогата на елитната култура;
2. Создавањето на национални и интернационални, интелектуални и културни модели;
3. Репродуктивната интелигенција;
4. Влијанието на вкупните општествени промени; и
5. Политичката улога на интелигенцијата (Корубин, 1994).

Но, се чини, проблем во однос на оваа класификација е што интелигенцијата не е класно определена и што се формира од поголем број на класи или пак, општествени слоеви.[47]

---

[47] Имено, интелектуалците се регрутираат од широкото поле на општествените групи. Во времето на феудализмот, интелектуалците потекнувале од пониските класи. Така, се наведува дека големите светски умови, како што се Вилијам Шекспир, Барух Спиноза, Рембрант и др. , водат потекло од семејства на занаетчии и трговци.

Подоцна, во развиените општества, интелигенцијата, односно интелектуалците, потекнуваат од средната класа (според К. Маркс тоа се занаетчиите, трговците и селаните), а во социјалистичките, од редот на работниците и селаните. Марксистите, сметаат дека буржоазијата, односно лекарите, писателите, правниците, свештениците, професорите и др., се претвориле во наемни работници (Nasakanda, 1985 : 17 –

Притоа се поставуваат прашањата како што се: Врз основа на што се создава авторитетот и посебноста на интелектуалците?, Дали и на кој начин интелектуалецот е независен? Во чие име говорат тие? итн.

Степенот на автономија на интелигенцијата се менувал во различни епохи и национални традиции и култури, воопшто (Burdije, 2003 : 311). Забрзаните промени во современото општество, изразени низ промените на општествената структура, промените на културните вредности и моделите на вредносните ориентации, стилови и начини на живот и други културни преобразби, повикуваат на активна улога на интелигенцијата во општеството. Токму функцијата на интелектуалците е збир од решенија за разновидните предизвици, кои произлегуваат од општествените кризи и промени.[48]

---

18).Според некои автори, денес во речиси сите земји во светот постои т.н. „интелектуален пролетаријат" и тоа во зависност од положбата, материјалната состојба и влијанието на интелектуалците во општеството. Руди Супек, пак, зборува за т.н. „наемничка" интелигенција, која според својата положба се приближува на работничката класа (Supek, 1971 : 59).

[48] Така, американскиот политички журналист и историчар, Теодор Вајт (Theodor H. White), говори за т.н. „интелектуалци на акцијата", кои се директно вклучени во процесот на работничкото, технолошкото, политичкото и друго одлучување (White, во: Letica, 1989 : 124). Тој, како и Жан Пол Сартр, истакнува дека современиот интелектуалец, е прагматичен „интелектуалец на акцијата". Тоа значи дека општеството не треба да создава антиинтелектуализам (J. Rouseau, D. Lawrence), туку услови со кои ќе се почитуваат нивната работа и дејствување, кое е од особено значење за развојот и напредокот на општеството. Во спротивно, општеството ќе добие карактер на општество со голем степен на апатија, ентропија и стагнација (Sijakovic, 2008 : 238). Антиинтелектуализмот од минатото до денес е ирационална политика, која го оспорува критичкото дејствување на интелектуалците, односно на хуманистичката и творечката интелигенција, односно интелектуалците. Тој, историски, води потекло уште од времето кога широката француска јавност, изразила јасно непријателство кон интелектуалците – драјфусовци, па се до отпорот кон интелектуалците во англиската јавност, каде, воопшто, се отфрла концептот за интелектуалците, односно интелигенцијата (Collini, 2006 : 253). Нобеловецот, американскиот физичар Роберт Хофстатер (Robert Hofstater), во 60 – те години на 20 – от век, антиинтелектуализмот го окарактеризирал како темна страна на демократските импулси. Така, англискиот новелист, есеист, журналист и критичар Џорџ Орвел (George Orwell) и нобеловецот, англискиот филозоф, математичар, историчар, есеист и општествен критичар Бертранд Расел (Bertrand Arthur William Russell) не се идентификувале како интелектуалци.

## 2.4. Културниот плурализам и интелигенцијата во современото општество

Сите ние сме мултикултуралисти денес.

**Натан Глејзер (Nathan Glazer)**

Масовната продукција на културните вредности, експанзијата на разновидните животни стилови и начини на живот, хиперпродукцијата на знаењата, субјективизацијата и автономизацијата на ставовите и интересите и најразличните општествени акции од највисок вид, се само дел од мноштвото процеси на карактеристичното, постмодерно „општество на изобилие“ (Џон Галбрајт).

Во една таква констелација на односите, се поставуваат клучните прашања, а кои го детерминираат концептот на интелигенцијата: дали во денешното општество доминираат универзализацијата на културата или универзалните вредности или автентични или идиосинкратски вредности, контрадикциите и комплементарностите помеѓу универзалните и партикуларните тенденции, поларитетите помеѓу локализмот и космополитизмот, модернизмот и постмодернизмот, хомогенизацијата и хетерогенизацијата, дали доминираат колективните или автономните вредности, дали се афирмира колективниот или личниот идентитет, дали постои синтетизирано или фрагментирано знаење, континуитет или дисконтинуитет, дали постои прогрес, напредок или процес, движење и акумулација, утопија или идеологија, доминантен носител на правото на сознанието и вистината кај човекот или релативизација на истото, доминантен систем на вредности и вредносен модел или релативизација на истите, дали постојат централни интелектуални точки или субјективизација на толкувањата, дали знаењето е општествен факт или политички факт и средство за остварувања на интересите на моќните итн.

Културната различност и мултикултурализмот, истражувањата на културниот развој, промената на културните вредности и редефинирањето на културните идентитети, се клучните истражувања во подрачјето на културата во современиот свет.

Концептот на мултикултурализмот се јавува во специфични општествени, културни и политички специфики или општествени средини што е од особено значење и за утврдување на местото, улогата и значењето на концептот на интелигенцијата. Културниот плурализам и интелигенцијата ги проблематизираат основните идеи и

принципи кои се заеднички за културниот хабитус, составен од разновидни културни матрици за да се конструира повитална, поодговорна и подемократска заедничка култура. Радикалната разнообразност на културните ентитети („големи“ или „мали“), како и деконструкцијата на етничките, религиозните, идентитеските, вредносните, научните и образовните, уметничките, економските и политичките, глобализациски и постмодерни норми, ја детерминираат интелигенцијата преку градење и промовирање на мултикултурни алтернативи.

Во современото, конзумеристичко општество се истакнуваат и најразновидни интереси и политики на идентитети, субкултури, конзумеристички форми на продукција на идентитетот, децентрирани ориентации и движења, животни стилови кои создаваат метакултурна и мултимедијална рамка на вредности, институции, политики, програми и процеси засновани на самореализирачки и лични перспективи и можности. Во една таква радикална еклектичност и оксиморон состојба, од страна на интелигенцијата симултано се афирмираат: партикуларизмот и универзализмот, колапсот на рационализмот и краен релативизам, фрагментацијата, апропријацијата, неизвесноста, рационалното наспроти ирационалното, аполинискиот наспроти дионискиот принцип.

Во таа насока се поставува клучното прашање: Каков етос или поглед на свет доминира денес кај интелектуалците? Кои вредности ги прифаќаат? Главно денес, во услови на културна разновидност и идиосинкратска индивидуализација, нема точни правила и одговори кои би можеле да се применат секаде и на секого.[49]

---

[49]Како главна цел на интелектуалците се поставува создавањето на институциите, заедниците или општествата, кои би требало да бидат похумани и поправедни за сите. Многу интелектуалци во минатото и денес ги афирмирале претставничките идеи на државотвотните народи, со идеите на една етничка или културна заедница во своите, чисто етнички држави или културни ентитети. На т.н. „дворски“ интелектуалци не им е интерес компетенцијата (науката, моралот, религијата, уметноста итн.), туку интересите на нивните етнички и религиски заедници или култури. Значи, тие интелектуалци можеме да ги наречеме колонијални интелектуалци, кои го создале колонијалниот дискурс, кој им одговарал на светските империјалистички сили за нивна сеопшта доминација и афирмирање. Наспроти, нив денес постои обид за појава на постколонијални интелектуалци, кои го градат постколонијалниот дискурс, со кој се ревидираат основите на колонијализмот и колонијалниот дискурс. Оттука, главна задача на интелектуалците е да ги разобличат идеите кои егзистираат во империјалните погледи на свет или визии, за светот и човештвото, и тоа од аспект на нивните, пред се, постструктуралистички и деконструктивистички концепти и принципи за обединување на сите сегменти и чинители во општетсвото. Тоа би било она што Р. Дарендорф, го нарекува, центрифугален тип на интелектуалци, кои се ориентирани кон „надвор“, односно кон мноштво идеи, цели и интереси.
Но, местото, улогата и значењето на интелигенцијата во современите мултикултурни, мултиетнички и мултиконфесиални општества, најдобро се гледаат низ вечниот идеал и, се чини, утописката пракса кон идеологијата за бесконечната и континуирана цел за поголема разновидност во општествениот и културниот живот на културните ентитети (мали и големи).

## 2.5. **Религијата и интелигенцијата во современото општество**

> Ветер на лудоста, за жал, дува меѓу нас.
> Некогаш се државме до принципот:
> првин верата, потоа политиката.
> Сега говорат: Политиката, пред се!
> Црквата и верата, потоа.
> **Кардинал Коп ( 1887 )**

Во услови кога религијата се јавува како цврсто поврзан систем (културен систем) на верувања, обичаи, на свети и забранети нешта, каде ги „врзува“ луѓето во цврста морална заедница (црква, џамија, синагога итн.), од една страна, и кога таа претставува сублимат од историските вредности и творечките, пред се, духовните достирели од минатото, од друга страна, религиите претставуваат нуклеус и есенција во развојот и конструкцијата на културните матрици и културните ризници на еден народ, нација или етничка група и држава.

Сепак, и покрај пресудната улога и значење на верувањата во современото општество, со заложбите за хармоничен баланс и промоција на креативното и напредно општество, според потребите и интересите на луѓето, кои егзистираат и создаваат во времето и просторот , таа улога е контрадикторна и сомнителна, како и идеолошки заснована. Токму таквата „сомнителна“ улога на верувањата, кои варираат од општество во општество, од култура во култура и дава посебна улога и значење на интелигенцијата во насока на анализирање, откривање и утврдување на вистината и верувањата од нашето време.[50]

---

[50] Според светски, водечкиот интелектуалец Ричард Докинс, религијата отсекогаш служела како изговор со кој се оправдувале и најголемите злочини. Современоста носи индивидуализација на религијата и со тоа намалување на одговорноста и воспоставување на еден вид на анархизам и субјективна вера. Индивидуализираната религија е космополитска и е спротивна од универзалната религија и од глобализацијата (Бек, во: Zalec, 2011 : 90). Таа станала „невидлива религија“, односно го променила својот облик или начинот на практикување на религиозноста (Луман, во: Zalec, 2011 : 92). Денес живееме во време на парадоксална духовност која теологот Метц (Metz) ја опишува како: религија – да, но Бог – не.

Верувањата се под силно влијание на политичките и економските кризи, кои се евидентно присутни во современото општество, а тие верувања влијаат врз тоа каква интелигенција се создава. Во таква констелација на односите интелигенцијата е асимилирана и контролирана, која дејствува во склад, пред се, со идеолошки матрици, а не во склад со вистината и објективноста.[51]

Религиите денес се во процес на динамични и турбулентни промени, кои произлегуваат од поширокaта, културна, општествена и политичка трансформација на современите општества. Притоа, значајно е да се истакне дека особено глобализациските процеси довеле до десекуларизација и ревитализирање на религијата и религиските, практики, посебно при крајот на 20 – от и почетокот на 21 – от век.[52]

Во минатото и денес постоел значаен судир помеѓу сакралните и профаните интелектуалци. Меѓу свештенството се јавиле луѓе, односно интелектуалци, кои со своите прогресивни идеи станале „опоненти" на религијата (Никола Коперник, Галилео Галилеј, Џордано Бруно и др.). Тоа резултирало со нивен сеопшт прогон, изразен со терор, апсења, инквизиција, спалувања и забрани на нивните интелектуални дела итн.[53]

Денес, во т.н. трет плуралистички бран или плурализам, религијата претставува нуклеус и есенција во развојот и конструкцијата на културните матрици и културните ризници на еден народ, нација или етничка група и држава. Оттука и прашањето дали во

---

[51] Во постмодерната, вистината и лагата се фиктивни категории со кои се легитимира доминацијата. Постмодерните општества доживеале колективна загуба на религиозната меморија, односно секуларизацијата е резултат на т.н. „културна амнезија". Религијата во постмодерното општество е индивидуализирана, односно луѓето градат сопствени и уникатни религиозни практики со што истражуваат духовност во своето време и на свој начин. Во постмодерното општество доминираат два типа на верски луѓе: аџии и конвертити (Hervieu-Leger,2000).

[52] Така, Урлих Бек, разликува предмодерна духовност, модерна и постмодерна или „друга модерна", која се одликува со космополитската религиозност. Се смета дека за слободно и отворено демократско општество се потребни либерална демократија и т.н. „религија на совеста", која ќе влијае врз промената на свеста и разумот на човекот, на неговите, пред се, морални вредности и уверувања. Во таа насока Карл Манхајм, Сент Симон и Огист Конт истакнуваат дека, излезот од кризата на современото општество е во т.н. рационална религија (Ташева, 1999 : 404). Имено, за ова се залагале големите светски религии и малите духовни конфесии, кои на вториот планетарен собир на религиите од целиот свет, одржан во Чикаго ( САД ), ја усвоиле Декларацијата за светскиот етос, која, пред се, се однесува на професиите како главен двигател за развојот на современото општество. Но, дали без хуманост, светскиот етос може да остане празна теорија која го изгубила чувството за животот на луѓето? (Rezan, 2008 : 379).

[53] Науката имала цели периоди на помрачување од страна на идеологијата на религијата. Така, во Париз на универзитетите во 1210 година, била забранета аристотеловата физика и метафизика од страна на светата столица.

граѓанското општество  (секуларно) и демократија, присуството на религиите и пренагласеното значење на нејзините институции е разбирливо и сфатливо?

Денес улогата на религиите можеби на најдобар начин се изразува низ потребата од т.н. цивилна религија (Роберт Бела), во т.н. „постсветовно општество“ (Јирген Хабермас), како значаен придонес за прогресот на современото постмодерно општетсво и за позитивен дијалог меѓу религијата и другите сегменти во општеството.[54]

Улогата на религиите во однос на интелигенцијата главно се согледува низ начинот за креирање на погледите на светот на луѓето.[55] Така, религиските авторитети ја претставуваат т.н. „верска интелигенција“, која се става над оние кои учат, слушаат или пак на нив се покоруваат. Таа интелигенција, сепак, имала и свои подвидови  и тоа интелигенција која со својата моќ и знаење е дел од политичките структури и друга која дејствува како критичка интелигенција.

Во услови на доминација на феномените на синкретизмот и десакрализација на современото општество, се чини, денес верските определби и практикувања претставуваат личен избор.[56] Тоа доведува до појавата на голем број на атеистички движења и убедувања, кои сметаат дека религијата влијае на начин што ги прави луѓето, односно интелектуалците, конформисти во општеството и во религијата.[57]

---

[54] Постмодернистот Жан Франсоа Лиотар сметал дека во постмодерната состојба треба да се отфрлат метанаративите како што е религијата и да се замени со мининаративи (христијанството, науката и др.) за да се дојде до помали и пред се лични вистини.

[55]Апсолутна вистина не постои. Затоа е потребно трагање и дефинирање на вистината, односно за интелектуалецот,  или, како што ќе констатира Сушњиќ, вистината треба да биде над сите други интереси (Susnjic, 2003 : 14). Од друга страна, поимот интелектуалец, е поим со схоластичка традиција, особено во западниот свет. За да се согледа односот, односно разликата помеѓу интелигенцијата и интелектуалците, може да се каже дека тоа е како односот помеѓу свештениците и помеѓу пророците. Така, како има вистински и лажни интелектуалци, така има, и вистински и лажни пророци  (Gouldner, 1979).

[56] Многу познати интелектуалци во човековата историја биле водени и инспирирани од религијата и покрај фактот што голем број на научни студии укажуваат дека религискиот избор се намалува пропорционално со порастот на образованието и економскиот раст.
И покрај тврдењата на П. Бергер за секуларизираниот свет, подоцна тој смета дека сме сведоци на десекуларизацијата на светот (Бергер,1999).

[57] Во услови на криза на традиционалните религии и нивните воспоставени пракси и монополизирање во јавната сфера, од суштинско значење за односот, интелигенција од една страна и религијата, од друга страна, е и појавата на новите и алтернтивни религии, односно новите верски движења во „Новата ера“ (New age). Овие нови религиозни движења се еден вид на контракултурни движења, кои се карактеризираат со висок степен на индивидуализам, (дис) организација и разновидност од навики и верувања (гностицизам, анимизам, спиритуализам, алхемија, астрологија, алтернативна психотерапевтска техника, карма, гатање, таоизам, јога и др.).  Овие движења ( нео - паганизам, нео – шаманизам, нео – друидизам, масонство,

Од големо значење е и прашањето за односот помеѓу науката, односно научниците (интелектуалците) и религијата. Денес преовладува ставот  за конфликт, дури „војна“ помеѓу науката и религијата, од причини што и двата облика на свест на човекот се сконцентрирани кон два пункта на интерес и тоа: потеклото на универзумот и односот на човештвото, односно културата воопшто кон него.

Имајќи го предвид фактот што денес, и религијата и науката длабоко се навлезени во својот пад, каде се доведува во прашање, дури и нивниот опстанок (злоупотребата на науката, односно технологијата во „развојот“ и „напредокот“ на човештвото и злоупотребата на религијата, особено на т.н. милитантни, секуларни „хуманисти“, низ феноменот на фундаментализмот во разновидни национални, етнички и политички, цели и интереси, програми или проекти), денес, во современото општество е повеќе од неопходно и барањето и од двата табора (науката и религијата) и потребата од помирување и афирмирање на хуманизмот, односно вредностите за напредок и благосостојба на човештвото и цивилизацијата, воопшто.[58]

Посебно, значајно денес е политичкото, интелектуалното и идеолошкото опкружување на интелектуалците и религијата. Така, денес не е мал бројот на интелектуалци кои на посреден или непосреден начин ги искажуваат своите идеали,

сатанизам и др. ) се карактеризираат и со висок степен на анти – научен, анти – консумеристички, анти – материјалистички, анти – религиски, анти – колективен и анти – модерен став во современото општество. Тие особено ги поддржуваат, екологизмот и феминизмот. Но, независно од оваа поддршка, тие, иако не толку значително, се  критикувани од страна на интелигенцијата, пред се поради нивниот ирационализам кој пак, е анатема за науката и рационалното.Исто така, не помалку значајно е и прашањето за атеизмот, односно неверувањето за постоење на божества. Иако, атеизмот датира уште пред нашата ера, денес, под влијание на недостатокот од научни докази, скептицизмот итн.„ добива на интензитет. Во постмодерното општество традиционалната религија се заменува со нови верски форми. Под влијание на глобализацијата на мас-медиумите се појави т.н.„електронска црква“. Религијата станала деинституционализирана и со тоа станала културен ресурс што поединците можад да го изберат и прилагодат на своите цели и интереси. Постмодерното општество е општество во кое има пораст на неконвенционални верски убедувања, практики и духовност (David Lyon,2000). Според П. Бергер, субјективната секуларизација или секуларизацијата на свеста се однесува на губење на верската веродостојност на индивидуално ниво. Бергер укажува на секуларни алтернативи како што се психологијата и психотерапијата како битни извори на индивидуално создавање на значења во современиот свет (Бергер,1967:151-2).

[58] Современата цивилизација, е длабоко навлезена во т.н. „ пост – религиска “  (пост – христијанска, пост – муслиманска итн.) ера и постмодерна епоха, каде религијата е во длабок пад, со сериозно изразена социјална и лична дезинтеграција.

убедувања и ставови за прашања од јавен карактер и од најразновидни дејности или сегменти во општеството, кои произлегуваат од нивните верски убедувања, и обратно, голем број на т.н. верски лидери кои под влијание на интелектуалната јавност се инволвираат во општествено – политичките процеси, со нивното јавно истакнување на ставови од јавен карактер, односно за предизвиците што ги носи современата цивилизација.[59]

Во таа насока се чини, на сцена повторно се враќа потребата од хуманизам, односно интелигенција која главно ќе се води, од духовните цели и моралните вредности, низ моралната контрола и враќање на духовниот и моралниот поредок, низ длабоки промени на „духот“ на современата цивилизација.[60]

---

[59] Но, колку и да тие дејствуваат, од верските лидери и интелектуалци, денес се бара, поголем, односно порешителен чекор, односно критички ангажман, со нови социјални движења, не само на локално, туку особено на глобално ниво, низ целиот свет, врз основа на кој (ангажман), ќе пронајдат поодговорни вредности за човештвото и демократијата, воопшто. Од современата религија, се бараат градења на нови форми на помирување и толеранција меѓу религиите и општествата во современите процеси на глобализација, односно хуманизацијата на глобализацијата, кои се од клучно значење за преживување на човештвото и развојот на квалитетен, заеднички живот. Тој процес, интелектуалците, се чини, би можеле да го водат преку т.н. „ цивилна религија“, која, исто така, е исправена пред сериозен предизвик за нејзина трансформација, поради опасностите кои се предизвикани од митот за националните доблести и утилитарниот морал, кои се чини не можат да бидат соодветна замена за општење со трансцендентното.

[60] Напредокот на човековата цивилизација е можен само со помирување на двата спротивставени фронта (науката и религијата), кои од минатото треба да извлечат поука, дека со длабоката поделеност и означување на границите на својата автономност и сопствена егзистенција, се остваруваат спротивни интереси или идеологии, од првично замислените (секуларизмот, сциентизмот итн.). Се чини, тоа била и нивната цел за создавање на такви концепти од идеолошко – инструментален карактер, се со цел да ги држат луѓето длабоко закотвени во нивните „стада“ на лажен фундаментализам и месијански статус.

Имено, секогаш кога се предлагале такви концепти, се добивал спротивен ефект (секуларизмот и неговото отфрлање, не донеле посреќна иднина на човештвото, туку појава на голем број на идеологии кои човештвото го донеле до степен на негова целосна пропаст, како што се тоталитаризмот, комунизмот, социализмот, либерализмот итн.). Тоа била и причината зошто овие два битни сегменти или облици на човековата свест не се помириле, односно не нашле заедничка нишка на спојување преку консенсуални практики, се со цел напредок на човештвото, културата и цивилизацијата, воопшто.

## 2.6. **Уметноста и интелигенцијата во современото општество**

Уметникот веќе не е занаетчија или изведувач,
кој зависи од одобрувањето на публиката.
Тој упатува само на себеси , или на некоја
трансцендентна сила што – или која – го
заповедала неговиот потфат и е
единствената која е доследна да суди за него.
**Лајонел Трилинг**

Проучувањето и толкувањето на феноменот на уметноста, во сите нејзини аспекти, зазема важно место во историјата на човековата мисла. Уметноста, денес, добива многу позначајно место во општеството, распростирајќи го своето влијание во сите пори на општествениот живот, што сообразно ја прави многу комплексна и нејзе и наметнува нови улоги, задачи и релации.

Пристапот во нејзиното изучување е карактеристичен по тоа што води сметка за нејзините социјални компоненти и што доминира кај сите науки и научни дисциплини, чиј предмет на истражување е поврзан со уметноста (социологија на уметноста, историја на уметноста, естетика, социјална антропологија итн.). Имајќи го предвид познатиот став на Едгард Морен дека „настанот е монструм за социологот“, не изненадува фактот дека денес сме сведоци, на социолошкото толкување на делата на културата.[61]

[61] „Целокупната уметност е социјално условена“ истакнува Арнолд Хаузер (Arnold Hauzer) и притоа ќе додаде: „но во уметноста не може се социолошки да се дефинира. Пред се, социолошки не може да се дефинира уметничкиот квалитет – тој нема социолошки еквивалент“ (Hauzer, 1986). Уметноста како збир на човековите творби и креации, израз на антрополошкиот статус на човекот како битие што мисли и твори, е носител или локус на културниот плурализам и на концептот на мултикултурализмот. Таа со својот универзален јазик ги урива границите на различните култури и нации и врши афирмација на различни културни вредности и традиции. Со тоа уметниците се интелектуалци кои говорат за различните искуства на различни земји и даваат несебичен придонес во глобалната дискурзивна стратегија. Пример за тоа се голем број нобеловци и др. писатели и поети, како што се: американскиот поет Дерек Волкот (Derek Alton Walcott), колумбискиот писател и новелист Габриел Гарсија Маркез (Gabriel José de la Concordia García Márquez), мексиканскиот поет и есеист, Октавио Паз (Octavio Paz), Бертранд Расел и др.

Денес определувањето на концептот на уметноста наидува на тешкотии и исто како и концептот на интелигенцијата, претставува невозможен проект, со парадоксална карактеристика.

Притоа, се поставуваат прашањата како што се: каков е односот на уметниците и интелектуалците? Дали тие си припаѓаат едни на други или се спротивставуваат со нивната автентичнот, автономност и независност?

Односот меѓу интелигенцијата со уметноста најдобро се согледува низ призмата на антрополошкиот пристап, каде се истакнува општо прифатениот факт дека човекот не го определува разумот туку уметноста, во која на најдобар начин се докажува неговата креативна моќ и имагинација (Blum, 1990 : 199).[62]

Интелигенцијата ја отфрла автономијата на уметноста, која пак влијае на падот на интелектуалниот живот. Тоа можеби произлегува од стереотипот или сликата за интелектуалецот (уметникот) како маргинализиран гениј или оттуѓен, одвоен аутсајдер, која пак била изградена од романтичниот концепт на креативноста, која ја согледуваме во ателјето на уметникот и претставува израз на внатрешните чувства на уметниците (Goldfarb, 1998). Се чини, токму таа осаменост и маргинализирана позиција на уметниците, односно интелектуалците воопшто, не само што се предуслов за креативна и творечка акција, туку и неопходен, прогресивен радикализам на истите.

И покрај тоа што се смета дека интелигенцијата би требало да е креативна и умее да ја почитува и поддржи креативноста кај другите, од една страна, и што уметноста би требало да е авангарда на мислењето, на филозофијата, на општествените случувања со нејзината основна задача да ги збогати луѓето духовно, од друга страна, уметноста во

---

Уметноста е перформер на значајни културно - историски промени. Во комуникацијата со уметноста, луѓето покрај естетското задоволство стекнуваат нови сознанија и проникнуваат во искуствата на другите култури и народи.

[62] Дека е тоа така, еклатантен факт е тоа што во минатото и денес за „најголеми“ луѓе се сметаат не луѓето што многу знаат, туку уметниците како што се грчкиот поет Хомер, италијанскиот поет Данте Алигиери италијанскиот сликар и архитект Рафаел, германскиот композитор и пијанист Лудвиг Ван Бетовен и уште многу други (Исто : 200).

современото општество се наоѓа во криза, пред се поради влијанието на економските и политичките фактори.[63]

За да може уметноста пореалистично да се сфати потребно е таа да се согледа и да се проучува од аспект на глобалното општество и неговата т.н. идиосинкратска црта, како целосен конкретно – историски систем, составен од одделени делови, каде што своето внимание го наоѓаат уметноста и политиката, кои вршат значајни функции за одржување и промени на социусот.[64]

Притоа се разликуваат два пристапа и погледи за односот уметност – општествена стварност и тоа: ангажираност и неангажираност на уметниците.

Ангажираноста на уметниците претставува нивно превземање на неуметнички задачи, со цел остварување на одредени општествени, односно политички интереси, програми или проекти. Во однос на ангажираноста, интелигенцијата уметничкото дело го гледа од аспект на идеолошката поврзаност на темата или содржината на уметничкото дело, односно како уметноста кореспондира со реалноста и на кој начин го обликува својот светоглед.[65] Политизацијата на уметноста, од една страна, значи дека таа е во состојба на потчинување на една политичка установа или една партија, а од друга страна пак, и одлука за ангажирање, во одредена политичка акција, со цел таа да се естетизира (Difren, 1982 ).[66] Затоа е потребно уметноста, со свои средства и на радикален начин, да се

---

[63] Ова наметнува ред прашања за односот меѓу уметноста и политиката, како и за нејзиниот статус во различните констелации на политичко-екомомски поредоци. Тоа произлегува од зависноста на уметниците односно интелектуалците од политичката власт, која креира културна политика од која зависи нивната, пред се, економска а со тоа и целосна егзистенција во општественото, односно културното милје. Токму од девастирачкиот однос на економските и политичките фактори кои доведуваат до деградација на вистинските уметнички вредности и артефакти, отсуствува вистинската валоризација на уметноста во современото општество.

[64] За односот политика, уметност – глобален општествен систем, особено е значајна идејата за меѓузависност и релативната самостојност на деловите во системот.

[65]Така во минатото и денес, уметноста, со инволвирањето во историскиот процес и партиципацијата во формирањето на нови структури и дејности, е во посреден и непосреден однос со идеологијата. Идеолошката оптовареност била особено присутна во т.н. реал – социјалистички земји, за разлика од капиталистичките земји, каде уметноста е определена од безмилосните пазарни логики.

[66]Така, Жан Пол Сартр е интелектуалец кој учествувал во политиката, но истовремено кој сметал дека книжевноста ќе има важност само ако е општествено и етички морална во нејзините коментари, предупредувања и апелирања за тематизирања и прочистувања во конкретното време (Kish, 2005). Уметникот, односно, шпанско – францускиот сликар и скулптор Пабло Пикасо (Pablo Ruiz Picasso), и покрај тоа што бил на чело на отпорот и побуната на европските интелектуалци, подоцна бил политички ангажиран со приклучувањето во комунистичката партија.

Исто така, не можеме да го избегнеме фактот дека уметниците во минатото твореле или биле во служба на некого, како што е фактот дека генијални уметници во Фиренца, твореле генијални дела (пр. : скулпурата на

бори против секаков тип на идеологија кој вклучува субверзивност, дехуманизација и отуѓување на човековата личност. Во спротивно, токму императивот за служење на идеологијата, уметноста ја прави да се окарактеризира со застрашувачки облици и димензии.

Неангажираноста пак, упатува на моделот на јавен интелектуалец кој во име на правдата врши деконструкција на актуелната идеологија, односно е своевиден опонент на власта. Уметниците, посебно од модерноста до денес, ја напуштаат својата професија и врз основа на својот авторитет се вмешуваат во работите на полисот. Уметничката акција може да вклучи разни форми на дејствување за подигање на јавната свест за континуирани промени во општеството и иницирање на нови промени по пат на протест, отпор и креативност во рамките на јавниот простор. Тоа дејствување би било целосно адекватно, на она што ние го нарекуваме јавен интелектуалец. Бројот на интелектуалците од ваков профил не бил незначителен во минатото и денес. [67] Разбирањето на општествената стварност е од суштинско прашање за секој интелектуалец што сака да си објасни зошто еден сегмент од општеството како што е уметноста живее добро или лошо, зошто тој се глорифицира или потценува, зошто е рационален или ирационален, напреден или ретрограден, материјален или духовен, вистинит или утописки и конечно, позитивен или негативен. Уметноста настанува во јавниот простор или сфера и нејзина публика е општеството во целина. Во таа насока и истакнувањето на Ж. П. Сартр, дека писателот на модерните времиња не може да биде морално индиферентен (Сартр, Во: Kish, 2005).

---

„Давид“ од Р. Микеланџело и др.) по нарачка на ренесансни владетели, односно на династијата Медичи и уметниците во Германија (расистички скулптори во духот на ариевската раса) и Италија, кои твореле по диктат на Хитлер и Мусолини.[66] Истото се случувало и со уметниците во рамките на тоталитарните режими и идеологии, кои ги подигале бистите на водачите и идеолозите како што се Сталин, Ленин, Маркс и др.

[67]Во таа насока ќе наведеме само два примери - оној на уметникот, шпанскиот сликар Франциско Гоја (Francisco José de Goya), кој со изработката на графиката под името „Ужасот на војната“, во периодот 1810 – 1820 , сакал да укаже на злочинот на француската војска во Шпанија кој се случил во периодот 1808 – 1814 година, кога граѓаните на Мадрид се побуниле против француската окупација, или примерот на рускиот и советски писател, Максим Горки (Maxim Gorky), кој во 1902 година истакнал дека руските писатели не смеат да бидат пријатели на руската власт (Dzenings, Velc, 1998 : 7).Така литератите – интелектуалци, во комунизмот, биле посебна група која егзистирала во свој паралелен свет. Исто така, интелектуалците односно уметниците, поетите, сликарите, креаторите на филмот, театарот, музиката итн., во минатото во Европа (посебно централна Европа), поаѓале од идејата за ревитализација на граѓанското општество. Уметникот, пак, е истражувач на вистината во општеството во интегрална форма и утописки коректив на политичката дебата.

Затоа и антрополошкиот стремеж на интелектуалецот или уметникот да создаде публика или обожаватели кои безрезевно му веруваат.

Променливите општествено – економски состојби кои имаат потреба од нови политички програми и „стратегии“, покренуваат неколку есенцијални прашања, како што се: прашањата за односот на револуцијата и творештвото, за нејзиниот однос кон традицијата, за новиот морал, за новата „утописка“ пракса, за новата архитектура, театар, за новата литература итн.[68]

Цивилизациските движења и промени што драстично и драматично даваат белег и на прагот на 21 – от век, не можат да ја заобиколат уметноста. Напротив, со молскавична динамика се појавуваат нови стилови, тенденции и турбуленции. Тоа се остварува со авангардата која претставува плурализам на стилови, процес или однос кон уметноста, културата и општеството воопшто, што предизвикува различни стилски определби и алтернативи. Таа е преодна категорија во која се испреплетени безброј квалитети и димензии - како што се минатото и иднината преку сегашноста, класиката и модата, конвенционалноста и експериментализмот, разорувањето и агресијата, креацијата и критиката, популарноста и непопуларноста и други спротивставени елементи.

Уметноста денес се карактеризира со фрагментација, дисперзија, деконструкција итн., или како што истакнува Жан Франсоа Лиотар, состојба во која доминира мини – нарацијата, која пак се карактеризира со фрагментирани, делумни или релативни структури на знаења. Тоа, веројатно започнува од периодот на 60 – те и 70 – те години на 20 – от век, кога се јавува „современата уметност“, како резултат на отфрлање на конвенционалното поимање на уметноста и уметникот.[69]

Современата уметност е со ефемерен карактер, со партиципирање на публиката како дел од уметничкото дело, со цел остварувања на некој креативен или политички акт или

---

[68] Во таа насока уметноста има огромно значење за револуцијата, единствено со нејзината револуција одвнатре. Така на пример, мајските настани од 1968 година побудиле надеж дека таа може да го промени општеството. Затоа и францускиот филозоф и естетичар Микел Дифрен (Mikel Dufrenne) укажува на фактот дека промената, револуцијата во формата и структурата на уметничкото дело е она што ја сочинува суштината на учеството на револуцијата во уметноста и на учеството на уметноста во револуцијата (Difren, 1982).

[69] Современата уметност бара активен ангажман во општеството со афирмирање на елементи од секојдневниот живот. Веројатно затоа, во минатото кубизмот, дадаизмот и надреализмот не биле прифатени од „обичните“ луѓе, пред се, заради нивниот елитизам, нивната сомнителна етичност и ирационалност.

акција. Тоа, пред се, произлегува од нејзината природна карактеристика, која претставува своевидна утописка пракса по начинот на кој што не прифаќа да биде институција, но и по тоа што има капацитет на постојано најавување. Таа се стреми кон еден нов вид на творечка практика која е содржана во ослободување на формата, во раскинувањето на сите формални „стеги“.

Но, голем е бројот на теоретичарите на уметноста кои сметаат дека во современото општество настанала смртта на уметноста. Тоа го нагласуваат дадаистите, како и теоретичарите на постмодерната, како што е Арган. Таквата состојба им се припишува на масовното индустриско производство и прогресивната рационализација и технификација на модерната, технолошка цивилизација на уметнички дела.[70] Уметноста е трагично зависна од империјалниот капитализам кој се води од меркантилистичките интереси, кои пак, и наметнуваат притисок за постојано изнаоѓање на нови и оригинални начини на изразување и правци на развој.

За препознаената смрт на уметноста придонеле и државата и политичката власт. Евидентни примери за тоа можат да се најдат нез долгиот тек на историјата, на пр. класичната уметност и демократија на античка Грција (V век пред нашата ера), каде државата не дозволувала да се прикажуваат дела кои биле во спротивност со нејзината политика и каде грчката трагедија била „политичка драма“, како и состојбата на постмодернизмот, каде доаѓаат до израз хегемониите од секаков карактер и каде државата и власта имале улога на мецени кои ја подредувале уметноста на себе, ја уништувале нејзината активност и ја искористувале. Со тоа се ограничувала и се ограничува можноста за автентичната, пред се, револуционерна улога и функција на уметноста и се придонесувало за нејзино оддалечување од општествената стварност воопшто.

[70]Во услови кога институциите на уметниците згаснуваат, вработените се „надворешни“ соработници или пак, се самостојни хонорарци или практиканти и кога буџетите на истите се значително намалени, уметнилкото дело е еднакво на потрошувачката стока. Денес, според американскиот писател, есеист и критичар Вилијам Дересиевич (William Deresiewicz), за разлика од уметникот – занаетчија кој во феудализмот бил во феудален однос со господарот, или уметникот – гениј кој при крајот на 18 – от век во модерниот капитализам бил високо рангиран и почитуван со свои услови, како и уметникот – професионалец по Втората Светска Војна, во современото општество егзистира т.н. уметник – претприемач, кој е исклучително зависен од пазарот и претприемачкиот „дух“ (Deresiewicz, 2015). Низ историјата многу често имало примери за идеолошка индоктринација и манипулирање со масите преку уметноста (во тоталитарните системи како Русија, фашизмот или пак Голфската војна (1991) која траела толку долго колку што CNN имала откупено права за емитување на настаните или како што радикално констатирал Ж. Бодријар, дека заради медиумското посредување таа воопшто и да не се случила).

Денес тој сомнеж во траењето на уметноста може да се согледа во поимноста во нашето технолошко време таа да стане некорисна и безвредна доколку ја изгуби нејзината општествена функција. Во таа насока денес се случуваат нови уметнички струи и турбуленции, како и низа на сомнителни потези и акции, барања на нешто „ново“.[71]

Исто така значајно е да се истакне дека уметноста, настојувајќи да се вклучи во историскиот процес и да придонесе за формирање на новите структури и дејности е во посреден или непосреден однос со идеологијата. Во минатото тоталитарните режими се противеле, забранувале и ги спречувале сите напредни истражувања, настојувајќи да ги заменат со т.н. „државни“ уметности.[72] Од уметниците се барало да бидат пропагатори на „нови“ идеи по пат на т.н. „агитроп“ системот. Ова политичко прогонување на уметниците имало значајни последици, со тоа што било условено нивното иселување во „демократските“ земји.

Развојот на средствата за масовна комуникација, како и примената на новите индустриски, односно технички методи во производството на уметничките дела како што се индустрискиот дизајн или естетика исто така имаат огромно влијание врз уметноста. Тие доведуваат до тоа уметноста и уметничките дела да изгубат од своето првично значење, односно аура, каде постоеше тесна врска меѓу уметникот како занаетчија или духовен произведувач со орудијата или средствата на умствениот труд.

На тој начин се доаѓа во состојба, каде се негира концептот и определувањето на современата уметност и каде не постојат јасни критериуми за тоа што е уметничко дело и каде буквално се може да се означи за уметничко дело.[73] Во овој контекст може да се

---

[71] Притоа, се зборува за изморена авангарда, за сомнеж во можноста уметноста да придонесува за какво било општествено, односно човеково напредување или прогрес, како и за тоа дали во 21 – от век има сили или можности за рехабилитирање на животот и неговите облици кои човекот ги создава и со кои се служи за други, не помалку важни и возбудливи инвенции и креации.

[72] Така, во Германија имало полициски мерки и материјално уништување на делата на најголемите модерни уметници, а во Русија дошло до забрани на сите уметнички дејности кои не биле под директива на партијата.

[73] Современата уметност го прикажува светот како дисхармоничен хаос, каде се преобразува во техниката, со што се доведува во ситуација на отуѓување од стварноста и од својата публика. Таа уметност е без индивидуално обележје и е наменета за популацијата, што значи е популарна уметност (поп – арт). Ова овозможува појава на разни медиокритети во сите видови на уметност, кои немаат слобода во своето творење, што е пак услов за вистинска уметност. Така, расправата за британско – индискиот новелист и есеист, Салман Рушди (Ahmed Salman Rushdie) не била расправа за книжевните вредности на „Сатанските стихови“, туку за тоа дали може да постои обработка на религиски теми. Значи, денес се доведува во прашање интегралната автономија на уметноста (особено во книжевноста).

доведе во прашање и воспоставената дефиниција на уметникот, која овде ја наведуваме преку исказот на Херберт Маркузе дека комплетен човек е уметникот кој може да се изрази единствено со слободата односно со слободната фантазија и дека уметникот со својата духовна автономија, слобода и отпор, припаѓа на малечка група од интелектуалната елита, која пак ја чуваат за иднината како вид на неасимилирано јадро на негацијата (Markuse, 1977).

Оттука и есенцијалните прашања за односот помеѓу уметниците (продуктивни интелектуалци) и интелигенцијата а кои се однесуваат на тоа дали уметниците се и интелектуалци, особено јавни интелектуалци (универзални или пак специфични), како и за нивните етички, општествени или политички последици од таа определба.

Имено, уметникот се чини, денес е т.н. „специфична јавна личност“ (Мишел Фуко), со специфична улога во рамките на општеството или во општествениот дискурс, посебно во денешната културна индустрија, каде просветителската јавност од минатото е заменета со пазарот, кој претставува размена на стоки и потрошувачка, како начин на пристап и интеграција. Наспроти просветителската, рационално – критичка тема и дисциплина на општествениот поредок, денес се јавува забавата како комуникација, како алатка за општествена контрола и нагласено производство на субјективност.

Уметноста, денес посебно уметникот произведуваат јавност преку начинот на упатување и создавање на контра публики, се со цел промена на постоечкиот јавен простор или јавна сфера во соодветни идентитети и практики. Денес доаѓа до конфротација, односно борба помеѓу два фронта, помеѓу уметноста и политиката, каде е неопходна потребата од посредување помеѓу посебноста и универзалноста, односно помеѓу јавните простори и разни, пред се, активни интереси, стратегии или програми.

## 2.7. **Образованието, науката и интелигенцијата во современото општество**

> Надежта на интелектуалецот не е дека ќе влијае врз светот, туку дека некој ден, некаде, некој ќе го прочита она што тој го напишал, токму онака како што го напишал.
>
> **Теодор Адорно**

Проучувањето на интелигенцијата во однос на образованието и науката отвора неколку битни прашања: како интелектуалецот се ангажира во општеството, на кој начин го изнесува своето мислење, дали придонесува за научен, образовен и воопшто за цивилизацискиот и културниот напредок, дали се носители на творечки, креативни, хуманистички, духовни, космополитски итн. вредности и прогресивни стремежи и идеали, на кој начин, односно врз основа на кој критериум, се разликуваат интелектуалците од огромниот број образовни луѓе, дали и на кој начин научно -техничката интелигенција влијае врз создавањето на нови категории на квалификации, знаења, интелектуални вештини и образовни специјализации и компетенции, како влијае масовната продукција на интелектуалци врз интелектуалната „елита“ и меритократските начела и вредности во општеството, каква е корелацијата на науката, етиката и интелигенцијата, какво е влијанието на научно - техничките откритија врз напредокот и „хуманизацијата“ на општеството, дали, денес може да се говори за синтетизирано или фрагментирано знаење, каква е разликата меѓу интелектуалците и експертите, дали науката и интелигенцијата се митови итн.

Образованието, науката и интелигенцијата се клучни фактори за прогресот, просперитет и напредок на секој поединец, нација, култура и современото општество воопшто. Овие три сегменти во современото општество се меѓусебно поврзани, комплементарни и релативно зависни. За унапредувањето и развојот на науката и

образованието е потребна високо интелигентна сила, а образовниот систем и науката се пресудни за определување и развој на креативна, способна и напредна интелигенција.[74]

Но, во современото општество, науката и образованието воопшто, се наоѓаат во криза, односно ја изгубиле есенцијалната улога за втемелувачи на знаењето, креативноста, вредностите, моралот, прогресот и напредокот на една личност, нација, држава или општеството воопшто. Тоа особено го истакнуваат постмодерните теоретичари кои на современата наука гледаат со голема недоверба и сомневање на нејзината примарна улога и значење во т.н. постмодерно општество, особено после нуклеарната катастрофа и ерозијата на животната средина, како и злоупотребите на науката во однос на колонизацијата, расизмот, имиграцијата, родовите права, секзисмот, економската правда итн.[75]

Сложеноста и диференцијата на образовниот систем, говори за степенот на развој на општеството и степенот на сложеноста на знаењето, односно на културата и цивилизацијата (Gramsi, 1971). Системот на образование, има огромно значење за репродуцирање и развојот на интелигенцијата, како слој или група на образовани граѓани во општеството.[76]

Образованието денес игра бидимензионална улога. Имено, образовните политики кои се спроведуваат низ т.н. формално образование, за интелигенцијата се значајни, пред

---

[74] Оттука и заклучокот дека каков образовен систем и наука имаме и таков тип на „интелигенција“, односно „интелектуалци “, кои во современото општество се целосно зависни од политичките и економските власти и „елити“. Од тие причини е потребна реформа и унапредување на научниот, односно образовниот систем, за кои е потребна високо мотивирана интелигенција, односно независни интелектуалци, мислители со високо развиен интелект и креативни способности, знаења и вештини а не „слепи“ следбеници, кои се послушници на „авторитети“, односно политичари.

[75] Лиотар смета дека „недовербата кон метанаративите“ го дава постмодерниот став кон современата наука. Нуклеарната катастрофа, ерозијата на животната средина итн., придонеле за постмодерното сомневање за тоа дека научното знаење не е добронамерно (Liotard,J-F., 1984 : xxiv). Постмодерната наука раскинала со Њутновиот детерминизам, картезијанскиот дуализам и епистемологија на реперезентацијата. Постструктуралистите ги отфрлиле научните претензии на структурализмот кој се обидел да создаде научна основа за изучување на културата и кој се борел за стандарните модерни цели на втемеленоста, вистината, објективноста и сигурноста. Постмодернистите тврдат дека знаењето и вистината не се апсолутни категории. Наместо тоа, луѓето веруваат во идејата на релативизмот, односно во идејата дека постојат многу начини на гледање на проблемот од кои сите имаат одредена важност и значење.

[76] Сложеноста на интелектуалната функција во општеството во различни култури и држави е различна и зависи од бројот на стручните училишта, нивната хиерархиска подреденост, опсегот на училишното подрачје итн., од кои пак зависи сложеноста и развиеноста на културата и цивилизацијата на одредена држава (Грамши, 1978 : 111).[76] Училиштата создаваат интелектуалци од различен вид и степен, што е во тесна релација со целите и средствата на образовните политики, кои пак, го одредуваат карактерот на општите вредносни ориентации на општеството.

се, од апект на воспитно – едукативната ориентација на образовните институции, кои денес вршат противречна функција со тоа што ја имаат улогата на реализација на идеолошкиот апарат на државата, односно конзервативната функција, како и улогата на пренесување на знаењата низ иновирање, односно прогресивната функција на промени во современите општества. Тоа особено може да се согледа низ т.н. манифестни и латентни функции на образованието и т.н. формално и неформално образование.

Оттука и прашањата за тоа дали формалното образование обезбедува доволен когнитивен развој на индивидуите, како и соодветни технички и стручни квалификации, но и низа морални, творечки и духовни квалитети, верувања и вредности на индивидуите, или ова образование е дел од идеолошкиот апарат на државата, каде интелектуалците едноставно се однесуваат конформистички кон неа и други идеолошки и политичко – економски номенклатури.

Низ историјата, може да се забележи дека во секое општество има некој вид на група, која ја извршува функцијата на создавање и пренесување на знаењето, која имала монопол на знаењето и писменоста.[77]

Потеклото на модерните „интелектуалци“ се врзува за средновековните европски универзитети, кои пак биле создадени со потребата за професионално образование и претставувале центри на интелектуалната слобода и потенцијал, на „најумните глави“, каде сите погледи на свет ќе се истражуваат без никакви ограничувања.

Но, универзитетот денес престанал да ја игра таа многу важна улога (Blum, 1990 : 16). Растечката поделба на трудот, која условува се потесно структурирани студиски програми, од една страна, како и потребата од се покомплексни истражувачки зафати кои бараат тимска работа на голем број поединци со различна специјализација како и финансиските побарувања за нормално реализирање на образовната и научната дејност од друга страна, универзитетот го доведуваат во зависна положба во однос на политичките авторитети кои ја загрозуваат неговата автономија. Во таа насока го делиме гледиштето на Чомски кој смета дека голем дел од интелектуалната работа, особено научната работа, се сведува на административната работа, која според својот карактер е рутинска и без

[77] Тоа биле луѓе во затворените кругови на црквата, во предмодерното време, писарите во староегипетското општество, мандарините во кинеското, филозофите во старогрчкото општество (Аристотел се смета за прв интелектуалец во светот ) итн. Воин Милиќ зборува за „елитност на знаењето“, кое од предмодерното време до капитализмот било привилегија на доминантната класа (Milič,1986 : 492).

некаков поголем интелектуален напор (Чомски, во: Стојадинович, 2011 : 45). На тоа гледиште се надоврзуна констатацијата на Генон кој смета дека фрагментацијата на знаењето и специјализираноста од највисок степен, како главни карактеристики на современата наука, од интелектуалецот или научникот бараат да извршува сосема различни функции во општеството, што укажува на една парадоксална состојба (Генон, 2005).[78] Сите овие фактори го доведуваат во прашање „етосот на науката“, која како вредносно нормативна културна структура би требало да ги вклучи колективизмот, универзализмот, вистинољубивоста, скептицизмот и вреднувањето на научниците, според нивниот придонес (Merton, 1973 : 254).[79]

Посебно значајна е релацијата помеѓу интелектуалецот и научникот, односно нивното разликување во современото општество.[80] Таа разлика доаѓа оттаму што главно интелектуалците се посветени на јавниот ангажман и користењето на имагинацијата наместо фактите во потрагата на вистината, што се примарна цел на научниците. Така, за Фулер, интелектуалците се стремат кон промени, револуцијата, со побивање на догмите и давањето на алтернативи за промените, а научниците се конзервативци, носители на традицијата и стремеж за status quo општеството (Fuller, 2005 : 36). Исто така треба да се истакне и разликата помеѓу интелектуалците и научниците помеѓу општествените и природните науки.[81]

[78] Во добата на релативизација, се јавува скептицизам на науката во однос на самата наука, со што голем дел од академската заедница ги негираат постоењето на целосни вистини и објективни факти. А, непостоењето на вистината и сознајно – теорискиот релативизам, влијаат на непостоење и на одговорноста на интелектуалците (Losoncz, 2014 : 40).Во современото општество каде доминира пост – образованието, образованието се карактеризира со релативно и кампањско едуцирање на луѓето кои пак се „образуваат “ за лична корист, за работно место, за совладувања на вештини и знаења со редуцирани обуки, но не и за слободно мислење и промислување.

[79] Така Дрејк (Drake), ги изнесува податоците од една анкета за претседателски избори, каде се гледа дека 61% од испитаниците сметаат дека ставот на интелектуаците нема никакво значење за нив, а 56% дека не ги чита текстовите и петициите на интелектуалците (Drake, 2002 : 166).

[80] Според американскиот филозоф и социолог Стив Фулер (Steve William Fuller), постои разлика помеѓу интелектуалците и научниците.

[81] За Snow C.S., во интелектуалното јадро на општеството се разликуваат две групи и тоа: книжевни интелектуалци; и научници ( пред се од областа на природните науки ), кои се со многу мала комуникација во општеството (Snow, 1959 : 2). Интелектуалците се наоѓаат помеѓу научната работа и политичката партиципација. Науката и научниците, во голема мера, се зависни од политиката и власта. Исто така, научниците се тесно поврзани со научното поле или дисциплина, во рамките на кое дејствуваат, а интелектуалците би требало да реагираат на целовитоста или севкупноста на општествените состојби. Од тие причини не секој научник или секој факултетски образовен човек, се нарекува интелектуалец.

Научната професија, меѓу другото, се карактеризира и со специфични интереси. Интелектуалците – професори на универзитетите се претвораат во експерти кои пишуваат во специјализирани мас – медиуми, за интересите на специјализирана публика. Тоа ја предизвикува потребата од демистификација на науката и отфрлање на нејзиното митолошко воздигнување.[82]

Особено значајно е и прашањето за етиката и хуманоста на науката. Имено од временскиот период (16 – от – 18 – от век) и денес, во современото општество, кога науката и уметноста имаат значителен прогрес, се случувале и се случуваат, најголемите општествени потреси и превирања, што пак укажува на опаѓање на моралот и хуманоста.[83] Imperium humanum во 19 – от и во 20 – от век е одлика на идеолошкото (во општествените науки) и практичното (во природните науки) дејствување на интелектуалците, односно е очигледен фактот за се поголемата тиранија на човекот над другите видови, која пак довела до се поголемо разорување на космосот, особено од еколошки аспект (Markus,1999 : 538).[84]

---

Научникот ја бара вистината и се обидува да ја концптуализира реалноста. Интелигенцијата од постмодерното време ја занемарува вистината и е без етички и естетички квалитети.

[82]Според американскиот социолог Роберт Низбет (Robert Alexander Nisbet): „универзитетите имаат интереси кои се испреплетени со други социјални царства, како економијата и политиката, што го ограничува обемот за ангажирање на интелектуалците“ (Pudar i Pavlovic, 2017 : 334). Универзитетите се помалку се пренесувачи на доминантните вредности, туку контрадикторни места, основани за објавување на нови „вознемирувачки“ знаења и идеи (Еванс, 2012 : 205 - 206). При тоа се истакнува очигледниот парадокс на генијалноста и достоинството, од една страна, и неморалот и заблудата, од друга страна ( Letica, 1989 : 11). Тоа историски можеби се повторува, од причини што науката, од една страна, барала неутралност и аполитичност, а, од друга страна, универзитетот да биде инволвиран во идеолошко – политичкиот систем.

[83] Во 18 – от век во Франција, просветителската филозофија во одбрана на традиционалната духовна автономија на интелектуалците како и очигледната нивна сличност, била главно средство за промените во општеството како и за отфрлање на етичкото и спекулативното знаење (Markus, 1999 : 539 – 540).

Според Ж.Ж. Русо, прогресот на науката, не е услов за морален прогрес и напредок на општеството воопшто (Dragosavac, 1981 : 10). Така, во минатото, но и денес, науката создала знаења кои не ја спречиле декаденцијата и насилствата во општеството, што е парадокс на цилилизираното општество од големи размери. Интелектуалната, политичката или општествената „елита“ во модерната историја на европските држави, злоупотребувајќи ја науката формирале перцепција за општествен прогрес и еволуција, со што не го опишале општеството какво што е, туку какво би требало да биде.

[84] Така, кај Анштајн и Сахаров се предупредува за последиците од катастрофален карактер од производството на нуклеарно оружје. За тоа, дека интелектуалците се содавачи на големи митови и идеолошки матрици кои и самите ги рушат, како пример може да ни послужи шведскиот научник, Алфред Нобел (Alfred Nobel), кој го измислил динамитот, за да подоцна ја востанови наградата за мир во светот. Екстремистичките идеи во Германија, кои доминирале во средината на 19 – от век, создале состојба на националистички и расистички предиспозиции на науката, која се ставила на страната на теориите и тврдењата за расна чистота и супериорност на нордискиот човек над останатите раси за кои најдобро место е „гасната комора“. Исто така, и во 20 – от и почетокот на 21 – от век, може да се проблематизира моралната

Затоа денес се нагласува, како никогаш до сега, дека е потребно општество во кое сите ќе бидат образовани и во кое образованието ќе биде достапно на секој а не само на „елитата“. Тоа веројатно би можело да се оствари преку концептот на т.н. технократски сциентизам, кој го дава Супек, а кој всушност претставува верување дека проширувањето на знаењето на сите области во општеството ќе доведе до моќ на знаењето и власт на техничката елита, која пак, ќе ги реши сите проблеми и ќе ги задоволи сите потреби на луѓето воопшто и на интелектуалците посебно (Supek, 1971 : 45).

Но денес сциентизмот не е гаранција за развојот и напредокот на современото општество и култура. Тоа произлегува, пред се, од општествената нееднаквост и спротивставеност на оние кои науката ја користат како средство за прераспределба на моќта во општеството. Така, за Морен, сциентизмот односно нео – сциентизмот, не е најсреќното решение во современото општество, затоа што го доведува во прашање човекот како вид (Supek, 1971 : 49). Постмодерните теоретичари наспроти модерните теоретичари[85] го оспоруваат концептот за тоа дека науката или кој било друг систем на знаење може да придонесе кон сигурен и постојан напредок на општеството. За нив напредокот е релативен и е различен кај различни културни традиции.

Поимот интелектуалец во современото општество е премногу широк. Главно, тоа произлегува од масовната или хиперпродукцијата на формално образованите

---

одговорност на интелектуалците за последиците од своето дејствување. Погледот на делувањето на балканските академии на науки ни открива дека сите без исклучок го поддржуваат етнонационализмот и национализмот.

Истражувањата на научниците, се извор на информации за дебатите на политиките и покрај нивните обиди за почитување на слободата и независноста. Степенот на авотомија на науката е многу слаб, од причини што таа е во функција, пред се, на технолошкиот развој на современото општество, односно технологијата која исто така е без свое автономно поле и посебност. Често се случува да научниците бидат политизирани на начин што ги искривуваат фактите во корист на оние кои одлучуваат во општеството, со што знаењето се претворило во политички факт. Што значи, во образованието се воспоставува модел на т.н. „корпоративна култура“, која според Anri Ziro, претставува образец создаден од идеолошки и институционални сили, со кои се образуваат покорните работници, деполитизираните потрошувачи и индиферентните граѓани (Ziro, 2008 : 109). Во таа насока J. Bronowski, истакнува: “ .... научниците стануваат затвореници на процедурите со кои на владите им се говори она што сакаат да го слушнат, а на јавноста само она во што сакаат да веруваат“ (Bronowski, 1978 : 237).Кризата на моралот во науката е присутна во речиси сите современи општества. Тоа главно се однесува и на интелигенцијата, односно на интелектуалците, пред се, поради очигледната фрагментација на знаењето во современото општество, што е индикатор за културниот пад. Научниците денес се државни службеници на универзитетите, кои не поседуваат моќ и се „малцинска“ официјална класа (Еванс, 2012 : 209). Баерт и Шипман (Baert and Shipman) сметаат дека денес голем број на интелектуалци со „висок профил“, се регрутирани од академијата како што се Батлер, Чомски, Кругман, Саид, Гиденс итн. (Baert and Shipman, 2012 : 187).

[85] Во модерното време доминираше светогледот дека растот на научното знаење е гаранција за континуиран општествен и интелектуален напредок.

интелектуалци, кои ја девалвираат вредноста на вистинските интелектуалци, со што „елитата“ премина во маса (Letica, 1989 : 115 и 116).[86]

Хиперпродукцијата на формално образовата интелигенција го создала феноменот на т.н.„интелектуално пролетерство“, што подразбира масовна невработеност и деквалификација кои доведуваат до состојба на прифаќање на се помалку квалификувани работи од страна на образованите луѓе (Letica, 1989 : 116)[87]

Брзиот развој на науката и техниката, сепак, го стеснува бројот на стручњаци кои можат да одговорат на новите промени и иновации, а го проширува бројот на голем број „застарени“ професии и занимања.[88] Интелектуалецот, обавува одредена интелектуална работа како главен дел од својата професија или занимање (Pudar, 2015 : 12). Тоа се разликува во различни општества и култури во кои интелигенцијата има различно определување и различно место, улога и значење.[89]

---

[86] Според шведската енциклопедија Bra böckers lexikon, интелектуалецот е „лице со научни интереси, често лице со висока стручна едукација“ (Bra böckers lexicon). Во таа насока секој со факултетска диплома се смета за интелектуалец, а не само најдобрите умови што било случај во минатото.
Масовното образование, главно е карактеристика на граѓанското општество, со неговите политички, општествени и економски услови и интенции. Тоа се согледува низ зголемениот број, на пред се, високо образовани луѓе (порастот на постдипломците, хиперпродукцијата на бројот на научници, односно на универзитетите особено од областа на општествените науки) во академската јавна сфера.
Токму таа хипепродукција на знаења ја доведува во прашање догмата за независност на интелектуалците како темелна вредност на нивната професија (Letica, 1989 : 126). Со тоа настанал феноменот на преобразованост, каде образованието е главен компензатор за неповолна положба или статус во општеството.

[87] Грчко – францускиот социолог и филозоф, Никос Пуланзас (Nicos Poulantzas), говори за т.н. „ нова ситна буржоазија “, која е составена од „ подредени извршители “ , како што се инженерите, техничарите и контролорите, кои се експлоатирани, како и производствените работници (Mrksic, 1987 : 37). Во таа насока Емил Диркем зборува за појавата на т.н. „црна интелигенција“, која се однесува на појавата на инфлација на „образовани“ кадри, кои евтино го продаваат својот интелектуален труд и знаење. Едноставно, со длабоките структурни промени, белите јаки го изгубиле авторитетот и угледот и се претвориле во мануелни работници и во „обемен пролетаријат во нов облик“ ( Исто, 41).

[88] Зигмунт Бауман (Zygmunt Bauman), современите интелектуалци ги нарекува „образована класа“, кои се составен дел од т.н. академска јавна сфера, односно академското поле. Токму таа образована класа денес треба да даде одговор на современите состојби во кои се наоѓаат луѓето и да се вратат на старите идеали од минатото, кога интелектуалците со голема решителност и храброст „станувале“ против status quo - то (Beck, Baumant, Ge1lner i Vrcan, 2005 : 165 -166). Тоа може да се оствари единствено со примена на академски и културни знаења и експертизи за сите состојби во современото општество. Во таа насока, врз основа на неговата самоперцепција, интелектуалецот како личност со истакнати интелектуални способности, кои ги употребува во професионални или јавни цели и врз основа на нив, би требало да ужива одредени привилегии како авторитет, углед во областите како културата и науката.

[89] Во западните земји, особено Франција и Англија, не се нарекува интелектуалец дури да има и универзитетска диплома. Александар Херц пак, смета дека образованието на поединците не е гаранција за личен успех, но претставува предност, до пристапот на високо социјалната сфера (Zarycki, 2009 : 618).

# 3. ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА, ОПШТЕСТВОТО, КУЛТУРАТА И ЦИВИЛИЗАЦИЈАТА

## 3.1. Социо – културни основи на интелигенцијата

Концептот на интелигенцијата е пред се, општествено и културно конструиран и условен. Таа условеност се темели на карактерот на општествената структура, односно на структурата на културата и цивилизацијата. За утврдување на таа условеност голем придонес дава социологијата на сознанието која ја проучува и толкува општествената условеност на знаењето, каде општествената структура на идеи, односно идеологии е во тесна корелација со општествените односи. Општествената мисла, исто така е поврзана со конкретно – историската состојба на одредено општество, односно култура. Оттука и фактот дека секое општество раѓа разновидни типови на интелигенции, како и интелектуални дискурси.[90]

Посебно значајна е условеноста на интелигенцијата од вистината и конструкцијата на стварноста во општеството.[91] Идејата за вистината и конструкцијата на стварноста во општеството, ги условува мислењето, критиката и дејствувањето, што пак го оформуваат вредносниот профил на интелектуалците како услов за дефинирањето на вистинските и квази, односно „алчните“ интелектуалци.

Во таа насока вистинските интелектуалци ги истакнуваат хуманизмот, универзалните вредности, слободата, културата на дијалог и отфрлањето на лагата, за високо поставени императиви и дострели во своето дејствување и општествена акција.

---

[90]Оттаму и Манхајм, кога под заканата на нацизмот над Евреите во Германија бега во Англија, во услови на промена на општествената средина, ги менува своите тези за т.н. „слободно – лебдечка интелигенција“, како и за улогата на мислата во општествениот, односно културниот живот (Manhajm, 1978 : XXXII).

[91] Социјалните конструктивисти Бергер и Лукман сметаат дека основата на општествената конструкција на стварноста е она што луѓето во секојдневниот живот на здраворазумска основа мислат за знаењето и стварноста. За нив општеството е изградено со дејствувањето кое има субјективен карактер (Berger I Luckmann 1992 : 34).

Квази интелектуалците, пак, се приклучуваат на разни центри на моќ со цел стекнување на лична корист од материјален аспект, напредок во кариера и стекнување на углед, односно статус во условено и диктирано општество (Sijakovis,  2008 : 237).[92]

[92]Едвард Саид, укажува на значењето на улогата на интелектуалците во борбата за мир, социјална правда и редистрибуција на ресурсите со голема свест на скептичност, ангажираност и посветеност, како и морално просудување (Said, 1996 : 28). Тој како и Жилиен Бенда смета дека интелектуалците имаат одговорност кон вистината и не треба да бидат на страна од општеството во кое дејствуваат. Тоа не значи само критика на даденото општество, туку морална и духовна автономија и нудење на реални и вистински алтернативи или решенија на проблемите во истото општество (Markus, 1999 : 551 - 553).

### 3.2.Интелигенцијата низ историјата

> Надежта на интелектуалецот, не е дека ќе влијае врз светот, туку дека некој ден, некаде, некој ќе го прочита, она што тој го напишал токму онака како што го напишал.
>
> **Теодор Адорно**

Интелигенцијата, нејзината општествена положба  и статус, како и нејзините карактеристики, улога и историска мисија, се предмет на социологијата на културата. Во рамките на социолошкото проучувањето на интелигенцијата низ историјата, треба да се земат во предвид неколку значајни пристапи, како што се идеите на интелектуалците, влијанието на општествената средина на интелигенцијата, влијанието на интелигенцијата на општеството и општествените промени, ангажираноста на интелектуалците итн.[93]

Интелектуалците, односно луѓето кои со својата интелектуална работа имале удел во развојот на културните и цивилизациските текови, постојат од моментот кога човештвото почнало да создава културни добра. Токму историските настани се влијателен фактор на мислењата, уверувањата, оценките и стереотипите за улогата на интелигенцијата во општеството.

Од друга страна, интелигенцијата имала големо влијание на текот на историјата со ширење, чување, популаризирање и приспособување на идеите на општиот и посебните интереси.

Поимот интелигенција го менувал своето значење со доминација на различни критериуми во различни временски периоди и општествено - културни контексти, зависно од доминацијата на различните форми на културата или облици на човековата свест, како што се митологијата, науката, религијата, филозофијата, уметноста, технологијата итн., во различни историски епохи.

Притоа, од карактеристиките на разновидните и пред се историски типови на општествата, зависело кој слој или група имал посебен или специфичен статус на

[93]Интелигенцијата и интелектуалците се историски производи и категории и нивниот историски развој и внатрешна и надворешна диференцијација се согледуваат низ призмата на т.н. смена на генерации (промена на погледите на светот, општественото потекло, степенот на политичката радикализација итн.).

интелектуалци во општеството. Така, во кастинскиот систем се разликуваат свештениците или браманите, во Месопотамија се говори за астрономи (астролози), во античка Грција тоа биле филозофите,[94] во Рим реторичари или оратори, во Израел рабини, во средниот век во Европа тоа била духовната власт итн.[95]

Посебната улога на интелигенцијата како „слој“ или привилегирана, затворена група, била истакната уште во старите цивилизации, во функција на создавање на слики за светот и толкување на минатото, сегашноста и иднината. Зачетоците на митот за интелигенцијата ги пронаоѓаме кај т.н. клеричка интелигенција, како што е племенскиот маг (врач) или шаман, како предок на интелектуалецот или мислителот. Покрај врачевите, право на толкување на светот имале и египетско – сумеранските теократи, како и средновековните свештеници.[96]

Низ историјата може да се забележи дека интелектуалците се еклектицисти, односно фактот дека тие секогаш имале монопол врз речиси сите сфери во општеството, како што се религијата, идеологијата, образованието, филозофијата, моралот, правдата итн. Во минатото, егзистирала малобројна интелигенција, односно духовна елита, која имала монопол на духовната работа и културата воопшто и имала релативна слобода и независност во однос на владејачките слоеви.[97]

Од друга страна, востановен став е дека голем недостаток на интелигенцијата е токму припаѓањето на привилегираните слоеви во општеството, како што се сталежите или кастите и нивното служење на интересите на високите општествени слоеви (Markus,

[94] Во Платоновата идеална држава владееле филозофите, како духовни водачи или учители на мудроста, со „наткласен“ карактер, кои биле баратели на вистината и кои владееле со своите чувства, зборови и однесувања.

[95] Карл Манхајм, смета дека езотеричното знаење, кое се разликувало од секојдневното знаење, се појавило со појавата на професионалниот врач, со волшебните цехови и подоцна со кастата на волшебниците. Подоцна, се разликувале профилите, како што се свештениците, филозофите, лекарите и учителите.

[96] Традиционалниот и популарниот тип интелектуалец во себе ги вклучува литератот, филозофот и уметникот (Грамши,1978 : 110).

[97] Релативната слобода, произлегува од концептот на т.н. „просветителски апсолутизам“, кој смета дека интелигенцијата е носител на свеста на општеството (Uzelac, 2003 : 2). Интелектуалците, се карактеризирале со висок степен на духовна автономија, холистички и нефрагментиран пристап, критичност, мудри и морални вредности, отфрлања на лагата и предрасудите и залагања за вистината, во вистинска смисла на зборот (Markus, 1999 : 532). Во т.н олигархиски општества доминирала општа неписменост, такашто бројот на интелектуалци бил неспоредливо помал отколку во модерните граѓански општества и во современиот свет. Од причини што била мала група на луѓе, која се здружувала низ разни форми на еснафски групи, доминира мислењето дека таа имала ексклузивно право да го изразува она што е битно за заедницата, односно општеството.

1999 : 532 – 533). Имено, како општествени групи тие биле ангажирани односно „експлоатирани“. Оваа ангажираност прво се јавила кај групата на лекари, наставници, уметници и др. во античко време, кај свештеничката каста во империјална Кина како каста на образовани службеници (благородништво) кои партиципирале во власта итн.

Во античките култури и цивилизации, се јавиле посебни облици на интелектуални категории и труд. Така, во Платоновата идеална држава, филозофите биле духовни водачи кои имале посебна улога на интелигенција, која владее во државата. Тие биле мислители и интелектуалци, кои ја говореле вистината, кои биле пример за другите и биле подготвени за своите идеали да го положат дури и својот живот.

Средниот век не бил идеален период за слободните или „независните“ интелектуалци, особено раниот среден век. Во него доминира црквата или т.н. традиционална интелигенција, која е претставена преку клерикот, односно свештениците, кои покрај сакралната обавувале и училишна улога. Тоа биле интелектуалци, кои биле љубители на книгите, на старите филозофи, изучувачи на светото писмо и патристиката, писатели, преведувачи на класичниот јазик, учители и педагози на знаењето.[98]

Во Византија, каде бил континуиран натпреварот меѓу црквата и државата за позицијата на моќ, но каде црквата сепак и била подредена на државата, интелектуалците биле гласноговорници на службената идеологија, но сепак биле прикриени опозиционери, кои изразувале одредено сомнение но однос на државната политика.

Световната интелигенцијата своите први појавни форми ги има со појавата на поделбата на трудот на материјален и духовен и со појавата на градовите и развојот на граѓанството, трговијата и машинското производство. Интелектуалецот од 12. век проучувал најразновидни вештини, односно техники и се занимавал со низа организациски, културни и просветни функции.[99]

[98] Улогата на религијата (црквата) се одликувала со голема нетолеранција, догматизам и мистицизам, кои биле пак главни „кочничари“ на прогресот и науката. Се создала интелектуална технократија, која била составена од бискупи, каноници, советници и други свештенички и лаички функции. Оваа група на традиционални интелектуалци била отпорна на општествените промени и со некритичност кон темелните вредности, обичаи и верувања, со догматско толкување на „светите“ текстови итн. (Manhajm, 1978 : LXVI i LXVII).

[99] Тој бил вистински занаетчија, кој поседувал знаења и вештини од повеќе области, како способноста за составување на зборовите (граматика), способност за говорни вештини (реторика), способност за пресметување на бројки и мерки (аритметика и геометрија), вештини за силогизам (дијалектика), пресметување на патот на небеските тела (астрономија), способност за мелодија (музика) итн.

Следните три века (1300 – 1600) се векови на ренесансата, чии образовани претставници - хуманистите - се првата доминантна група која е многу слична на модерните интелектуалци (Goff le Jacques, 1982 : 5). Тие интелектуалци се одликувале со хуманизам, логичност и висок степен на моралност, под влијание на грчко – арапската култура и цивилизација.

Особено значајна за развојот на интелигенцијата е појавата на универзитетите. Универзитетите во Европа изникнуваат во текот на 13. век, под туторство на црквата, поради што се поддржувачи на црквниот догматизам, кој се покажува како кочница на науката, прогресот и напредокот на општеството, иако не може да се одрече и придонесот за ширење на писменоста.[100]

Притоа, се разликуваат три значајни периоди на масовна појава на интелигенцијата во општеството и тоа: периодот по распад на феудализмот, односно периодот на појавата на хуманизмот, ренесансата и просветителството; периодот на појавата на индустриската револуција; и периодот на постиндустриската, односно информатичката револуција (Sijakovic, 2008 : 238).

Интелигенцијата како легална група во општеството е поврзана со распадот на феудалните системи или општества и се поврзувала со управувачките и немануелните дејности и слободните професии. Нејзиното влијание растело со опаѓањето на апсолутната кралска моќ и моќта на црковната елита. Нејзе ја претставувале луѓе кои мислат и кои сакале да го сменат светот со силата на својот ум, израснати од модерното граѓанство, кое со укинување на монополот на црковното толкување на светот создало слој на образовани луѓе ослободени од догмите.

Западната филозофска традиција и идејата за просветеност кои во ерата на просветителството или добата на разумот, како период во кој разумот се поставува на пиадестал во општествениот поредок и кој раскинал со теолошките и телеолошките матрици, се битни извори на интелектуалниот авторитет и легитимација. Во 18. век, интелигенцијата го преземала монополот на знаењето од црквата. Очигледен пример за

[100] Интелектуалците од Западот станале службеници на папата како „слободни и независни“ интелектуалци. Средината на хуманистот бил кралскиот двор, а оваа средина имала многу мал допир со вистинската реалност во која опстојувале масите.

тоа се француските просветители кои се првите интелектуалци,[101] односно т.н. универзални интелектуалци[102] и првата интелигенција во вистинска смисла на зборот во модерното време, кои имале должност да интервенираат во име на правата, универзалните идеали и напредокот на општеството.[103]

Но, денес постмодерните мислители се поделени околу вредностите и идеите на просветителството (особено тенденцијата за тоа дека вредностите и верувањата се универзални и обединувачки), од верувањата дека овие идеи се нелегитимни и е потребно да бидат отфрлени, до верувањата дека истите, иако се проблематични, со преиспитување можат  да се редефинираат и прилагодат на современите потреби на општеството.

Во 19. век, дошло до значајна промена на положбата на интелектуалците во општеството, со нивниот евидентен придонес во развојот на граѓанското општество, посебно во т.н. природни науки и со исчезнувањето на критичноста кон клучните предрасуди на модерната (Markus, 1999 : 533). Притоа, многу важно е да се истакне, дека во тоа време доминирал спекулативниот и етичкиот карактер на интелектуалците.

Интелигенцијата како општествена категорија  во Русија[104] и во Полска датира од  19. век.

Во Русија, особено во 60 – те години на 19. век, поимот интелигенција означувал група на луѓе (претежно студенти), кои поседувале универзитетско образование и кои со радикални политички убедувања и ставови учествувале во народните движења, но и луѓе

[101] Тоа бил т.н. трет или обврзувачки сталеж (составен од селани, занаетчии, мануфактурни работници, банкари, трговци итн.), кој создал една плејада од филозофи, публицисти, писатели, научници и др., кои со своите идеи ги урнале авторитетите на стариот свет, како што се моралот, религијата и низа други институции. 99 % од францускoто монархиско општество, било составено од обврзувачкиот сталеж, а останатиот дел се состоел од два, привилегирани сталежи и тоа свештенството и племството.

[102] Универзалните интелектуалци, на крајот од 19. век, во Франција, своето вистинско лице го покажале во времето на Драјфусовата афера.

[103] Просветителството, при крајот на 17.  и во текот на18. век, создало еден вид на култура на несогласување, изразена од страна на голем број на дисиденти (критичари, академици и др. ), кои давале алтернативни идеи, убедувања или ставови. Во таа насока, вредно е да се истакне прогресивната идеологија, на пробудената буржоазија и широките народни маси, што ја претставувале истакнатите просветители, како што се Монтескје, Волтер, Дидро, Хелвенциј, Тирго, Кене, Мабли, Морели и др. (Levandovski, 1965 : 17).

[104] За татко на руската интелигенција, во смисла на одредување на нејзинито место, улога и значење, се смета Александар Радишчев, руски книжевник, поет и општествен критичар. Терминот го сковал рускиот филозоф, книжевник и публицист Александар Херцен.

кои и покрај „независната“ позиција, сепак биле на маргините меѓу царската аристократија и селанските маси.[105]

Во Полска, улогата на интелигенцијата главно се однесува на зачувувањето на националниот дух и самосвеста за своја национална држава. Како социолошко одредување, поимот интелигенција во Полска, се јавува во 1844 година, во делата на полскиот филозоф и политичар Карол Либелт (Karol Liebelt), а се однесува на слој кој е составен од осиромашеното благородништво, граѓанството и селаните, кои се спротивставувале на вредностите и начинот на живот на полската буржоазија.

Значи и во Русија и во Полска, во втората половина на 19. век, интелигенцијата имала антибуржоаски ставови и противења на царскиот апсолутизам, со социјален радикализам. Спротивставувајќи се на руското и полското општество, интелигенцијата имала една и единствена положба на чувар на културните и етничките вредности, моралот и правдата во општеството (Dzenings and Velc, 1998 : 7).[106]

Во епохата на капитализмот, интелигенцијата врз база на општествената поделба на трудот, станала се помасовна во сите сфери на општествениот живот, со изразени класни спротивности. Процесите на демократизација, масовното описменување, бирократизацијата и силно изразената специјализација на разновидни професионални категории и занимања, драстично ја измениле улогата на интелигенцијата и интелектуалците.[107] Притоа е многу значајно да се истакне дека, главните извори за авторитетот и легитимацијата на интелектуалците, се западната филозофска традиција и

---

[105] Во болшевичка Русија, повеќето интелектуалци излегуваат од воспоставените релации со буржоазијата и религијата и се приклучуваат на револуционерното движење и работничката класа, при што дошло до изедначување на интелектуалците со работниците, на интелигенцијата и работничката класа и до сведување на логосот на праксисот. Така, тие интелектуалци, се сместуваат во категоријата на т.н. „поштена интелигенција“ или „борбена интелигенција“, како авангарда на бескласното општество (Sarcevic, 2015 : 291)

[106] Во 19. век, главно, интелектуалците се во улога на „јавни моралисти“. Идејата за морална автономија на интелектуалците ја формулирал германскиот филозоф Имануел Кант (Конрад, 1992 : 34).

[107] Интелигенцијата станала се побројна и тоа во просветата, културата, здравството, државниот апарат, економијата итн. со појавата на голем број на инженери, техничари, агрономи, хемичари, физичари, економисти. Притоа, дошло и до диференцирање на интелектуалците според нивната улога и начинот на живот во општеството, при што едни припаѓале на буржоазијата а други на пролетаријатот. Во Источна Европа, како конфротација на Западот, интелигенцијата се карактеризирала со нагласен национализам, антииндустријализам, критика на државата и нагласување на хуманизмот и на традиционалните културни вредности.

просветителството, но и влијанијата од времето на антиката и ренесансата.[108] Токму таа, т.н. модерно – просветителска интелигенција или јакобинска интелигенција (Carl Boggs), се здобила со таква независност што можела да произведува свои автентични идеи и знаења и што неа ја издигнало како „класа на знаењето“ (Kalanj, 1996 : 172 - 173). Тој тип на, пред се, модерен, колектевистички интелектуалец, во преден план го ставил и историското и општественото одредување на човекот (Markus, 1999 : 544).

Индустриските и динамичните општествени промени, во модерното време, исто така, се битни фактори за сеопшто диференцирање и класно – слојно структурирање. Со економскиот развој, се појавиле разновидни професии или занимања за немануелните работници, како што се експертите (experts), препишувачите (scribes) и др.

Врз основа на претходно изнесените ставови, можеме да се согласиме со заклучокот на Летица дека во историјата на интелигенцијата се разликуваат пет интелектуални традиции и тоа: сциентизмот, романтизмот, револуционерната традиција, популизмот и антиинтелектуализмот (Letica,1989 : 37 – 40).

### 3.3. Интелигенцијата и културата во современото општество

[108] Садри, ги сведува основните претпоставки на западната идеологија на интелектуалците, од Платон до Лукач, на три компоненти и тоа: монизам – верување дека зад појавите постои една универзална вистина која е достапна на човековиот ум; вистината е од големо значење за општествениот и политичкиот живот на човековото битие; и интелектуалците се носители на вистината и откривањето на светот (Sadri, 1992).

Во согласност со моралот, денес за интелектуалецот би било најдобро да не е кај себе дома, да не поседува дом, небаре е бездомник, што случајно нашол азил.
**Теодор Адорно**

Современите теоретичари сметаат дека иднината и припаѓа на културата и културните процеси, а не на политичките и идеолошките конфликти. Од причини што како општествено конструирана категорија, интелигенцијата својата определба ја темели на културата, односно културната традиција на општеството од една страна и тоа што терминот култура во минатото главно се однесувал на интелектуалниот, односно духовниот развој на едно општество, заедница и култура од друга страна, не зачудува фактот што расправата за интелигенцијата денес е толку актуелизирана што дури добива примат на главен проблем на целокупната култура (Sirinelli, 1986 : 169).

Улогата и функцијата на интелигенцијата во современото општество, се битно различни од општествата, односно општествени структури во минатото.[109] Во таа насока, се поставуваат есенцијалните прашања: Дали интелигенцијата е создавач, чувар и пренесувач на културните вредности? Каков е карактерот на моделите на вредносните системи и на кој начин го детерминираат карактерот на современата интелигенција? Дали во современото општество може да егзистира монопол на културата или т.н. процедурален консензус и кои се носителите на истите? Дали денес егзистира т.н. интелектуална елита и колку таа придонесува за создавање и ширење на елитната култура или пак доминира интелигенцијата на т.н. трета култура или поп културата? итн.

Значајни се и прашањата на културната политика: Која култура треба да биде официјална а која потчинета? Кои култури треба да се оценат како култури што

[109] Теоретичарот на општествената диференцијација Ален Турен (Alain Touraine), ја воведува разликата помеѓу значењето на општествените улоги во статичните општества свртени кон минатото и динамичните кои се насочени кон иднината. Тргнува од тоа дека личниот идентитет е наметнат однадвор, односно ја претставува со општеството усвоената интериоризација на вредностите-зависна, хетерономна, оттуѓувачка потчинетост на одредена власт. Според неговото мислење, во општество на бавни промени припадникот на општеството е детерминиран со својата припадност на заедницата, односно со својата општествена улога. Во современите општества на брзи промени, пак, наследството се побрзо ја губи важноста, така што и општествениот идентитет ја губи својата содржина (Турен, 1994).

заслужуваат да бидат изложени, а кои треба да се кријат? Која историја треба да се запомни, а која да се заборави? Кои слики од општествениот живот да се претставаат а кои да се маргинализираат? Кои гласови да се слушаат и да се запомнат? Кој кого претставува и врз која основа? Колку моќта е резултат на знаењето? итн.

Неодминлив белег на битието на културата, во современото општество е масовната продукција на културните вредности, модалитетите на нивното распространување, како и појавата на т.н. „цивилизација на слики“. Затоа, темелните основи на интелигенцијата би требало да се побараат на подрачјето на културните вредности и начинот на живот (Петковска, 2009 : 283).

Интелигенцијата се дефинира според системот на вредности. Културните вредности се во непосредна релација со потребите и интересите на поединците или групите во општеството. Во таа насока вредностите и нормите на културниот систем, го определуваат изборот помеѓу алтернативните можности за акциската ориентација на поединците (Mrksic, 1987 : 12).

Од суштинско значење е и прашањето за етосот или погледите на светот на интелигенцијата. Аксиолошката оска на човековата, односно на ориентацијата на интелектуалците, е оформена со три значајни етоси[110] или погледи на свет, како што се егоцентричниот, социоцентричниот и антропоетосот.

Накратко, егоцентричниот етос на интелектуалците, се однесува на континуирано трагање по вредности со цел поголем степен на самооствarување и поголем простор на слобода. Тоа е од голема важност за нивната духовна автономија и морален интегритет. Социоцентричниот етос се однесува на вредностите, визиите, проектите и идеалите кои ги раководат во извршувањето на социокултурните улоги на интелектуалците. Антропо – етосот, главно произлегува од антропоцентризмот, како познание дека во другиот постои „ego alter“ (субјект како мене самиот) или признавање на другиот кој се афирмирал со хуманистичките идеи на 18. и 19. век (Младеновски, 2005 : 209 - 214).

Улога на интелектуалците, пак е да создаваат интелектуални вредности и дела, односно да придонесат за развојот на културната традиција на светската заедница,

[110] Овие етоси за првпат ги споменува Едгар Морен.

односно развојот на општата култура. Интелектуалците, пред се, се луѓе кои произведуваат, оценуваат и дистрибуираат култура (симболи и идеи).[111]

Во таа насока, се појавила т.н. културна интелигенција во рамките на која се разликуваат т.н. продуктивни и репродуктивни интелектуалци.[112]

Продуктивните интелектуалци се создавачи на репрезентативни творби на културата и новите духовни вредности и добра, со цел чување, пренесување и унапредување на културните добра. Тие продуцираат духовни и интелектуални добра (култура, религија, морал, наука, уметност итн.), како што се теолози, филозофи, уметници од сите гранки, пронаоѓачи, изумители, професори и др.

Оние кои ги репродуцираат постоечките културни добра и новите вредности (религија, наука, култура, морал, уметност итн.), пак, се т.н. репродуктивни интелектуалци (предавачи по филозофија, наспроти филозофите, толкувачи и критичари наспроти поетите и писателите, маестро или диригент наспроти композиторот итн.)[113] (Bezic, 1988 : 336). Тоа го остваруваат со генерирањето и дисеминацијата на општествената имагинација, дури и идеологија во најразличен облик.

Меѓу другото, улогата на интелектуалците е и создавање и ширење на елитната култура, од една страна и создавање и ширење на културата на масата, односно народот од друга страна. Според Антонио Грамши, првата улога ја играат интелектуалците од втор степен, односно „интелектуалците на интелектуалците“ (Letica,  1989 : 41), односно т.н. „интелектуален естаблишмент“ во кој се вбројуваат интелектуалците од универзитетскиот и уметничкиот свет, државната управа, квалитетните журналисти, од црквата итн. (Dzenings , Velc, 1998 : 3). Втората улога,  според англискиот политички научник Ернест Баркер (Ernest Barker), е улогата на  т.н. „национални интелектуалци“, кои ја ширеле

[111] Во таа насока С. М. Липсет, смета дека интелектуалците го создаваат симболичкиот свет на човекот, а Рајт Милс, дека тие се луѓе кои се специјализирани за симболи, односно луѓе кои живеат за идеите (Корубин, 1999).

[112] Рејмонд Арон смета дека постојат неколку кругови на интелектуалци во современото општество, врз основа на функцијата на интелектуалната работа и тоа: писатели, поети, сликари, вајари и филозофи (Raymond, 2009 : 206).  Сејмор Липсет, разликува три слоја на интелигенција и тоа творци, преносители и применувачи на симболични облици (Milosevic,  2007 : 24).

[113] Тоа можат да го реализираат репродуктивните интелектуалци, кои ја претставуваат модерната граѓанска општа култура, како што се свештениците, учителите, новинарите, мисионерите и пропагандистите (Letica, 1989 : 42).

културата (посебно книжевната култура), на помалку образовното население, односно на народната публика, се со цел зацврстување на општественото единство (Dzenings and Velc, 1998 : 3).

Во современото општество, особено на релацијата меѓу култура и интелигенција, е значајно и прашањето дали интелигенцијата се води од сопствените индивидуални права, слободи, уверувања и интереси или пак се потпира на групните стремежи и интереси. Во таа насока може да се рече дека индивидуализацијата, со која луѓето на рефлексивен начин ги градат своите биографии е главна одлика на современото, диференцирано општество.[114]

Културата има особено влијание и на перцепцијата за интелигенцијата од страна на различни субјекти во рамките на едно општество. Така, во минатото и денес, интелигенцијата била истовремено барана и отфрлана, пофалена и обвинувана со најразлични етикетирања и дисквалификации во однос на нивните идеи и погледи на свет.[115] Тоа оттаму, што тие неовластено и неосновано во минатото и денес, се мешаат во работи, кои ни малку не се однесуваат на нив или за кои, не можат да кажат ништо за нив (Johnson,1988). Но, тоа е резултат и на тоа што интелигенцијата од антиката, преку развојот на универзитетите во средниот век, урбанизацијата, просветителството, но и

[114] Гиденсовиот концепт за себството, како саморефлексивен проект, го доведува во прашање фактот, дека класата е извор на идентитетот и дејствувањето (Cepić, Doolan, 2018 : 240). Социјалните конструктивисти Бергер и Лукман истакнуваат дека луѓето ги градат стварноста, светот и општеството низ субјективното значење на своите постапки и интерсубјективната активност. Во таа насока и мислењето на Урлих Бек, дека класата е „зомби" концепт и дека индивидуализацијата, со која луѓето на рефлексивен начин ги градат своите биографии е главна одлика на современото, диференцирано општество (Cepic, Doolan, 2018 : 240). Постколонијалниот теоретичар, книжевен теоретичар и компарист Едвард Саид говори за т.н. интелигенција во егзил која дејствува според сопствените обрасци кои бараат промени и движења. Според него „вистинскиот интелектуалец" е аутсајдер кој живее во егзил и на маргините на општеството (Jenning and Welch, 1997 : 1).

[115] Интелектуалците биле нарекувани со најразлични, пред се, пежоративни дисквалификации, како што се: „дегенерирани интелектуалци",  „јајцеглави", „паметњаковци", „јалови снобови" (Умберто Еко) и со други пежоративни ознаки, со кои биле презирани и изолирани (Dzenings, Velc 1998 : 6). За навредливите конотации на интелектуалците во В. Британија, говорел историчарот Пол Џонсон, кој во неговата книга „Интелектуалците" (Intellectuals), за интелектуалците вели дека се самопрогласени духовни водачи, кои се со лицемерен карактер и морални дегенератори, при што нивниот живот е сосема различен од нивните идеи и погледи на свет (Johnson, 1988).

денес во современото општество е главен актер, но и препрека за состојбите и промените во општеството (Sarcevic, 2015 : 289).[116]

[116] Најекстремен облик на интелектуалната  реакција, како препрека во општеството, бил футуризмот, каде се предлагало да се уништат музеите, библиотеките, академиите од секаков вид, со цел да се нема ништо со минатото.

### 3.4. Интелигенцијата и цивилизацијата во современото општество

Го создадов да биде духовно во неговото
тело, а сега стана телесно дури и во духот.
**Бискуп Босие ( J. B. Bossuet )**

Цивилизацијата[117] и научно – технолошкиот развој и во современото општество играат значајна улога и се основа за цеколупното човеково опстојување[118] и напредок. Цивилизацијата, пред се, се однесува на еден комплекс од идеи, знаења, културни вредности, институции, достигнувања итн., што го каракеризираат едно општество во даден временски период или епоха на човекот. Од цивилизацијата зависи и утврдувањето на степенот на социјалната, културната, политичката, економската, технолошката итн. еволуција и развојот на човештвото воопшто.

Од интелектуалците, односно јавните интелектуалци, се очекува да бидат креатори на цивилизацијата и цивилизациските придобивки со промена на перцепцијата за вистината на општеството, односно на конвенционалните, плуралистички погледи и „моралната" свест за одговорноста од човековото дејствување.

Но, денес цивилизацијата и напредокот се ставени под лупата на тоа дали и колку навистина тие се во интерес на човештвото, што ги прави крајно сомнителни и мистични при научното промислување и анализирање.

Денес, се јавува „нова цивилизација", која ја менува свеста кај луѓето, со владеење на т.н. "култура на стравот",[119] која создава слика за апокалиптичен крај на цивилизацијата. Тоа произлегува од влијанието на ултралибералната, материјалистичка идеологија на глобалниот капитализам, односно идеологија на своевиден пазарен фундаментализам, кои придонеле за криза на западната, како и на светската цивилизација

---

[117] Поимот цивилизација е воведен од страна на француските просветители ( филозофи ) во 18. век, наспроти тезата за непросветеност во времето на феудализмот и главно се доведува во релација со науката и напредокот (степен на социјална, културна, политичка, економска и технолошка еволуција).

[118] Токму тоа опстојување е доведено во прашање, пред се, поради фактот што интелигенцијата или интелектуалците како непосредни репрезенти на науката и технологијата, не работат во интерес на благосостојбата на човештвото и универзумот воопшто.

[119] Според американскиот теоретичар на медиумите и образованието, Анри Жиро, денес преовладува т.н. "култура на стравот", која создава слика за апокалиптичен крај на цивилизацијата.

и култура воопшто.[120] Современото општество, под влијанието на научно – технолошкиот развој кој брзоплето го води човекот кој негова целосна алиенација (уништување), сериозно го поткопаа, пред се културниот, односно духовниот и моралниот напредок на човештвото.[121]

За утврдување на влијанието на цивилизациските процеси врз интелигенцијата, се чини, од суштинско значење се и прашањата за тоа кои идеи, знаења, вредности, институции, достигнувања итн., се застапени во едно општество или култура и во одредено време и кој тип на интелектуалци егзистираат, соодветно на истите.

Денес, во т.н. постмодерна ера, постои плуралистичката интерпретација на реалноста.[122] Соодветно на тоа примарна улога денес и се дава на т.н. техничка интелигенција[123] која е во сериозна криза поради непочитување на етичките принципи, кои пак се под силни влијанија на политичките и економските интереси на политичките власти и бизнис заедницата. Тоа произлегува, пред се, од концептите, теориите и идеологиите, како што се еволуционизмот и евроцентризмот, глобалниот империјализам (американскиот империјализам), за кои се смета дека довеле до состојба на привилегираните и доминантните „цивилизирани“, наспроти „дивите“ луѓе и општества, со наметнувања на сопствените „вредносни“ ставови и системи.

Денес се застапени теориите на современата цивилизација, кои главно доаѓаат од страна на филозофите, а кои се однесуваат на светските процеси на глобализацијата, меѓузависноста на државите и културите, кооперација, но и на конфротации помеѓу идеологиите на т.н. мултиполарниот и униполарниот глобализам. На овие теории, се надоврзува и теоријата на „астронаучниот хуманизам“, кој длабоко во себе верува во сциентизмот, односно во тоа дека вистинското богатство се наоѓа во технолошкото и

---

[120] Оттука се чини и оправданиот став на Семјуел Хантигтон за судирот на цивилизациите, односно меѓу различни културни ентитети.

[121]Технолошкиот „напредок“ во современото општество се карактеризира со економска нестабилност и ерозија на средната класа, на сметка на силниот развој на менаџерските елити на мегакорпорациите. Ентони Гиденс, светот ќе го нарече „забеган“ свет“ (за првпат зборот го употренил антропологот Едмунд Лич), во кој витален удел има процесот на глобализација или мундијализација, кој процес ги обликува нашите постмодерни животи и потреби (Гиденс,2001).

[122] Питер Бергер говори дека живееме во време на плурализација на животните светови.

[123] Во таа насока, се верува дека, природните научници и техничарите, се компетентни, непристрасни, „објективни“ и политички неутрални.

научното знаење и моќ на човекот, односно во растот на новиот цивилизациски поредок и идеологијата на популизмот и тоа во целиот свет, за разни поводи и кај разновидни „идеолошки“ матрици или политички провениенции (десничарите и левичарите).

Врз основа на падот на современата (глобална) цивилизација, денес современата интелигенција е исправена пред сериозните предизвици и проблеми на цивилизацијата, како што се: проблемот со животната средина, предизвикот во однос на зголемувањето на населението и наглото намалување на природните ресурси (нафтата, јагленот, металите итн.), глобалната криза за храна, проблемот со економската нееднаквост, заканата од нуклеарна војна, воено – индустрискиот предизвик или комплекс, ограничувањето на светкиот раст на економијата итн. На сите овие и до сега предизвици, современата интелигенција под силно влијание на политичките и економските фактори, речиси и да нема одговор или нејзиниот глас воопшто не се слушаше.[124]

Така, денес по прашањето на глобализмот се јавуваат навидум две спротивставени струи, односно движења и тоа: „глобалисти“ и „антиглобалисти“. Глобалистите, главно се поддржувачи на општествени системи во времето и просторот, односно зголемување на интензитетот, екстензијата и брзината на општествените односи, низ протокот на артефакти, луѓе и симболи, преку мрежите низ времето - просторот. Антиглобалистите, односно антиглобалистичкото движење за алтернативна т.е. демократска глобализација, главно е транснационално т.е. глобално по својот карактер и е составено од критички интелектуалци, уметнички групи, синдикати, анархисти, екологисти, феминисти итн.

Оттука, интелигенцијата во современото општество повторно е исправена пред предизвикот во современата „цивилизација“, со својата свест и совест, внимателно и посветена да не ги повторува грешките од минатото (утописките пракси и идеологии), со личната трасформација на личната совест на индивидуите, со афирмирање на чистите човекови идеали и дострели на достоинство, пристојност, чесност, искреност итн., да извршат сеопшта трансформација на совеста на глобалното општество и да го претвори во свет на хармонија и духовно исполнување на животот на човекот.[125]

[124] Тоа е, пред се, од фактот што акумулацијата на знаењата и придобивките од материјалните достигнувања, се привилегија на едно привилегирано, малцинство на глобалниот империјализам, кое не може да го оправда толку посакуваниот духовен напредок и прогрес.

[125] Современиот француски филозоф, теоретичар и херменевт, Пол Рикер ( Paul Ricoeur ) пак, зборува за универзална цивилизација, која ја карактеризира научен дух и ширење на техниката (Рикер, 1972). Затоа и потребата од ангажирање на интелектуалците ( филозофите ) за создавање на една, интегрална, теорија или

### 3.5. Политиката, економијата и интелигенцијата во современото општество

Сите интелектуалци треба да преживеат извесна количина на прогон, што е можно порано во животот.
Не премногу, тоа е лошо по нив, во извесна количина.
**Бертранд Расел**

Политичките и економските фактори во современото општество имаат одлучувачко и моќно, пред се, негативно влијание врз интелигенцијата, затоа што предизвикуваат состојба во која политичките и економските проекции и погледи на свет ги ограничуваат главните ресурси на интелигенцијата, која се залага за општество отворено за знаења, за нови технологии, идеи, мислења за успешно разбирање на состојбите, потребите, можностите и насоките за идните дејствувања и општествени предизвици.

Во услови на политички и економски кризи, стагнација во сите сегменти на општественото живеење, односно цели општества со недемократски политички системи во кои постои затвореност од аспект на протокот на информациите, размената на искуства и знаења, протокот на стоки и луѓе итн., интелигенцијата станува пасивен акцептор на политичките и социо-економските „етики“ и интереси кои ги доведоа до состојба на нивно раслојување и опасност од целосно исчезнување.

Интелектуалците, меѓу другото, се дефинираат и според нивната општествено – политичка улога и позиција во општеството. Оттука и прашањата за тоа дали интелектуалците имаат право и колку е тоа легитимно да партиципираат во политиката, дали таа партиципација е посредна или непосредна, што се случува кога ќе влезат во политиката итн.

---

концепција на дијалог и соработка меѓу различните култури и традиции за опстанокот на современата цивилизација. Руско – американскиот социолог и политички активист, Питирим Сорокин (Pitirim Alexandrovich Sorokin), заговара нова културна епоха, односно ера на креативност, алтруизам и натсвесно ниво на човечкиот живот, како основа за еден нов светски поредок и нов духовен живот (Ташева, 1999 : 358).

Интелектуалците се контроверзни, дури и парадоксални, околу практично – политичките проблеми во општеството. Тоа произлегува од би – димензионализмот на интелектуалците кој се согледува во нивното припаѓање на интелектуалното, автономно поле, со нивните автономни интереси како нивна примарност, од една страна, и нивната интервенција во политиката и сместување зад интересите на различни групи или класи, од друга страна (Pels,1999 : 92 – 93). Значи, постојат два типа на интелектуалци и тоа оние, кои ги легитимираат постоечките општества со нивните вредности и оние кои ги отфрлаат истите.

Интелигенцијата од првиот тип во современото општество е вклучена во политиката и политичките процеси до степен до кој политичката власт и „елита" можат да ги остварат своите политички интереси. Оттука и состојбата на интелектуалците, каде тие се претвораат во сервис на различни политички и економски интереси. Во таа насока и констатацијата на Дрејк, дека современите интелектуалци (Ж.П. Сартр, М. Фуко, П. Бурдие, А. Б. Леви и др.) немаат влијание на политичките текови, од причини што не дошло до значителни промени за кои тие се залагале (Drake, 2002 : 166).[126]

Интелигенцијата во политиката, односно политичките процеси е вклучена на тој начин што таа партиципира или соработува[127] во креирањето на политики и стратегии на политичките „елити" и политичките партии, на законодавната или пак извршната власт. Со тоа се изгубиле вистинското место, улога и значење на интелектуалците, со што се јавил „нов" тип на „интелектуалец" кој извршил сопствено „предавство"[128] (Жилиен Бенда) во современото општество. Оние интелектуалци кои соработувале добивале одредени привилегии од најразличен карактер, а оние интелектуаци кои не соработувале и

[126] Од една страна е „антиполитичкиот" став на Ж. Бодријар со кој се отфрла идејата дека политиката може да се употреби за промени во општеството, а од друга страна ставот на М.Фуко, Ф.Лиотар и Р. Рорти за тоа дека значајна промена во општеството е можна единствено со зајакнување на индивидуалната слобода во рамките на политиките на микро, односно локално ниво.

[127] Низ историјата и денес можат да се забележат бројни примери на кооперација и колаборација т.е. субмисивност (покорност) на интелектуалците со политичката власт и економските и политичките интереси.

[128]Жилиен Бенда, говори за предавството на интелектуалците, а Рејмонд Арон, во рамките на идеалистичкото сфаќање за интелектуалците ги смета за група која треба да настапува критички кон моќта и да преземе трезвени и одговорни акции (Garland, 2007). Во современото општество, интелектуалците дејствуваат во интерес на политичките власти и елити, со промовирање на популистички културни вредности, кои го заробуваат интелектуалниот капацитет и потенцијал, лишени од индивидуалните неолиберални права, слободи и други добра, со што се претвораат во образовани луѓе, без морални и културни одлики.

кои ја зборувале вистината во минатото и денес, биле отфрлувани, апсени, дискредитирани, дури и ликвидирани ширум целиот свет.

Што се однесува до автономноста на интелигенцијата, од интелектуалците се очекува со своите творечки капацитети и духовни дострели да ја играат примарната и алтернативна улога на апологети на вистинските вредности и интереси на општеството,[129] но и на опонент на секој облик на моќ. Нагледен пример за ова е ставот на Рејмонд Арон кој смета дека интелектуалецот, потребно е да биде т.н. „ангажиран набљудувач", односно „посветен опсервер", што упатува на тоа дека тој не треба да биде отуѓен од својот предмет на набљудување, односно да биде одвнатре ангажиран (Darendorf, 2008 : 66) и ставот на Лиотар кој смета дека интелектуалците треба да бидат чисти мислители, од типот на филозофите, кои не се ангажирани и кои треба да ја деконструираат суштината на политиката и неправдата од политичкото дејствување (Lyotard, 1993). Значи, можеме да констатираме дека ако сакаат да бидат интелектуалци во вистинска смисла на зборот, тие треба да го зачуват својот кредибилитет (искреност и точност), со држење до она што најдобро го знаат и умеат и далеку од нивно политичко дејствување, односно непосредно ангажирање.

За релацијата на интелигенцијата и политиката, значајно место имаат и концептите на идеологијата , утопијата и револуцијата.

Во однос на идеологијита, преовладува ставот дека дејствувањето на интелектуалците не може да се проучува посебно од идејната историја затоа што секоја идеолошка мисла се залага за промена на постоечкото општество со помош на идеите од минатото кои ја изразувале таа историска состојба и општествена констелација, но кои идеи станале илузорни и главни кочничари на развојот и напредокот на постоечкото општество (Manhajm, 1978 : XXXII).

[129] Тие се интегрирале во општествената структура на моќ низ процесот на институционализација, со што се доведува во прашање примарната улога на интелектуалците да бидат критички настроени и да се борат за правда и вистина во општеството. Немирите од мајските настани од 1968 година значително придонеле за подоцнежниот развој на постмодерната теорија. Постмодерните теоретичари биле вовлечени во политичките движења и се појавиле како реакција кон угнетувачките ефекти врз општествениот и личниот живот на капиталистичкиот систем, државата и идеологиите, како што се сексизмот, расизмот и хомофобијата. Во таа насока може да се каже дека постмодерната политика била поврзана за локалните микрополитики кои ги отфрлаат институционализираните форми на моќ.

**Идеологијата** е клучен фактор за реконструкција на општествената реалност и конституирање на општествената стварност во одредена епоха, со јасно изразени интереси, кои се истовремено „универзални“, „хумани“ или пак „општи“.

Во услови каде во современото општество, идеологијата низ сите нејзини облици е инертна, нестабилна и каде се говори дури и за нејзиниот крај, истата имплицира потенцијални промени на општествената стварност и реалност.

Промените на општествената стварност зависат од различни доктрини, идеологии и утопии. Во таа насока, неопходно е да го потенцираме непобитниот факт дека сите доктрини, идеологии[130], утопии, партии итн. во минатото и денес (традиционални партии, либерализам, демократија, национализам, фашизам, комунизам и др.) се дело на интелектуалците, кои своите идеи, ставови, мислења, убедувања, интереси итн. ги трансформирале во теории. Интелектуалците (писателите, филозофите, историчарите, новинарите и др.), во минатото и денес биле носители, како на прогресивни, така и на „мрачни“ идеи и проекти, со што вторите ја добиле улогата на субверзивен елемент на општеството (каде се прогласени за штетни и опасни),[131] не само во очите на пошироката јавност, туку и во очите или перцепцијата на тие со кои заедно дејствуваат и соработуваат, а тоа се политичарите.[132]

**Утопијата** пак, како историски концепт, се темели на визијата за иднината, со активен и критички став кон општеството, се со цел негово менување, а за кое притоа се мисли дека не е можно. Таа е свест на слоевите и класите, кои се борат за промена на општеството, со пореално и поостварливо дејствување во тој правец. Оттука и непостоење

[130] 19. век е век во кој се родени речиси сите големи европски идеологии, а во 20. век „интелектуалците“ учествувале во голем број идеолошки борби и револуции.

[131] *Не бил мал бројот на интелектуалци (научници, филозофи, писатели, уметници) во Европа, кои имале свои политички страсти, односно омрази меѓу расите, со свои места на „политички стражари“, национални страсти итн. (Данте Алигиери, Франческо Петрарка, Франсоаз Д`Обиње и др.) (Бенда, 1992 : 37).*Токму од тие причини, критичарите на модерната сметале дека интелектуализацијата на модерното општество предизвикала инструментализација на интелектот.

[132] Тоа произлегува од поделбата на општеството на две сфери и тоа сферата на идеите, која се поврзува со интелектуалците и сферата на општествената практика, која се поврзува со политиката. Интелектуалците и покрај тоа што, пред се, се творци или посредници од областа на културата, тие се идеолози, “водачи“ и пропагатори во различни општествено – политички системи, со што се во истата ситуација на политичарите, да бидат произведувачи или потрошувачи на идеологијата (Ory/Sininelli, 1986 : 10).

на граници, меѓу идеологијата и утопијата за кое говори и Карл Манхајм (Manhajm, 1978 : XXXIV).

Радикалните (утописки) интелектуалци (филозофи и идеолози) со својата утописко – фанатистичка карактеристика и со својата критичка функција, а во рамките на најразновидни движења, стратегии, собири, манифести итн., се залагале за радикални општествени промени. Тие во минатото и денес биле и се креатори на „кобни“ идеологии и „опасни“ митови, во интерес на водачите и режимите, односно на т.н. „лоша елита на власта“ (Kovac, 2009), кои предизвикаа несреќи и кобни судбини на човештвото (Sarcevic, 2015 : 289 – 290). Нивната општествено – интегративна функција е насочена кон оддржување на доминантната идеологија во општеството, како водич на тоа што и на кој начин да мислат луѓето и кон претворање на своето знаење во моќ и привилегија.

Во однос на **револуцијата,** главно се смета дека и покрај тоа што некои теоретичари (Р. Арон) го оспоруваат револуционерниот или субверзивниот потенцијал на интелектуалците, како и нивната независност, голем број интелектуалци учествувале во голем број на револуции, антифашистички, антиимперијалистички и антихегемонистички движења и борби за слобода и независност на граѓаните и интересите на работничката класа, но, (особено денес) и во фундаменталистички движења, агресивни револуции, идеологии („салонски вербалисти“, „агресивни говорници“, „застрашувачки фанатици“, и др., кои го афирмираат теророт, сејат смрт и уништуваат луѓе и светот воопшто), итн. (Sarcevic, 2015 : 296). Не бил мал и бројот на интелектуалци кои биле на страната на контрареволуциите. Нагледен пример за тоа се католичките филозофи или романтичарите (Де Местр, Боналд, Доносо Кортез и др.), како и значајни претставници на контрареволуционерната политичка филозофија во Германија, пред се, на државата од 19. век, каде се отфрлала револуцијата за сметка на афирмирањето на политичката власт и одлуките на таа власт, за сметка на слабеење на нивната легитимност.

Притоа се поставуваат прашањата како што се : Дали може улогата на експертите или интелектуалците да биде компромитирана од политиката односно од одредени партиски програми, дисциплини, кампањи или програми? Дали политичарите можат да бидат истовремено и интелектуалци? На кој начин интелектуалците да влијаат во сферата

на општествената практика, односно како да се ангажираат за промена на истата а при тоа да не ја загубат својата независнот, слобода, самостојност и автентичност?

Денес е тешко да се зачува професионалната автономија и економската независност на интелектуалците, од аспект на непристрасен и критички ангажман. Во современото општество, под влијание на разновидни сили и механизми (политички, економски, воени, административни, законодавни, неолибералните и мондијалистичките идеологии, позитивистичката концепција на науката итн.), не само што е загрозена интелектуалната слобода, туку и опстанокот и битието на интелектуалците. Денес има многубројни примери каде интелектуалци, во име универзалните човекови вредности, како што се вистината, слободата, еднаквоста, солидарноста, општествената правда итн., се инволвирани во политичките и општествените текови (Feng,  2005 : 6)., но и примери каде власта ги потиснува и ги претвора интелектуалците во нивни „слуги“, со што се доведува во прашање нивната опозиционата улога и функција, односно ги доведува во состојба, каде тие се претвораат во сервис на различни политички и економски интереси.[133]

Не помалку значајно е и прашањето за етиката на интелигенцијата. Оттука се истакнува потребата од етика на социјална одговорност на интелектуалците, која директно е во релација со можните алтернативи за предвидувања на последиците од нивните идеи. Затоа и актуелизирање на прашањето за  задачите на интелектуалците, а кои се однесуваат на афирмирањето на концептот тие да дејствуваат во области за кои се компетентни. Денес, како што смета Макс Вебер, како и во минатото, доминира етичката ирационалност, односно не можат да се предвидат последиците од претходно поставени цели, при што доаѓа до расчекор помеѓу првичните намери и вистинските резултати (Duric, 1964 : 36). Самите промени во политичката и економската сфера во современото општество, условуваат промена на карактерот на интелектуалците, односно значајна преобразба на интелектуалниот етос. Современите интелектуалци ги зголемиле своите

[133] Пјер Бурдие, смета дека интелектуалците се во служба на доминантната класа, со одржување на доминантните сили, од причини што не ги согледувале реалните општествени односи на моќта (Pels,  1999 : 30).

приходи, статус и моќ, но го изгубиле нивниот вистински карактер, односно способноста за критикување и трансформација на даденото општество.

Се чини денес од пресудно значење е критичката функција на интелигенцијата. Иако во минатото, не бил мал бројот на интелектуалци, кои ги критикувале одредени теории, идеологии и општествено – политички системи,[134] улогата на интелигенцијата, како критичар во општеството, се доведува во прашање, во современото општество, од причини што настанаа низа „демократски“ промени и особено промени во областа на јавната комуникација, која е сведена на минимум вредносни и идеолошки расправи. Наместо да бидат главни актери на промените во современото општество, интелектуалците се вклучени во процесите на општеството, над кои имаат се помала контрола и влијание. Непостоењето на критичко јавно мнение, пак, е во прилог на идеологијата на власта и стварноста, што се создава во општеството.

Не помалку значајно е и прашањето за односот на интелигенцијата кон хуманизмот. Во таа насока, од една страна се говори за постоењето на т.н. хуманистичка интелигенција која е критички настроена и ги поставува прашањата за општествените цели, како врвен приоритет, а од друга страна на појавата на антихуманисти, кои во историјата и во современото општество со нивниот однос кон стварноста, ја наметнувале сопствената, субјективна стварност како реално, односно објективно толкување на стварноста.[135]

---

[134] Во минатото, не бил мал бројот на интелектуалци, кои критикувале одредени теории, идеологии и општествено – политички системи, односно *на интелектуалци, на кои им биле туѓи политичките страсти или и да ги прифаќале имале критички однос кон нив (Тома Аквински, Роџер Бекон, Галилеј, Декарт, Паскал, Лајбниц, Кеплер, Њутон, Волтер, Монтескје, Русо, Шатобријан и др.) (Бенда, 1992 : 37).*

[135] Значи, некогашните интелектуалци говореле за слобода, моралност, мудрост, автономија, среќа итн., а модерните за структури, релации, функции, класи, установи итн., што претставува безличен технички речник, кој главно се употребува од безличните техничари, односно специјалисти (експерти), во безлични тоталитети во општеството.

Затоа, во современото општество се јавува потребата од практична и пред се објективна кооперација меѓу политиката и економијата од една страна и интелигенцијата од друга страна за сеопшт развој на човештвото и современата цивилизација воопшто.[136]

[136]Антонио Грамши, укажува на потребата интелектуалците во практичниот живот, да се претворат во вистински управувачи, односно да настане своевидна интеграција на специјалистите и политичарите (Грамши, 1978 :111).

### 3.6.Технократијата, бирократијата и интелигенцијата во современото општество

21 – от век ќе биде век на Титаните

**Ернст Јингер (Ernst Jinger)**

**Технократија,** која денес претставува, еден „нов“, современ облик на бирократија и **бирократијата** како „рационална“ и „ефикасна“ форма на организација, се од особено значење за улогата на интелигенцијата во современото општество. Нивната улога, место и функција, би требало да прозлезат од интензивниот напредок на современите производни процеси и сили, како и од потребата да се управуваат, регулираат и координираат, комплексните состојби и процеси во општеството.

Но и покрај навидум примарната и неприкосновена улога и значење на технократијата и бирократијата за решавање на проблемите во современото општество, главно денес тие се под силно влијание на политиката и економијата, во интерес на политичките и економските владејачки структури и „елити“ и се пречка и „кочница“, за развојот и нормалното функционирање на интелигенцијата. Интелигенцијата е бирократизирана и асимилирана од политичките, односно економските власти, со загрозување на нивната примарна улога за авангарда, напредок, независно и слободоумно дејствување и општествена акција и влијание во сите сегменти на современото општество.

Така денес, се чини технократијата е еден вид на т.н. утописка бирократија, пред се поради својата, „месијанска“ и идеалистичка улога, која ветува дека ќе направи се и сешто. Тоа е резултат на доминирачкиот тренд на отфрлање на хуманистичкото знаење и афирмирање на техничкото знаење .

Технологијата е примарна и доминантна сила која влијае врз целокупниот општествен „развој“ и која создава материјална вредност, како и технократски и бирократски поредок. Имено, денес технократијата, се води од принципите на технократскиот „либерализам “, зад кој параван се кријат идеологијата и интересите на нехуманиот, корпоративен капитализам. Така денес, потрошувачката, односно технолошката култура, создаде еден драматичен и несогледлив поларитет меѓу културата,

како непосредно творештво и креација и културата на пасивно трошење и консумирање од страна на широките маси во голем број.

Технократијата е значајна во прв ред од аспект на појавата и развојот на техничките кадри со специфични знаења, вештини и кфалификации. Продорот на технологијата во производството го зголемил значењето на техничките кадри, односно интелектуалците со технички знаења и вештини. Со индустрискиот развој и рационализацијата во општеството, од почетокот на 20. век, се јавува и доминацијата на технократската интелигенција, односно голем број на не – мануелни работници. Научно – техничката револуција, напредната индустријализација и урбанизација на општеството, доведуваат до голем број на квалификации, со се повисоко образование и специјализации, кои пак предизвикуваат значајни промени на класната и социопрофесионалната структура на општеството. Во таа насока, потребно е да се истакне дека не постои сегмент во општеството од минатото до денес кој не се интересира за специфично знаење.

Врз промената на местото, улогата и значењето на интелигенцијата влијае и бирократијата. Бирократската хипероганизација на општествениот живот во минатото и денес, условила промена на положбата на интелектуалците во општеството, со што тие се изедначиле со положбата на пролетаријатот, каде се ставени во состојба да прифаќаат диктати од работодавачите, кои имаат монополска позиција, но и да влегуваат во конфликти со работниците.

Но, денес се очекува „пад на бирократијата“ и борба против бирократизмот, како клучна задача за прогресивна преобразба на општествата. Тоа го има констатирано Ралф Дарендорф, кој смета дека бирократијата е „услужна класа“ (service class), односно квази – група, која работи во интерес на секоја група на власт и ги извршува нејзините интереси[137] (Mrksic, 1987 : 48).

Една од појавите на современото општество е  и феноменот на т.н. „технофобија“, односно песимистички поглед дека технологијата ќе донесе зголемена невработеност, нерамномерна распределба на богатството, колонизација на светот и хомогенизација на

[137] За инфериорната улога на бирократијата, говори и Р. Арон, кој смета дека бирократите се со инфериорни квалификации и спаѓаат во категоријата на т.н. препишувачи (scribes) (Raymond,2009). За хрватскиот филозоф, Милан Кангрга (Milan Kangrga), интелектуалците се наемни работници, а нивен работодавач е бирократијата (Curcic, 2012 : 5).

културата (Ciric i Kovacevic, 2008 : 88). Таков став зазема Г.Фридман (G. Friedmann), за кого доминацијата на научно – техничките откритија создала „техничка средина“, која ја заменила „природната средина “ на човекот и која е трансхумана, односна рамнодушна[138] на човекот ( Supek, Rudi 1971 : 59 – 60 ).

Затоа од суштински аспект се поставуваат и прашањата за односот на технократијата и технократите со интелигенцијата, од една страна, и односот на бирократијата и бирократите со интелигенцијата во современото општество, од друга страна.

Што се однесува до првиот однос, особено значајно е прашањето за тоа дали технократите се интелектуалци, односно интелектуалците, технократи. Во таа насока може да се каже дека техничката интелигенција има „сервисен дух“, односно се грижи само за квалитетно сервисирање на задачите, кои се зададени од страна на нарачателите, а не и за одговорноста за последиците од извршување на тие задачи (Supek, 1971 : 23). Значи, таа „интелигенција“ и тие „интелектуалци“ се соочиле со неможноста на решавање на проблемите од општ интерес на едно општество, од својот тесно специјализиран аспект и интерес. Оттука и верувањето и критиката на голем број теоретичари и критичари, кои сметаат дека ваквиот начин на организирано владеење (на малцинството), го тривијализира концептот за интелигенција и го доведува во прашање нејзиното постоење, како и развојот на демократијата и демократските процеси.

Од друга страна, бирократијата на ист начин ја асимилира интелигенцијата со што таа ги губи основните атрибути на вистинска интелигенција, како што се независноста, критиката, слободата итн. Бирократијата се држи за владејачката идеологија, иако како и технократијата, настојува да ја потисне идеологијата со стручно знаење.[139] Бирократите не можат да ги задоволат критериумите на вистински интелектуалци, со оглед на природата на системот на бирократијата која е феномен кој

[138] Таа рамнодушност, се чини, произлегува токму од апсолутизацијата на научно – техничкото знаење, кое во современото глобално општество не води сметка за онтолошкото знаење, кое е од суштинско значење за карактерот на предметите и вредностите на животот.

[139] Според Конрад Ѓерѓ, „политичката бирократија и технократија, ги обединуваат интересите на интелигенцијата, со што бирократијата се држи за владејачката идеологија, додека технократијата, настојува да ја потисне идеологијата со стручно знаење“ (Конрад, 1992 : 98).

потекнува од политиката, со оглед на нејзината определба како пред се политичка организација, а не организација со поширок, јавен и демократски карактер.

Технократијата и бирократијата значително влијаат и на развојот на демократијата и демократските процеси во современото општество. Современите општества длабоко се навлезени во процесот на т.н. „хипердемократизација“, која доведе до пад на демократијата, која е се поразновидна и посложена. Токму тој пад на демократијата прозлегува од новите потреби на општеството изразени низ институциите кои не можат да одговорат на тие потреби.

Значи, технократите „интелектуалци“ ја загрозиле демократијата и создале еден вид елитизам, една состојба на тиранијата над мнозинството, односно народот. Тие се претвориле во продолжена рака на политиката и економијата, осносно на политичките и економски елити и власти. Со тоа во криза се технократите и бирократите, кои мора да одговорат на тие предизвици, во спротивно ќе исчезнат и тие.

Современиот свет е во предизвик дали да им верува на технократите или на популистите, затоа што тие се во длабока конфротација кој да доминира. Првите се со стратешка определба да ја ограничат демократијата со либерализам, а вторите да го ограничат либерализмот со демократијата.

## 3.7.Медиумите за масовна комуникација и интелигенцијата во современото општество

Во вистински испревртениот свет,
вистината станува момент на лага.
**Ги Дебор**

Медиумите за масовна комуникација играат доминантна улога и имаат клучно влијание на интелигенцијата, во современото глобално општество. Денес, како што истакнал Маршал Маклуан, сме сведоци на претворање на светот во медиумско глобално или светско село или свет на експлозија на информации и вмрежување на глобусот, низ процесот на глобализацијата и културниот империјализам.

Во услови на информативен бум, со пласирање на необјективни и невистинити информации и креирање на јавното мислење, под силно политичко влијание на владејачките власти, медиумите за масовна комуникација во современото општество, се чини, ја губат својата главна функција во општеството и влијаат негативно во сите сегменти на општественото живеење и на интелигенцијата.[140]

Денес, кога релациите помеѓу политиката и мас – медиумите се се посилни, се чини дека една од главните задачи на медиумите станува обликувањето на јавното мислење во насока на нагласување на „вредностите“ на владејачките структури, со што тие стануваат многу значајна идеолошка и културна сила, која тежнее да го одреди доминантниот систем на вредности.

Односот помеѓу интелигенцијата и медиумите произлегува од фактот што интелигенцијата е „идеален тоталитет на општеството“, кој има потреба непосредно да комуницира со општеството преку средствата за масовна комуникација (Supek, 1971 : 75). Едно од поважните барања на интелектуалците, во модерниот и современиот свет, било барањето за слободата и изразување на мислата со посредство на мас – медиумите. Но, со

[140] Во епохата на т.н. феномен на „раскол“ и постмодерното релативизирање на вистината, според Лиотар наместо дијалог, постои реториката како вештина на комуницирање која не тежнее кон вистината, туку ги потврдува комуникациските вештини и моќта на политиката и економијата како и различни консенсуални погледи на свет. Овој начин на функционирање на постмодерните медиуми го диктира пред се технологијата и капитализмот односно постиндустриската ера на забавата (Lyotard,1979).

посредство на мас – медиумите, интелектуалната акција се насочува од полето на творечкото, духовното и критичкото мислење, кон полето на политичката акција, со што доаѓа до компромитација на симболичниот, интелектуален капитал на интелектуалците во современото општество.

Медиумите денес во голем број земји во светот се под силно влијание на политичките и економските фактори, кои ги ставаат под контрола и нивен групен интерес. Живееме во време кога се монополизира сферата на информациите и медиумите во интерес на елитните и групните интереси (етнички, расни, политички, економски итн.) за сметка на личните интереси и интересите на помалите интересни групи. Тие се монополизирани и заробени од две значајни сили и тоа: политичарите и „либералните“ корпоративни технократи, кои или автономно или заедно, медиумите ги ставиле во нивен заеднички интерес.[141]

Од особено значење се и прашањата за тоа дали новинарите се интелектуалци, и доколку се, за каков вид на интелектуалци станува збор (јавни, професионални, продуктивни, репродуктивни итн.)?

Денес преовладува ставот дека во најширокиот круг на интелектуалци влегуваат новинарите, како луѓе кои ја имаат улогата на пренесувачи на вредностите и знаењата, од тесните кругови кон јавноста (Raymond, 2009 : 206).

Во современото општество се појавуваат т.н. celebrity интелектуалци, во т.н. celebrity култура, каде границата меѓу медиумите и интелектуалците како воопшто и да не постои, при што се зборува за замена на интелектуалците со медиумските личности.[142] Интелектуалците се присутни во медиумскиот простор низ емисии, печатени медиуми, како и со помош на интернетот и други алтернативни извори на информации (интернет гласила, социјални мрежи и блогови), со што се создаде нов тип на интелектуалец, односно т.н. медиумски интелектуалец, кој е медиумска ѕвезда, која се појавува на мас – медиумите, особено на телевизијата, со што се создава феноменот на т.н. естрадно знаење.

[141] На пример, во Франција левичарите, ги ставиле под контрола голем број медиуми како што е Le Monde.

[142] Оттука и појавата на т.н. „професионални интелектуалци„ (Анри Леви, Гликсман и др.), за кои интелектуалното занимање и политичко влијание е нивно доминантно занимање (Drake, 2002: 162).

Тоа, како што ќе констатира Луис Козер (Lewis A. Coser), е нов тип на интелектуалец, односно т.н. „славен интелектуалец“, кој се обраќа на полуобразовната масовна публика, на која не и треба експертско знаење и која нема сеопшт, културен стандард (Coser, 2006 : 249).[143]

Исто така, не е за занемарување и фактот за релацијата меѓу технологијата и медиумите. Комуникациската технологија го преобликува општеството, знаењето и пред се реалноста (особено интернетот, каде се отвораат нови интелектуални работни места како што се: Новата истрага, Јакоби и др., како и ревитализирање на нови, како што се, Несогласување, Бафлер и др.), без навлегување во квалитетот и последиците од тој процес. Тие, низ начините на хипервизибилност и контролата, на „социјалните“ мрежи, создаваат состојба на информациско „преоптеретување“ (overloud) и мултимедијалност,[144] односно хендикеп на човекот да од огромниот број на фрагментирани информации го оформи потребното и соодветното знаење. Во современото општество, посебно се истакнува влијанието на технологијата (како инструмент на политиката а не автономен субјект), врз медиумите и информациите, кое влијание создава фантомска претстава на реалноста.[145]

---

143 Станува збор за застапеноста на голем број мемоаристи, историчари, социолози, економисти, политолози, филозофи итн., во мас-медиумите, кои се со ниски журналистички стандарди и привремен авторитет (Letica, 1989 : 143). Славни интелектуалци пишуваат за т.н. „славни“ списанија, како што се Vogue, Плејбој и др., но нивната слава е краткотрајна.

144 Мултимедијалноста за која особено говори Ж. Дерида претставува спој од виртуелни и интерактивни медиуми со што го релативизира и самиот концепт за медиумите. Во таа насока во современото постмодерно општество е се она што се нарекува посредничка комуникација во која огромно влијание има современата технологија.

145 Постмодернистите го доведуваат во прашање концептот на структурализмот за социјалните знаци, односно дека знакот и означеното имаат еднаква вредност. Тие се загрижени дека потрагата по универзални закони ја доведуваат во прашање значајноста на општествената теорија и смеатаат дека знакот и означеното не се со еднаква вредност. Според нив, разликите ги демаскираат маргинализираните односи со исклучување. Така, Жак Дерида го деконструира единството на знаци со цел да се нагласи хиерархијата на истите и да се реализира длабок увид во смислата и карактерот на социјалните знаци. Мишел Фуко, пак укажува на тоа како социјалните практики и институции влијаат на прекинување на единството на „очигледно даденото“ под влијание на моќта која функционира во рамките на општествените системи. Ж. Бодријар (1983) говори за „смртта“ на субјектот со мас-медиумите, каде субјектот повеќе не е актер, туку еден вид на терминал на повеќе мрежи. Бодријар, Лиотар, Харвеј и др., тврделе дека технологиите како што се сметачите и медиумите, новите форми на знаење и промените во општествено – економскиот систем, создаваат постмодерна општествена формација.Лиотар говори за феноменот на раскол со кој се подразбира мноштво од комуникациски форми и активности, но без ниаков заеднички именител како што е вистината.

Тоа влијание доведува до состојба на дематеријализација на комуникацијата и девалвација на физичкиот простор, односно состојба на виртуализација,[146] која го дехуманизира медиумскиот простор, со инструментализација на човекот (манипулација со личните податоци особено на интернетот, отфрлање на границата меѓу јавното и приватното итн.). Така, овие, јавни интелектуалци, низ т.н. TED разговори, кои се одвиваат вирално, се инволвирани во разновидни конференции, состаноци, дебати, фестивали на идеи, забави итн.

Моќта на мас – медиумите влијае и на ограничените капацитети на интелектуалците како и на влевањето на сомнеж од страна на јавноста кон нив (Misztal, 2007: 36). Тоа, пред се, произлегува од создавањето на т.н. „метаслики“, кои ги создаваат медиумите и кои се од манипулативна природа. Оттука и загрозеноста на јавните интелектуалци (Bettenco, 2009: 115) и пад и смрт на интелектуалците воопшто (Collini, 2006 : 451).

[146] Постмодерните теоретичари го нагласуваат значењето на визуелните медиуми за културата и идентитетот кои се дефинираат единствено во однос на медиумските слики а не од реалноста во рамките на општествените односи.

### 3.8. Демократијата и интелигенцијата во современото општество

Или вистина или лажен живот:
Пат кон духовна независност или
кон духовно ропство
**Александар Солженицин**

Во современото општество главно се поставуваат следниве прашања за демократијата и нејзиниот однос со интелигенцијата и тоа: Дали развојот на „демократијата“ ја потврдува тезата за универзализација на либералната демократија или тоа сепак е нејзина радикализација која резултира со нејзина криза? Дали е можна демократија без интелектуалците? Дали постои демократизација на интелигенцијата? итн.

Главно, востановен став е дека интелектуалците денес се централни демократски актери, кои играат клучна улога во развојот на демократијата.[147] Од друга страна, општествата со ниско ниво на демократија, се одликуваат со интелектуалци кои се стручњаци во својата област, без посебна мисија во општеството.

Но, современото општество е т.н. пост – цивилно општество, кое подразбира и примена и прагматично остварување на т.н. супстанцијална демократија, односно консенсуален тип на демократија (consociational democracy), на „организираното малцинство“, која се согледува во дејствувањето на разновидни квази организации и крајно сомнителни интересни групи, кои пак ги узурпираат моралните права на поединците.[148] Во врска со ова Бенда ќе констатира дека денешното општество се карактеризира со предполитичка, „полудива демократија“, во која доминираат дневната

---

[147] Карл Манхајм се залага за општествено отворена интелигенција, која е можна само во услови на широк процес на демократизација на општествениот живот, при што нејзината положба во општеството нема да се одреди на институционален начин и каде мислата на владејачкиот слој нема да има монополска положба (Manheim, XXXVI i XXXVII).

[148] За теоретичарите на општествената диференцијација, граѓанското содружништво е факт дека општеството како тоталитет е неможен субјект, што би значело или реално губење на општествената заедница како тоталитет или плуралност на различни форми на општествена заемност (Трајковски, 1997:203).
Исто така и постмодернистите сметаат дека разградувањето на општеството, диференцијацијата и „расчинувањето“ на симболичката рамка ја оспоруваат можноста од создавање на општа или општествена заедница (Исто:204).

политика и интересите на етничките заедници и каде духот на луѓето и времето се подредени на политичката (расна, класна или националистичка страст и идеологија), а Маркус ќе додаде дека крајот на 20 – от век и почетокот на 21 – от век го одбележува т.н. „охлократија " или „либерална демократија", која го надживеала и фашизмот и комунизмот (Markus, 1999 : 546).

Со демократизација на општествата, доаѓа до појава на интелигенција со карактеристики кои се под силно влијание на демократскиот и бирократскиот систем, кој ги создал главните проблеми во општеството, како што се невработеноста, дисиденството, конкуренцијата, синдикалната „заштита", дисиденството итн.[149] (Uzelac, 2003 : 3).

Промената на концептите и практиката за демократијата влијаат и на промената на профилирањето на нови типови на интелигенција. Денес, од страна на разни теории за демократијата, се оспорува идејата за „општото добро", пред се, од фактот за постоење на културно разновидни и економски диференцирани општества и разновидни интерпретации на општото добро.[150] Тоа значи и промена на нов тип на интелектуалци, кои дејствуваат во истото општество, кое нив ги условува во однос на нивното профилирање и акција.

Граѓанското содружништво, би требало да е значаен фактор за општеството, затоа што тоа е збир од голем број на акумулирани интереси и цели за остварувања на истите, на голем број актери и субјекти, а со тоа и интелигенцијата. Но, во современото општество, граѓанското содружништво, како и сите претходно наведени сегменти во општеството, се под силно влијание на политичките и економските фактори.[151]

[149] Преценувањето на слободата на интелектуалците, секогаш ги води нив во состојба на соучество со силите, против кои се или би требало да бидат, со што се доведуваат во прашање демократските перформанси. Според Урлих Бек, на прашањето што работат интелектуалците, потребно е да се одговори дека тие престанале да мислат (Beck, 2000 : 288).

[150] Постмодернистите и теоретичари на диференцијацијата на општеството (Е.Лаклау, Ш. Моуфе и др.) го истакнуваат концептот на т.н. „радикална демократија" кој се состои од афирмирање на различните субјекти и идентитески форми во општеството кои влеваат недоверба кон можноста за напредок на граѓанското општество низ демократските практики и процеси.

[151] Теоретичарите на општествената диференцијација сметаат дека оценката за недемократичност на дадена држава или режим е заклучок за слабост или отсуство на граѓанското содружништво. Граѓанското содружништво се поима како функција на економијата и државата, а не како автономна појава. Така, Д.Бел, С.М. Липсет, А. Корбонски и др., сметаат дека во општествата во транзиција, особено после распадот на

Оттука потребата и очекувањата[152] од страна на јавноста дека интелигенцијата би требало, како значајна компонента во граѓанското содружништво, низ различните форми на содружништво да го отвори патот за подобар развој и напредок на современото општество.

Како посебен слој на модерното капиталистичко општество, интелектуалците се карактеризираат со индивидуализам, кој е проследен со значаен степен на недостаток на „дисциплина" и организираност. Така, Даниел Бела ја застапува тезата за „крајот на интелигенцијата", како разочарување на интелектуалците во однос на старите идеологии (Supek, 1971 : 55).

Денес, се поставува и прашањето дали интелектуалците се клучен двигател на општествените промени и дали идејата за тоа е конзервативна или еманципаторска и реформистичка, односно консолидирана.

Современите интелектуалци, сметаат дека масовните движења и протести можат да придонесат за промената на современото општество. Таа улога во втората половина на 20 – от век, ја играле т.н. „харизматични интелектуалци", кои биле активни насочувачи на општествените движења и граѓанското општество (Rizman, 2014 : 9). Интелектуалците би требало да ги артикулираат интересите на одредени групи во општеството и во интерес на пошироката јавност,[153] каде г*рижата за проблемите на граѓанството ќе биде највисок дострел.* Така, интелектуалците во минатото и денес се иницијатори на голем број „демократски движења", манифести и алтерглобални движења, како што се еколошките, антивоените, мировните и др.[154]

---

социјалистичкиот систем, државата е се, а граѓанското содружништво ништо или примитивно (Трајковски, 1997:207).

[152] Оттука, Milan Uzelac, го поставува прашањето, дали постојат интелектуалците во свет во кој секој „демократ", се прогласува за „невладин човек" и е повикан да донесува судови и за она за што, ништо не знае (Uzelac, 2003 : 8).Тоа е таа т.н. „ мека " мисија, во современото општество, каде се нагласени индивидуалните способности и особености на интелектуалците, но без некоја ефикасна рационалност.

[153] Интелектуалците креираат моќ, со која според Мишел Фуко, настанува доминација во интерес на доминираните (Bauman, 1989: 19-20). Како претставници на интелектуалците, кои биле на страната на експлоатираните, се наведуваат англискиот филозоф, правник, автор и ренесансен хуманист, Томас Мор (Thomas More), италијанскиот филозоф, поет, теолог и астролог, Томасо Кампанела (Tommaso Campanella) и др.

[154] По Втората Светска Војна во Женева, во 50 –те година на 20 – от век во Стокхолм, кон крајот на 50 – те и почетокот на 60 – те години на 20 – от век и др., интелектуалците со различни убедувања се состанале на заеднички средби со заедничка цел која се однесувала на зачувувањето на општите, хуманистички системи

Од големо значење за интелигенцијата е усвојувањето на меритократските начела и вредности во општеството. Меритократијата во современото општество е пресудна за развојот и прогресот на општеството и демократијата, воопшто. Тоа произлегува од фактот што секое општество и култура имаат неопходни потреби од знаења, одлучност, креативност и професионалност, во сите сегменти на општественото живеење.

Но, праксата покажува дека денес меритократијата е идеал дури и утопија, како последица на недемократските процеси, кои се карактеризираат со владеење на моќта, пред се на политиката и економијата кои предизвикуваат состојба на апатија, напуштање на моралните вредности и норми, глорификација на материјалните наспроти духовните и креативни врености и афирмација на заслугите врз основа на примената на сила и нанесување на неправди. Токму од тие причини и покрај огромното значење на меритократијата за нормалното функционирање на интелигенцијата, таа се наоѓа во исклучително неповолна состојба во однос на нивното место, улога и значење. Затоа и оценките на многумина дека е доведена во прашање самата егзистенција на меритократијата и меритократските начела и вредности, дека настанал пад на меритократијата, но и дека таа е своевиден мит и идеолошка конструкција, која заедно со социјалниот капитал создаваат нееднаквост во општеството.

Денес, се говори за потребата од концептот за т.н. акциона компетентност, во различни области на општествениот и професионалниот живот, каде активната партиципација, способноста за критичко расудување, автономноста, одговорноста итн. на интелигенцијата, се сметаат како клучни услови за следење, управување и решавање на проблемите. Во таа насока уште Сен Симон, се залагал за општество во кое луѓето со највисоки интелектуални капацитети треба да го организираат и водат општеството кон свесно поставени насоки (Ташева, 1999 : 183).

Притоа се поставува и прашањето за тоа дали денес во современото, постмодерно општество, може да се постигне доволен степен на демократизација, во услови на појавата на т.н. „нетократија“ (netocracy), односно демократија во рамките на која, граѓаните учествуваат во одлуките со помош на сметачите, односно сметачките мрежи.

---

на вредности, тенденциите за намалување на напнатоста во општеството од најразновиден облик и зачувување на мирот како највисока вредност на човештвото воопшто.

Токму, демократизацијата денес, под влијание на глобализацискиот процес и неолиберализмот и корпоратизам, во голема мера ќе зависи од исходот од очигледниот пад на демократските институционални капацитети на современата демократија во кои се конфротираат за својата превласт и монопол две идеологии и тоа, идеологијата на популистите и на технократите - интелектуалци.

# 4. ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА ВО ЕРАТА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ПОСТМОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО

Се наоѓаме во апсурдна ситуација,
Имаме причина да бидеме
исплашени, но не е добра идејата
денес да се биде исплашен.
**Албер Ками**

Иако концептот на глобализацијата е стар колку што е стара човековата култура и цивилизација, тој почнал да се употребува на почетокот на т.н. глобална епоха, односно во периодот на последните децении на 20 – от век и почетокот на 21 – от век.[155]

Контрадикторниот и сложен процес на глобализација вклучува заемно спротивставени тенденции – тенденција на ширење на главните одредници на západната цивилизација ширум светот, и истовремено, тенденција на јакнење на одредени локални карактеристики на одделните општества,[156] односно, истовремено се залага за интеграција на локализмот и регионализмот со голем степен на различност, за хомогенизација и фрагментација во економската, културната и политичката сфера. Затоа, може да се каже, дека таа дихотомија од хомогенизација и хетерогенизација води кон градење на концептот за хибридизација на културата, до култура на конформизам и персонализам.

Востановен став е дека на глобализацијата и постмодерната треба да се гледа како на феномени кои ги промовираат културната, политичката и економската разновидност на животни стилови, интереси и можности, вредности и комуникации и размена на искуства, знаења и стоки со целиот свет.

[155] Глобализацијата почнала да се развива од најстарите човекови групи, преку архаичните империи, па се до денешното, глобално општество.

[156] Според Ентони Гиденс сложеноста на глобализацијата го променила современиот свет до таа мера, што не знаеме каде не води таа промена.

Глобализацијата, како процес врши детериторијализација и ретериторијализација на општествено – економскиот, политичкиот и културниот простор, може да се перципира како економска или политичка идеологија и стратегија која нема унифицирана културна политика и вредносен систем и која е во интерес на развиените земји и демократии во светот (Kaludjerovic, 2009 : 139).

Глобализацијата, главно се поврзува со следниве определби за неа и тоа:

1. Широка интеграција на пазарот, државата – нација и технологијата;
2. Раст на супратериторијални односи меѓу народите;
3. Реколонијализација во нови рамки;
4. Глобална меѓузависност и свесност за глобалната целина;
5. Географско ограничување на социјалните и културните збиднувања;
6. Воспоставување на општествени односи кои ги поврзуваат локалното со глобалното; и
7. Трансформација на просторната организација на општествените релации и работи како и трансконтинентални текови и мрежи на активности, взаемни делувања и моќ (Исто, 140 – 141).

Дискурсот за интелектуалците, особено во 80 – те и 90 – те години на 20 – от век, е дискурс на глобалниот плурализам, на примената на знаења, идеи, верувања, мислења од страна на интелектуалците. Но денес, глобализацијата и постмодерната врз интелигенцијата остварува негативно влијание, пред се поради фактот што денешниот свет се наоѓа во голема криза поради нарушените „демократски“ процеси, кои доведуваат до губење на идентитетот и автентичноста на голем број култури, особено мали нации и неразвиени држави како дел од глобалниот мозаик.

Во таа насока, интелигенцијата ќе ја проучиме во контекст на политичката, економската и културната глобализација, како процеси кои се под силно влијание на корпоративниот неолиберализам, економскиот, културниот и политичкиот империјализам, постмодернизмот итн.

### 4.1.Аспекти на интелигенцијата во контекст на политичката глобализација

Ќе ги омасовиме за да ги уништиме

**Ј.В. Сталин**

Глобализацијата е и политичка појава (освен културна и економска). Процесите на глобализација имаат политички цели уште од старите империи, па се до колонијализмот, како нејзин прв индустриски и капиталистички бран.[157] Очигледен знак за тоа е јакнењето на глобалната свест (особено нагласено во периодот од 60-те до 90 – те години на 20 – от век) манифестирано преку значителниот раст на глобалните политички движења и институции.

Главно, овој идеолошки проект се јавил во следниве два облици:

1. Глобализација „одоздоле“ (разновидни антиглобализациски движења, особено со левичарска идеологија); и
2. Глобализација „одозгоре“ (како иницијатори се сметаат транснационалните структури или силни држави како САД или т.н. „светска влада“) (Kaluđerović, 2008).

Што се однесува до односот меѓу глобализацијата и интелигенцијата, востановен е ставот дека радикалните општествени промени при крајот на 20 – от век и почетокот на 21 – от век, упатуваат на нови аспекти на природата на интелигенцијата и нејзиното место, улога и значење во современото општество. Во услови на појавата на т.н. идеологија на планетарна контрола, односно на постполитичкото општество, покрај промената на значењето на останатите сегменти во општеството, се менува и значењето на концептот на интелигенцијата.

Иинтелектуалците на т.н. „доцна модерна“, или постмодерната, се вклучуваат во низа социјални и културни движења, кои според својот карактер не се радикални (револуционерни) туку во интерес на вредностите на граѓанското општество, водени од

[157] По Втората Светска Војна процесот на глобализација доживува своевидна ренесанса.

дијалектиката на глобалното/партикуларното (Bourdieu, 1992 : 471). Во современото општество се јавува т.н. „мисионерска интелигенција“, која е групација од мисионери, главно, технократи и популисти на меѓународната заедница, кои ги пренесуваат своите неолиберални „вредности“ во други, пред се, неразвиени општества и култури. Оттука и светски познатиот борец за човекови права, Нелсон Мандела (Nelson Mandela), ќе констатира дека „глобализацијата најчесто значи дека богатите и моќните сега имаат нови начини за тоа како уште повеќе да се збогатат за сметка на сиромашните и слабите“. (Kaludjerovic, 2009 : 139) [158]

Радикалните општествени промени во светот, особено по 80 - те години на 20 - от век, кога со процесот на глобализација настанала посложена меѓународна поделба на трудот, го доведоа во опасност опстанокот на многу традиции и традиционални вредности. Тоа произлегува во прв ред од развојот на меѓународната трговија и глобалната мрежа на финансиските пазари, порастот на моќта на транснационалните компании, информатичката револуција, како и комуникациската технологија и глобалната културна индустрија. Сето ова интелигенцијата ја става пред нов предизвик, претставува повик таа да одговори на предизвиците на глобалниот современ свет. Оттука, и повторното будење на левицата и повторното незадоволство од постојниот современ свет.[159]

[158] Малите држави, процесот на глобализација го доживуваат како супституција на поранешниот колонијализам, но на еден пософистициран начин.

[159] Поради ова интелектуалците имаат одговорност да се „бунат“ во името на универзалната „слобода“, во спротивно ќе се борат за својот опстанок и егзистенција.

## 4.2. Аспекти на интелигенцијата во контекст на културната глобализација и постмодерните текови

Што се случува токму сега?
Што ни се случува нам?
Што е овој свет, овој период,
Токму овој момент во кој
живееме?
**Мишел Фуко**

За глобализацијата може да се каже дека е производ и манифестација на културата, со нагласена вклученост на интелигенцијата преку активности со глобално општествен карактер и значење. Во таа насока Зигмунд Бауман укажува на истовремено ангажирање на интелектуалците на глобалните прашања за вистината, просудувањето и вкусот. (Bauman, 1989 : 2). Според него тие се законодавци и толкувачи. Првите, имаат знаење кое го легитимира нивното просудување за работите од општ интерес, а вторите се толкувачи на сознанијата и мислењата во една заедница и се преведувачи на знаењата од еден систем на знаење или традиција на друг.[160] Нивната дејност, како што ќе истакне Бурдие, бара заемно интернационално поврзување, создавање на глобална заедница на интелектуалци дефинирана од самите нив и која ги вклучува нивните специфичности. Глобалните интелектуалци се застапени во глобалниот јавен простор преку онлајн реномирани весници и списанија, пред се, на англиски јазик, со што допираат до широката јавност. Тие играат голема улога во процесот на релативизирање на европската култура, зашто мислата и сознанието повеќе не се повеќе автономни и не се развиваат по некои иманентни закони, туку според општествените состојби и односи.[161]

Меѓу главните улоги на интелектуалците, се вбројува и создавањето на интернационален интелектуален модел, каде помалку креативните и репродуктивните

[160] Австрискиот либерален економист и политички филозоф, Фридрих Хајек (Fridrih Hajek) говори за т.н. професионални, secondhand dealers , односно интелектуалци кои ги преработуваат, толкуваат идеите, кои се вкоренети во секојдневните интерпретативни обрасци (Losoncz, 2014).

[161] Пример за глобално ангажирани интелектуалци се Едвард Саид, Славој Жижек, Ж.П. Сартр, Џудит Батлер, Корнел Вест и др.

интелектуалци, ги следат и се однесуваат како создавачите на елитната култура (Letica, 1989 : 41).[162] Со тоа тие ја добиваат улогата на носители на вистината која е релативизирана и медијатори помеѓу културата и традицијата (Bauman, 1989: 4).

Културниот аспект на глобализацијата го согледуваме низ нејзиниот хетероген и противречен тоталитет. Токму тоа е и причината светските мислители или интелектуалци да се поделат на две категории на „непријателства или опозиции“ и тоа:

1. Помеѓу различни геополитички ентитети, кои основата на разликување ја имаат во културата; и
2. Елитите, кои се со привилегирана економска и социо – политичка моќ во однос на другите групи, посебно на маргинализираните групи (Pudar i Pavlovic, 2017 : 337).

Глобализацијата е и „момент на вистините“ на постмодерното време (Dzejmson, 1995 : 75). Постмодерната упатува на радикален релативизам со субјективизирање на вистината, со еднаква достапност до вистината, без разлика дали таа по својот карактер е апсолутна или релативна, целосна или делумна. Наспроти парадигмата на апсолутот, доминантна во раната модерна, во постмодерната е важечка парадигмата на субјектот. Постмодерната создала низа од релативни процедури, пракси, стратегии, знаења и модели на поредоци. Постмодернистите сметаат дека вистината е општествено изградена, дека е резултат на човековата креација, имагинација и културата, воопшто, дека знаењето се легитимира и валоризира со акцентирање на посебните традиции, односно култури. Но, на овој „хиперрелативизам“,[163] може да му се забележи дека има недостаток на способност за разликување на важното од неважното, како и целосна неодговорност и безгрижност за практичната вистина за нас и се околу нас (Veljak, 2012 : 450). Таа состојба З. Бауман ја нарекува „постмодерна безкореност“. Во таа насока и тврдењето на Жак Бодријар, за постмодерната состојба на хипереалност, каде симулацијата ја заменува реалноста.[164]

---

[162] Списанието British Prospect во 2013, 2014 и 2015 година, прогласила 20 - на интелектуалци за „светски мислители“. Меѓу нив се вбројуваат, Јирген Хабермас, Славој Жижек и др. (Pudar i Pavlovic, 2017 : 336).

[163] Ова е спротивно од она што З. Бауман го нарекува „голема метанарација“, која доживеала свој дебакл.

[164] Тоа за српкиот писател, есеист и новелист Данило Киш ( Kiss Dániel ) е „кров“ со две води: лаги и паралаги. Мануел Кастелс (Manuel Castells Oliván), смета дека постои свет на „вистинска виртуелност“, во кој појавите не постојат само на екранот, туку самите претставуваат искуство и каде во еден сеопфатен, мултумедиски текст е вклучено минатото, сегашното и идното, човеково искуство (Castels, 2000 : 400).

Врз основа на претходно изнесените ставови за постмодерните состојби во современото општество може да констатираме дека настанала и појавата на т.н. виртуелен интелектуалец, кој со прифаќањето на наметнати состојби не живее со проблемите на своето време и со тоа нема свои визии за иднината и за промените во општеството. Тоа, според Зигмунд Бауман, интелектуалецот го прави фрагментирана индивидуа, која се наоѓа во привидна средина, меѓу средствата и целите, односно меѓу положбата на „инивидуата de jure“ и задачите на „индивидуата de facto“[165] (Bauman , 2005).

Парадоксот на денешното време се огледува и во процесите на глобализацијата на економијата и културата, од една страна и фрагментацијата на сознанието, од друга страна. Тоа е затоа што живееме во време на т.н. фабрикувана несигурност, каде недостасува доволна рационалност за да живееме и дејствуваме во глобална смисла (Ulrich Beck, Bauman Zigmunt, Gellner Ernest i Vrcan Srdjan, 2005 : 162).

Постмодерната врши промени на културните вредности. Имено, постмодернизмот, афирмира егалитаризам на вредностите, односно дехиерархизација на вредносната вертикална скала. Тоа не значи воспоставување на ред во општеството во кој и да е негов сегмент или дејност, туку слободно лебдечки „концепт“[166], без јасни и луцидни критериуми, перспективи и визија за иднината. Оттука и појавата на т.н. техничка рационалност (pragma), со ирационален идеолошки предзнак, во која доаѓа до доминација на средствата над целите и до оправдување на секоја цел, која се постигнува со одговарачки средства (Milosevic, 2007 : 17). Со тоа постмодернизмот се претвора во идеологија, која го идеологизира духот на современото време, со што доаѓа до процес на дехуманизација и децивилизација.

Сето ова упатува на потребата интелектуалците да бидат самокритични за да можат да одговорат на предизвиците на современото општество. Од нив се очекува

[165] Значи, настанува „егалитаризацијата“ и „банализацијата (секуларизацијата) на интелектуалната „харизма“ (Rizman, 2014 : 9).
[166] Во постмодерната е присутен автодеструктивен нихилизам и според Сер Џефри Елтон „фриволен нихилизам“ и „тотален релативизам“ (Еванс, 2012 : 6).

интелектуално водство за решавање на разните промени и кризни состојби и превирања во современото општество, но и давање на алтернативни решенија и правци за промени. Тоа е „борба“ против едностраниот, идеолошкиот или догматскиот поглед на светот, за да се мисли и дејствува алтернативно и со континуирано давање на нови и подобрени решенија за луѓето и општеството во кое живеат, што соодветно ги прави вистински интелектуалци.[167]

Интелигенцијата во постмодерната епоха има романтично – утописка улога, каде од интелектуалецот се очекува да дејствува како некаков deus ex machine, што го доведува во состојба тој да биде непотребен и отфрлен, со што се доведува во прашањето негова егзистенција и опстанок. Во таа смисла Ж.П. Сартр, говори за „смртта“ на

Глобализацијата наметнала и т.н. културна унификација на културата и нејзините стандарди, што предизвикало промена на улогата и значењето на современата интелигенција. Глобализација на општеството, културниот империјализам, зголемувањето на социјалните разлики и националните конфликти на глобално ниво итн., придонесуваат за повторно афирмирање на универзалните интелектуалци (Pudar, 2015 : 45) Оттаму и повикот на одреден број интелектуалци за интернационализација на интелектуалците и за универзална култура и цивилизација, или враќање кон традицијата на западната филозофија (Аристотел, просветителството, И. Кант, Л. Витгенштајн, Паскал и др.). Некои интелектуалци одат дотаму што предлагаат основање на еден вид на светска влада, низ концептите на централизмот, етатизмот, колективизмот или кој било друг вид на глобална машинерија. (Markus, 1999 : 547). Сепак, мнозинството интелектуалци во постмодерниот Запад се откажале од промоцијата на универзалните вредности (вистината, правдата и напредокот), или имале привилегиран пристап до нив, како т.н. авторитативни интелектуалци (Baert, Shipman 2011), со што дошло до отфрлање нивното јавно дејствување.

Интеракцијата меѓу културата и глобализацијата е важен сегмент во кој се одвива процесот на глобализација. Глобализацијата ги менува културните околности во нејзин

[167] За Р. Милс, интелектуалците се „ морална “ совест на своето општество. Во таа насока, смета дека интелектуалците се луѓе, со идеали на моралност и автентичност, наспроти конформизмот.

интерес, таа ги наметнува глобалните вредности и култура, што на локално ниво доведува до радиализација на вредностите во рамките на една култура или нација, до судир на различни системи на вредности, до криза на доминантните системи на вредности и до барање на алтернативи вредности (Pudar, 2015 : 45).

Растот на улогата на глобалните вредности и постмодернизмот доведува до менување на местото, улогата и значењето на интелигенцијата. Така, постмодернистите сакаат да ги отфрлат сите утописки и месијански движења на интелектуалците (посебно во неразвиените земји), со што интелектуалната работа се сведува како и секоја друга работа во општеството. Тоа би значело целосно исчезнување или крај на интелектуалците. Имено, за поструктуралистите, не постојат универзални норми, универзалното знаење и вистина, единство на гледиштата, тотален систем, интелектуалните централни точки и постојаност, како и општествениот и историскиот прогрес. Постои само „неограничена слобода" на плурализмот. А, со непостоењето на универзалноста сите обиди за откривање на вистината се дискредитирани. Со тоа се дискредитира и опстанокот и функцијата на интелигенцијата. Оттука и мислењето за смртта на т.н. универзален или тотален интелектуалец, од Сартровски тип ( Ж. П. Сартр) и појавата на т.н. специфичен тип на интелектуалец од Фукоов тип (М. Фуко).[168]

Во глобалното општество особено е значајна самоперцепцијата на интелектуалците во однос не на нивните декларативни, туку во однос на нивните фактички состојби и заложби за нивното место, улога и значење во општеството, согледани низ нивните способности и дејствувања во склад со нивната етика и совест за коректност и професионален ангажман. Соодветната самоперцепција води кон нивната месијанска мисија, каде е незамислив развојот и напредокот на една земја и општеството во целина без нив. Тие можат да освојат дел од јавниот простор низ разновидни креативни форми на изразувања и ангажирања со критичко размислување, истражување и рефлектирање во општеството, како ерудити и познавачи на општествените состојби и случувања на различни прашања и различни теми, со заложби за интелектуален и духовен развој на професионален и индивидуален план. Самосвеста на интелектуалците нив ги поставува во јадрото на културното наследство на општеството, преку создавање на вредности на

[168]Тоа произлегува, пред се, од постмодерната комерцијализација, односно маркетизација, професионализацијата и институцијализацијата на интелектуалците.

општеството за благосостојба, преку акциите за остварување прогрес и просперитет на човештвото, преку идеите за градење на похуман свет. Сепак, недоволноста на самопретцепција денес е евидентен факт, оваа недоволност условува привилегијата на интелектуалците да биде вистинска илузија односно фатаморгана[169] (Kwiek, 1997 : 23).

Современото општество се соочува и со ерозија на т.н. критичка култура, односно со гушење на слободното и критичко мислење на интелигенцијата, како и исчезнувањето на интелектуалецот од јавен вид. Во современото општество, под силното влијание на капиталистичката корпоративна мрежа, настанува дискредитација на интелектуалците од „општата пракса“, односно се доведува во прашање нивниот авторитет. [170]

Интелигенцијата во целина кон глобализацијата има повеќе негативен отколку афирмативен став. Тоа го согледуваме низ фактот што глобализацијата и постмодерната се проследени со феноменот на „ендизам“, кој претставува екстензивен дијапазон од стојалишта и мислители на кои заедничко им е прогласувањето на крај на се, како што е крајот на идеологијата (Даниел Бел), на историјата (Френсис Фукујама), на интелектуалците, хуманизмот, филозофијата, уметноста, човекот, светот итн. Сепак, крајот на интелектуеалците сеуште не се случил, независно од тоа што тој континуирано се проповеда во текот на 20-от век (Бенда ( 1927 ), преку Ж. Ф. Лиотар ( 1984) , до Р. Дебрега (2000 ).

Особено значајно е тоа што општеството денес преминало од индустрискиот во т. н. информатички период. Дигиталната култура ( on – line ) се карактеризира со сеопфатно влијание на сметачите и мрежите на современото општество, со „индустрија на мозоци“ (чипови, софтвери, компјутери итн.). Кибернатиката станува алтернатива или сурогат на мислењето (Вигневич, 2006 : 195. Идеологијата на информатичката технологија е продолжена рака на културната глобализација.[171] Брзиот развој на информатиката создал

[169] Англискиот литературен критичар, Стефан Колини ( Stefan Collini ), смета дека активностите на интелектуалците не се херојски и гламурозни, туку, тешки и посебни. Интелектуалците се обични. Интелектуалците и дискурсот за нив во сите европски земји се сметаат за маргинализирани, назадни и отсутни (Collini, 2002: 216 – 222).

[170] Поимот јавен интелектуалец, почнал со своето исчезнување, уште, во 1989 година, со дискурсот за универзалната, хуманистичка култура.

[171] Ф. Лиотар, постмодерната ја поврзува со стремежите на т.н. „постиндустриско “, кое денес е опишано како компјутеризација на општеството.

амбиент во кој современиот човек се чувствува „поробен“ во сферата на сопственото делување, со што се доведува во прашање неговата способност да мисли и промислува.[172] Денес се зборува за теорија на сингуларноста, која ја создал американскиот научник Реј Курцвејл, според која напредокот води кон трансформација на телото и духот на човековиот вид и според која, денешната цивилизација многу брзо ќе се транформира во цивилизација во која главен збор ќе има вештачката интелеигенција, односно компјутерите или сметачите, кои ќе бидат оспособени да ја надоместат човековата интелигенција.

[172] Затоа и феноменот на т.н. инверзен специзам, односно создвање на групи, кои според своето дејствување, се со натчовечки, потенцијал и карактер.

## 4.3. Аспекти на интелигенцијата во контекст на економската глобализација

> Онаму каде што глобализацијата значи,
> збогатување и зајакнување на богатите,
> по цена на посиромашните и послабите,
> имаме одговорност да протестираме
> во името на универзалната слобода.
> **Нелсон Мандела**

Современото, т.н. постмодерно општество, е диференцирано и културно фрагментирано, општество на плурална интеграција, кое се одликува со плурализација на разновидни, културни вредности и животни стилови. Тоа општество истовремено е т.н. „посткултура“ на разновидни животни стилови и различни културни импулси (Џејмсон), како супститут на вкусовите кои се темелат на класните и други разлики (Haralambos i Holborn, 2002 : 918).[173]

Во современото општество на знаење (knowledge society, според П. Дракер), луѓето живеат во услови на доминантен материјализам, економски фундаментализам, конзумеризам и техничка експанзија, но и истовремено емергенција на отуѓувањето (Е. Морен) како културна компонента на духот на современото време. Во услови на т.н. „алиенација на светот“ (М. Вебер), современото глобално општество се карактеризира со висок степен на дехуманизација и егоизам, каде луѓето се третираат како изолирани и осиромашени индивидуи, кои живеат во свет без особена смисла и се сведени на „монади“ под големиот број на егоистични интереси.

Така, во современото општество се раѓа т.н. глобалната буржоазија, или транснационалната владејачка класа, главно составена од сопствениците на водечки транснационални корпорации и финансиски институции, т.е. олигарси, кои го поседуваат транснационалниот капитал и средствата за производство. Дел од таа олигархија се и самите интелектуалци, кои според постмодернистите Ж. Бодријар и Ф. Лиотар се во „идеолошко соучесништво“ со капитализмот и неговите политички претставници

[173] Човекот во хиперпотрошувачкото општество, се претворил во homo consumericos.

(Dzenings , Velc 1998 : 15), се со цел да се загосподари, со културните производи и информации.[174]

Денес се одвива процес на т.н. културна унификација или хомогенизација, или на културен империјализам, од страна на светските сили (како што се САД) и мултинационалните компании (посебно од областа на медиумите и културната индустрија). Глобализацијата создава услови за наметнување на една култура над сите останати, на изградба т.н. пост – западен свет, кој истовремено е колонијален, при што, процесите на комерцијализација доведуваат до дехуманизација, до свет во кој се станува роба и се е во интерес на економијата и профитот.

Оттука во т.н. посткапиталистичко општество постои „контрадикторност“ на положбата во општеството на „новата“ средна класа.[175] Тоа произлегува од т.н. „флуиден страв“ (З. Бауман), кој е предизвикан и фабрикуван од страна на капиталот се со цел да го зацврсти своето влијание и доминација во сите сфери на современоста (Promitzer, 2013 : 84 – 85).

Денес настанува еден нов тип на експлоатација на интелигенцијата како професија, каде интелектуалците од неразвиените земји емигрираат во развиените земји, при што стануваат битен капитал, кој домородните интелектуалци си го користат за нивни интереси.

[174] Арапските, Индиските, Кинеските и други ителектуалци од Истокот се ангажирани против европската глобална хегемонија и колонизаторите и се на страната на политичките и бизнис елитите кои се натпреваруваат за западниот капитал.

[175] G. Carchedi класната поделба во општеството ја утврдил врз основа на спротивноста помеѓу општествените групи, кои извршуваат две меѓусебно конфликтни активности и тоа: дејноста поврзана со глобалните функции на капиталот, кои вршат технички надзор и контроли и активноста на „колективните работници“, кои создаваат вишок вредности (Mrksic, 1987 : 42).

# 5. ОСВРТ НА ОДНОСОТ НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО ОПШТЕСТВО

## 5.1. Местото, улогата и значењето на интелигенцијата во современото македонско општество

Ќе склучиме договор со сегашноста,
но нашето постоење почива на сегашност
што исчезнува.
**Артур Шопенхауер**

За утврдување на местото, улогата и значењето на интелигенцијата во современото македонско општество, потребно е таа да се проучува, толкува и анализира од аспект на одредени состојби на духот и културни конјуктури, односно од аспект на специфичните и идиосикратски, општествени, културни и политички околности. Особено важно е прашањето за тоа кои културни вредности се фаворизирани во конкретно општество и во конкретен општествен период и контекст.

Не помалку значајно е и прашањето за тоа, на кои се категории припаѓаат интелектуалците и изворот на тие категории. Интелектуалците во современото македонско општество можат да се категоризираат според повеќе извори и тоа: идеолошкиот извор, генерацискиот, медиумската резонантност, односно според тоа дали се обликувачи на јавното мислење, организацискиот извор, т.е. дали се припадници на одредени движења во општеството, меѓународната резонантност итн.

Но, денес е евидентно дека интелигенцијата во македонското општество ги споделува карактеристиките за интелигенцијата ширум светот: таа се наоѓа во голема криза и практично се доведува во прашање нејзиниот опстанок и егзистенција. Во современото македонско општество интелектуалците дејствуваат во интерес на политичките власти и елити, со промовирање на популистички културни вредности кои го заробуваат интелектуалниот капацитет и потенцијал, лишени од индивидуалните

неолиберални права, слободи и други добра, со што се претвораат во образовани луѓе без морални и културни одлики.

## 5.2. Значењето и улогата на културните вредности за карактерот на интелигенцијата во современото македонско општество

Јас го разбирам светот, единствено
како поле за културен натпревар на
народите.
**Гоце Делчев**

Културните вредности се основата на современото македонско општество, фундаментот за облагородување на човековиот ум и текови на кои почива македонската култура и без кои не може да егзистираат граѓаните и општеството.

Во современото македонско општество во т.н. состојба на „што би требало да биде“ се истакнуваат следниве, најзначајни културни вредности:

- Рационалноста;
- Религијата;
- Моралот;
- Естетиката;
- Хуманоста;
- Образованието;
- Толеранцијата;
- Инклузивноста;
- Мултилатерализмот;
- Мултикултурализмот;
- Либерализмот;
- Патриотизмот;
- Традицијата; и
- Информираноста.

Присуството на културните вредности во современото македонско општество е последица на историскиот фактор, односно на вкрстувањето и заемното проникнување на повеќе цивилизациски слоеви, културни, етнички и конфесионални влијанија како што

се елинската и римската цивилизација, христијанството, исламот, византискиот и муслиманскиот етнос итн.

Развојот на културата во Македонија опфаќа голем број културни епохи, од кои овде ќе се задржиме на следниве:

- Епоха на христијанската култура ( Охридска книжевна школа);
- Епоха на исламската култура;
- Епоха на националната и културната преродба и
- Епоха на културата во 20 – от век ( до 1945 година и по 1945 година).[176]

Културните вредности и интелигенцијата во современото македонско општество се во состојба на взаемна поврзаност и релативна независност.Тие ја детерминираат интелигенцијата, односно влијаат на потенцијалот на секој човек, со обемот на квалитетите, вештините и знаењата. Од таквите детерминанти, кои се под силно влијание на политичките и економските фактори и глобализациските процеси и текови, во современото општество зависат развојот и напредокот на интелигенцијата и интелектуалците, како и творечкиот и духовен потенцијал за поединците и општеството, воопшто.

Македонско општество денес се соочува со судирот на три системи на вредности и тоа: традиционалистичкиот, социо – реалистичкиот и современиот, актуелен вредносен модел (Петковска, 1998 : 356). Овој судир условува во современиот културен простор маргинализација на културните вредности и деградација на вредносниот систем, што може да се согледа во следново:

- Расчекор помеѓу материјалните и духовните вредности, во полза на првите;
- Расчекор помеѓу традиционалните и универзалните вредности, во полза на првите;
- Релативизам и субјективно вреднување на вредностите;
- Етнокултурна диференцијација и идентификација на вредностите;

[176] Во втората половина на 20 – от век се случила духовна ренесанса.

- Расчекор помеѓу правните и моралните норми;
- Невоедначен третман и нееднакви услови во развивањето, негувањето и унапредувањето на културните вредности на етничките или културните групи или заедници;
- Егзистирање на јазичните бариери меѓу етничките заедници.

Традиционалните вредности се од големо значење за современото македонско општество и се есенцијата на секојдневниот живот на луѓето и на интелигенцијата и услов за човековата и општествената стабилност и напредок на културните и цивилизациските процеси. Оттука и потребата за зачувување, негување и пренесување од генерација на генерација на овие вредности, кои поради налетот и трендот од нови вредности, трпат длабоки промени и се во сериозна опасност за нивно целосно исчезнување.

Но, традиционалните вредности се ослабени и се заменети со нови квази вредности, кои го величат материјалното наспроти духовното, некозистентоста наспроти конзистентноста и двосмисленоста наспроти вистината и реалноста, од причини, што се злоупотребени од страна на владејачката класа и политичката и еконoнската елита.

Традиционалните вредности на интелектуалците влијаат на начин, што нив ги прават поразумни, поодговорни и поморални индивидуи поради рестриктивниот и ограничувачки карактер во однос на резервираноста за прифаќање на новопројавените промени и непроверени вредносни ориентации.

Во македонското општество истовремено егзистираат универзалните и традиционалните вредносни ориентации. Од една страна, се афирмира универзалната ориентација, која е широко прифатена во политичките и интелектуалните кругови, но како проект и концепција кон кои само се стремат. Од друга страна е партикуларистичкиот вредносен систем, кој не се совпаѓа со вредносниот систем на глобалното општетсво и во рамките на кој етничките заедници се дистанцирани и парцијализирани. Исто така се присутни утилитаризмот, хедонизмот и сознајните вредности.

Генерално, универзалните вредности се есенцијата на секојдневниот живот на луѓето и на интелигенцијата. Но, во современото македонско општество, под влијание на научно – техолошкиот развој и откритија, универзалните вредности го изгубиле епитетот „вредност“, поради фактот од деградација на вредносниот систем и духовната култивација

и тенденцијата на длабоки промени на истите и прилагодување на новите системи и потреби за „ социјален “ развој и општествена солидарност.

Обичаите би требало да имаат значајно место во современиот свет, но како и претходно наведените вредности, тие  во современото македонско општество се под постојан притисок за промени и прилагодувања на новите светски процеси и текови,  со што се губи  нивната автентичност и основна смисла за пренесување на културните добра и доживувања.

Македонското општество е во состојба на културен релативизам и расчекор помеѓу традиционалните вредности и обичаите и универзалните вредности, што доведува до отфрлање на обичаите  и попримање на „туѓите“ обичаи и со тоа до назадување во сите сегменти на општественото живеење, вклучително и врз равојот на интелигенцијата и интелектуалната акција. Но, и покрај незавидната положба и статус во општеството, пред се од материјална природа,  има интелектуалци кои  и понатаму продолжуваат да го следат својот духовен идеал, да се трудат и да придонесат за нови научни откритија и потреби, за напредок и развој на  современото македонско општество во сите негови сегменти.

Во основа, правните норми, би требало да гарантираат владеење на правото и правната држава, како фундаменти за развиена демократија и развиено општество, воопшто. Но, во современото македонско општество, правото се соочува со големо влијание на политичките и економските фактори, што го прават многу не - етично, засновано на принципите на функционирање на еден систем во кој главниот збор го имаат политичките и економските цели и интереси. Улогата на правните норми е клучна за правилен развој на интелигенцијата, за  нејзино вклучување  во развојниот процес на една култура, држава или општеството воопшто.

Моралните норми во современото македонско општество, би требало да бидат темелот на интелигенцијата и воопшто на сите луѓе и сите сегменти на општеството. Но, денес живееме во време на криза на моралните вредности,[177] кои го рушат моралот на луѓето, културите, државите и општествата воопшто. Без моралот и моралните вредности

[177] Современото македонско општество, покажува дека конзумеризмот, себичноста, индивидуализмот и хедонизмот се главните виновници за таа состојба, се разбира под силно влијание на политичките и економските фактори.

се деградира и интелигенцијата од причини што истите детерминираат како човекот ќе го користи својот интелектуален капацитет и каков ќе биде неговиот однос кон другите во неговата заедница или општество.

Што се однесува до јазикот, востановен е ставот дека тој е суштината на секое општество и култура и битен сегмент во комуникацијата со луѓето и културите и без него е незамисливо да се реализира човековото дејствување и акција.[178] Тој е битна алатка за промена на погледите на мислите и идеите, за култивирање на разните облици на општествена свест, во приближувањето на мислењата, ставови**те** итн**.,** во спротивставувањето на различните гледишта во разни области, но и за разбирање на различните култури и нивното взаемно почитување и толеранција. Во македонското општество денес јазичното прашање е едно од најактуелните прашања кои го окупираат јавниот дискурс – во неговата основа се разнородијата на идеи околу потребата или отсуството на потреба од подигнување на статусот на јазикот заедниците кои говорат друг јазик освен официјалниот македонски јазик. Законот со кој се официјализира двојазичноста, односно се подигнува статусот на албанскиот јазик на ниво еднакво со македонскиот, ја разбранува целата јавност, при што голем отпор околу потребата на овој закон доаѓа токму од страна на припадници на интелигенцијата.

Стилот на живот[179] го прикажува нивото на развој на едно општество односно култура но и личните и општествените аспекти на статусот, прифатливоста и економската поткрепеност на личноста на интелигенцијата, како и нејзините религиски, креативни и естетски вредносни ориентации. Во современото македонско општество, разните стилови на живот репродуцираат своевиден општествен систем, кој промовира акумулација на различности и вредносен систем кој го разнишува стабилниот карактер и идентитет на автентичната култура и покрај обидите за единство на разновидноста и пораките за взаемна толеранција, правда и слобода во општеството, почитувањето и уважувањето на другиот, другата култура.

Едно површно набљудување на различните стилови на живот во македонското општество ни открива влијание на повеќе базични фактори, од кои најзначајни се: етничноста, религијата, степенот на образование, социјалниот статус и возраста.

[178] Се смета дека вистинската интелигенција може да зборува на кој било јазик, кој нема бариери.

[179] Разните стилови на живот, постоеле уште од почетокот на системот на ропство или од крајот на првобитната заедница, во услови на појава на различните облици на човековата свест.

Притоа, различието на животни стилови најдиректно го осликува судирот меѓу традицијата и глобализациските влијанија и степенот до кој глобализациските вредности ги потиснале традиционалните.

### 5.3. Интелигенцијата во Република Македонија низ историјата

> Сета одговорност за идната судбина на Македонија паѓа врз македонската интелигенција чие основно средство станува книгата како симбол на духот на просветата и на сеопштата културна и духовна преобразба.
>
> **Крсте Петков Мисирков**

Во однос на проучувањето и толкувањето на интелигенцијата во македонското општетво низ историјата може да се констатира дека не е доволно посветувано внимание од аспект на творење на научни дела, кои на синтетички начин би го истакнале нејзиното настанување, развој и дејствување. Во таа насока и потребата од социолошко проучување и истражување на корените и зачетоците на македонската интелигенција. .

Особено важно е да се истражи и проучи општествената профилација, идејната ориентација, како и културно – политичката, односно идеолошката дејност на интелигенцијата.

Значаен белег во историјата на интелигенцијата оставила религијата и религиската пракса. Така, светителите Кирил и Методиј биле значајни културно – творечки личности, кои со изумувањето на старословенското писмо ги поставиле основите на писменоста на сите словенски народи. Писменоста и творештвото после тоа, на просторот на Македонија, како и во останатите словенски земји, се негувале во рамките на манастирите, во прв ред за потребите на верскиот живот. Значајно место во историјата на македонската интелигенција имале и т.н. книжевни школи (Кратовската, Охридската и др.), кои го збогатиле книжевниот опус на номоканонската, книжевна продукција и на религијата и културата, воопшто. Тој опус е составен од следниве духовници и теолози: Григориј Акиндин (теолог на кој неговите дела биле прогласени за еретички во 1300 година), Станислав Лесновски, Арсениј Солунски, Никодим Тисмански, Исаија Серски, Висарион Дебарски и др. Во овие школи е креиран културниот модел кој доминира во македонската култура до крајот на 18 – от век, односно во периодот на Османлиското владеење.

Особено значајно место во македонската интелигенција имале просветителските идеи и идеали од втората половина на 16 – от до крајот на 18 – от век, но и во 19 – от век, каде истата говорела и творела на обичен, народен јазик. Македонското просветителство го сочинувале претставниците на црквата, како што се Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Теодосиј Синаитски и др., од кои првите и учителствувале.[180] Тоа е период кога се создале многу книжевни творби на македонски народен јазик, кои се од голема важност за македонската книжевност, писменост и култура воопшто, но и период кога постепено интелигенцијата го преземала монополот на знаењето од црквата.

Огромен придонес за развојот на интелигенцијата има и образованието. Просветата во Македонија добива на интензитет од 30 – те години на 19 – от век, каде центри на македонската писменост биле т.н. ќелијни училишта[181] во рамките на црквите и манастирите (пред се во Велес, Скопје, Штип, Куманово и Тетово), каде се образовал, свештеничкиот кадар. Во втората половина на 19 – от век, со интензивирањето на општествените промени (развојот на градовите, занаетчиството и трговијата, како и иницијални форми на индустријата), се јавила и потребата за стручни кадри од одделни сфери на економскиот и културно – просветниот живот и тоа потребата од економисти, инженери, лекари, правници, професори и др, стручни лица.[182] Имено, со развојот на трговијата и занаетчиството, се создала и потребата за училишта со световно образование, кои би ги задоволиле потребите на македонското граѓанство.[183]

---

[180] Со основно занимање на учителствување, се одликувале и Ј. К. Цинот, Димитрија и Константин Миладиновци, Рајко Жинзифов, Григор Прличев, Кузман Шапкарев, Ѓоргија Пулевски, Јоаким Крчовски и др.

[181] Во овие училишта покрај црковните предмети, биле воведени и изучувани, световни предмети, за што најголема заслуга имал Јордан Х. К. Цинот, кој бил првиот учител, во 1837/38 година во Велес.

[182] Имено, побогатите и посвесни Македонци ги испраќале нивните деца на едуцирање во некои балкански земји, во Русија и во западните европски земји (Швајцарија) (Лапе, 2010 :17). Главно, тие покрај во бугарските егзархистички и грчките училишта, се образовале во Србија, Романија и Русија, како и на високите школи во Швајцарија, Русија, Бугарија итн. Сепак Македонците во тој период биле под туѓо владение, кое нив социјално ги редуцирало и конфесионално разбило, каде долго време биле без високо образование, на својот мајчин јазик. Со тоа може да се каже дека под влијание на соседите, македонската интелигенција не била со компактна идеологија.

[183] Интелигенцијата во Македонија главно била учителска. Првите училишта на црковната писменост и образование, се појавиле во втората половина на 19 – от век

Паралелно со растот на потребите за образование, за растот на бројот на училиштата, особено од средината на 19-от век па до поделбата на Македонија после Втората балканска војна во 1913 година, придонел и натпреварот на соседните држави за колонизација на Македонија. Овој образовен бум бил стопиран после поделбата на Македонија. Во Вардарска Македонија, која потпаднала под српска власт, биле затворени поголем број од училиштата. Сепак, подоцна, биле отворени неколку средни училишта, а во 1920 година, бил отворен првиот факултет - Филозофскиот Факултет во Скопје. Но, овие образовни установи биле далеку под потребите на населението за образование, за што најнагледно говори фактот дека во средината на 20-от век половина од македонското население било неписмено.

Својот интензивен раст образованието го доживеало после Втората светска војна, кога Македонија била призната како Република во составот на ФНРЈ и кога таа била опфатена со реформата за задолжително основно образование.

Особено значајна улога на македонската интелигенција, која е неразделно поврзана со образовната дејност, е дејноста во поттикнување на развојот на посебна македонска свест. Македонската национална свест, која започнала да се оформува на почетокот на 19 – от век, станала забрзувач на борбата за воведување на македонскиот народен јазик во образованието и на реакцијата на учителите на јазичната хегемонија на бугарската култура. Нејзините предводници Партениј Зографски, Кузман Шапкарев, Јордан Константинов Џинот, Глигор Прличев, ја воделе борбата против црковно - духовната хегемонија во 70 – те, 80 – те и 90 – те години, а на почетокот на 20-от век им се придружува Крсте Петков Мисирков, кој тргнувајќи од социолошката модернистичка теорија на нацијата, ги изложува своите тези за можноста од оформување на посебна македонска нација, чиј разликувачки симбол би бил посебниот македонски јазик (Мисирков, 1974). Тој пример за можноста за кондификација на македонски јазик дал во есеите собрани во делото „За македонцките работи“.[184]

[184] Македонските интелектуалци во втората половина на 19 – от век и во првата половина на 20 – от век ја сочинувале познати „ даскали “, архимандрити и митрополи, собирачи на народното благо, историски мислители, револуционери, поети, писатели, лингвисти и културно – национални дејци како што се Партениј Зографски, Ѓорѓи Пулевски, Димитар Беровски, Исаија Радев Маховски, Коста Шахов, Димитар Македонски, Јордан Џинот, Теодосиј Гологанов, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Крсте Мисирков, Димитрија Чуповски, Марко Цепенков, Војдан Чернодрински, како и поетите од македонскиот литературен кружок како Никола Вапцаров, Антон Панов, Коле Неделковски, Коста Рацин, Блаже Конески и др. (Старделов, 2004 : 71).

Притоа, значајно е да се истакне значењето на македонскиот романтизам на интелигенцијата, особено кај писателите од 19 - от век, каде главно доминирало фантастичното и необичното и она, што е од другата страна на реалноста што соодветно ги става во категоријата на т.н. утописка (радикална) интелигенција.

Битен фактор за развојот на македонската интелигенција е и масовната појава на организирање на студентската младина и интелигенција во студенстки друштва и клубови од културно – просветен и политички карактер. Интелигенцијата главно била создадена во Софија, Белград, Петроград и др. европски, универзитетски центри, при што била организирана на свој автономен начин, во посебни асоцијации[185] како што се другарства, кружоци, читалишта итн., со кои ќе го оддржи и поткрепи својот национален дух за слобода и независност на својот народ. Во тоа време се појавиле т.н. дводомни интелектуалци, кои пишувале и твореле на македонски јазик и на друг, словенски јазик, како што се писателите Трајко Китанчев, Евтим Спространов, Војдан Чернодрински, Никола Киров Мајски, Д. Миленски, М. Војницалија, Кочо Рацин и др.

Едно, што од денешен аспект може да и се забележи на интелигенцијата од крајот на 19-от до средината на 20-от век, е нејзината подвоеност по однос на прашањето за идниот статус по сеопшто посакуваното ослободување на Македонија. Тоа е период на културно - историски парадокс и според Мисирков политика на „македонски самозаборав“. Тоа се согледува од борбата меѓу „автономистите“ и „федералистите“, разгорена пред да се постигне ослободувањето, која ги минимизирала можностите за ослободување и одела во прилог на колонизаторските амбиции на соседните држави. Оваа војна не престанала и после Втората Светска Војна, особено при крајот на 40 – те години, и тоа во прв ред поради незадоволството од нерешеното македонско национално прашање. Незадоволството било изразено од страна на т.н. автономистичка и

---

[185] Меѓу другите, како позначајни асоцијации се вбројуваат: Младата македонска книжевна дружина (Софија, 1891 година), Словено – македонска книжевна дружина (Софија, 1888 година), Ученичка дружина Вардар ( Белград, 1893 година ), Славјано – македонско научно литературно другарство ( Петроград, 1902 ), Македонско научно – литературно другарство „ Свети Климент “ (Петроград, 1903) и други. Познатиот деец, револуционер, политичар, дипломат, публицист, научник, историчар, филолог, организатор и афирматор на македонската научна мисла Димитрија Чуповски, бил член и основач, подоцна и претседател на Македонското научно – литературно другарство во Санкт Петербург и претседател на Македонскиот революционер комитет во Петроград. Филозофот Димитар Митрев бил член на емигрантското движење во Бугарија и еден од иницијаторите на Македонскиот Литературен Кружок во Софија, заедно со поетите Никола Вапцаров, Коле Неделковски, Антон Попов и романописецот Ѓорѓи Абациев.

сепаратистичка група, која барала самостојност на Македонија од Југославија, а во која биле вклучени: Димитар Влахов, Михајло Апостолски, Методија Андонов – Ченто, Венко Марковски, Павел Шатев, Петре Пирузе, Панко Брашнаров, Богоја Фотев и др. Тоа предизвикало, во периодот 1946 – 1949 година, формирање на повеќе конспиративни организации од страна на голем број млади интелектуалци, кои силно ги изразувале македонските национални чувства за поголеми национални права на Македонците и за нивно целосно обединување. Реакцијата на власта на нивнто дејствување условила голем дел од нив, како политички емигранти, да емигрираат во Западна Европа, Австралија и Северна и Јужна Америка. Голем дел од нив од страна на властите биле уапсени и осудени.[186]

За разлика од „автономистичката" интелигенција, мнозинството од македонските интелектуалци ја поддржувале социјалистичката идеологија и како членови на комунистичката партија активно се вклучиле во воочување, анализа, осмислување, проектирање и решавање на општествените проблеми. Нивната дејност, сепак, се одликувала со политички и идеолошки предзнак, без нивна значајна автономност и слобода. Писателите ги величеле социјалистичките постигнувања, уметниците истото го изразувале преку своите уметнички креации.[187] Универзитетот во Скопје бил потчинет на идеологијата на Комунистичката Партија на Југославија , што се одразило на квалитетот на наставата. Имено, при изборот на раководни лица на универзитетот не се земале предвид способноста и другите квалитети на професорите, туку партиската подобност на истите. Ист бил случајот и со изборот во рамките на студентската организација на универзитетот.

[186] Во тој период властите откриле 46 тајни групи во НР Македонија и уапсиле околу 770 лица. Во тие идеолошки чистки, Методија Андонов – Ченто бил осуден, Димитар Влахов отстранет, на Петре Пирузе му била одземена партизанската споменица, а на Голи Оток биле испратени Панко Брашнаров, Петре Пирузе, Павел Шатев, Богоја Фотев и др. Венко Марковски за издавање на поемата „ Суврамени парадокси " бил осуден на пет години затвор на Голи Оток а исто така, од југословенските власти бил прогласен за предавник на македонскиот јазик затоа што творел на бугарски јазик, при што бил обезбедуван од бугарските тајни служби, бидејќи му бил загрозен животот од УДБА.

[187] Така, Венко Марковски, пишувал песни во социјал – реалистичкиот стил, за Тито и партијата. Вангел Коџоман бил воен сликар и шеф на одделот за пропаганда при главниот штаб на Македонија.

## 5.4. Политиката, економијата и интелигенцијата во современото македонско општество

Без уметноста не можам,
политиката ја поднесувам и
често се бунтувам против неа.
**Борис Петковски**

Политичките и економските фактори во современото македонско општество имаат одлучувачко и моќно, пред се, негативно влијание врз интелигенцијата, затоа што предизвикуваат состојба во која политичките и економските проекции и погледи на свет ги ограничуваат главните ресурси на интелигенцијата, кои се за општество отворено за знаења, за нови технологии, идеи, мислења за успешно разбирање на состојбите, потребите, можностите и насоките за идните дејствувања и општествени предизвици. Со тоа македонските интелектуалци не се разликуваат од интелектуалците ширум современиот свет, каде тие се наоѓаат во состојба на пасивни акцептори на политичките и социо-економските „етики“ и интереси, кои ги доведоа до состојба на нивно раслојување и до опасност од целосно исчезнување.

Политичките фактори врз концептот на интелигенцијата влијаат на начин што:

- Настанува предоминација на политиката и нејзино инфилтрирање во сите сфери на општественото живеење;
- Настанува инструментализација на интелигенцијата во идеолошки и политички (како и колективни) цели;
- Етнизација на културата како политика и практика;
- Формирање на политички партии на етничка основа и симултано егзистирање на параполитики;
- Егзистирање на етнополитички митови;
- Настанува антагонизација и нагласување на разликите меѓу културните групи;
- Се нагласуваат чувствата за национален, односно етнички идентитет; и
- Настанува целосно отфрлање на меритократското начело.

Економските фактори врз концептот на интелигенцијата влијаат низ следниве параметри:

- Тие влијаат регресивно на интелигенцијата;
- Отсуствува економската стратегија и либерализација на економијата; и
- Економските политики создаваат етнички културни „гета“.

Интелигенцијата во современото македонско општество е вклучена во политиката и политичките процеси до степен до кој политичката власт и „елита“ можат да ги остварат своите политички интереси.

Политичкиот ангажман на интелектуалците, финансиите и економскиот аспект, како и поставувањето на постулатите на целта која што сака да се оствари, македонскиот интелектуалец го претвараат во маргинализиран „роб“ на двата моќни „гигнати“ (политиката и економијата), ограничувајќи ги неговите интелектуални капацитети и оневозможувајќи да ги искористи на нови и поинакви облици на општествена акција и дејствување, кои би биле од позитивна, општа корист за општеството, односно културата. Таа состојба, Јован Корубин, ја опишува како состојба „во“, каде интелектуалецот е од типично малограѓански тип, истовремено бирократски, со низа интереси и привилегии, како интересот за моќ, за материјален статус, привилегиран статус или углед итн. (Корубин, 1994 : 37 – 38). Интелектуалците во политиката, односно политичките процеси, се вклучени на тој начин што тие партиципираат во креирање на политики и стратегии на политичките „елити“ и политичките партии, на законодавната или пак извршната власт, со што се претворат во т.н. „полу – интелектуалци“.

Во однос на идеолошката матрица, може да се каже дека марксизмот и ленинизмот биле главна идеолошка сила која не секогаш била поддржана од страна на интелигенцијата, односно барем не од целокупната интелигенција.[188] Конкретниот поглед врз интелектуалците кои оствариле свој видлив белег во македонското општество, ни открива разновидност на индивидуални реакции на влијанието на политиката. Така, поетот и книжевен деец, Кочо Рацин, бил член на комунистичката партија. Неговата

[188] Во првата половина на 50 – те години на 20 – от век и покрај партиските хегемонии во сите сегменти на општественото живеење, се појавила нова генерација на уметници, научници и културни дејци, кои не се ограничувале во т.н. социјалистички реализам.

револуционерна дејност, општествена ангажираност и политичка акција се остварувала во време на борби, прогони, затворања, тортури и робии, време кога биле забранети и запленети  неговите литературни дела, а настрадал и ракописот за романот „Опиум“. За разлика од догматските приврзаници на социјалистичкиот реализам, Кочо Рацин цврсто застанал зад значењето на естетската димензија на литературното дело. Подоцна повторно бил затворан и дури се шпекулирало дека бил убиен.  Сепак како најистакнат, македонски, народен интелектуалец или како што вели Блаже Конески: „најкултурен, наш човек„ низ неговиот социјален и хуманистички ангажман, тој го истакнал континуитетот на духот на преродбата и на современоста.   Истакнатиот филозоф Димитар Митрев исто така бил член на Бугарската Комунистичка Партија и Комунистичката партија на Југославија. Коле Чашуле бил вклучен во комунистичкото движење, при што извршил неколку партиски задачи меѓу кои и таа за пренесување на делото на Кочо Раци, Бели Мугри, од Белград во Скопје.  Неговата контроверзност, оди до таму што тој бил осуден на смрт со бесење за атентатот на бугарски висок полициски функционер во Скопје, за што подоцна бил ослободен од Судскиот Совет, кој пак го осудил Методија Андонов Ченто на 11 години затворска казна. Сликарот Никола Мартиновски бил вклучен во политиката и до 1950 година во духот на социјалистичкиот реализам, создавал пропагандни дела, со теми од народно – ослободителната војна и партијата, што го отвориле патот во 50 – те години, за постепено и сигурно освојување на творечката слобода во уметноста. Живко Чинго, како тематика на своите дела ја вклучува револуцијата и тоталитарната држава и информбирото, а Ацо Шопов народно – ослободителната војна и партизаните. Со своите револуционерни идеи за Македонија бил ангажиран и Димитар Андонов Папрадишки. Но, и тој како и многу други уметници,  бил прогонуван и затворан. Прогонуван, обвинет и осуден во 1979 година, како националист, сепаратист и хегемонист, бил и актерот Ристо Шишков, од причини дека ги „ навредувал “ српските и хрватските актери, како и Јосип Броз Тито.        Со оптужба  дека биле соработници на тајните служби биле  лустрирани Томе Серафимовски и Славко Јаневски. Борко Лазески  сликал со тематика за НОВ и револуцијата, но  сепак заедно со неколку сликари и вајари (Љубомир Белогаски, Димитар Кондовски, Димче Протуѓер и др.) ја формирале ликовната група „Денес“, со револуционерна програма, за тоа како треба да изгледа современата уметност во

социјалистичкото македонско општество. За НОВ и за Илинден, творел и Боро Митриќески.

Исто така, неопходно е да го нагласиме фактот дека од културниот контекст и карактерот на општеството зависи на кој начин политичката ориентација и интелектуалците се конектирани меѓусебно.

Во раната фаза на социјалистичкиот период македонското општество имало сериозен недостаток од интелектуална инфраструктура. Малубројната интелигенција, со мали исклучоци, била интегрирана во рамките на државниот апарат. Оваа состојба започнува да се менува од седумдесеттите години наваму, кога паралелно со процесите на модернизација, индустријализација и урбанизација, се оформува нова културна и академска инфраструктура, кога се интензивира академскиот (книжевен) и политичкиот живот. Така, може да се каже, се појавиле неколку групи на интелектуалци, како што се: т.н. државна интелигенција, марксистички критичари на режимот, етнонационални интелектуалци итн. Најбројна била државната интелигенција, која била составена од интелектуалци кои биле активни во рамките на комунистичката партија, институти, заводи, центри како и низа други академски и истражувачки институции, кои ги финасирала државата и кои се повикувале на марксистичката и лениновата идеологија.[189] Во 70 – те години се појавила една група на интелектуалци кои биле окарактеризирани како либерали, која главно се залагала за реформи на севкупниот општествен систем, но и на Комунистичката Партија на Македонија. Се чини, токму оваа втора реформа била и причината да овие интелектуалци бидат жигосани и отстранети од политичкиот живот на тогашното македонско општество.[190]

---

[189] Оваа идеологија се ширела по пат на весници, летоци, училишни учебници, јавни собири итн.

[190] Во оваа група на интелектуалци, меѓу другите се вбројуваат: Димитар Мирчев, Томислав Чокревски, Милан Недков, Славко Милосавлевски, Љупчо Арнаудовски, Тахир Ќамуран, Крсте Црвенковски и др. Во средината на 70 – те години, меѓу македонската емиграција, бил активен и Драган Богдановски, кој бил уапсен и осуден на 13 години затвор. Интелектуалците кои го критикувале режимот со лево крило, биле окарактеризирани како десничарски идеолози, на кои целокупната литература (книги, брошури, списанија итн.), им била конфискувана и забранета и добила илегален карактер. Крсте Црвенковски се залагал за слобода на творештвото во рамките на социјализмот, кој пак, треба даму овозможи на секој еден, поединец во општеството слободно и автономно творење. Политикологот Димитар Мирчев, еден од лидерите на т.н. Македонска либерална пролет, како учесник на студентските настани во 1968 година, бил застапник на идеите за демократизација на општеството, при што бил сменет од партиските должности и му било забрането да истражува, да публикува дела итн. Тој бил принуден да докторира во Љубљана, каде ја раководел научната и меѓународна дејност во центарот за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ“, но ЦК на Комунистичката партија, не го назначува за директор на тој центар (Ачкоска, 2011 – 198).

При крајот на 20 – от век, во македонското општество како и во сите земји од Балканскиот Полуостров, се појавиле националистички интелектуалци, односно т.н. органицистички толкувачи,  за кои нацијата е единствен културен односно етнички ентитет. Деградацијата на нивниот општествен статус, произлегува од тоа што некои интелектуалци служат на интересите на власта, други се исклучени од тие интереси, а трети се целосно маргинализирани со нивната пасивна улога и активност во општеството (Ружин, 2012 : 2).

Со кооперацијата и субмисивноста на интелектуалците со политичките и економските власти и нивните интереси, денес, во македонското општество се јавија т.н. интелектуалци, кои Часлав Милош ги нарекува кетмани или интелектуалци на „дозволена измама“, кои се дел од политиката и политичките процеси или пак тежнеат кон освојување на власта, но  истовремено се т.н. „циник“ интелектуалци, кои се одликуваат со пасивност,  апатија, дефитизам, резигнација, популизам, идеологизам, нихилизам итн.

## 5.5. Технократијата, бирократијата и интелигенцијата во современото македонско општество

Технократија: Тоталитарна фантазија
**Пол Темпл ( Paul Templ )**
Бирократијата ја уништува иницијативата
**Френк Херберт ( Franklin Patrick Herbert )**

Последните децении на 20-от век македонското општество поминува низ фаза на транзиција, која вклучува низа турбулентни процеси, превирања и „промени". Во периодот на почетоците на т.н. транзиција, настанало трансформирање на сопственоста, каде таа од „оштествена сопственост", со процесот на приватизација, била преземена од приватни фирми, во „име" на работникот (интелектуалецот). Во тие услови, и покрај навидум примарната и неприкосновена улога и значење на технократијата за решавање на проблемите во општеството, главно денес технократијата и бирократијата се под силно влијание на политиката и економијата, во интерес на политичките и економските владејачки структури и „елити" и се пречка и „кочница", за развојот и нормалното функционирање на интелигенцијата.

Интелигенцијата е бирократизирана и асимилирана од политичките, односно економските власти, со загрозување на нивната примарна улога за авангарда, напредок, независно и слободоумно дејствување и општествена акција и влијание во сите сегменти на современото македонско општество. Кога би ја идентификувале, би рекле дека таа прераснува во т.н. „црвена буржоазија", односно оттуѓена структура, или администрација која е отуѓена од оние во чија полза работи и која ја следи општата тенденција да создаде „ нов " државен капитализам и да се претвори во нова класа.

Македонско општество денес се карактеризира со огромна партиска администрација, која е асимилирана од страна на и за интересите на политичката власт. Тоа се, пред се, луѓе кои не си ја вршат својата функција професионално и кои од страна на јавноста се перцепирани како неагилни и дека не работат во интерес на граѓаните и нивната изразена волја.

Кога станува збор за односот меѓу технократијата и интелигенцијата, особено значајно е прашањето за тоа дали технократите се интелектуалци, односно интелектуалците, технократи. Се чини дека меѓу двете категории има преклопување, но тоа не е целосно. Технократијата во македонското општестсво е недоволно развиена, нејасна и конфузна, но сепак може да се забележи дека технократите (менаџерите) го афирмираат популизмот, а интелектуалците имаат потреба од повеќе критички и независен ангажман, со што остануваат на маргините на општеството. Тоа е пред се поради институционализацијата на интелектуалците (посебно во рамките на институциите за едуцирање), за разлика од менаџерите кои ја избегнуваат и потценуваат истата. Техничката интелигенција е силно кооптирана во актуелната политика и економија, а нејзината „професионална“ контроверзност е се почесто и посилно изразена. Исто така во голема мера е изразен и популизмот на технократите, кои се под силен притисок за деполитизација и демократизација на општеството.

Иста е состојбата и со односот интелигенција - бирократија. Бирократите не можат да ги задоволат критериумите на вистински интелктуалци со оглед на природата на системот на бирократијата, кој е во прв ред политичка категорија, а не организација со поширок, јавен и демократски карактер. Бирократијата ја асимилира интелигенцијата, со што таа ги губи основните атрибути на вистински интелектуалци, како што се независноста, критиката, слободата итн.

Во однос на демократијата и демократските процеси, современото македонско општество е длабоко навлезено во процесот на т.н. „хипердемократизација“, која доведе до пад на демократијата, условен од неоспособеноста на институциите да одговорат на потребите на едно демократско општество.

## 5.6. Религиите и интелигенцијата во современото македонско општество

Не се обидувам да замислам личен Бог,
доволно е да стоиме во стравопочит кон
структурата на светот, колку што им
овозможува на нашите несоодветни
сетила да го ценат тоа.
**Алберт Ајнштајн**

Религијата претставува нуклеус во развојот и конструкцијата на културната матрица и културната ризница на еден народ. Сепак, денес, со интензивните миграции, светот е преплавен од т.н. „трет плуралистички бран“, кој го опфаќа и македонското општество. Но, кај него плурализмот на религиите има долга традиција - тоа претставува спој од разновидни  конфесии, територија на која во минатото се вкрстувале христијанството и исламот, византискиот и муслиманскиот етнос.

Религиозната разновидност бара хармоничен баланс и промоција на креативно и напредно општество, според потребите и инересите на луѓето кои егзистираат и создаваат во времето и просторот. Сепак, се чини, таквата хармонизација не е постигната. Ова упатува на потребата да се фрли поглед врз интелигенцијата од аспект  на влијанието на религиозниот фактор врз нејзиното оформување, како и нејзиното  конкретно дејствување во општеството. Притоа, уште на прв поглед станува очиледно дека верувањата се под силно влијание на политичките и економските кризи, кои се евидентно присутни во современото македонско општество, а тие верувања влијаат врз тоа каква интелигенција се создава.

Пред религигиозните заедници и групи во  современото македонско општество се поставуваат следниве круцијални услови:

- Одвојување на  црквата од државата;
- Деинструментализација и деетнизација на религиските институции и практики;

- Отфрлање на концептот на идентификација на религиските групи со етничките групи или заедници;
- Потребата од подлабоко (гносеолошко и онтолошко) изучување и практицирање на автономните религии);
- Потребата од меѓусебно запознавање и взаемно разбирање меѓу религиските заедници; и
- Отфрлање на идејата за воведување верска обука во курикулимот на образовните институции.

Прашањата што овде се поставуваат се: Каква е улогата на интелигенцијата во постигнување на наведените цели? Дали овие цели се обврска единствено на припадниците на религиозните заедници и групи, или на групи и поединци надвор од нив? Дали, интелигенцијата е асимилирана и контролирана група на интелектуалци кои дејствуваат во склад со идеолошки матрици, а не во склад со вистината и објективноста?

Истражувањата на религиозноста на просторот на македонското општество ни откриваат релативно висок степен на религиозност, кој е средина на различен степен на религиозност на одделни категории на население и на одделни заедници.

Значајно влијание врз религијата има и образованието. Како и во светски рамки така и во македонското мултиконфесионално општество религиозноста има значителен степен на опаѓање со растот на образованието. Така, на категоријата атеисти главно и припаѓаат луѓе со повисок степен на образование и нивниот процент во вкупното население континуирано расте. [191] Од друга страна, таа е далеку повисока кај припадниците на малцинските заедници отколку кај припадниците на мнозинската македонска заедница.

Религијата во минатото играла важна улога во формирањето на македонската интелигенција и во обликувањето на системот на културни вредности. Христијанската црква играла важна улога во описменувањето на македонскиот народ – првите училишта се келијните училишта во манастирите. Тие имаат улога и во воведувањето на локалните дијалекти во наставата. Од друга страна, Исламската заедница била единствената

[191] Бројот на атеисти континуирано расте, при што поголемиот дел се интелектуалци, со претежно високо образование.

институција за описменување на муслиманското население се до реформата на образованието на средината на 20-век.

Денес, двате религиозни заедници – христијанската и муслиманската се сеуште доминантни во македонското општество.[192] Но двете доминантни религии и покрај декларативната заложба за својата етичка, социјализаторска и интегративната функција во мултиконфесионалното општество, тие во голем обем опстојуваат како самосвесни етнички заедници, со што се создаваат бариери кои немаат религиска основа. Со поврзувањето на двете категории – етничката и религиската – во единствена целина и нивното понатамошно опстојување се поставуваат бариери за остварување на две од погоре наведените цели: деинструментализација и деетнизација на религиските институции и практики и отфрлање на концептот на идентификација на религиските групи со етничките групи или заедници. Со тоа се доведува во прашање можноста за реализација на целта за меѓусебно запознавање и взаемно разбирање меѓу религиските заедници како и на идеалот на мултикултурализмот. Интелигенцијата има своја улога во таквото поврзување. Секако, не целата интелигенција, туку онаа на која може да и се даде епитетот „верска интеliganција", која е проникната и во верските институции и во власта и која, на тој начин, ја одржува тесната врска меѓу религијата и државата, односно која го попречува остварувањето на целта на одвојување на црквата од државата.[193]

Особено значајно денес е и појавата на т.н. „нови" религиозни движења, кои се еден вид на контракултурни движења, со висок степен на индивидуализам (дизорганизација и разновидност од навики и верувања, гностицизам, анимизам, спиритуализам, алхемија, астрологија, алтернативна психотерапевтска техника, карма, гатање, таоизам, јога и др.). Овие движења се карактеризираат и со висок степен на анти – научен, анти – консумеристички, анти – материјалистички, анти – религиски, анти – колективен и анти – модерен став кон современото општество. Но, овие движења и покрај

[192] Денес има и повеќе мали верски заедници и групи, од кои 28 се регистрирани.

[193] Имено, верските лидери на МПЦ, се загрижени за името на државата, за националниот идентитет на Македонците (македонската етничка заедница), но исто така, дел од нив се и поддржувачи на политиките на политичката власт. Верските лидери на ИВЗ, пак, придонесуваат кон поистоветување на исламската заедниа со албанската етничка заедница, и исто така, дел од нив се и поддржувачи на политиките на политичката власт и партиите кои се дел од таа власт, а кои главно се дел од албанската етничка заедница.

нивната поддршка, иако не толку значително, се критикувани од страна на интелигенцијата, пред се поради нивниот ирационализам и антинаучност.

Но, се чини, улогите на религијата и интелигенцијата во современото македонско општество се заменети. Денес не е мал бројот на интелектуалци кои, тргнувајќи од своите верски убедувања, на посреден или непосреден начин ги искажуваат своите идеали, убедувања и ставови за прашања од јавен карактер и од најразновидни дејности или сегменти во општеството, и обратно, голем број на т.н. верски лидери, под влијание на интелектуалната јавност, се инволвираат во општествено – политичките процеси, со нивното јавно истакнување на ставови од јавен карактер, односно за предизвиците што ги носи современата цивилизација.

## 5.7. Образованието, науката и интелигенцијата во современото македонско општество

Политичката идеологија може
да го расипе умот и науката.
**Едвард Озборн Вилсон ( Edward Osborne Wilson )**

Научно – технолошкиот развој и цивилизацијата во современото македонско општество играат значајна улога и се основа за цеколупното човеково опстојување и напредок. Токму тоа опстојување може да биде доведено во прашање доколку интелигенцијата, како непосреден репрезент на науката и технологијата, не работи во интерес на благосостојбата на човештвото и универзумот воопшто.

Образованието, науката и интелигенцијата се клучни фактори за прогресот, просперитет и напредок на секој поединец, нација, култура и современото општество воопшто и во македонското општество посебно. Овие три области се меѓусебно поврзани, комплементарни и релативно зависни. За унапредувањето и развојот на науката и образованието е потребна високо интелигентна сила, а образовниот систем и науката се пресудни за определување и развој на креативна, способна и напредна интелигенција. Оттука и заклучокот дека каков образовен систем и наука имаме, таква ќе биде интелигенцијата. А, очигледната зависност на нашата современа интелигенција од политичките и економските власти и „елити“, нагледно говори за квалитетот на нашиот образовен систем. Таа говори дека во современото македонско општество, науката и образованието воопшто се наоѓаат во криза, односно ја изгубиле есенцијалната улога на втемелувачи на знаењето, креативноста, вредностите, моралот, прогресот и напредокот.

Од тие причини е потребна реформа и унапредување на научниот и образовниот систем, за кои е потребна високо мотивирана интелигенција, односно независни интелектуалци, мислители со високо развиен интелект и креативни способности, знаења и вештини, а не „слепи“ следбеници, кои се послушници на власта.

Денес се јавува масовна т.е. хиперпродуктивна појава на „образовни“ интелектуалци во академската, јавна сфера (пораст на дипломирани студенти, постипломците, докторите на науки, научниците итн.), со што се девалвира вредноста на вистинските

интелектуалци.[194] Од друга страна, пак, е појавата на т.н. „интелектуално пролетерство“, масовната невработеност и деквалификација, со што образованите луѓе, се наоѓаат во позиција на прифаќање на помалку квалификувани работи.[195]

Интелектуалната средина се одликува со афирмација на медиокритетството, односно просечноста, со отфрлање на натпросечноста преку најразлични средства и методи, со што предизвикува пасивност, летаргичност и резигнација кај креативната интелигенција. Оттука и појавата на молчење на интелектуалците.[196] Нашето општество денес изобилува со т.н. псевдо – интелектуалци, кои врз основа на своите образовни и научни титули, првенствено ја предале својата „автономна“ професија и морал, за различен тип на привилегии и интереси (пред се, личен профит и лична корист, како пари, станови за живеење, општествено – политички функции итн.).

Наведената состојба е една од причините за интелектуална емиграција на високообразовани кадри (лекари, информатичари, физичари, инженери, научници итн.), особено во развиените земји. Оттука и експлоатацијата на професионалната, македонска интелигенција од страна на развиените земји.

Образовните политики кои се спроведуваат низ т.н. формално образование, за интелигенцијата се значајни, пред се од апект на воспитно – едукативната ориентација на образовните институции, кои денес вршат противречна функција со тоа што ја имаат улогата на реализација на идеолошкиот апарат на државата, односно конзервативната функција, како и улогата на пренесување на знаењата низ иновирање, односно прогресивната функција на промени во современите општества. Тоа особено може да се согледа низ т.н. манифестни и латентни функции на образованието и т.н. формално и неформално образование.

Оттука и прашањата за тоа, дали формалното образование обезбедува соодветен когнитивен развој на индивидуите, како и соодветни, технички и стручни квалификации, но и низа морални, творечки и духовни квалитети, верувања и вредности на индивидуите,

---

[194] Денес, сме сведоци на појавата на состојба на т.н. пост – образование, каде доминира кампањско едуцирање, на едуцирање со редуцирани обуки и семинари, со единствена цел за личен интерес и корист, за работни места итн.
[195] Тоа е, да се изразиме со зборовите на Диркем, т.н. „црна интелигенција“, која се однесува на појавата на инфлација на „образовни кадри“, кои го продаваат својот интелектуален труд и знаење.

[196] Тоа пак е сериозен проблем и реална опасност за натпросечното, со кој се загрозува неговиот опстанок и иднина во современото македонско општество ( Корубин, 1999 : 134 ).

или тие се дел од идеолошкиот апарат на државата, каде интелектуалците едноставно се однесуваат конформистички кон неа и други идеолошки и политичко – економски номенклатури. [197]

Посебно значајна е релацијата помеѓу интелектуалецот и научникот. Интелектуалците се наоѓаат помеѓу научната работа и политичката партиципација. Науката и научниците, во голема мера, се зависни од политиката и власта. [198] Голем број на научници денес се дел од владејачкиот естаблишмент, односно од бирократските институции.[199] Тие не поседуваат монопол над образовниот процес, кој е контролиран од државните и други, пред се, финансиски корпорации и институции. Оттука и опаѓањето на автономијата на академската професија, платите на академиците опаднале итн., нивната интелектуална работа е институционализирана и колективна без хомогеност. Голем дел од интелектуалната работа, особено научната работа, се сведува на административна работа, која според својот карактер е рутинска и без некаков поголем интелектуален напор, а универзитетите се претвораат во центри за сертификати од повеќе области и за повеќе намени, а особено за вработувања. Интелектуалците – професори на универзитетите - се претвораат во експерти кои пишуваат во специјализирани мас – медиуми, за интересите на специјализирана публика. Во образованието се воспоставува модел на т.н. „ корпоративна култура“, кој претставува образец создаден од идеолошки и институционални сили, со кои се образуваат покорните работници, деполитизираните потрошувачи и индиферентните граѓани. Голем придонес за тоа има хиперпродукцијата на формално образованите интелектуалци, кои ја девалвираат вредноста на вистинските интелектуалци , со што „елитата“ преминува во маса.[200]

---

[197] Развојот на повеќе и разновидни think tank-ови и специјализации на пазарот на трудот, во интелектуалниот живот, отвориле нови можности надвор од универзитетите, со што се раширил културниот пазар надвор од традиционалната универзитетска елита.

[198] И покрај обидите научната рационалност да ги подреди останатите облици на човековото дејствување и културно осмислување, постмодернистите главно сметаат дека науката, нема поголемо право на располагање со вистината од религијата, митот или пак врачот.

[199] Често се случува да научниците бидат политизирани на начин што ги искривуваат фактите, во корист на оние кои одлучуваат во општеството, со што знаењето се претворило во политички факт.

[200] Во таа насока секој со факултетска диплома, се смета за интелектуалец, а не само најдобрите умови што било случај во минатото.

## 5.8. Уметноста и интелигенцијата во современото македонско општество

Уметноста го следи времето,
но никогаш не му претходи
**Арнорлд Хаузер**

И покрај тоа што се смета дека интелигенцијата би требало да е креативна и да умее да ја почитува и поддржува креативноста кај другите, од една страна, и што уметноста би требало да е авангарда на мислењето, на филозофијата, на општествените случувања со нејзината основна задача да ги збогати луѓето духовно, од друга страна, уметноста во современото македонско општество се наоѓа во криза, пред се, поради влијанието на економските и политичките фактори. Уметниците денес се зависни од политичката власт, која креира културна политика од која зависи нивната економска, а со тоа и целосна егзистенција во општественото. Економските и политичките фактори со тоа доведуваат до деградација на вистинските уметнички вредности и дела, како и до отсуство на вистинска валоризација на уметноста.

Уметноста во современото македонско општество се карактеризира со следниве димензии:

- Економска детерминираност на уметноста и уметничката продукција;
- Етничка или национална идентификација со уметност и уметничката продукција;
- Политизација на уметноста;
- Отсуството од валоризација на уметноста;
- Отсуството на пазарните и демократските принципи во македонската уметничка продукција; и
- Уметноста е криптичка и најавува нови форми и содржини.

Притоа, значајно е прашањето за ангажираноста или неангажираноста на уметниците во општеството.

Во македонското општество, во минатото и денес не бил мал бројот на уметниците кои биле ангажирани, односно кои биле ставени во служба на остварување на одредени политички или идеолошки интереси, програми или проекти.[201] Во 70 – те години на 20 – от век, имало забрана на театарски претстави, цензурирања на книги, забрана на списанија итн.

Од друга страна се појавил и парадоксот, каде уметникот е творечки ангажиран или има свој јавен ангажман, без идеологија и без лична одговорност. Тоа се согледува низ револтот, кој одредени уметници го имаат кон политиката во општеството (низ хуморот, ликовната уметност итн.). Македонската уметност во средината на 50 – те години на 20 – от век ги почувствувала струите и на фовимот, експресионизмот, кубизмот и конструктивизмот, магичниот реализам и надреализам, а во 60 – те години и тенденциите на апстрактната уметност, поп – артот, фантастиката и нео – дадаизмот (Иванов, 2002 : 31).

Денес се гради т.н. „култура на незадоволството“, при што уметникот има видна нетрпеливост кон општествената стварност и неможноста да ја стекне својата положба во рамките на таа стварност (Иванов, 2002 : 31). Нејзе и припаѓа едно малцинство кое ја ризикува својата егзистенција за да може отворено да го експонира својот уметнички талент и да го искажува својот став кон општествената реалност. Економската сигурност, која ја посакува мнозинството, бара отсуство на свој критички, автономен или ангажиран однос кон актуелната општествена стварност и артикулирање на истата, како свест и совест на своето време и општеството во кое живеат и творат.

Денес, постепено се јавуваат, иако не толку доминантно, нови состојби и промени во современата македонска уметност, како што се: комерцијализација на уметноста, употребата на современи технолошки средства, појавата на разновидна научна и критичка

[201] Меѓу двете светски војни: В. Иљоски, А. Панов, Р. Крле, К. Рацин, К. Неделковски, А. Караманов, Н. Вапцаров, В. Марковски, А. Крстиќ, А. Попов, С. Христов и др. Повоената генерација на писатели кои своето книжевно дело го создале во текот или по НОВ, се : А. Шопов, С. Јаневски, Б. Конески, Г. Ивановски, С. Ивановски, Г. Тодоровски, Ц. Андреевски, А. Поповски, М. Атанасовски, М. Матевски, С. Попов, Ѓ. Абаџиев, И. Точко, В. Малески, Д. Митрев, Ј. Леов, Ј. Бошковски, К. Чашуле, В. Николески и др. По Втората Светска Војна, уметноста се ставила во служба на државните, политичките и општествени проекти на владејачката сила – КПЈ, со политичката акција и догматизмот на социјалистичкиот режим и реализам. Повоената уметност ги дава имињата на следниве повоени уметници: Димитар Кондовски, Петар Мазев, Ристо Калчевски, Вангел Коџоман, Спасе Куновски и др. Кон крајот на 90 – те години на 20 - от век, уметноста ( особено ликовната уметност и критичката свест ) е длабоко, идеолошки контаминирана.

мисла, мултимедијални проекти, уметнички насоки (видеоартот, перформасите, дигиталното печатење, интернет – уметничките проекти, плотерартот ) итн. Во услови кога институциите на уметниците речиси да не постојат, вработените се „ надворешни “ соработници или се  самостојни хонорарци или практиканти и кога буџетите на истите се значително намалени, уметничкото дело е еднакво на потрошувачката стока, со што се раѓа т.н. уметник – претприемач, кој е исклучително зависен од пазарот и претприемачкиот „дух“.

Оттука и есенцијалните прашања за односот помеѓу уметниците (продуктивни интелектуалци ) и интелигенцијата,  а кои се однесуваат на тоа дали уметниците се и интелектуалци, особено јавни интелектуалци (универзални или пак специфични), како и за етичките, општествените или политичките последици од таа нивна определба.

Имено, се чини, уметникот денес е т.н. „специфична јавна личност“ (Мишел Фуко), со специфична улога или функција во рамките на општествениот дискурс, посебно во денешната културна индустрија, каде просветителската јавност од минатото е заменета со пазарот, кој претставува размена на стоки и потрошувачка, како начин на пристап и интеграција.[202] Уметноста, денес, посебно уметникот, создаваат т.е. произведуваат и јавност, преку начинот на упатување и создавање на контра публики, се со цел, промена на постоечкиот јавен простор или јавна сфера, во соодветни идентитети и практики.

[202] И наспроти просветителската, рационално – критичка тема и дисциплина на општествениот поредок, денес се јавува темата за забавата како комуникација, како алатка за општествена контрола и нагласено, производство на субјективност.

## 5.9. Медиумите за масовна комуникација и интелигенцијата во современото македонско општество

> Демократската цивилизација ќе се спаси само ако го направи јазикот на сликата во стимул за критичко размислување - не е покана за хипноза.
> **Умберто Еко**

Медиумите за масовна комуникација имаат доминантна улога и влијание на секој дел од современото македонско општество. Во услови на информативен бум, со пласирање на необјективни и невистинити информации и креирање на јавното мислење, под силно политичко влијание на владејачките власти, тие ја губат својата главна функција во општеството и влијаат негативно во сите сегменти на општественото живеење и на интелигенцијата.

Медиумите за масовна комуникација се карактеризираат со:

- Политизација на мас – медиумите;
- Деградација на универзалните морални вредности;
- Етно – културна сегрегација на мас – медиумите; и
- Етнокултурни и јазични бариери во мас – медиумскиот аудиториум.

Имено, медиумите кои главно се поделени на оние кои се блиску до власта и оние кои се блиску до опозицијата, обликуваат мислења на луѓето, се со цел да веруваат во “вредностите“ на нивните идеолошки структури. Тоа значи дека се монополизира сферата на информациите и медиумите во интерес на елитните и групните интереси (етнички, политички, економски итн.), за сметка на личните интереси и интересите на помалите интересни групи. [203]

[203] Тие се монополизирани и заробени од две значајни сили и тоа: политичарите и самонаречените, корпоративни технократи, кои или автономно или заедно, медиумите ги ставиле во нивен заеднички интерес.

Но, дали новинарите се интелектуалци и доколку се, за каков вид на интелектуалци станува збор ( јавни, професионални, продуктивни, репродуктивни итн.)?

Во современото општество се создаде нов тип на интелектуалец, односно т.н. медиумски интелектуалец, кој е медиумска ѕвезда, која се појавува на мас – медиумите, особено на телевизијата, со што се создава феноменот на т.н. естрадно знаење. Тој „славен интелектуалец“ се обраќа на полуобразовната масовна публика, на која не и треба експертско знаење и која нема сеопшт културен стандард. Во современото македонско општество се појавуваат т.н. celebrity интелектуалци, во т.н. celebrity култура, каде границата меѓу медиумите и интелектуалците како воопшто и да не постои, при што се зборува за замена на интелектуалците со медиумските личности.

Нагледен знак за естрадизацијата, медијатизацијата и спектакуларизацијата во рамките на културниот простор е појавата на мноштво луѓе кои не поседуваат соодветна експертиза. Денес, за голем број интелектуалци не е битна независноста, туку да имаат свој настап и рубрика во некој печатен медиум, тв и радио емисија и во други медиуми. Станува збор за застапеност на голем број т.н. експерти, со ниски журналистички стандарди и привремен авторитет, кои се присутни во медиумскиот простор низ емисии, печатените медиуми, како и во електронски гласила (интернет гласила, социјални мрежи и блогови), кои имаат своја улога во создавањето на т.н. „метаслики“со манипулативна природа. Мас медиумите имаат свој придонес во промовирањето на интелектуалци со ограничени капацитети, како и за влевањето на сомнеж од страна на јавноста кон нив. Оттука и загрозеноста на јавните интелектуалци, односно опасноста од нивно исчезнување.

## 5.10. Демократијата и интелигенцијата во современото македонско општество

Можам да мислам што сакам,
Но не можам ништо да направам;
Во денешниот свет ни остануваат
само две можности: прилагодување
или сопствена жртва.
**Меша Селимовиќ**

Проучувањето на местото, улогата и значењето на интелигенцијата во современото македонско општество доведува до ставот дека би требало меритократијата да биде таа која е пресудна за нејзиниот развој и прогрес, како и развојот и прогресот на општеството и демократијата воопшто. Тоа произлегува од фактот што секое општество и култура имаат неопходни потреби од знаења, одлучност, креативност и професионалност во сите сегменти на општественото живеење.

Но, праксата покажува дека меритократијата  во современото македонско општество е идеал, дури и утопија, пред се поради недемократските процеси, кои се карактеризираат со владеење на моќта на бирократијата и технократијата, односно на политиката и економијата, кои предизвикуваат состојба на апатија, напуштање на моралните вредности и норми, глорификација на материјалните наспроти духовните и креативни вредности и афирмација на заслугите врз основа на примената на сила и нанесување на неправди.

Токму од тие причини и покрај огромното значење на меритократијата за нормалното функционирање на интелигенцијата, таа се наоѓа во исклучително неповолна состојба во однос на нејзиното место, улога и значење.

Граѓанското содружништво, би требало да е значаен фактор  за општеството, затоа што тоа е збир од голем број на акумулирани интереси и цели на голем број актери и субјекти, а со тоа и интелигенцијата. Но, во современото македонско општество, граѓанското содружништво, како и сите претходно наведени сегменти во општеството, се под силно влијание на политичките и економските фактори.

Демократските процеси и граѓанското општество, кои во современото македонско општество се на прагот на нивно етаблирање, се карактеризираат со:

- Етнизација, политизација и инструментализација на граѓанскиот сектор (НВО, граѓански движења, верски заедници и граѓански здруженија) – овој сектор е т.н. Квангос сектор;
- Отсуствува правната држава и владеење на правото;
- Отсуствува транспарентноста на јавната сфера; и
- Не постои демократизација на општеството.

Оттука потребата и очекувањата од интелигенцијата, како значајна компонента во граѓанското содружништво, низ различните форми на содружништво да го отвори патот за подобар развој и напредок на современото општество. Интелектуалците би требало да ги артикулираат интересите на одредени групи во општеството и во интерес на пошироката јавност, каде г*рижата за проблемите на граѓанството ќе биде највисок дострел.*

Таквата улога на интелектуалците не отсуствува како во минатото така и денес. Иако во незначителен број, има примери на интелектуалци кои се иницијатори на „демократски движења", манифести и др., независно од тоа што тие сепак не побудиле голем интерес ниту кај граѓанинот, ниту кај политичарот.

Сепак, денес се доминантни т.н. „јавни интелектуалци" или „пророчки" интелектуалци, како што се: уметници, академски работници, научници, писатели и др., кои комуницираат со јавноста на основа на своето знаење и авторитет, стекнати во своите специфични дисциплини, и кои во име на . јавниот интерес и вистината, наместо да нудат и укажуваат на алтернативни можности и решенија за состојбите и промените во општеството, тие ги бранат и застапуваат политиките на власта и на опозицијата. Тоа се, пред се, ангажирани интелектуалци, movers and shakers во социополитичкиот живот, кои излегле од институциите каде ги вршат своите професионални улоги (академски, научни, културни итн.) и учествуваат во јавниот живот, со јасно истакнати ставови во јавниот простор, во кој не ја пренесуваат вистината и не даваат свои мислења за оформувае на

еден нов и подемократски, односно подобар свет. [204] Оттука и констатацијата на Денко Малески дека „недостигот на космополитска, слободоумна интелигенција, посветена на општото добро е голем хендикеп за Македонија“ ( Малески, 2005 : 2 ).

Денес, во незначителен број, во крајно би – поларното јадро, во идеолошка смисла, се појавуваат, од време на време, т.н. јавни интелектуалци (уметници, универзитетски професори, лекари, правници, адвокати, дипломати, политичари итн.) кои во јавниот живот ги истакнуваат своите ставови и мислења за прашања од сите дејности во општеството, а посебно прашањата од аспект на национален и етнички карактер, под силно влијание на политичките фактори со минорна улога во политичкиот живот, кои пак се отфрлани од моменталниот центар на моќ..

Исто така, повторно во незначител број, се појавуваат и т.н. експерти (аналитичари, универзитетски професори, дипломати, поранешни политичари итн.), кои под превезот на „ независни “, ги истакнуваат своите ставови, мислења и аргументи од повеќе сегменти од општествениот живот (политички, економски, етнички, национални итн.), под силно влијание на политичката власт и „политичката елита“.

Исклучително е мал и бројот на оние интелектуали, што А. Етциони ги нарекува т.н. „академски јавни интелектуалци“, кои на разни теми и по разни поводи, дејствуваат, претежно преку мас – медиумите (особено преку пишаниот збор во печатените медиуми, по пат на различни, колумни, статии, анализи итн.) и кои на своевиден начин се синоним на т.н. политички аналитичари или експерти за интересите на специјализирана публика.

Сите претходно наведени интелектуалци, се карактеризираат со тоа што немаат морална или етичка одговорност за последиците од своето дејствување, што пак, придонесува за пад на кредибилитетот (искреност и точност) на интелектуалците. На тој начин се создава она што Anri Ziro го нарекува, „корпоративна култура“, која е со идеолошки интереси. Интелекуалците, ги искривуваат фактите, во корист на

[204] Во 70 – те години на 20 – от век, како што веќе е наведено, се појавила една група на интелектуалци кои биле окарактеризирани како либерали, која главно се залагала за реформи на севкупниот општествен систем, но и на Комунистичката Партија на Македонија. Се чини, токму оваа, втората реформа била и причината да овие интелектуалци бидат жигосани односно отстранети од политичкиот живот на тогашното македонско општество. Во оваа група на интелектуалци, меѓу другите се вбројуваат: Димитар Мирчев, Томислав Чокревски, Милан Недков, Славко Милосавлевски, Љупчо Арнаудовски, Тахир Ќамуран, Крсте Црвенковски и др.

политичарите, односно се создава состојба во која знаењето е политички факт, толкувањата се субјективни, а вистината се релативизира.

Од круцијално значање се и културната и образовната политика.

Културната политика во современото македонско општество се карактеризира со:

- Неконзистентна и недоволно организирана стратегија за развојот и унапредувањето на културата;
- Политизација на културната политика;
- Неадекватно и недоволно финансирање на културните институции;
- Создавање на етнички културно – сегрегирани или паралелни културни институции или организации;
- Дефицитарност на вредносно – меритократските начела и објективните критериуми во кадровската политика; и
- Отсуството на иновативни и креативни, творечки идеи и потенцијали во рамките на културните институции.

Образовната политика, во современото македонско општество, се карактеризира со:

- Недостиг на стратегија за развој на образовниот систем во сите негови степени;
- Неадекватно финасирање на образовните институции;
- Неконзистентна промена на курикулумот во основното и средното образование;
- Недостаток од нови, креативни и творечки содржини во курикулумот на образовниот процес ; и
- Отсуство на меритократските вредности во образовниот систем.

Македонското општество е per se мултикултурно, мултиетничко и мултиконфесионално, со респективна традиција во која се наталожени повеќе цивилизациски слоеви, културни, етнички и конфесионални влијанија.

Мултикултурализмот е динамична форма на концептот на културна егзистенција и претставува процес на градење на сложени мултикултурни структури, кои сублимираат повеќе елементи на културниот хабитус, манифестирани во разновидни

културни матрици и продукти на општеството. Моделот на мултикултурализмот во македонското општество се јавува во специфични културни, историски и политичко – економски услови, каде паралелно се практикуваат повеќе негови модели или форми, како што се либералниот модел на мултикултурализмот или модел на „мултикултурно граѓанство“, асимилациониот модел на социјална и политичка интеграција, регионалнална варијанта на мултикултурализмот, мултикултурализмот на разлики или на „културни националности“, социокултурна варијанта на мултикултурализмот, партикуларниот мултикултурализам, корпоративниот плурализам и политичко – прагматскиот модел.

Во таа насока, неопходна претпоставка на мултикултурното општество е заедничката граѓанска (civic) култура, социјална кохезија, засновани на признавање на основните институции на правниот и економскиот систем, правата на културна различност и културен идентитет. Ова условува потреба од редица на политики на интеграција на малцинствата или етничките заедници или групи, како што се процедуралната политика на интеграција, милетскиот систем на религиозна толеранција, асимилациониот модел на интеграција итн.

Сепак, во услови на предолгиот период на „транзиција“ и економска и политичка криза, а преку нив и културна криза, кои пак водат кон конфронтираност и конфликтност, политичките и економските фактори имаат детерминирачка улога и влијание на интелигенцијата. Државата промовира една култура, која е, се повеќе, партиска, етнократска, парцијална и се помалку способна да кореспондира со „мултикултурните потреби на теренот“.

Таквата држава промовира културно – политичкото сфаќање на нацијата, во неа имаат примат колективните (културно – етнички групи) над индивидуалните права и слободи, таа нема јасна концепција и стратегија на дејствување. Со тоа се создадени услови за премин од процедуралната политика кон супстанцијална демократија или консенсуален тип на демократија на т.н. „организирани малцинства“, каде политичките надлежности се дистрибуираат во согласност со принципот на етничката, национална итн. припадност. Дали со тоа не се уриваат темелните принципи на политичката заедница и политичкиот живот?

Македонското општество  се карактеризира како општество на т.н. консесуална демократија, каде групите имаат пропорционалнен пристап до материјалните и симболичките добра на државата, правото на вето во делот на нивните витални интереси, но и обврската и должностите за зачувување на територијалниот интегритет на државата.  Во таа насока и повикот на мал дел од македонската интелигенција за тоа дека  културните групи во  општеството мора да сфатат дека „јавното добро“ и граѓанската сфера  мора да се врзат за државата и да се ориентираат кон граѓанската демократија и граѓанското општество. Според нив граѓанството по дефиниција е работа на третирање на луѓето како поединци со еднакви права според законот.

Оттука во современото македонско општество, се доведува во прашањето егзистенцијата на интелигенцијата, која се претвора во прост агрегат од поединци со скриени намери и интереси, но не и своја организирана структура, идеологија и развиена свест.

## 5.11. Глобализациските процеси, постмодерната и интелигенцијата во современото македонско општество

> Распнати сме меѓу празниот универзализам
> на културата која е премногу невкоренета,
> бестелесна и слепиот партикуларизам на
> културата, која премногу копнее по
> локално живеалиште.
> **Тери Иглтон**

.

Влијанието на глобализацијата и постмодерната врз интелигенцијата во современото македонско општество е негативно, пред се поради фактот што денешниот свет се наоѓа во голема криза поради нарушените „демократски“ процеси, една од чии последици е губењето на идентитетот и автентичноста на голем број култури, особено мали нации и неразвиени држави, како дел од глобалниот мозаик. Глобализацијата се перцепира како економска или политичка идеологија и стратегија, која нема унифицирана културна политика и вредносен систем и која е во интерес на развиените земји и демократии во светот. Глобализацијата ги вклучува двата противречни процеси: глобализирачкиот и локализирачкиот. Растечката глобализација придонесува за градење на „готови“ модели, кои не ја земаат предвид динамиката на земјите каде тие практично се имплементираат. Од друга страна, во одделните земји се изнедруваат локални модели, од кои некои имаат историска позадина, а други се од современ произлез. Од таквите влијанија не е заштитен ниту современиот дискурс на македонската култура. Тој е обременет со влијанија од соседните земји и светот воопшто, но и со посебен интерес за локални модели, обично со етничка или религиска позадина.

Глобализациските процеси во современото македонско општество се карактеризираат со:

- Глобализацијата е економска и политичка стратегија;
- Глобализациските процеси истовремено се насочени кон создавање на монокултура или универзална култура и универзални вредности како и кон

интерференција на локалните култури и почитување на нивниот културен идентитет; и

- Етнокултурна идентификација со глобализацијата и нејзините процеси.

Новата политичка парадигма, олицетворена во граѓанското општество и постмодерната културна опција, го прави македонското мултикултурно општество еклектичко, во кое постмодерните тенденции низ концептот на мултикултурализмот и социеталната култура, се појавуваат како тенденции во рамките на разновидни облици на остаточните (резидуални), традиционалните култури, доминантните култури и новопројавените (емергентни) културни форми (иновацијата и фрагментацијата).

Во мултикултурното македонско општество се јавуваат и политики на идентитети и субкултури, конзумеристички форми на продукција на идентитетот и децентрирани ориентации, при што се содава една метакултурна мрежа на вредности, институции и политики, кои се засновуваат на способноста за самореализација и лична перспектива. Во една таква радикална еклектичност и оксиморон состојба, истовремено се афирмираат партикуларизмот и универзализмот, колапсот на рационализмот и целосен реалтивизам, еклектичките форми на економските теории на социјализмот и капитализмот, фрагментацијата, апропријацијата, неизвесноста, опредметеното наспроти персонализираното искуство, рационалното наспроти ирационалното, аполинискиот наспроти дионискиот принцип итн.

Така, покрај промената на значењето на останатите сегменти во општеството, се менува и значењето на концептот на интелигенцијата. Интелектуалците се колаборатори на т.н. „мисионерска интелигенција“, која е групација од мисионери, главно, технократи и популисти на меѓународната заедница, кои ги пренесуваат своите неолиберални „вредности“ во други, пред се неразвиени земји, како што е и Македонија.

Исто така, се јавува и еден многу мал дел од интелектуалци, кои по пат на мас – медиумите (особено интернетот), ги активираат глобалните јавни интелектуалци, по пат на различен пишан материјал, манифести, апели итн., пред се за прашања од национален и етнички карактер во современото македонско општество. Но, сепак нивната „моќ“ или влијание на политиките се многу мали или воопшто не постојат.

# 6. ЕМПИРИСКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Не сакам да изведувам емпириско истражување,

доколку има можност да го избегнам.

**Рајт Милс ( 1970 )**

Емпириското истражување, спроведено на примерок од 50 испитаници, претставници на одделните сфери на делување на интелигенцијата, имаше за цел да се дојде до заклучоци за усогласеноста, односно отстапувањата од она што во теоретскиот дел од трудот е констатирано како карактеристични особености на интлигенцијата во современиот свет – на нејзиното место, улога и значење во одделните општества.

Потсетникот, кој послужи како основа за водење на разговорот со испитаниците, ги следеше темите наведени во теоретскиот дел од трудот, што даде можност за правење споредба меѓу состојбите окарактеризирани како превалентно однесување на интелигенцијата во современоста и состојбите во нашето општество.

***Местото, улогата и значењето на интелигенцијата во современото општество***

Истражувањата кои се спроведувани во голем број општества од современиот свет имат дојдено до еден општ заклучок дека денес е многу тешко прецизно и егзактно да се одредат поимите интелигенција и интелектуалци, од причини што станува збор за комплексен и далекосежен општествен феномен. До истиот заклучок е дојдено и во презентното истражување – повеќето интервјуирани интелектуалци имаа проблеми да дадат своја дефиниција на интелигенцијата, како и да ги одредат нејзиното место, улога и значење во денешното македонско општество.

Во однос на дефиницијата на интелигенцијата, во продолжение се издвоени неколку изјави кои ја дополнуваат сликата за ваквиот заклучок:

„Имам конфузија во врска со одредувањето на поимот интелигенција.“

„Не постои точна или пропишана структура за да се одреди поимот

интелигенција.“

Во науката се познати две значења на концептот на интелигенцијата и тоа: психолошкото и социолошкото. Ние тргнуваме пред се од социолошкото значење. Но, за најголем број интервјуирани интелигенцијата е согледувана од психолошки аспект, односно интелигенцијата главно се дефинира како комплекс кој го отсликува пред се индивидуалниот капацитет односно различните способности, вештини и умеења, начини на размислувања и мудрости, квалитети и однесувања на човековата личност. Издвојуваме дел од изјавите кои ги илустрираат овие заклучоци:

> „Интелигенцијата е способност за апстрактно и здраво размислување, способноста да се разберат комплексните идеи, факти, концепти, феномени и знаења, способноста за брзо и успешно учење и стекнување, разбирање и користење на знаењата.“

> „Интелигенцијата е способност на човековиот ум да врши високо интелектуални и сложени, когнитивни операции со вклучувања на асоцијативните размислувања со логички и дури паралогички карактери.“

> „Интелигенцијата е способност за разбирање и расудување на поимите, симболите, перцепциите и чувствата, умеења за снаоѓања во разни прилики,услови и ситуации како и решавање на проблеми и соодветни адаптации на стекнатите услови и ситуации.“

> „Интелигенцијата е квалитет за разликување на важното од неважното, способност за анализирање, оценување и продуцирање на креативни иновативни идеи за личен и колективен развој, однесување на начин што успешно ќе се справува со предизвиците и постигнувањата на своите цели и планирања.“

Само мал број на интервјуирани испитаници интелигенцијата ја дефинираа од социолошки аспект и тоа како општествена група и категорија на индивидуи – интелектуалци, како категорија на високо образовани луѓе односно луѓе со високо формално образование. Во продолжение дел од изјавите кои ги илустрираат овие заклучоци:

„Интелигенцијата е група во општеството составена од луѓе со високо образование.“

„Тоа е посебна група од индивидуи кои се многу образовани“ .

Многубројните текстови на познати научници, кои ја истражувале интелигенцијата во првите децении на 20-от век (К. Манхајм, Ж. Бенда, А. Грамши, Ѓ. Лукач, Р. Милс, В. Махајски, Ч.Р. Милс и др.), но и текстовите посветени на современото општество, ни ја откриваат целата амбиваленција да заклучоците до кои се доаѓало за местото, улогата и значењето на интелигенцијата во едно општество. Едни заклучуваат дека интелигенцијата има авангардна улога во општеството, дека таа е промоторот на напредокот. Од друга страна, денес голем број истражувачи констатираат дека настанала смртта на класата на интелигенцијата и дека живееме во „свет без интелектуалци“ и „последните интелектуалци“ (Џејкоб). Денес, имено, сме исправени пред дилемата „за“ или „против“ интелигенцијата, за нејзиното објективно егзистирање, во каков и да е облик на нејзиното дејствување или за потрагата на нејзиниот идентитет, предизвикана од интелектуалниот пад или атрофија.

Истата амбиваленција ја откриваат и одговорите на нашите испитаници.

За одреден број интервјуирани местото на интелигенцијата во современото општество е од голема важност, улогата прогресивна и водечка а значењето иманентно. Издвоени се неколку изјави кои ги илустрираат овие заклучоци:

„Интелигенцијата има водечка улога во современото општество.“

„Интелигенцијата треба да е присутна во сите сегменти на општеството.“

„Улогата на интелигенцијата е прогресивна, а значењето е иманентно.“

„Интелигенцијата е потребна во сите полиња на секојдневниот живот.“

Но, поголем е бројот  на испитаници кои го застапуваат ставот дека интелигенцијата денес се наоѓа во голема криза и практично се доведува во прашање нејзиниот опстанок и егзистенција. Во продолжение се дадени дел од изјавите кои ја дополнуваат сликата за ваквите заклучоци:

„Во современото општество настана смртта на интелигенцијата.“

„Денес постои криза на интелигенцијата.“

„Современата интелигенција е на маргините на општеството.“

Местото, улогата и значењето на интелигенцијата во досегашните истражувања биле согледувани, пред се, во основите на општествениот систем и културата воопшто. Интелигенцијата е сметана за културно - специфична појава која  нема смисла и значење надвор од дадената култура.  Културата, односно културните вредности  се смета дека ја конструираат интелектуалната состојба на општествениот живот.  Секоја културна заедница или општество се карактеризира со свој „доминантен“ систем на вредности, врз основа на што се врши изборот на општествените цели, како и насочувањето на општествената акција, која е од суштинско значење за самата интелигенција. Оттука, се смета дека посебни општествени или културни заедници, нации или држави, создаваат посебни типови на интелигенција .

Во контекст на генерално поставеното прашање  за влијанието на културниот контекст врз  типот на интелигенција, испитаниците се изјаснија за нејзината условеност од конкретните културни прилики и конкретниот вредносен систем. Но, во однос на ова прашање понудија дополнителни согледувања. За голем број испитаници од големо значење е прашањето за тоа кои културни вредности ги истакнува одредена елита во конкретно општество и во конкретен општествен период и контекст. Тоа го потврдуваат следните изјави:

„Денес е многу значајно кои културни вредности ги фаворизира одредена елита во конкретно општество и во одреден општествен период.“

„Во современото општество културните вредности ги диктира новоформирана елита."

Денес голем број истражувања го потврдуваат востановениот став дека во современото општество интелектуалците дејствуваат во интерес на политичките власти и елити. И за најголем број на испитаници интелектуалците дејствуваат во интерес на политичките власти и елити. Во продолжение дел од изјавите кои ги потврдуваат овие заклучоци:

„Интелектуалците дејствуваат во интерес на политичките власти и елити."

„Интелектуалците со своите мислења дејствуваат во интерес на политиката."

Исто така за најголем број испитаници интелигенцијата промовира популистички културни вредности кои го заробуваат интелектуалниот потенцијал:

„Интелектуалците промовираат популистички културни вредности."

„Популизмот на интелигенцијата денес го заробува интелектуалниот потенцијал со што се назадува севкупниот општествен живот."

Не помалку значаен е и фактот што досегашните истражувања констатираат дека интелектуалците генерално се образовани луѓе кои не е неопходно да бидат и морални, односно дека преовладуваат интелектуалци без морални и културни одлики. Тоа го потврдуваат и најголем број испитаници низ следниве позначајни изјави:

„Интелектуалците се користољубиви, лицемерни, образовани луѓе без морални и културни одлики и со зло. Пример Ајнштајн кој со други физичари на САД им ја дале атомската бомба која била употребена на цивилите, или изумот на Пупин кој го подарил на САД во Првата Светска Војна."

„Интелигенцијата и интелектуалците не се некоја среќа на човековиот род."

„Значењето на интелигенцијата може да биде двосмислено, диктаторите можат да бидат поинтелигентни и од демократите."

„Интелигенцијата е деструктивна во современото општество."

Но, истовремено, во други истражувања, е дојдено до констатации за присуство кај интелигенцијата на позитивни морални вредности, дека постојат и денес вистински интелектуалци, чии карактеристки се хуманизмот, универзалните вредности, слободата, културата на дијалог и отфрлањето на лагата, кои имаат поставено високи императиви и постигнато високи дострели во своето дејствување и општествена акција за градење на похуман свет.

Интервјуираните целосно го споделуваат убедувањето дека независно од современата поврзаност на интелектуалците со елитите на власт, во нив и понатаму треба да се бара улогата на двигател на современото општество, на градител на похуман свет, дека сепак тие се јадрото на културното наследство на општеството преку создавање на вредности на општеството за благосостојба, прогрес и просперитет на човештвото.

„Интелигенцијата е јадро на културното наследство на општеството.“

„Интелигенцијата се залага за благосостојба, прогрес и просперитет на човештвото.“

„Без интелигенцијата нема и културни вредности и здраво општество.“

„Интелигенцијата е вистински двигател во општеството за економски, политички и технолошки напредок.“

„Интелигенцијата е потребно да е присутна насекаде и нејзината улога треба да биде со цел насочување на општетсвото кон еден похуман свет.“

***Улогата и значењето на вредностите (традиционални, универзални, традиции, верувања, обичаи, правни и морални норми, јазикот, разни стилови на живеење, меритократијата итн.) за интелигенцијата во современото општество***

Во современата социолошка наука востановен став е дека културните вредности и интелигенцијата во современото општество се истовремено релативно независни и взаемно поврзани.

И за голем број испитаници културните вредности и интелигенцијата во современото општество се во состојба на взаемна поврзаност и релативна независност, што упатува на заклучокот дека тие се знајачни фактори за конституирање на културата во современото општество. Во продолжение се дадени дел од изјавите кои ги илустрираат овие заклучоци:

„Без интелигенцијата нема и културни вредности.“
„Културните вредности ја дефинираат интелигенцијата.“
„Интелигенцијата е мајка на културата. Без интелигенцијата нема култура и човечката раса ќе биде на ниво на чист примитивизам.“
„Културните вредности и интелигенцијата се взаемно поврзани и се надградуваат.“
„Интелигенцијата и културните вредности ја конституираат културата на општеството.“

Преовладувачки став на испитаниците е дека културните вредности влијаат врз унапредувањето на квалитетите, вештините и знаењата на луѓето, вклучително на интелектуалците.

„Културните вредности го одредуваат интелектуалниот потенцијал на секој човек во однос на неговиот квалитет, вештини и знаења.“

„Од културните вредности во современото општество зависат развојот и напредокот на интелигенцијата и интелектуалците како и творечкиот и

духовен потенцијал за поединците и општеството воопшто."

Како носител и преносник на културни вредности, според испитаниците, интелигенцијата го обезбедува опстанокот на културата – без културни вредности се доведува во прашање егзистенцијата на културата и на човештвото воопшто:

„Благодарение на интелигенцијата, човекот ги зачувува и пренесува културните вредности, осознавајќи ја потребата за духовен развој на општеството."

***Научно – технолошкиот развој, цивилизацијата и интелигенцијата во современото општество***

Во досегашните истражувања востановен став е дека научно – технолошкиот развој и цивилизацијата во современото општество играат значајна улога и се основа за цеколупното човеково опстојување и напредок. Овој востановен став го делат и поголем број испитаници:

„Научно-технолошкиот развој и цивилизацијата се основа за напредок на човештвото."

„Науката, технолошкиот развој и цивилизацијата играат значајна улога во со времено општество особено за целокупниот опстанок на човекот."

Но, технолошкиот развој има и своја негативна позадина, а и во неа главната улога им припаѓа на интелектуалците. За голем број испитаници интелектуалците како непосредни репрезенти на науката и технологијата не работат во интерес на благосостојбата на човештвото и универзумот воопшто:

„Мал број на интелектуалци денонoќно работат за доброто на човештвото, но повеќето се жедни за конфликти. Ајнштајн и физичарите од 19-от и 20-от век го извалкаа научното достигнување и денес неморалните разни институти (фабрики за оружја)."

Примарна улога во современто општество според испитаниците има т.н. техничка интелигенција, а таа е во сериозна криза поради нејзината поставеност во подредена положба во однос на политичките власти и бизнис заедницата, како и заради нејзиниот сопствен економски интерес, и со тоа поставеност во позиција да дејствува без почитување на етичките принципи.

„Од развојот на техничката интелигенција зависи севкупниот развој на научно-техничкиот развој и цивилизацијата воопшто.“

„Интелигенцијата паѓа во искушение. И „совршен“ научник во најголем број случаеви паѓа на броењето на парите.“

***Образованието, науката и интелигенцијата во современото општество***

Востановен став во досегашните истражување е дека образованието, науката и интелигенцијата се клучни фактори за прогресот на современото општество. И за најголем број испитаници образованието, науката и интелигенцијата се клучни фактори за прогресот просперитет и напредок на секој поединец, нација,култура и современото општество воопшто:

„Образованието, науката и интелигенцијата се клучни фактори за прогресот на современото општетсво.“

„Образованието, науката и интелигенцијата е опција за просперитет и напредок на секој поединец или нација.“

„Образованието го изострува индивидуалниот мозок на т.н. остроумна интелигенција.“

„Остроумната интелигенција е обврзана да го посее семето на знаењето за здраво современо општество.“

Наведените три области - образованието, науката и инрелигенцијата - се меѓусебно поврзани, комплементарни и релативно зависни. Тоа го истакнуваат голем број испитаници низ следниве издвоени изјави:

„Образованието, науката и интелигенцијата не можат едни без други.“

„ Образованието, науката и интелигенцијата се тесно меѓусебно поврзани и комплементарни.“

„ Образованието, науката и интелигенцијата се во неопходна и меѓусебно зависна релација.“

„За унапредувањето и развојот на науката и образованието е потребна високо интелигентна сила а образовниот систем и науката се пресудни за определување и развој на креативна,способна и напредна интелигенција .“

Но, одговорите на испитаниците упатуваат на заклучокот дека во современото општество науката и образованието се наоѓаат во криза. За голем број испитаници тие ја изгубиле есенцијалната улога за втемелувачи на знаењето, креативноста, вредностите, моралот, прогресот и напредокот на една личност, нација, држава или општеството воопшто:

„Науката и образованието ја изгубија суштинската улога за втемелувачи на знаењето, креативноста и вредностите на општеството.“

„Науката и образованието денес ја изгубија етиката, со што се доведува во прашање нивната примарна улога за прогрес и напредок на луѓето, нацијата или државата.“

Оттука и заклучокот на голем број испитаници дека какви се образовниот систем и науката таков тип на „интелектуалци“ имаме - тие во современото општество се целосно зависни од политичките и економските власти и „елити“:

„Денес интелектуалците се војници и следбеници и толпа на луѓе кои следат авторитети или политичари.“

Од тие причини испитаниците сметаат дека е потребна реформа и унапредување на научниот и образовниот систем, но за тоа е потребна високо мотивирана интелигенција односно независни интелектуалци, мислители со високо развиен интелект и креативни способности, знаења и вештини. Во продолжение се дадени дел од изјавите кои ги илустрираат овие заклучоци:

> „Потребно е да се реформира образовниот систем за создавање на неазвисни индивидуалци и мислители."
>
> „За унапредување на образованието и науката е потребен високо развиен интелект и високо кретивни способни интелектуалци со знаења и вештини."

***Технократијата, бирократијата и интелигенцијата во современото општество***

Што се однесува до релацијата меѓу технократијата, бирократијата и интелигенцијата го делиме востановениот став на досегашните истражувања дека развојот на технократијата и бирократијата зависи од интелигенцијата. И за најголем број испитаници во современото општество технократијата и бирократијата се темелат на зависноста од интелигенцијата за нивниот развој и напредок:

> „Во современото општество развојот и напредокот на технократијата и бирократијата својата поткрепа ја наоѓаат во интелигенцијата."

Востановен став е дека технократијата и бирократијата имаат примарна и неприкосновена улога и значење за решавање на проблемите во современото општество. Таа улога и тоа значење ги потврдуваат голем број испитаници:

> „Технократијата и бирократијата даваат решенија за секој проблем во општеството."
>
> „Технократијата и бирократијата се примарни и доминантни сили кои влијаат врз целокупниот општествен развој."

Но, во современоста  главно денес технократијата и бирократијата се под силно влијание на политиката и економијата во интерес на политичките и економските владејачки структури и „елити“ и се пречка и „кочница“ за развојот и нормалното функционирање на интелигенцијата. Тоа го потврдуваат најголем број испитаници:

> „Технократијата и бирократијата се надополнуваат и се спојуваат во секој систем со воспоставување на систем на владеење кој најдобро одговара на владејачката класа.“
>
> „Со цел да ги остварат своите принципи на владеење на технократијата и бирократијата им е потребна помош од интелигенцијата.“
>
> „Бирократијата и технократијата се главната кочница за равојот на интелигенцијата во современото општество.“

Исто така за најголем број испитаници  интелектуалците се бирократизирани и асимилирани од политичките односно економските власти, со загрозување на нивната примарна улога за авангарда, напредок, независно и слободоумно дејствување и општествена акција и влијание во сите сегменти на современото општество:

> „Интелектуалците се претвориле во продолжена рака на политиката и економијата, осносно на политичките и економски елити и власти со што е загрозена нивната главна улога за авангарда, напредок, независно и слободоумно дејствување и општествена акција и влијание во сите сегменти на современото општество.“
>
> „Бирократијата се држи до владејачката идеологија.“

***Влијанието на политичките и економските фактори врз интелигенцијата во современото општество***

Досегашните истражувања укажуваат на фактот дека во современото општество политичките и економските фактори имаат одлучувачко и моќно, пред се негативно, влијание врз интелигенцијата. Тоа го потврдуваат и најголем број испитаници:

„Политичките и економските фактори влијаат негативно на интелигенцијата.“

„Политиката и економијата имаат силно и одлучувачко влијание на интелигенцијата.“

За најголем број испитаници политичките и економските проекции и погледи на свет на политичките и економските елити ги ограничуваат главните ресурси на интелектуалците за актуелизирање на своите идеи:

„Интелигенцијата е во служба на економските и политичките проекции.“

„Политичките и економските погледи на свет ги ограничуваат главните ресурси на интелигенцијата која се залага за општество отворено за знаења, за нови технологии, идеи, мислења за успешно разбирање на состојбите, потребите, можностите и насоките за идните дејствувања и општествени предизвици.“

Досегашните истражувања укажуваат дека интелигенцијата во современото општество е вклучена во политиката и политичките процеси до степен до кој политичката власт и „елита“ можат да ги остварат своите политички интереси. Истиот став го застапуваат и испитаниците од ова истражување. За најголем број испитаници интелектуалците стануваат пасивни акцептори на политичките и социо-економските „етики“ и интереси кои ги доведоа до состојба на нивно раслојување и опасност од целосно исчезнување:

„Интелигенцијата е пасивен акцептор на политичките и социо-економските етики.“

„Онаа интелигенција која е инволвирана во политиката, таа не е интелигенција.“

„Политичките и економските фактори доведоа до раслојување и опасност од целосно исчезнување на интелигенцијата.“

Сепак, во изнесените ставови може да се открие доза на оптимизам во однос на можностите интелигенцијата да дејствува автономно, да биде во состојба да ги исполни општите очекувања со своите творечки капацитети и духовни дострели да ја игра примарната и алтернативна улога на апологети на вистинските вредности и интереси на општеството. За најголем број испитаници е потребно целосно мобилизирање за општествена акција на интелектуалците, претворајќи ги во силно мотивирачка креативна сила со создавање на спонтани идеи и проекции за развој на општество на вистинска социјална солидарност, правда и меритократски вредности:

„Периодите на криза ја мобилизираат интелигенцијата како креативна класа за создавање на спонтани идеи и проекции за развој на општество на вистинска социјална солидарност,правда и меритократски вредности.“

***Улогата и значењето на религиите за интелигенцијата во современото општество***

Досегашните истражувања укажуваат дека во услови на доминација на феномените на синкретизмот и десакрализација на современото општество верските определби и практикувања претставуваат личен избор. Тоа го потврдуваат и најголем број испитаници. Во продолжение се дадени дел од изјавите кои ги илустрираат овие заклучоци:

„Верската определба и практикување е лична работа.“

„Денес доминираат феномените на синкретизам и дескрализација.“

“Религијата е барање на свој начин да се комуницира со Бог а не стадо исполнето со ритуали.“

За голем број испитаници многу познати интелектуалци во човековата историја биле водени и инспирирани од религијата и покрај фактот што голем број на научни студии укажуваат дека религискиот избор се намалува пропорционално со порастот на образованието и економскиот раст:

„Многу познати интелектуалци во човековата историја биле водени и инспирирани од религијата."

„Голем број студии покажаа дека религијата се намалува пропорционално на порастот на образованието и личниот доход."

За најголем број испитаници денес се појавија голем број на атеистички движења и убедувања дека религијата влијае на начин што ги прави луѓето односно интелектуалците конформисти во општеството и во религијата. Издвоени се неколку изјави кои ја дополнуваат сликата за ваквите заклучоци:

„Атеизмот смета дека религијата ги држи интелектуалците како маса на луѓе да бидат покорни на еден шаблон."

„Религијата има своја интелигенција која ги извршува задачите наметнати од главните пропагатори на религијата."

***Улогата и значењето на уметноста за интелигенцијата во современото општество***

Досегашните истражувања укажуваат дека интелигенцијата е креативна и умее да ја почитува и поддржува креативноста кај другите. Тоа го потврдуваат најголем број испитаници:

„Интелигенцијата по дефиниција е креативна и умее да ја почитува, препознае и поддржи креативноста кај другите."

За најголем број испитаници уметноста би требало да е авангарда на мислењето, на филозофијата, на општествените случувања со нејзината основна задача да ги збогати луѓето духовно:

„Уметниците се интелектуалци и тие се авангарда на мислењето, на филозофијата и на општествените случувања.“

Но, уметноста во современото општество се наоѓа во криза пред се поради влијанието на економските и политичките фактори. Тоа го истакнуваат поголем број на испитаници:

„Уметниците односно интелектуалците се зависни од политичката власт која креира културна политика од која зависи нивната економска а со тоа и целосна егзистенција во општественото, односно културното милје.“

„Девастирачкиот однос на економските и политичките фактори доведуваат до деградација на вистинските уметнички вредности и артефакти, и отсуство на вистинска валоризација на уметноста во современото општество.“

„Централизираниот начин на културна политика креира аморфна маса на уметници.“

***Влијанието на медиумите за масовна комуникација врз интелигенцијата во современото општество***

Досегашните истражувања укажуваат дека медиумите за масовна комуникација играат доминантна улога и имаат клучно влијание на секој дел на современото глобално општество. Тоа го потврдуваат ставовите во одговорите на најголем број испитаници:

„Медиумите имаат видливо и пресудно влијание.“

„Медиумите имаат доминантна и клучна улога на влијание на секој дел од глобалното општество.“

Но, за најголем број испитаници медиумите за масовна комуникација во современото општество ја губат својата главна функција во општеството и влијаат негативно во сите сегменти на општественото живеење и на интелигенцијата. Тоа според нив главно се должи на креирањето на јавното мислење под силно политичко влијание на владејачките власти:

„Медиумите се најголеми виновници и тие се срамната алка која произведува мегафони на власта.“

„Медиумите се под контрола на центрите на моќта со што го креираат јавното мислење и влијаат врз интелигенцијата.“

„Медиумите исфрлаат од нормален колосек голем дел од интелектуалците.“

За најголем број испитаници медиумите за масовна комуникација создаваат информативен бум со пласирање на необјективни и невистинити информации:

„Масовните медиуми хипнотизираат.“

„Масовните медиуми создаваат информативен бум со презентирање на необјективни и невистини вести.“

„Медиумите се неписмени и се служат со плагијати.“

„Медиумите креираат масовни информации кои не одговараат на фактичката состојба. Пример е креирањето на слика во западните земји за Балканот во 90-те години на 20 – от век.“

*Граѓанското содружништво и интелигенцијата во современото општество*

Востановен став е дека граѓанското содружништво е значаен фактор за развојот на општеството затоа што тоа е збир од голем број на акумулирани интереси и цели за остварувања на истите на голем број актери и субјекти а со тоа и интелигенцијата. Тоа го потврдуваат и најголем број испитаници:

„Луѓето се содружуваат за остварување на нинвните цели и интереси.“

„Граѓанското содружништво е значаен фактор за развојот на општеството. Тоа опфаќа спектар на актери и субјекти со широк спектар на цели и структури.“

Но, за најголем број испитаници во современото општество граѓанското содружништво како и сите претходно наведени сегменти во општеството се под силно влијание на политичките и економските фактори:

„Денес настанува политизација на здруженијата на граѓани.“

„Невладините организации се под силно влијание на политиката и бизнис секторот.“

Сепак, најголемиот број испитаници веруваат во можноста интелектуалците, преку својата дејност во различни граѓански друженија, како нивни основачи или креатори на нивните побарувања , да ги исполнат општите очекувања за изнаоѓање на решенија за унапредување на работите во одделните сектори на современото општество:

„Интелектуалците се наоѓаат и препознаваат во различни форми на граѓанското содружништво и тие се иницијатори, но и основачи и силни поддржувачи на граѓанскиот сектор.“

„Интелектуалците во рамките на граѓанското содружништво го отвараат патот за развој и напредок на општеството.“

„Интелектуалноста е значајна компонента во граѓанското содружништво.“

***Влијанието на глобализацијата и постмодерната врз интелигенцијата во современото општество***

Во досегашните истражувања преовладува ставот дека глобализацијата и постмодерната се феномени кои ги промовираат културната, политичката и економската разновидност. Тоа го истакнуваат и најголем број испитаници:

„Глобализацијата и постмодерната афирмираат разновидни животни стилови, интереси и можности.“

„Глобализацијата и постмодерната подразбира разновидни вредности и комуникации и размена на искуства, знаења и стоки со целиот свет.“

Но, истите испитаници не го исклучуваат ниту негативнот влијание на глобализацијата врз интелектуалците:

„Глобализацијата и постмодерната создаваат полуинтелектуалци.“

„Вредностите на глобализацијата и постмодерната влијаат негативно на интелигенцијата.“

Исто така, за најголем врој испитаници глобализацијата се перцепира како економска или политичка идеологија и стратегија која нема унифицирана културна политика и вредносен систем и која е во интерес на развиените земји и демократии во светот:

„ Денешниот свет се наоѓа во голема криза пред се поради нарушените „демократски“ процеси кои предизвикуваат скептицизам во однос на губење на идентитетот и автентичноста на голем број култури, особено мали нации и неразвиени држави, како дел од глобалниот мозаик.“

„Глобализацијата врши обезличување на малите народи, на нивните национални особености и обичаи.“

„Глобализацијата е наменета за развиените земји да процветаат по цена на неразвиените нации.“

„Глобализацијата е прикриена окупација на малите држави и народи.“

Емпириското истражување ја потврди нашата претпоставка дека интелигенцијата во македонското општество ги споделува сите проблеми на интелигенцијата ширум светот, дека е поставена пред сите предизвици со кои се соочува интелектуалецот денес независно на која култура и припаѓа, дека нејзината егзистенцијална зависност од елитите на власт ја прави исполнител на туѓи барања, но дека во крајна линија целиот напредок е заснован на нејзината креативна моќ и способноста да нуди решенија во светот кој исклучително брзо се менува.

# 7. ЗАКЛУЧОЦИ

Врз основа на теоретското и емпириското истражување за влијанието на културните вредности врз определувањето на концептот на интелигенцијата во современото општество и современото македонско општество, дојдовме до следниве заклучоци:

- Културните вредности, како комплексност од универзални норми, традиции, верувања, поврзани со општите матрици на однесување, се основата на современото општество, фундаментот за облагородување на човековиот ум и текови на кои почива човештвото и без кои не може да егзистира човековиот живот и општеството воопшто и интелигенцијата посебно.
- Следењето на историскиот развој на човештвото ни открива промени во вредносниот систем на општествата условен од растот на нивната структурна комплексност предизвикана од растот на поделбата на трудот. Овие промени условуваат и промена во карактеристиките на интелигенцијата и нејзината улога во конкретните општества. Дел од тие промени, значајни за постепената трансформација на интелектуалците од поединци слободни креатори на нови идеи до поединци кои се во служба на политичките и економските елити се: релативизација на вредностите кои доведуваат до деградација на вредносниот систем, кризата на институциите, дехуманизацијата, деперсонализацијата, нихилизмот, деконструкцијата, доминацијата на нерационални политички страсти и емоции, дивинизирање на ирационалните или нелогичните акции, на снобизмот, парадоксалноста и апсурдноста, на разновидните квази вредности и кич поведенија итн.
- Интелигенцијата е културно - специфична појава и таа нема смисла и значење надвор од дадената култура. Културата, односно културните вредности, главно ја конструираат интелектуалната состојба на општествениот живот, тие влијаат на потенцијалот на секој човек со обемот на квалитетите, вештините и знаењата. Нивната условеност од политички и економски влијанија, како и од глобализациските процеси, го детерминира развојот и напредокот на интелигенцијата и интелектуалците, како и творечкиот и духовен потенцијал за поединците и општеството воопшто.

- Културните вредности и интелигенцијата во современото општество и во современото македонско општество, се во состојба на взаемна поврзаност и релативна независност. За развојот на интелигенцијата во современото општество, како приоритет се поставуваат повеќе културни вредности, како што се: рационалноста, религијата, моралот, естетиката, хуманоста, образованието, толеранцијата, инклузивноста, мултилатерализмот, мултикултурализмот, либерализмот, патриотизмот, традицијата и информираноста. Современото т.н. постмодерно општество е диференцирано и културно фрагментирано општество, општество на плурална интеграција на разновидни културни вредности и животни стилови. Во т.н. ера на општествена трансформација, напредокот на науката и технологијата ја афирмираат т.н. „материјална цивилизација", во која поделбата на трудот доведува до радикална специјализација, со која еден ист субјект или една иста личност извршува сосема различни функции и улоги во општеството.
- Присуството на културните вредности во современото македонско општество е последица на историскиот фактор, односно на вкрстувањето и заемното проникнување на повеќе цивилизациски слоеви, културни, етнички и конфесионални влијанија како што се елинската и римската цивилизација, христијанството, исламот, византискиот и муслиманскиот етнос итн. Македонско општество денес се соочува со судирот на три системи на вредности и тоа: традиционалистичкиот, социо – реалистичкиот и современиот, актуелен вредносен модел. Овој судир условува во современиот културен простор маргинализација на културните вредности и деградација на вредносниот систем.
- Традиционалните вредности, кои биле темелот на миралниот поредок на општествата во текот на историјата, во современоста континуирано слабеат е се заменуваат со нови квази вредности кои го величат материјалното наспроти духовното, некозистентоста наспроти конзистентноста и двосмисленоста, наспроти вистината и реалноста, од причини што се злоупотребени од страна на владејачката класа и политичката и екононската елита. Традиционалните вредности на интелектуалците, влијаат на начин што нив ги прават поразумни, поодговорни и поетички индивидуи поради рестриктивниот и ограничувачки карактер, во однос

на резервираноста за прифаќање на новопројавените промени и непроверените, вредносни ориентации.

- Универзалните вредности, кои се есенцијата на секојдневниот живот на луѓето и на интелигенцијата и услов за човековата и општествената стабилност и напредок, на културните и цивилизациските процеси, во современото општество и во современото македонско општество, во контекст на прилагодувањето на научно – техолошкиот развој и откритија, постепено се трансформираат до степен кога го губат епитетот „вредност ". Сепак, и покрај незавидната положба и статус во општеството, пред се, од материјална природа, голем број интелектуалци и понатаму продолжуваат да го следат својот духовен идеал, да се трудат и да придонесат за нови научни откритија и потреби за напредок и развој на современото општество и современото македонско општество, во сите негови сегменти. Во македонското општество истовремено егзистираат универзалните и традиционалните вредносни ориентации. Од една страна, се афирмира универзалната ориентација, која е широко прифатена во политичките и интелектуалните кругови, но како проект и концепција кон кои само се стремат. Од друга страна е партикуларистичкиот вредносен систем, во рамките на кој етничките заедници се дистанцирани и парцијализирани. Исто така се присутни утилитаризмот, хедонизмот и сознајните вредности.
- Обичаите, пак, би требало да имаат значајно место во современиот свет, но како и сите претходно наведени вредности во современото општество и во современото македонско општество, се под постојан притисок за промени и прилагодувања на новите светски процеси и текови, губејќи ја нивната автентичност и основна смисла, за пренесување на културните добра и доживувања.
- Правните норми би требало да гарантираат владеење на правото и правната држава, како фудаменти за развиена демократија и развиено општество, култура и цивилизација, воопшто. Но, во современото општество и современото македонско општество, правото се соочува со влијание на политичките и економските фактори, што го прават многу неетично, засновано на принципите на функцинирање на еден систем, во кој главниот збор го имаат политичките и економските цели и интереси. Улогата на правните норми е клучна за правилен

развој на интелигенцијата, за нејзино вклучување во развојниот процес на една култура, држава или општеството воопшто. Дури се оди до таму да каде што нема правна држава, доаѓа до изумирање на интелигенцијата.

- Што се однесува до моралните норми, во современото општество и во современото македонско општество, тие би требало да бидат темелот на интелигенцијата и воопшто на сите луѓе и сите сегменти на општеството. Но, денес живееме во време на криза на моралните вредности, со негативни последици врз карактерот на интелигенцијата. Современото општество и современото македонско општество покажуваат дека конзумеризмот, себичноста, индивидуализмот и хедонизмот се главните виновници за таа состојба, се разбира под силно влијание, на политичките и економските фактори.
- Јазикот пак, е суштината на секое општество и култура и битен сегмент во комуникацијата со луѓето и културите и без него е незамисливо да се реализира човековото дејствување и акција. Тој е битна алатка за промена на погледите на мислите и идеите, за култивирање на разните облици на општествена свест, во приближувањето на мислењата, ставовите итн., во спротивставувањето на различните гледишта во разни области, но и за разбирање на различните култури и нивното взаемно почитување и толеранција. Во македонски контекст јазичното прашање е една од најприсутните теми на јавниот дискурс, со спротивставени ставови околу статусот на јзиците на малцинските заедници, особено статусот на албанскиот јазик, и со остар судир меѓу поборниците на мултикултурализмот и приврзаниците на идејата за привилигираниот статус на мнозинската јзична заедница во однос на малцинските.
- Различнитеите стилови на живот, посебни за секој историски период, го прикажуваат нивото на развој на едно општество, односно култура, но и личните и општествените аспекти на статусот, прифатливоста и економската поткрепеност на личноста на интелигенцијата, како и религиските, креативните и естетски вредносни ориентации на интелигенцијата. Тие можат да придонесат за интеграцијата, но и за дезинтеграцијата на едно општество. Македонското општество е мултикултурно, мултиетничко и мултиконфесионално, со респективна традиција во која се наталожени повеќе цивилизациски слоеви, културни, етнички

и конфесионални влијанија.  Во современото македонско општество значајни фактори на раличноста на животните стилови се: етничноста, религијата, степенот на образование, општествениот статус и возраста. Притоа, различието на животни стилови најдиректно го осликува судирот меѓу традицијата и глобализациските влијанија и степенот до кој глобализаци ските вредности ги потиснале традиционалните.

- Интелигенцијата, е општествено конструирана, хетерогена категорија, која претставува агрегат од членови на одреден социјален простор. Конкретните услови во кои опстојува интелигенцијата условуваат огромна разновидност во одредувањето на нејзиниот статус и улогата што ја игра во конкретното општество. Оттаму и огромната разновидност во карактеристиките што и се припишуваат во многубројните дефиниции, при што доминантни се позитивните одредници на интелектуалците од периодот на традиционалноста и негатвни во периодот на современоста. Во современото општество се разликуваат неколку видови на интелигенција, како што се: јавните интелектуалци или public intellectuals, критичката интелигенција, емоционалната интелигенција, социјалната интелигенција, граничната интелигенција, вештачката интелигенција, духовната интелигенција, политичката интелигенција, економската интелигенција, културната интелигенција, хуманистичката интелигенција, техничката интелигенција, бирократската (службеничка) интелигенција, експертите, верската интелигенција, колонијалната и постколонијалната интелигенција, квази интелектуалци, псевдо или полу интелигенцијата итн.
- Улогата на религијата во обликувањето на типот на интелигенција во современоста е мала, иако сеуште има свое влијание, глвно преку начинот за креирање на погледите на светот
- Уметноста, која со нејзината основна задача да ги збогати луѓето духовно, би требало да е авангарда на мислењето, на филозофијата, на општествените случувања, во современото општество се наоѓа во криза поради влијанието на економските и политичките фактори. Зависноста на уметниците односно интелектуалците од политичката власт, која креира културна политика од која зависи нивната економска а со тоа и целосна егзистенција, условува деградација на

вистинските уметнички вредности и артефакти, преземање од страна на уметниците на неуметнички задачи, идеолошка условеност на стлот и содржината на нивните дела, како и отсуство на вистинска валоризација на уметноста во современото општество.

- Образованието, како доминантен институционален фактор на културна трансмисија, на пренесување на културните вредности од генерација на генерација, е основна одредница за припадност на категоријата интелектуалци. Образованието, науката и интелигенцијата се клучни фактори за прогресот, на поединецот и општеството. Овие три области во современото општество се заемно поврзани и истовремено релативно независни. За унапредувањето и развојот на науката и образованието е потребна високо интелигентна сила, а образовниот систем и науката се пресудни за определување и развој на креативна, способна и напредна интелигенција. Но во современото општество, науката и образованието воопшто, се наоѓаат во криза, односно ја изгубиле есенцијалната улога за втемелувачи на знаењето, креативноста, вредностите, моралот, прогресот и напредокот на една личност, нација, држава или општеството воопшто. Оттука и заклучокот дека каков образовен систем и наука имаме и таков тип на „интелигенција“, односно „интелектуалци“, кои во современото општество, се целосно зависни од политичките и економските власти и „елити“. Образовната политика, во современото македонско општество, се карактеризира со: недостиг на стратегија за развој на образовниот систем во сите негови степени, неадекватно финасирање на образовните институции, неконзистентна промена на курикулумот во основното и средното образование, недостаток од нови, креативни и творечки содржини во курикулумот на образовниот процес и отсуство на меритократските вредности во образовниот систем.
- Политичките и економските фактори врз интелигенцијата во современото општество и современото македонско општество имаат моќно, пред се, негативно влијание. Политичките и економските фактори предизвикуваат состојба во која политичките и економските проекции и погледи на свет ги ограничуваат главните ресурси на интелигенцијата која е за општество отворено за знаења, за нови технологии, идеи, мислења за успешно разбирање на состојбите, потребите,

можностите и насоките за идните дејствувања и општествени предизвици. Во услови на политички и економски кризи, стагнација во сите сегменти на општественото живеење, односно цели општества со недемократски политички системи во кои се ограничени протокот на информации , размената на искуства и знаења, протокот на стоки и луѓе итн., интелектуалците стануваат пасивни акцептори на политичките и социо-економските „етики“ и интереси кои ги доведоа до состојба на нивно раслојување и опасност од целосно исчезнување.

- Вклученоста на интелигенцијата на врвни позиции во политичкиот и економскиот систем како своја последица го има нејзиниот амбивалентен карактер. Таа истовремено е критичар на општеството и со апологетски став кон владејачките слоеви. Би – димензионализмот на интелектуалците се согледува во нивното припаѓање на интелектуалното, автономно поле, со нивните автономни интереси како нивна примарност од една страна и нивната интервенција во политиката и сместување зад интересите на различни групи или класи од друга страна.
- Интелектуалците (писателите, филозофите, историчарите, новинарите и др.), во минатото и денес биле носители, како на прогресивни, така и на „мрачни“ идеи и проекти, со што ја добиле улогата на субверзивен елемент на општеството (каде се прогласени за штетни и опасни), не само во очите на пошироката јавност, туку и во очите на тие со кои заедно дејствуваат и соработуваат – политичарите. Интелектуалната работа е под силно политичко и економско влијание, од што зависи нивната материјална положба, од која е загрозен нивниот професионализам и интегритет.
- Промената во политичката и економската сфера во современото општество, предизвикала и промена на карактерот на интелектуалците, односно значајна преобразба на интелектуалниот етос. Така денес, за разлика од одлучувачката улога на идеите на интелектуалците во минатото, интелектуалците (посебно филозофите, теолозите итн.), се чини имаат преценета улога во обликувањето на економскиот поредок, од причини што тие се обликувани од општествените сили на своето време и ја извршуваат својата задача во рамките на професиите кои не бараат подлабоки размислувања или страсни посветувања.

- Денес е евидентно дека интелигенцијата во македонското општество ги споделува карактеристиките за интелигенцијата ширум светот: таа се наоѓа во голема криза и практично се доведува во прашање нејзиниот опстанок и егзистенција. Во современото македонско општество интелектуалците дејствуваат во интерес на политичките власти и елити, со промовирање на популистички културни вредности, кои го заробуваат интелектуалниот капацитет и потенцијал, лишени од индивидуалните неолиберални права, слободи и други добра, со што се претвораат во образовани луѓе без морални и културни одлики.
- Економските фактори врз концептот на интелигенцијата во современото македонско општество влијаат низ следниве параметри: тие влијаат регресивно на интелигенцијата, отсуствува економската стратегија и либерализација на економијата и тоа што економските политики создаваат етнички културни „гета". Со кооперацијата и субмисивноста на интелектуалците со политичките и економските власти и нивните интереси, денес, во македонското општество се јавија т.н. интелектуалци, кои Чеслав Милош ги нарекува кетмани или интелектуалци на „дозволена измама", кои се дел од политиката и политичките процеси или пак тежнеат кон освојување на власта, но истовремено се т.н. „циник" интелектуалци, кои се одликуваат со пасивност, апатија, дефитизам, резигнација, популизам, идеологизам, нихилизам итн.
- И покрај навидум примарната и неприкосновена улога и значење на технократијата за решавање на проблемите во современото општество, главно денес технократијата и бирократијата се под силно влијание на политиката и економијата, во интерес на политичките и економските владејачки структури и „елити" и се пречка и „кочница", за развојот и нормалното функционирање на интелигенцијата. Интелигенцијата е бирократизирана и асимилирана од политичките, односно економските власти, со загрозување на нејзината примарна улога за авангарда, напредок, независно и слободоумно дејствување и општествена акција и влијание во сите сегменти на современото општество. Имено, денес технократијата се води од принципите на технократскиот „либерализам", зад кој параван се кријат идеологијата и интересите на нехуманиот, корпоративен капитализам. Оттука и верувањето и критиката на голем број теоретичари и

критичари, кои сметаат дека ваквиот начин на организирано владеење (на малцинството), го тривијализира концептот за интелигенција и го доведува во прашање нејзиното постоење, како и развојот на демократијата и демократските процеси.

- Во услови на информативен бум, со пласирање на необјективни и невистинити информации и креирање на јавното мислење, под силно политичко влијание на владејачките власти, медиумите за масовна комуникација во современото општество, се чини, ја губат својата главна функција во општеството и влијаат негативно во сите сегменти на општественото живеење и на интелигенцијата посебно. Во современото општество се појавуваат т.н. celebrity интелектуалци, во т.н. celebrity култура, каде границата меѓу медиумите и интелектуалците како воопшто и да не постои, при што се зборува за замена на интелектуалците, со медиумските личности. Со посредство на мас – медиумите, интелектуалната акција се насочува од полето на творечкото, духовното и критичкото мислење, кон полето на политичката акција, со што доаѓа до компромитација на симболичниот, интелектуален капитал на интелектуалците во современото општество.
- Главно денес востановен е ставот дека интелектуалците се централни демократски актери, кои играат клучна улога во развојот на демократијата во современото општество. Од друга страна, општествата со ниско ниво на демократија, се одликуваат со интелектуалци кои се стручњаци во својата област, без посебна мисија во општеството. Востановен став е дека крајот на 20 – от век и почетокот на 21 – от век, го одбележува т.н. „охлокрација“ или „либерална демократија“, која го надживеала и фашизмот и комунизмот, при што се јавува „рестрикција на слободата“ и „рестрикција на политичкото“, кои се идентични на политичката моќ на олигархиските владеења во минатото.
- Граѓанското содружништво, би требало да е значаен фактор за општеството, затоа што тоа е збир од голем број на акумулирани интереси и цели за остварувања на истите, на голем број актери и субјекти, а со тоа и интелигенцијата. Но, во совремното општество, граѓанското содружништво, како и сите претходно наведени сегменти во општеството, се под силно влијание на политичките и економските фактори. Оттука потребата и очекувањата од интелигенцијата, како

значајна компонента во граѓанското содружништво низ различните форми на содружништво, да го отвори патот за подобар развој и напредок на современото општество.

- Меритократијата, таму каде доминираат недемократски процеси станува идеал дури и утопија. Предоминацијата на политичката  и економската моќ условува состојба на апатија, напуштање на моралните вредности и норми, глорификација на материјалните наспроти духовните и креативни вредности и афирмација на заслугите врз основа на примената на сила и нанесување на неправди. Од тие причини и покрај огромното значење на меритократијата за нормалното функционирање на интелектуалците, тие се наоѓаат во исклучително неповолна состојба, во однос на нивното место, улога и значење.
- Македонското општество  се карактеризира како општество на т.н. консесуална демократија, каде групите имаат пропорционалнен пристап до материјалните и симболичките добра на државата, право на вето во делот на нивните витални интереси, но и обврската и должностите за зачувување на територијалниот интегритет на државата. Во таа насока и повикот на мал дел од македонската интелигенција за тоа дека  културните групи во општеството мора да сфатат дека „јавното добро“ и граѓанската сфера  мора да се врзат за државата и да се ориентираат кон граѓанската демократија и граѓанското општество. Според нив граѓанството по дефиниција е работа на третирање на луѓето како поединци со еднакви права според законот. Но во современото македонско општество, граѓанското содружништво како и сите претходно наведени сегменти во општеството, се под силно влијание на политичките и економските фактори, со што се поставува прашањето на егзистенцијата на интелигенцијата, која се претвора во прост агрегат од поединци со скриени намери и интереси, но не и  со своја организирана структура, идеологија и развиена свест.
- Културната  политика во современото македонско општество се карактеризира со: неконзистентна и недоволно организирана стратегија за развојот и унапредувањето на културата, политизација на културната сфера, неадекватно и недоволно финансирање на културните институции, создавање на етнички културно – сегрегирани или паралелни културни институции или организации, дефицитарност

на вредносно – меритократските начела и објективните критериуми во кадровската политика и отсуството на иновативни и креативни, творечки идеи и потенцијали во рамките на културните институции.

- За глобализацијата и постмодерната се смета дека се феномени, кои ги промовираат културната, политичката и економската разновидност, различноста на животни стилови, интереси и можности, вредности и комуникации и размена на искуства, знаења и стоки со целиот свет. Дискурсот за интелектуалците особено во 80 – те и 90 – те години, на 20 – от век е пред се дискурс на глобалниот плурализам, на примената на знаења, идеи, верувања, мислења итн., од страна на интелектуалците. Влијанието на глобализацијата и постмодерната врз интелигенцијата во современото општество е негативно, поради фактот што денешниот свет се наоѓа во голема криза, со нарушени „демократски“ процеси кои предизвикуваат скептицизам, заради губењето на идентитетот и автентичноста, на голем број култури, особено мали нации и неразвиени држави, како дел од глобалниот мозаик.
- Во таа насока интелигенцијата се проучува и во контекст на политичката, економската и културната глобализација, како процеси кои се под силно влијание на корпоративниот неолиберализам, економскиот, културниот и политичкиот империјализам, постмодернизмот итн. Значењето на интелигенцијата подразбира инволвирање во пракса со глобално општествен карактер и значење. Глобалните интелектуалци, се застапени во глобалниот јавен простор преку онлајн реномирани весници и списанија, пред се на англиски јазик со што допираат до широката јавност.
- Глобализациските процеси во современото македонско општество можат да се согледат во економската и политичката стратегија, во настојувањата за создавање на монокултура или универзална култура и универзални вредности, како и кон интерференција на локалните култури и почитување на нивниот културен идентитет и етнокултурна идентификација со глобализацијата и нејзините процеси. Оддруга страна, денес македонската интелигенција ја споделува положбата на интелектуалците од малите и неразвиени земји, кои со емиграцијата во развиените

земји стануваат нивен битен интелектуален капитал, средство за остварување на нивните интереси, односно предмет на нов тип на експлоатација.

- Постмодерната, со релативизацијата на универзалните вредности, ги свела на минимум, настојувањата на интелектуалците да создаваат и шират нови системи на вредности. Со непостоењето на универзалноста, сите обиди за откривање на вистината се дискредитирани, а со тоа се дискредитира и се доведува во прашање опстанокот и функцијата на интелигенцијата. Оттука и мислењето за смртта на т.н. универзален или тотален интелектуалец, од Сартровски тип (Ж. П. Сартр) и појавата на т.н. специфичен тип на интелектуалец од Фукоов тип ( М. Фуко ).
- Емпириското истражување ја потврди нашата претпоставка дека интелигенцијата во македонското општество ги споделува сите проблеми на интелигенцијата ширум светот, дека е поставена пред сите предизвици со кои се соочува интелектуалецот денес независно на која култура и припаѓа, дека нејзината егзистенцијална зависност од елитите на власт ја прави исполнител на туѓи барања, но дека во крајна линија целиот напредок е заснован на нејзината креативна моќ и способноста да нуди решенија во светот кој исклучително брзо се менува.

## 8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Аквински, Т. (1990), *О држави*, Загреб.

Ачкоска, Виолета (2011), *Лекции од историјата на современата македонска држава*, 1944 – 1991, Скопје, Филозофски факултет.

Бауман, З. (2005), *Постмодерна етика*, Скопје: Темплум.

Бек, У. (2003), *Што е глобализација?*, Скопје: Тера магика.

Бенда, Ж. (1992), *Предавството на интелектуалците*, Скопје, Култура.

Берет, Д. и Кол, Т. (2000), *Социолошки проекти – водич за студент*, Скопје: Филозофски Факултет, Институт за социологија.

Берман, Пол (2005), *Терор и либерализам*, Скопје, Евро – Балкан – Пресс.

Бест, С. и Келнер, Д. ( 1996 ), *Постмодерна теорија*, Скопје, Култура.

Блох, Е. (1979), *Политичка мјерења*, Сарајево.

Бошале, Никола (1987), *Научното творештво во Република Македонија*, Скопје, Македонска книга.

Вигњевич, Б. (2006), *Технонаучност света*, Бања Лука, Радови.

Вилијамс, Р. (1996), *Културата*, Скопје: Култура.

Војинович, П. (1989), *Црногорска интелигенција* ( од половине XVIII вијека до 1918 године), Титоград, НИО „ Универзитетска ријеч“Никшич.

Вотерс, М. (2003), *Глобализација*, Скопје, Институт за демократија, солидарност и цивилно општество.

Вујаклија, М. (1972), *Лексикон страних речи и израза*, Београд, Просвета.

Генон, Р. (2005), *Кризата на модерниот свет*, Скопје, Ми – Ан.

Гиденс, Е. (2000), *Модерноста и самоидентитетот; сопството и општеството во доцната модерна ера*, Скопје: Темплум.

Гиденс, Е. (2002), *Забеган свет; како глобализацијата ги преобликува нашите животи*, Скопје: Филозофски факултет.

Гилевски, П. (2000), *Повредена интелигенција*, Скопје, Наше Дело.

*Граѓанска Иницијатива* ( 2005 ) , *Дебати за културата*, Скопје, ЦИУ Мултимедиа.

Грамши, А. (1978), *Одбрани текстови*, Скопје, Македонска книга.

Група автори (1997), *Социологија*, Скопје, Студентски збор.

Димиќ, М. (1984), *Интелектуалац изван институције*, Ниш, Градина.

Диркем, Е. (2004), *За поделбата на општествениот труд*, Скопје, Ми – Ан.

Деспиќ, (1970), *Искажување на тема „ Интелектуални рад у самоуправно друштву*" , Политика.

Драгичевиќ – Шешиќ М., Стојковиќ Б. (2003), *Културна политика*, Скопје, Темплум.

Еванс, Ј.Р. (2012), Во одбрана на историјата, Скопје,Арс Ламина.

Иванов, Б. (2002), *Од нестрпеливост до нетрпеливост во Уметникот и општествената стварност,* Скопје, 359 о – Мрежа за локални и субалтерни херменевтики.

*Историја на македонскиот народ*, (1969), Скопје, НИП Нова Македонија.

Јованов, Н. (1993), *Стапица на заблудата во Списание за општествена критика и теорија 3 – 4,* Скопје, Студентски збор.

Кант, И., (1974), *Вечни мир, у: Ум и слобода*, Београд.

Кантарџиев, Р. (1965), *Македонското преродбенско училиште*, Скопје, Култура.

Кенет, П. (2012), *Прирачник за компаративни социјални политики*, Скопје, Арс Ламина.

Кожул, Ф. (1984), *Старе подјеле, нове страсти*, Борба.

КоковиЋ, Д. (1997), *Пукотине културе*, Београд: Просвета.

Колаковиќ, М. А. (2015), *Француски и српски интелектуалци: сарадња и утицаји (1894 – 1914), докторска дисертација,* Београд, Универзитет у Београду, Филозофски факултет.

Конески, Б. (1978), *Огледи и беседе,* Београд, ИРО „ Народна књига ".

Конески, Б. (1986), *Македонскиот XIX век,* Скопје,Култура.

Конрад, Ѓ. (1992), *Антиполитички предизвик*, Скопје, Култура.

Корубин, Ј. (1992), Р*егионално потекло на научната интелигенција во Македонија,* Прилеп, *Годишник на Економскиот факултет – Прилеп*.

Корубин, Ј. (1994), Ж*ивиот песок: интелигенцијата: научната интелигенција во Македонија,* Куманово, Просвета.

Корубин, Ј. (1999), *Збогум интелектуалци*, Скопје, Матица Македонска.

Коцевски, Д. (1997), *Постмодерни текови*, Скопје, Култура.

Кувачиќ, И. (1984), *Интелектуалци и власт*, Ниш, Градина.

Лапе, В. (1967), *Марко Цепенков за селските задружни куќи и чифлици во Прилепско, Тиквешко и Штипско,* Историја.

Лапе, Љ. (2010), *Македонската интелигенција во Швајцарија во времето на парискатa мировна конференција,* Скопје, МАНУ.

Лиотар, Ж.Ф. (2007), *Постмодерна состојба: извештај за знаењето*, Скопје, Аз – Буки.

Липсет М. Сејмор и други (1984), *Иновативна и интегративна улога интелектуалаца*, Ниш, Градина

Луис, С. Ф. (1984), *Ко је интелектуалац?*, Ниш, Градина.

Маркузе, Х. (1968), *Човек једне димензије*, Сарајево.

Маршал, Г. (2004), *Оксфордски речник по социологија*, Скопје: МИ – АН.

Милановиќ, М.В. (2010), *Проблем темеља као проблем (де) конструкције/ филозофија и религија на прелому ( пост ) модерне во Збирка радова са научног скупа (Пале, 22 – 24 мај 2009), Интердисциплинарност и јединство савремене науке, филозофске и прородно – математичке науке,* Пале, Универзитет у источном Сарајеву, Филозофски факултет Пале.

Милосавлески, С. (1992), *Социологија на македонската национална свест*, Скопје, Култура.

Милошевиќ В., Б. (2010), *Научна универзалност, интердисциплинарност и мултикултуралност (у сенци превредновање идеје о вредносној неутралности науке во Збирка радова са научног скупа (Пале, 22 – 24 мај 2009), Интердисциплинарност и јединство савремене науке, филозофске и прородно – математичке науке*, Пале, Универзитет у источном Сарајеву, Филозофски факултет Пале.

Миљовска, Д. (1970), *Местото и улогата на интелектуалците во Илинденската народна револуција Зборник „ Илинден 1903 “,* Скопје, ИПИ.

Миноски, М. (1979), *Обид на Спиро Гулапчев и на организацијата „ Пријателска дружина “ за ширење на општите и практичните научни знаења сред селанството во Македонија во Зборник „ Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата,* Скопје, МАНУ.

Мирчев, Д. (1991), *Драмата на плурализацијата: политологија на кризата и системските промени,* Скопје, Комунист.

Младеновски, Ѓ. (2005), *Антрополошки огледи,* Скопје, Аз – Буки.

Нешковић, Р. (2000), *Критика неолиберализма као идеологије безалертернативног поретка (Или: о могућности ангажованог интелктуалца данас),* ТМ бр. 3 – 4, стр. 193 - 216, Ниш.

Ортега Хосе – И –Гасет (1993), *Бунтот на масите,* Софиа,Универзитетско издаделство „ Св. Климент Охридски “.

Павићевић О., Симеуновић П. Б. (2007), *Средња класа и њене одлике у Србији новог доба, Теме бр. 1,* Вол. 31, стр. 95 – 112, Београд, ИКСИ.

Парк, А. М. (2012), *Вовед во антропологијата,интергриран пристап*, Скопје,Арс Ламина.

Петковска, А. (1997), Социологија на македонската ликовна уметност, Скопје, Македонска цивилизација.

Петковска, А. (1998), *Денешниот македонски културен контекст, помеѓу медитеранот и западната цивилизација, во: Македонската литература и култура во контекстот на медитеранската културна сфера, ТОМ 3,* Скопје, МАНУ.

Петковска, А. (2009), *Есеи од Социологија на културата*, Скопје, Аз – Буки.

Портноф, А. И. (2007), *Да се обложиме на интелигенцијата, за чиповите, глувците и луѓето,* Скопје, Магор.

Ренд, А. (1984), *За новог интелектуалаца*, Ниш, Градина.

Рикер, П. (1972), *Универзална цивилизација*, Култура, бр. 18.

Ружин, Н. (2012), *Распнувањето на интелектуалците,* Скопје, Утрински Весник.

Савиќ, М. (2001), *Критичка симулација, Социолошки преглед, no. 3 - 4*, Београд, Институт за филозофију и друштвени теорије.

*Социолошки терминолошки речник* (1995), Скопје, Институт за социологија, Филозофски факултет, МАНУ.

Старделов, Г. (1986), *Вовед во иднината, за една дијалектичка теорија на културата,* Скопје, Македонска книга.

Старделов, Г. (2004), *Крсте Мисирков и македонската интелигенција, Современост,Списание за литература култура и уметност, број 1,* Скопје.

Старделов, Г. (2004), *Angelus Novus или подготовка за лет*, Скопје, Култура.

Стојадинович, М. (2011), *Социлошка релевантност критике глобализације у делама Ноама Чомског, докторска дисертација,* Ниш, Универзитет у Нишу, Филозофски факултет.

Стојакович, П. (2007), *Рочени да стварају: ред рочења, радикализам, даровитост и креативност, Радови: Часопис за хуманистичке и друштвене науке,* Бања Лука, Филозофски факултет Бања Лука.

Ташева, М. (1999), *Социолошки теории*, Скопје: Универзитет " Св. Кирил и Методиј ".

Тенбрук, Ф. Х. (1980), *Задаци социологије културе*, Култура, бр. 50.

Трајковски, И. (1997),*Граѓанско содружништво:Метасоциолошка реконструкција на македонското приемање на современиот поим за societas civilis*, Скопје,ГОЦМАР.

Трајковски, И. (2004), *Знаењето и општеството: теории на постиндустријализмот*, Скопје, Матица македонска.

Трајковски, И. (2006), *Глобализирањето, индивидуалноста и општеството: современи социолошки теории,* Скопје, Филозофски факултет.

Тошиќ Јакимовска, М. (2001), *Македонската книжевност во XV век,* Скопје, Институт за македонска литература.

Фуко, М. (2010), *Археологија на знаењето,* Скопје, Слово.

Фукујама, Ф. (1994), *Крајот на историјата и последниот човек,* Скопје, Култура.

Хабермас, Ј., (1980) ,*Теорија и пракса,* Београд.
Хајек, Ф.А. (1984), *Моќ интелектуалаца*, Ниш, Градина.

Хајлс, К. , *Како станавме постлуѓе*, Скопје, Тера магика.

Хардинг, С. (2004), *Дали е науката мултикултурна?,* Скопје, Сигмапрес.

Хејбер, Х. Ф. (2002), *Отаде постмодерната политика: Лиотар, Рорти, Фуко*, Скопје, Институт за демократија, солидарност и цивилно општество.

Хелд, Д. (2008), *Модели на демократија*, Скопје, Академски печат.

Џордан, Г. Ведон, К. (1999 – 2000), *Културна политика: класа, род, раса и постмодерниот свет,* Скопје: Темплум.

Шелева, Е. (2000), *Културолошки есеи,* Скопје, Магор.

Шушњич, Ѓ. (1993), *Интелектуалци у: Енциклопедија политичке културе*, Београд, Савремена администрација.

Antonic, S. (2003), *Misionarska inteligencija u danasnjoj srbiji u Trkulja,J.,Intelektualci u tranziciji str. 223 -235,* Kikinda: SO kikinda, NB Jovan Popovic.

Aron, R. (2009), *The Opium of Intellectuals, Transaction Publishers: News Brunswick.*

*Ash, T. Garton »Prague: Intellectuals and Politicians«, Nenj York Revienj of Books, 12. januar 1995,* str. 35.

Avramovic, Z. (2012), *Socioloski aspect odnosa intelektualaca I znanja,Treci program br. 155 – 186, leto – jesen.*

Babbie, E. (1983), *The Practice of Social Research,* Belmont CA.: Wadsworth Publishing Company.

Babic, I. (1966), *Uz aktueliziranje duskusija o odnosu politike I inteligencije*, Kulturni radnik.

Baert, P. (2011), "*The power struggle of French intellectuals at the end of the Second World War: A study in the sociology of ideas", European Journal of Social Theory, Vol.14, no. 4, p. 415–435.*

Baert, P. and Shipman, A. (2011) *„Transforming the intellectual" in: Rubio, F.D. and Baert, P. (eds), The Politics of Knowledge.* Abingdon: Routledge, p. 179–204.

Baudrillard, J. (1991), *Simulakrumi I simulacija,* Novi Sad, Svetovi.

Baudrillard, J. (1994), *Drugo od istoga,* Beograd, Lapis.

Bauman , Z. (1984), *Kultura I društvo*, Beograd, Prosveta.

Bauman, Z. (1989), *Legislator and Interpreters: On modernity, post-modernity and intellectuals,* Cambridge: Polity Press.

Bauman, Z. (1992), *Intimations of postmodernity*, London and New York, Routledge.

Bauman, Z. (1997), "*Postmodern Art, or the Impossibility of the Avant-Garde", Postmodernity and its Discontents,* Polity Press.

Bauman , Z. (2005), *Rupa, nistavilo, patnje, Republika, br. 227.*

Beck, Ulrich (2000), *Freiheit oder Kapitalismus*, Mannheim.

Beck Ulrich, Bauman Zigmunt,Gellner Ernest I Vrcan Srdjan, (2005), *Suvremeni prijepori oko sociologije, Revija za socilogiju,* Split, Sveuciliste u Splitu.

Bell, D. (1960), *The End of Ideology: On the Exhaustion of Political Ideas in the Fifties.* New York: The Free Press.

Bellamy, R. (2003) „*The intellectual as social critic: Antonio Gramsci and Michael Walzer" in Jennings J. Kemp-Welch A. (ed), Intellectuals in Politics: From the Dreyfus Affair to Salman Rushdie, N*ew York: Routledge, p. 25-44

Benda, J. (1927), *La Trahison des clercs,* Paris, Grasset.

Berger P. , Kellner H. (1991), *Sociologija u novom kljucu*, Nis, Gradina.

Berger, P.L. *&* Luckman, T. (1966) , *The social construction of reality,* New York, Random House.

Berlin, I. (1978), »*The birth of the Russian intelligentsia«, u: Russian Thinkers*, London, Hogarth Press, str. 114-35.

Bettenco Urt Pires, M.L. (2009), „*Public intellectuals – past, present and future",Comunicação & Cultura, no. 7, p. 115-130.*

Bezic, Z. (1988), *Tko I sto je intelektualac, Hrcak, No. 4, Vol. 23, str.331 – 341.*

Blum, A. (1990), *Sumrak americkog uma,* Beograd, Prosveta.

Bogdanovic, M. (2009), *Jugoslovenski disidenti I hladni rat,* Sociologija, Vol. VI, No. 2.

Bon, F. i Bunier A. M. (1967), *Intelektualci u drustvu,* Zagreb, Kulturni radnik.

Bourdieu, P. (1988), *Homo Academicus,* Cambridge: Polity Press .

Bourdieu, P. (1990) *In Other Words. Essays towards a Reflexive Sociology.* Stanford: Stanford University Press.

Bourdieu, P. (1992), *Les regles de l`art,* Pariz, Editions du Seuil.

Bra böckers lexicon.

Bradatan C. and Oushakine S. (eds), (2010) *.In Marx's Shadow: Knowledge, Power and Intellectuals in Eastern Europe and Russia,* Plymouth: Lexington Books.

Bronowski, J. (1978), *The Origin of Knowledge and Human Imagination, being the Silliman Lectures,* Yale.

Burdije,P. (1970), „ *Intelektualno polje i stvaralacka zamisao", Kiltura,br.10:74-107.*

Burdije, P. (2003), *Pravila umetnosti: geneza i struktura polja književnosti*, Novi Sad, Svetovi.

Burns, R. (1977), *Zapadnonemacki intelektualci I ideologija,* Marksizam u svetu.

Brym, R. (2015), *Sociology of intellectuals, International Encyclopedia of the Social & Behavioral Sciences, 2nd edition, Volume 12 277–282,* Toronto , University of Toronto.

Carey, J. (1992), *The Intellectuals and the Masses*, London, Faber.

Castells, M. (2000), *Uspon umrezenog drustva,* Zagreb, Golden marketing.

Charle, Christophe (1990), *Naissance des "intellectuels" 1880–1900,* Paris .

Charle, Christophe (1996), *Les Intellectuels en Europe au XIXe siècle: Essai d'histoire comparée,* Paris.

Charle, Christophe (1990), *Naissance des "intellectuels" 1880–1900,* Paris.

Chaves, M. (1993), *Secularization as Declining Religious Authorits, Socila Forces, 72 (3).*

Chomsky, N. (1967), *„The Responsibility of Intellectuals",* The New York Review of Books, http://www.chomsky.info/articles/19670223.htm, пристапено на 10.03.2014.

Chomsky, N. (1971), *American Power and the New Mandarins.* Harmondsworth: Penguin Books.

Ciric Josip i Ruza Kovacevic (2008), *Tehnologija u digialnoj kulturi, Neki filozofska pitanja,*Filozofska istrazivanja,Zagrebu, Sveuciliste u Zagrebu.

Collini,S. Public Moralistsn (1991), *Political Thought and Intellectual Life in Britain, 1850-1939,* Odzford, Clarendon Press, str. 58.

Collini, S. (2002), „*Every Fruit-juice Drinker, Nudist, Sandal-wearer...: Intellectuals as Other People", in Small, H. (ed), The Public Intellectual,* Oxford: Blackwell Publishing.

Collini, S. (2006), *Absent Minds: Intellectuals in Britain,* Oxford, Oxford University Press.

Collins, Randal (1998), *The Sociology of Philosophies: A Global Theory of Intellectual Change,* Cambridge: Harvard University Press.

Commichau , W. M. (2007), I*ntellectuelle und schule, Odgojne znanosti Vol. 9, br. 2, str. 85 – 96,* Zagreb, Uciteljski fakultet, Sveuciliste u Zagrebu.

Connell, R. and Crawford, J. (2007), „*Mapping the intellectual labour process", Journal of Sociology,* The Australian Sociological Association, vol. 43, no. 2, p. 187–205.

Conces, J. Rory (2010), *Uloga hiperintelektualaca I izgradnji gradjanskog drustva I demokratizaciji na Balkanu, Dijalog 1 – 2, Casopis za filozofiju I drustvenom teoriju,* Centar za filozofska istrazivanja (CFI).

Coser, L. (2006), *Intelectulac kako slavna osoba, Evropski glasnik,god. XI, br. 11, str. 249 – 262.*

Curcic, B. (2012), *Kultura po meri coveka? Vo Praxis – Kritika I humanisticki socijalizam, Konferencija o Jugoslovenskoj Praxis – filozofiji I Korculanskoj ljetnoj skoli ( 1963 – 1974) mjesto sjecanja I aktuelnosti.*

Cveticanin, V. (1974), *Klase i struktura suvremenog drustva,* Zagreb, Skolska knjiga.

Damjanovic, Milan (1977), *Istorija culture,* Nis, Gradina.

Darendorf, R. (2008), *Iskušenja neslobode: intelektualci u doba kušnje,* Zagreb: Prometej.

Debray, R. (1979), *Le pouvoir intellectuel en France,* Paris, Ramsay. (Engleski prevod: Teachers, Njriters, Celebrities: The Intellectuals in Modern France, London, Verso, 1981.)

Difren, M. (1982), *Umjetnost i politika,* Sarajevo, Svjetlost.

Dimic, L. (1988), *Agitrop kultura,* Beograd, Rad.

Djordjevic, I. (1967), *Politicki system,* Beograd, Izdanje Saveza udruzenja pravnika Jugoslavije.

Dragosavac, D. (1981), *Klase i inteligencija, slobode I kritika,* Zagreb, Kulturni radnik.

Drake, D. (2002), *Intellectuals and Politics in Post-War France,* New York: Palgrave.

Draper, T., (1995), »*An Anti-Intellectual Intellectual«, Nenj York Revienj of Books, 2. novembar, str. 29-34.*

Dražen C., Karin D. (2018), *Prikaz suvremenih socioloških istrazuvanja drustvenih klasa, teme,teorije I metode, Revija za sociologiju 48 (2018), 2: 239–265,* Odjel za sociologiju, Sveuciliste u Zadru, Hrvatska.

Drislane, R.t & Parkinson, G. (2000), *Dictionary of Social sciences,* Athabasca, Canada: Athabasca University.

Douglas, M. & Wildavsky, A. (1983), *Risk and Culture: An Eccas on the Selection of Technical and Environmental Dangers,* Berkles: University of California Press.

Dzejmson, F. (1995), *Postmodernizam u kasnom kapitalizmu,* Beograd, KIZ „ Art Press".

Dzenings D., Velc T. (1998), *Da li smo danas svedoci nestanka intelektualaca?, Intelektualac - sporna figura,Republika br. 194 – 195.*

Džekobi, R. (2002), *Kraj utopije: politika i kultura u doba apatije,* Beograd 2002.

Eco,U., (1995), *»Ur-Fascism«, Nenj York Revienj of Books, 22. jun 1995, str. 12-15.*

Editions *la Decouverte (1996), Une Societe Fragmentee?,* Paris.

Escarpit, R. (1970), *Sociologija knjizevnosti, Zagreb*, Matica Hrvatska.

Etzioni, A. (2006), *Jesu li javni intelektualci ugrozena vrsta?,* Zagreb, *Europski glasnik, god. XI, br. 11, str. 139 – 166.*

Etzioni, A. (2010), *“Reflections of a Sometime-Public Intellectual”, PS: Political Science & Politics, 43/2010., br 43, 651–655.*

Fedyukin, S. A. (1975), *The Great October Revolution and the Intelligentsia,* Mosconj, Progress Publishers, str. 25.

Feng, C. (2005), „*The Death of the Concerned Intellectual?“,* Portal Journal of Multidisciplinary International Studies Vol. 2, No. 2, p. 1-16.

Flewers,P.(2004),*SocialismandtheIntelligentsia,https://www.marxists.org/history/etol/revhist/supplem/machajsk.ht ml, пристанено на 10.07.2015.*

Franz, D. (2007), “*Intellectuals and Public Responsibility”.* The Hedgehog Review, 9 (1): 98–104.

Frojd, S. (1988), *Nelagodnosti u kulturi,* Beograd, Rad.

Foucault, M. (1994),*Znanje i moć,* Zagreb: Globus.

Fuller, S. (2005), *The Intellectual,* Cambridge: Icon Books.

Fyvel,R. Tosco (1968), *Intellectuals Today: Problems in a Changing Society,* New York.

Gapova, E. (2010), *„Anxious Intellectuals: Framing the Nation as Class in Belarus“ in Bradatan C. and Oushakine S. (eds) In Marx's Shadow: Knowledge, Power and Intellectuals in Eastern Europe and Russia,* Plymouth: Lexington Books, p. 197-220.

Garland, R. J. (2007) , „*Raymond Aron and the Intellectuals: Arguments Supportive of Libertarianism“, Journal of libertarian studies, vol. 21, no. 3, p. 65-78.*

Gasaj, N., *Intelektualci i politika, www.vijesti.me/forum, пристанено на 10.10.2017 година.*

Gattone, C. F. (2006), *The Social Scientist as Public Intellectual: Critical Reflections in a Changing World.* Lanham, MD: Rowman & Littlefield.

Goati, V. (2007), *Političke partije i partijski sistemi,* Beograd: Centar za monitoring.

Goff , le J. (1982), *Intelektualci u srednjem vijeku*, Zagreb, GZH.

Goleman, D. (2010), *Socijalna inteligencija,nova nauka o ljudskim odnosima,* Beograd, Geopoetika.

Goldfarb, C. J. (1998), *Civility and subversion, The intellectual in democratic society,* Cambridge, Cambridge University Press.

Gollner, N. (1966), *Socijalna struktura studenata u nasoj zemlji I njezina uloga u formiranju inteligencije, Socijalna struktura nasih studenata, No 1- 2, str. 28 – 41, Politicka Misao.*

Golubovic, Z. (2005*), Intelektualci u epohu poremetenih vrednosti, Republika, Godina XVII, 350 – 351,1-28, februari 2005,* Kultura.

Gorizar de Joze (1960), *O pojmu i klasnoj fizionomiji inteligencije u savremenom kapitalizmu,* Gledista.

Gouldner, A. W. (1979), *The Future of Intellectuals and the Rise of New Class.* London: Macmillan Press.

Gorz, A. (1974), *Tehnika, tehnicari I klasna borba,* Marksizam u svetu.

Gramsi, A. (1959), *Izabrani dela,* Beograd.

Gramsci, A. (1971), „*The Intellectuals", u Gramsci, A. Selection from the Prison Notebooks*, New York: International Publisher.

Gramsci, A. (1989), *"The Intellectuals", in: An Anthology of Western Marxism: From Lukács and Gramsci to Socialist-Feminism,* ed. Roger S. Gottlieb, Oxford: Oxford University Press, pp. 112-120.

Guldner, A. (1977), *Uvod u teoriju revolucionarnih intelektualaca,Politicka misao 4,* Zagreb, Stvarnost.

Guran, L. (2010), „*Aestethics: A Modus Vivendi in Eastern Europe?" in Bradatan C. and Oushakine S. (eds) In Marx's Shadow: Knowledge, Power and Intellectuals in Eastern Europe and Russia,* Plymouth: Lexington Books, p. 53 – 72.

Gutting, G. (2011), “*Intellectuals and Politics”.* The New York Times (december 7).

Hamilton, A. (1978), *Fasizam i intelektualci 1919 – 1945,* Beograd, Vuk Karadzic.

Haralambos, M. I Holborn, M. (2002), *Sociologija: teme I perspective,* Zagreb, Golden marketing.

Hauzer, A. (1986), *Socijalna istorija umetnosti I knizevnosti tom 1 i 2,* Zagreb, Skolska knjiga.

Hauzer, A. (1986), *Sociologija umjetnosti,* Zagreb, Skolska knjiga.

Havel, V. (1985), “*The Power of the Powerless” in Keane, J. (ed.) The Power of the Powerless: Citizens against the state in central-eastern Europe.* Armonk: M. E. Sharpe.

Havel, V. ( 1995 ),»*The responsibility of intellectuals«, Nenj York Revienj of Books, 22. jun 1995, str. 36-7.*

Hayek ,F. (2010) , *The Intelectuals and Socialism,*Whitefish.

Hayek, F. (2005), *The Road to Serfdom: with The Intellectuals and Socialism, London*: The Institute of Economic Affairs.

Higgins, M. D. (2012), “*Public Intellectuals and a Democratic Crisis”; достанно на* http://www.president.ie.

Hobsbawm, E. (2014), *“The Paradox of Public Intellectuals”.* The Chronicle of Public Higher Education.

Hodzic, A. (1987), *Inteligencija u socijalizmu, Revija za sociologija Vol. XVIII ( 1987 ), No 3 – 4, 29 – 36*, Zagreb, Institut za drustvena istrazivanja Sveuciliste u Zagrebu.

Horkheimer, M. (1988), *Kritika instrumentalnog uma,* Zagreb.

Huntington, S. (1996), *The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order*, London: Simon & Schuster.

Ianovsky, R.G. (1986), *Social development of Soviet intelligentsia, Moscow ( in Russian ).*

Ilic, M. (1969), *Inteligencija i javnost,* Beograd, Treci program.

Ilić, V. (1998), *Oblici kritike socijalizma,* Zrenjanin: GNB „Žarko Zrenjanin“.

Jacoby, R. (1987), *The Last Intellectual: American Culture in the Age of Academe,* New York: Basic Books.

Jacoby, R. (2002), *Kraj utopije,* Beogradski krug, Beograd.

Jacoby, R. (2010), *"Why Intellectuals Are All Bad",* The Chronicle of Higher Education.

Jacoby, R. (2012), "*Dreaming a World With No Intellectuals",* The Chronicle of Higher Education; dostupno na: http://chronicle.com/article/articlecontent/132813/.

Judt, T. (2012), "*On Intellectuals and Democracy",* The New York Review of Books; достапно на: http://www.nybooks.com/articles/archives/2012/mar/22/intellectuals-and-democracy/.

Johnson, P. (1988), *Intellectuals,* Great Britain, George Weidenfeld & Nicolson Limited.

Kalanj, R. (1996), *Intelektualci i politicka klasa, Revija za sociologiju, Vol. XXVII No. 3 – 4, str. 169 – 180.*

Kaludjerovic, Z. (2008), *Poimanje globalizacije,* Novi Sad, Univerzitet u Novom Sadu, Filozofski fakultet.

Kaludjerovic, Z. (2009), *Ambivalentnost globalizacije, Годишњак Филозофског факултета у Новом Саду Књига XXXIV – 2,* Нови Сад, Универзитет у Новом Саду.

Karabel, J. (1996), *"Towards a Theory of Intellectuals and Politics", Theory and Society, Vol. 25, No. 2, pp. 205-233.*

Karableva, G. (1999), *Proffesion and education: Sociological aspect of connection, Ekaterinburg ( in Russian ).*

Kaysal Y. A. and Sadequr R., (2013), *Edward Said`s conception of the intellectual resistance, American journal of humanities and social sciences, No. 4.*

Kennedy, M. D. (1990 a), *„The Constitution of Critical Intellectuals: Polish Physiciants, Peace Activists and Democratic Civil Society“ in Center for Research on Social Organization Working Paper Series no. 419, p. 1 - 37.*

Kennedy, M. D. (1990b), „*Eastern Europe's Lessons for Critical Intellectuals" in Center for Research on Social Organization Working Paper Series no. 430, p. 1-29.*

Kennedy, D. M and Sunny, G. R. (2001), *„Introduction", in Sunny, G. R and Kennedy, D. M (ed.) Intellectuals and Articulation of the Nation,* Ann Arbor: University of Michigan Press, p. 1 – 51.

King, L.P. S. I. ( 2004,*Theories of the New Class: Intellectuals and Power,* Minneapolis: University of Minnesota Press.

Kis, D. (2005), *Izmedju poetike i politike, Medjunarodni skup pisaca,* Beograd, Edicija transkripti, Centar za kulturnu dekontaminaciju .

Klaus, V. (2005*), Intelektualci I socijalizam: Pogled iz ugla jedne post – komunisticke zemlje smestene u dominantno post – demokratskoj Evropi.*

Kloskovska, A. (2001), *Sociologija culture,* Beograd: Cigoja stampa.

Koch, S. D. (1995), *Lives: Stalin, Njilli Muenzenberg and the Seduction of the Intellectuals,* London, Harper Collins.

Kolakowski, L. (1971), *Intelektualci i komunisticki pokret, Nase teme.*

Kolakovski, L. (1982), *Intelektualci protiv intelekta,* Beograd, Kultura.

Konrad, G. / S., I. (1979), *Le manche ou pouvoir des intellectuels,* Pariz, Editions du Seuil.

Konrad, G. i Szelenyi, I. (1989), *Intelektualci na putu klasnoj vlasti,Marksizam u svetu.*

Konrád, G., Szelenyi, I. (1997), *The Intellectuals on the Road to Class Power.* Brighton: The Harvester Press.

Korosenyi, A. (1999), „*Intellectuals and Democracy: The Political Thinking of Intellectuals", u Bozoki, A. (ed), Intellectuals and Politics in Central Europe, Budapest: CEU Press, str. 227-244.*

Kovac, M. (2009), *Elita gora od rulje, Polemika.*

Kunstek, T. (2014), *Intelektualac danas: Zbornik radova s desnicinih susreta 2013,* Centar za komparativno historijske I interkulturne studije, Sveuciliste u Zagrebu, Filozofski fakultet, Zagreb, Plejada.

Kurzman, C. and Owens, L. (2002), „*The Sociology of Intellectuals", The Annual Review of Sociology, Vol. 28, p.63 – 90.*

Kwiek, M. (1997), „*Zygmunt Bauman and the Question of the Intellectual in Postmodernity", Working Paper Series, the Center for Western European Studies at the University of California, no.22, p. 1 – 30.*

Letica, S. (1989), *Intelektualac I kriza,* Zagreb, August Cezarec.

Levandovski, A. (1965), *Nepodmitljivi,* Beograd, Rad.

Levi, B. A. (1988), *Pohvala intelektualaca,* Begrad: Radionica SiC.

Lipset ,M. S. (1969), *Politicki covek,* Beograd, Rad.

Lič, E. (1983), *Kultura i komunikacija,* Beograd: Prosveta.

Losoncz A. (2014), „*Moć i nemoć intelektualca", u Roksandić D. i Cvijović Javorina I. (ur), Intelektualac danas: zbornik radova s Desničinih susreta 2013,* Zagreb: Filozofski fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Plejada, str. 39 - 50.

Lyotard, J.-F. (1984),The postmodern condition: A report on knowledge (Translation from the French by G.Bennington & B. Massumi).Minneapolis:University of Minnesota Press. (Original work published 1979).

Lyotard, J.-F. (1993), „*Tomb of the Intellectual"* in *J.-F. Lyotard, Political Writings, Mineapolis: University of Mineapolis Press, p. 3-7.*

Magdic, M. (1942), *Intelektualci prema marksizmu i liberalizmu,* Zgreb, Naklada Putovi.

Malesevic, S. (2003), *Od organskih zakonodavaca do organicisticki tumaca: Intelektualci u Jugoslaviji i postjugoslovenskim drzavama, Casopis za knjizevnosti i kulturu i drustvena pitanja, Rec No, 70/16, juni.*

Mancini, M. (2006), *Alexis de Tocqueville and American intellectuals,* New York, Toronto, Oxford, Rowman and Littlefield Publishers, INC.

Manhajm, K. (1978), *Ideologija i utopija,* Beograd, Nolit.

Mannheim K. (1966), *Ideology and Utopia, 8th edition,* London, Routledge and Kegan Paul, p. 10.

Marcuse, H. (1965), *Eros I civilizacija,* Zagreb, Naprijed.

Marinkovic, D. (2009), *Ka novim pristupima ideologiji, Godisnik,* Novi Sad, Univerzitet vo Novi Sad.

Markus, T. ( 1999 ), *Cijena jednog uspona. Sumrak intelektualaca u masovnim drustvima XX stoljeca,* Zagreb, hrvatski institute za povijest.

Markuse, H. (1968 ), *Covjek jedne dimenzije,* Sarajevo, IP Veselin Masleca.

Markuse, H. (1977), *Kultura i drustvo,* Beograd: BIGZ.

Markuse, H. ( 1979), *Kontrarevolucija i revolt,* Beograd, Grafos.

Markuse, H. (1978), *Kraj utopije, Esej o oslobodjenju,* Zagreb, Stvarnost.

Matic, D. (1987), *Kritika teorija o novoj klasi intelektualaca I inteligencije, Revija za sociologija Vol. XVIII No 3 – 4, 63 – 70,* Zagreb, Filozofski fakultet.

Matthew ,S. K. (2011), *The responsibility of intellectuals: Chomsky and student opposition to the Vietnam war, Dr. Karen Hoppes Hst 202: History of the United States,* Portland, Portland State University .

Mc Gowan, J. (2007), *"The Intellectual's Responsibilities", The Hedgehog Review, 9 (1): 47 – 60.*

Meltzer, M. A. (2003), *"What is an Intellectual", The Public Intellectual: Between Philosophy and Politics (ur. Arthur M. Meltzer, Jerry Weinberger i M. Richard Zinman), Lanham pp, 3 – 14.*

Mendel I. (2006), „*Mannheim's Free-Floating Intelligentsia: The Role of Closeness and Distance in the Analysis of Society", Studies in Social and Political Thought, no. 12, p. 30 – 52.*

Merton K., R. (1973), *The sociology of Science,* Chicago and London, The University of Chicago Press.

Merton, R. (1998*), O teorijskoj sociologiji*, Beograd: Plato.

Mikecin, V. (1971), *Napomene o inteligenciji komunistickom pokretu, Nase teme,* Zagreb.

Milanja, C. (2011*), Čemu intelektualci u postmoderno doba,* Zagreb.

Milič, V. (1978*), Socioloski metod,* Beograd: Nolit.

Milič, V. (1986), *Sociologija saznanja*, Sarajevo, Logos.

Milosevic, B. (2007), *Sociologija i savremeni svet,* Novi Sad, Filozofski fakultet

Mils, R. (1998), *Socioloska imaginacija,* Beograd: Plato.

Misztal, B. A. (2007), *Intellectuals and the Public Good: Creativity and Civil Courage,* New York: Cambridge University Press.

Montefiore, V. A. (1990), *»The political responsibility of intellectuals«,* u I. Maclean (ed.), The Political Responsibility of Intellectuals, Cambridge, CUP, str. 201.

Moren, E. (1976), *Intelektualci: kritika mita i mit kritike,* Marksizam u svetu.

Moren, E. (1979), *Duh vremena I i II,* Beograd, BIGZ.

Morin, E. (1989*), Kako misliti Evropu,* Sarajevo.

Mrksic, D. (1987 ), *Srednji sloevi u Jugoslaviji,* Beograd, Istrazivacko – izdavacki centar SSO Srbije.

Mujkic, A. (2011), *Filozofska istrazivanja, Buducnost demokracije: Emancipatorska imaginacija i stvarnost kapitalizma u spisima kasnog Johna Deweyja,* Sarajevo, Univerzitet u Sarajevu, Fakultet politickih nauka.

Müller-D. S. (2005), *„Theodor W. Adorno and Jürgen Habermas – Two Ways of Being a Public Intellectual: Sociological Observations Concerning the Transformation of a Social. Figure of Modernity“, European Journal of Social Theory 8(3), pp. 269 – 280.*

Müller, J. W. (2012), *“The Failure of European Intellectuals”,* Eurozine; достапно на na: http://www.eurozine.com/articles/2012-04-11-muller-en.html.

Nasakanda, P. (1985), *Klase, slojevi i revolucija,* Zagreb, Cekade.

Nehajev, R. I. (2014), *Nekoliko biljezaka o Milanjinon temi: Intelektualci u postmoderno doba, str. 9 – 23 , Croatica XXXVIII 58,* Zagreb, Institut druπtvenih znanosti Ivo Pilar – Zagreb.

Nikolić, Z. (1998), *Milsova kritička sociologija,* Beograd: NDS.

Nikolić, Z. (2003), *Fenomen percepcije moći,* Beograd: NDS.

Nikolić, Z. (2005), *Sociologija,* Istočno Sarajevo: Univerzitet u Istočnom Sarajevu.

Nikolić, Z. (2007), *Sociologija moći,* Istočno Sarajevo: Univerzitet u Istočnom Sarajevu.

Nikolic, S. Z. , Baker R. R. (2011), *Intelektualci i politika, monografija,* Sarajevo, Filozofski fakultet Istocno Sarajevo, Pravni fakultet, Istocno Sarajevo

Nisbet, R. (1997), *The Degradation of Academic Dogma,* Princeton: Transaction Publishers.

Nozick, R. (1998*), Why Do Intellectuals Oppose Capitalism?,* Cato Policy report, January/February.

Parsons, T. (1951), *The social system,* New York: Glencoe.

Pavlovic, A. i Pudar, Z., D. (2017), *FILOZOFIJA I DRUŠTVO, Enmity in the Intellectual World: Global Perspectives and Visions.*

Pazanin, A. (2007), *Uloga intelektualaca u novoj Europi,* Fakultet politickih znanosti, Sveuciliste u Zagrebu, vo Identitet Europe – Anali hrvatskog politickoj drustva, Zagreb.

Peciakowski, T. (2014), *Pierre Bourdieu and the sociology of intellectuals: A theoretical framework for analysis with special references to Poland, Roczniki Nauk Spolecznych Tom 6 ( 42 ), Number 4.*

Pels, D. (1999), *„Privileged Nomads: On the Strangeness of Intellectuals and the Intellectuality of Strangers", Theory, Culture and Society, vol. 11, no. 1, pp. 16 - 63.*

Peri, M. (2000), *Intelektualna istorija Evrope,* Beograd, CLIO.

Petric, J. (1966), *Uloga mlade inteligencije u kreiranju kulturne politike, str. 42 – 45, Politicka misao.*

Popovic, D. (1980*), Inteligencija i radnicka klasa,* Beograd, Radnicka stampa.

Posner, R. (2001), *Public Intellectuals: A Study of Decline,* Cambridge: Harward University Press.

Posner, R. (2003), *Public Intellectuals – A Study in Decline,* Cambridge, Mass.: Harvard University Press.

Poulantzas, N. (1978), *Klase u savremenom kapitalizmu,* Beograd.

*Problems of Culture and Cultural values in the Contemporary world* (1983), UNESCO.

Promitzer, C. (2013), *Instrument drzavne vlasti ili kritickog odmaka od nje: O regionalnoj ekspertizi austrijskih intelektualaca u kasnom 20. i ranom 21. Stoljecu, Intelektualac danas, Zbornik radova s Desnicinih susreta.*

Pudar D., G. (2015), *Drustveno – politicki uticajni intelektualci i njihovo shvatanje nacionalnog u Srbiji nakon 2000 godine,doktorska disertacija,*Beograd, Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet,Odelenje za sociologiju.

Pudar D., G. (2016), „*Do Intellectuals Matter? Proposal for a Study of Influence", Filozofija i društvo [Philosophy and Society], vol. XXVII, no. 2, pp. 343 - 355.*

Rand, A. (1996), „*Za novog intelektualca,i novog intelektualca" in Sociologija forver,* ur. Dragoljub Đorđević, Niš: JUNIR.

Raunig, G. (2006), *Umetnost i revolucija: umetnički aktivizam tokom dugog XX veka,* Novi Sad.

Raymond, A. (2009), *The opium of the intellectuals,*New York, Transaction Publishers: News Brunswick.

Rezan, P. (2000), *Filozofska istrazuvanja,* Projekt svjetski ethos,Obrovac, Osnovna skola Obrovac

Rizman, R. (2012), "*Missing in Democratic Transition: Intellectuals". In: L. Donskis (ed.). Yet Another Europe after 1984 – Rethinking Milan Kundera and the Idea of Central Europe,* Amsterdam: Rodopi.

Rizman, R. (2014), *O (ne) odgovornosti intelektualaca, Politicke perspective Vol. 4 No 2, str.* 7 – 22, Ljubljana, Filozofska fakulteta Univerza v Ljubljani.

Rorty, R. (1989), *Contingency, Irony and Solidarity,* Cambridge, CUP.

Rorty, R. (1995), *Contingency, Irony, Solidarity,* New York: Cambridge University Press.

Rosić T. (2014), *„Ugled na ponudu: intelektualci, građani i revolucionari",* u Roksandić D.

Rushdie, S. (1991), *Imaginary Homelands: Essays and Criticism, 1981-1991*, London, Granta, 1991, str. 414.

Rushdie, S. (1994), »*A declaration of independence«, Liber, 17. mart 1994* i C. Simon, »Algerie, la guerre culturelle«, Le Monde.

Sadri, A. (1992), *Max Weber's Sociology of Intellectuals,* New York: Oxford University Pres.

Said. E, (1983), *Opponents, audiences, constituencies and community*, in W. J. T. Mitchell (ed.), *The Politics of Interpretation,* Chicago, University of Chicago Press.

Said. E. (1993), *Culture and Imperialism,* London, Chatto and Windus.

Said, E. (1993), Intellectual Exile: Expatriates and Marginals, Grand Street, No. 47 (Autumn, 1993), pp. 112-124.

Said, E. (1996) , Representation of the Intellectuals: the Reith Lectures, New York: Vintage Books.

Sandhu, A. (2007), *Intellectuals and the People,* New York: Palgrave Macmillan.

Sarcevic, I. (2015), *Intelektualac izmedju fanatizma i cinizma,* Franjevacka teologija, Aleja Bosne Srebrene 111, Sarajevo.

Sartre, P. J. (1975), *Sto je to intelektualac?,* Zagreb, Kulturni radnik.

Seale, C. (1999), *„Quality in Qualitative Research", Qualitative Inquiry vol. 5, no. 4, p. 465-478.*

Serpel, R.  (1978), *Uticij culture na ponasanje,* Beograd: Nolit.

Shies,  E. (1973), *Intellectuales and powers and other essays,* Chicago.

Sijakovic, I. (2008), *Uvod u razumevanje globalnog drustva,* Sociologija, Trece dopunjeno izdanje, Banja Luka, Univerzitet u Banjoj Luci, Ekonomski fakultet, Banja Luka.

Sirinelli, O. (1986), *Les intellectuels en France de l` Affaire Dreyfus a nos jours,* Pariz, Armand Colin.

Small, H. (2002), *The Public Intellectual,* Oxford: Blackwell Publishing.

Snow, C.S. (1959), *The Two Cultures,* The Rede Lecture, Cambridge, Cambridge University Press.

*Socioloski Leksikon* (1982), *Savremena administracija.*

Sowell, T. (2009), *Intellectuals and Society,* New York, Basic Books.

Stipetic, Z. (1980), *Komunistički pokret i inteligencija: istraživanja ideološkog i političkog djelovanja inteligencije u Hrvatskoj 1918-1945,* Zagreb, Centra za kulturnu djelatnost Saveza socijalističke omladine.

Stromholm, S. (Uppsala), *The intellectuals and the powers that be reflections in the Swedish tradition and scenario.*

Subotic, M. (2008), *Radjanje ruske inteligencije iz duha prosetiteljstva: Aleksandar Radiscev ( I ) vo Filozofija I drustvo 3/2008,* Beograd, Institut za evropske studije.

Supek, R. (1971), *Humanisticka inteligencija i politika,Zagreb,* Studentski centar sveucilista u Zagrebu.

Swartz, D. L. (2005), „*From critical sociology to public intellectual: Pierre Bourdieu & politics" in Swartz, D.L and Zolberg, V.L. (ed), After Bourdieu: Influence, Critique, Elaboration, Dordrecht : Springer Science + Business Media, Inc.*

Tanovic, A. (1977), *Intelektualci i radnicki pokret, Marksizam u svetu.*

Tanovic, A. (1978), *Vrijednost i vrednovanje ,* Sarajevo: IKGRO " Svijetlost" – OOUR Zavod za izdavanje udbenika.

Tylor, E. B. (1973), *"Primitive Culture",* u: *Paul Bohannan i Mark Glazer (eds.), High Points in Anthropology*, New York: Alfred A. Knopf, 63 - 78.

Taylor, F. (2005) „*Czeslaw Milosz: On the Imagination of Twentieth-Century Man", East European Politics and Societies, vol. 19 no. 1, p. 21 – 39.*

Todorova, M. (1999), *Imaginarni Balkan,* Beograd, Biblioteka XX Vek.

Veber, M. (1976), *Privreda i društvo, 1 i 2 del,* Beograd, Prosveta.

Veljak L. (2012), *Filozofska istrazivanja, S onu stranu dogmatizma i relativizma,*Zagreb, Sveuciliste u Zagrebu.

Uzelac, M. (2003), *Disidenti u doba planetarne demokratije, rec na simpozijumu „Uloga intelektualaca danas*" odrzanom u organizaciji Drustva knjizevnika Vojvodine, aprila 2003 u Novom Sadu.

Zalec, B. (2011), *Filozofska istrazuvanja, demokracija i solidarni personalizam: na putu na svetskoj kulturi I civilizaciji,*Zagrebu, Sveuciliste u Zagrebu, Filozofski fakultet.

Zarycki, T. (2009), *The power of the intelligentsia: The Rywin Affair and the challenge of applying the concept of cultural capital to analyze Poland's elites,* Theory and society, Springer.

*Zbornik radova* (1988), *Umetnost i progres,* Beograd, Književne novine.

Ziro, A. (2008), *Ideology culture and the process shooling.*

Šćepanski, J. (1959), *Struktura i polozaj inteligencije u poljskom drustvu*,sp. " *Sociologije",* Beograd.

Šumpeter, J. (1960), *Kapitalizam,socijalizam I demokratija,* Beograd, Kultura.

Šušnjić, Đ. (2003), *„Intelektualci i inteligencija", u Trkulja, J. (ur), Intelektualci u tranziciji,* Kikinda: SO Kikinda, NB Jovan Popović, str. 13 – 28.

Wacquant, L.J.D. (1989), „*For a Socio-Analysis of Intellectuals: On Homo Academicus", Berkeley Journal of Sociology, Vol. 34, pp. 1 – 29.*

Wright M., C. (2000), *The Sociological Imagination*, Oxford: Oxford University Press.

Линкови:

- http://biblycket.icaap.org/dict.pl?alpha = B
- http://www.enotes.com/oxsoc - encyclopedia/T
- http://editinsladecouverte. Fr
- http://www.eurozine.com/articles/2005-1-11-maleski-mk.html
- http://www.stat.gov.mk/
- https://ec.europa.eu/eurostat/web/main/home
- http://www.unece.org/stats/links.html

## *9. ПРИЛОЗИ*

**Примерок на теренското истражување**

***Застапеност на испитаниците според професијата:***

| **Професија** | **Фреквенција** | **Процент** | **Кумулативен процент** |
|---|---|---|---|
| Социолог | 2 | 4 | 4.0 |
| Филозоф | 2 | 4 | 4.0 |
| Журналист | 2 | 4 | 4.0 |
| Филолог | 2 | 4 | 4.0 |
| Уметник | 2 | 4 | 4.0 |
| Естетичар | 2 | 4 | 4.0 |
| Политиколог | 2 | 4 | 4.0 |
| Правник | 2 | 4 | 4.0 |
| Економист | 2 | 4 | 4.0 |
| Публицист | 2 | 4 | 4.0 |
| Историчар на уметноста | 2 | 4 | 4.0 |
| Археолог | 2 | 4 | 4.0 |
| Етнолог | 2 | 4 | 4.0 |
| Политичар | 2 | 4 | 4.0 |
| Теолог | 2 | 4 | 4.0 |
| Доктор на медицина | 2 | 4 | 4.0 |
| Психолог | 2 | 4 | 4.0 |
| Информатичар | 2 | 4 | 4.0 |
| Технолог | 2 | 4 | 4.0 |
| Агроном | 2 | 4 | 4.0 |
| Физичар | 2 | 4 | 4.0 |
| Хемичар | 2 | 4 | 4.0 |
| Математичар | 1 | 2 | 2.0 |
| Биолог | 1 | 2 | 2.0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историчар | 1 | 2 | 2.0 |
| Педагог | 1 | 2 | 2.0 |
| Архитект | 1 | 2 | 2.0 |
| Геолог | 1 | 2 | 2.0 |
| **Вкупно** | **50** | **100.0** | **100.0** |

**Табела бр. 1**

***<u>Застапеност на испитаниците според функцијата:</u>***

| **Функција** | **Фреквенција** | **Процент** | **Кумулативен процент** |
|---|---|---|---|
| Професори на високообразовни институции | 3 | 6 | 6.0 |
| Академици | 3 | 6 | 6.0 |
| Пензионери | 2 | 4 | 6.0 |
| Новинари во мас-медиумите | 3 | 6 | 6.0 |
| Претседатели на политички партии | 3 | 6 | 6.0 |
| Менаџери на државни културно-уметнички институции | 3 | 6 | 6.0 |
| Менаџери на приватни културно-уметнички институции | 3 | 6 | 6.0 |
| Менаџери на државни образовни институции во основното образование | 3 | 6 | 6.0 |
| Менаџери на државни образовни институции во средното образование | 3 | 6 | 6.0 |
| Менаџери на приватни образовни институции во средното образование | 3 | 6 | 6.0 |
| Административен кадар во државни културно-уметнички институции | 3 | 6 | 6.0 |
| Административен кадар во приватни културно-уметнички институции | 3 | 6 | 6.0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Административен кадар во државни образовни институции во основното образование | 2 | 4 | 4.0 |
| Административен кадар во државни образовни институции во средното образование | 2 | 4 | 4.0 |
| Административен кадар од повисок ранг во органите на државната управа | 2 | 4 | 4.0 |
| Административен кадар од понизок ранг во органите на државната управа | 2 | 4 | 4.0 |
| Претседатели на НВО | 3 | 6 | 6.0 |
| Поглавари на верски заедници | 2 | 4 | 4.0 |
| Дипломати | 2 | 4 | 4.0 |
| **Вкупно** | **50** | **100.0** | **100.0** |

**Табела бр. 2**

***<u>Застапеност на испитаниците според етничката припадност:</u>***

| **Етничка припадност** | **Фреквенција** | **Процент** | **Кумулативен процент** |
|---|---|---|---|
| Македонци | 11 | 22 | 22.0 |
| Албанци | 5 | 10 | 10.0 |
| Турци | 2 | 4 | 4.0 |
| Роми | 2 | 4 | 4.0 |
| Власи | 2 | 4 | 4.0 |
| Срби | 2 | 4 | 4.0 |
| Хрвати | 2 | 4 | 4.0 |
| Бошњаци | 2 | 4 | 4.0 |
| Црногорци | 2 | 4 | 4.0 |
| Словенци | 2 | 4 | 4.0 |
| Бугари | 2 | 4 | 4.0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Грци | 2 | 4 | 4.0 |
| Американци | 2 | 4 | 4.0 |
| Англичани | 2 | 4 | 4.0 |
| Италијанци | 2 | 4 | 4.0 |
| Германци | 2 | 4 | 4.0 |
| Французи | 2 | 4 | 4.0 |
| Кинези | 2 | 4 | 4.0 |
| Останати | 2 | 4 | 4.0 |
| **Вкупно** | **50** | **100.0** | **100.0** |

**Табела бр. 3**

**Прашалник за структурирано интервју на македонски јазик**

1. Најпрвин што за Вас претставува поимот интелигенција, а што поимот интелектуалци?
2. Што за Вас претставува поимот културни вредности?
3. Според Вас, какво е местото, улогата и значењето на интелигенцијата во современото општество?
4. Кои културни вредности ги сметате за најзначајни во современото општество?
5. Каква е врската помеѓу културните вредности и интелигенцијата во современото општество?
6. Каква е улогата и значењето на традиционалните вредности за интелигенцијата во современото општество?
7. Каква е улогата и значењето на универзалните вредности за интелигенцијата во современото општество?
8. Каква е улогата и значењето на верувањата за интелигенцијата во современото општество?
9. Каква е улогата и значењето на обичаите за интелигенцијата во современото општество?
10. Каква е улогата и значењето на верувањата за интелигенцијата во современото општество?
11. Каква е улогата и значењето на правните норми за интелигенцијата во современото општество?
12. Каква е улогата и значењето на моралните норми за интелигенцијата во современото општество?
13. Каква е улогата и значењето на јазикот за интелигенцијата во современото општество?
14. Каква е улогата и значењето на разните стилови на живот за интелигенцијата во современото општество?
15. Каква е улогата и значењето на меритократијата за интелигенцијата во современото општество?
16. Каква е врската помеѓу научно – технолошкиот развој и цивилизацијата со интелигенцијата во современото општество?
17. Какви се релациите помеѓу образованието, науката и интелигенцијата?
18. Каква е врската помеѓу технократијата и бирократијата со интелигенцијата во современото општество?
19. Какво е влијанието на политичките и економските фактори врз интелигенцијата во современото општество?
20. Дали интелигенцијата е вклучена во политиката и политичките процеси и какво е нејзиното влијание врз тие процеси во современото општество?
21. Каква е пак, улогата и значењето на религиите за интелигенцијата во современото општество?
22. Каква е улогата и значењето на уметноста за интелигенцијата во современото општество?
23. Какво е влијанието на медиумите за масовна комуникација врз интелигенцијата во современото општество?
24. Каков е односот помеѓу граѓанското содружништво и интелигенцијата во современото општество?

25. Како влијаат глобализацијата и постмодерната врз интелигенцијата во современото општество?
26. Доколку имате нешто да додатете или пак да забележите во врска со оваа тематика, тоа може да го сторите.